РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

Б И Л Т Е Н

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ВО СКОПЈЕ

Број 1146

Скопје, 15 мај 2017 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Ул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Уредник на издавачката дејност на УКИМ:

проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор

Уредник на Билтенот: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска - Цветановска

Бр. _____

_5.8. 2013_

Скопје

Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви '***ѓ***', '***ќ***', '***ѕ***', '***ѝ***' може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето '`' во македонска поддршка да се добие знакот '**è**', а при притискање на копчето '~' во македонска поддршка да се добие знакот '**ѝ**'.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

УКИМ-Ректорат

Изготвил:Т.Б.

Одобрил:К.М.

Содржина на Билтен број 1146 од 15 мај 2017 година

ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Стефан Мицевски, Огнен Менковски, Зорица Фурнаџиска)**.....10

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Оптимален модел за водење на монетарна политика во мала и во отворена економија-случајот на Македонија** од **м-р Султанија Бојчева Терзијан,** пријавен на Економскиот факултет во Скопје.....11-18
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Кредитен ризик и управување со кредитен ризик во земјите на транзиција, со посебен осврт на Република Македонија** од **м-р Локман Хебиби,** пријавен на Економскиот факултет во Скопје.....19-30
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Марија Велева, Нена Димовска, Цветанка Ническа, Бојан Петровски, Иван Ајтарски, Ивана Стамболиска, Кристина Попова)**.....31-32
4. Преглед на прифатена промена на ментор за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Ивона Каранфиловска)**.....33

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Андон Насковски, Борче Мицов, Тони Митковски)**.....34

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Улогата на адинопектинот, лептинот, резистинот кај жени со полицистичен оваријален синдром и нивната корелација со инсулинската резистенција** од **д-р Александра Атанасова Бошку,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....35-48
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Современ пристап во третманот на ургентниот гастродуоденален улкус** од **д-р Горан Беговиќ,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....49-56
3. Приговор на Рефератот на Рецензентската комисија за избор во звањето вонреден професор по предметот Онкологија со радиотерапија на Медицинскиот факултет, објавен во Билтен бр. 1144 од 13.4.2017 година, поднесен од д-р Симонида Црвенкова.....57-63
4. Одговор на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор во звањето вонреден професор по предметот Онкологија со радиотерапија на Медицинскиот факултет, објавен во Билтен бр. 1144 од 13.4.2017 година.....64-65

ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридси“ во Скопје **(Даниела Спасовска)**.....66

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област казненопроцесно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Гордана Бужаровска)**.....67-109

3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област уставно право и политички систем на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Тања Каракмишева-Јовановска)**.....110-150
4. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област финансиско право и финансии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Јован Зафироски)**.....151-164
5. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област теоретски политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Иван Дамјановски)**.....165-184
6. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Елена Михајлова-Стратилати)**.....185-211
7. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област казнено материјално право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Никола Тупанчевски)**.....212-230
8. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област применети политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Владимир Божиновски)**.....231-346
9. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Уставносудска заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот** од **м-р Шпендим Максути,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.....247-251
10. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(м-р Илија Манасиев)**.....252
11. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(Зана Арслани, Ана Стојновеска, Александра Петрушевска, Анета Стерзоска, Радица Волчинова, Виктор Јаневски, Дејан Стојчев, Александра Трајковска, Валентин Зарев, Нина Трпковска, Едина Зекировиќ, Невена Тасевска, Љубица Мартинова, Искра Доко Велјаноска, Марија Коцевска, Виктор Ванкоски, Љубица Костовска, Ува Петровска, Николина Силјановска, Катерина Велјаноска, Маја Вељанова, Ана Гоцевска, Иван Точков, Сандра Гавриловска, Антонио Наумовски, Антониј Трпчевски, Барбара Стевческа, Весна Радиновска, Ивана Наскова, Антон Смилевски, Ивана Анѓеловска, Божо Лажетиќ, Ана Марија Апостоловска, Моника Коцевска, Ивана Димишковска, Магдалена Стоева, Андреј Мишковски, Ендри Чела)**.....253-257

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на метеорологијата на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Владо Спиридонов)**.....258-269
2. Реферат за избор на асистент во наставно-научните области: информатика, информациони системи и програмирање и информациони системи и мрежи на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Огнен Спироски, м-р Моника Симјаноска)**.....270-274
3. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Гордана Димеска)**.....2785-292
4. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Благоја Трајчевски, Димитар Селев, Меника Анастасиеска, Викторија Јакимовска)**.....293-294

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: хемија, неорганска хемиска технологија (стакло, глина,

порцелан, керамика) и погонски материјали (горива и технологија на коверзија на енергија) на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Билјана Анѓушева)**.....295-310
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: физичка металургија, испитување на метали и минералогија на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Дафинка Стоевска-Гоговска)**.....311-321
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Примена на природни сорбенти и наноматеријали за отстранување на тешките метали дистрибуирани во системот подземни води на микролокалитетот Дрисла**од **м-р Катерина Атковска,** пријавена на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.....322-328

ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло на Факултетот за ватеринарна медицина во Скопје **(д-р Сандра Мојсова)**.....329-346

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за Земјоделски науки и храна во Скопје **(Анкица Георгиевска, Олгица Арсова)**.....347

ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за ликовни уметности во Скопје **(Лилјана Петровска, Викторија Димеска, Христина Маневска, Емилија Лазаревска, Мирјана Крстева Массети, Владимир Темков, Сара Длака, Шкрета Букурије, Ана Марковска)**..348

ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација од областа на музичката интерпретација на делата „Соната Арпеџоне“ од Ф. Шуберт, „Три фантастични пиеси“ оп.73 од Р, Шуман, „Девет варијации на Паганиниева тема“ од Ф. Прото и Концерт за контрабас и оркестар од Е. Тубин и теорискиот труд „Остварување на интерпретациските задачи на солистот во две значајни дела од концертната литература за контрабас: Јоханес Матијас Шпергер - Концертот бр.16 во D-dur и Џовани Ботезини – Концертот бр. 2 во h-moll, преку користење на различните гудачки техники“ од м-р Петруш Петрушевски, пријавена на Факултетот за музичка уметност во Скопје.....349-354
2. Преглед на магистерски програми и наслови на теми за изработка на магистерски труд прифатени на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(Марија Анѓиќ, Астрит Паласка, Бојан Лушкоски, Михајло Вукајловиќ, Бобан Рајчиноски, Марко Гапо, Симон Поповски, Кирил Кстевски, Тоше Поп-Лазаров, Зоран Станишиќ, Маја Божиновска, Мимоза Ќека, Михајло Штерјев, Емилија Јовческа, Катерина Стојановска-Крстевска, Елизабет Колевска, Марија Кичевска)**.355-357

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплина): социјална статистика, социологија на семејството, методи на социолошки истражувања и социометрија, популациона градска и селска политика, планирање на семејството, социјална демографија и

социологија на миграциите на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Аница Драговиќ)**.....358-384
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Римско провинциско монетоковање во Источна Македонија** од **м-р Гордана Јанева,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....385--388
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Моделирање пристапи кон учењето кај предучилишните деца** од **м-р Соња Чаловска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....389-401

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

1. Рецензија на ракописот **Вовед во граматиката на италијанскиот јазик** од авторката **Руска Ивановска-Наскова,** пријавен на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.....402-410
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Наставата по македонски јазик во основното и во средното образование низ моделите на современите настани системи** изработена од **м-р Гордана Алексова,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.....411-420
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Полемиките во македонската писмена традиција** од **м-р Милена Ристова-Михајловска,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.....421-431
4. Рецензија на ракописот **Евалуација во наставата по француски јазик и по италијански јазик** од **Радица Никодиновска** и **Мира Трајкова,** пријавен на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.....432-439

ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: одгледување на шумите и хортикултура на Шумарскиот факултет во Скопје **(д-р Николчо Велковски)**.....440-472

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација под наслов **Стратегии за адаптација на франшизата во Република Македонија** од кандидатката **м-р Вера Бошковска,** поднесена на Економскиот институт во Скопје.....473-478

ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје **(Ангела Попоска, Трајче Зафиров)**.....479

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Концептите на поимот идентитет во македонските печатени медиуми од м-р Биљана Рајчинова-Николова,** пријавена на Институтот за македонска литература во Скопје.....480-493

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Реферат за избор во звањето виш научен соработник – вонреден професор во Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Владимир Јанев)**....494-502

2. Реферат за избор во звањето виш научен соработник – вонреден професор во Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Петар Тодоров)**.....503-507

ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО

1. Реферат за избор на научен работник во сите звања во научната област (дисциплина) агропретприемништво на Институтот за сточарство во Скопје **(д-р Тошо Костадинов)**.....508-515

ПРЕГЛЕД
НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

Ред бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	**Стефан Мицевски, дипл.град.** **инж.**	**„Процедура за утврдување пресметковен модел на постоечки конструкции со амбиентални вибрации“,**	**"Procedure for calculation definition of existing structures by ambient vibrations"**	**проф. д-р. Елена Думова-Јованоска**	02-2/90-50 од 25-04-2017
2	**Огнен Менковски, дипл.град.** **инж.,**	**„Редефинирање на големите води во река Вардар”,**	**“Redefinition of Vardar river flood waters”**	**доц. д-р. Виолета Ѓешовска**,	02-2/90-51 од 25-04-2017
3	**Зорица Фурнациска , дипл.геод.** **инж.**	**“Македит екстерна системска платформа за оперативна сервисна политика во катастарските системи“,**	**"Makedit-external system platform for operational service policy cadastral system“**	**проф. д-р. Ванчо Ѓорѓиев**	02-2/90-52 од 25-04-2017

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОПТИМАЛЕН МОДЕЛ ЗА ВОДЕЊЕ НА МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА ВО МАЛА И ВО ОТВОРЕНА ЕКОНОМИЈА – СЛУЧАЈОТ НА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р СУЛТАНИЈА БОЈЧЕВА ТЕРЗИЈАН, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 7.4.2017 година, со Одлука бр. 02-614/2, формираше Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Султанија Бојчева Терзијан со наслов **ОПТИМАЛЕН МОДЕЛ ЗА ВОДЕЊЕ НА МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА ВО МАЛА И ВО ОТВОРЕНА ЕКОНОМИЈА – СЛУЧАЈОТ НА МАКЕДОНИЈА**, во состав: проф. д-р Михаил Петковски (претседател), проф. д-р Горан Петревски (ментор), проф. д-р Љубе Трпески (член), проф. д-р Ѓорѓи Гоцков (член) и доц. д-р Борче Треновски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Султанија Бојчева Терзијан, со наслов **ОПТИМАЛЕН МОДЕЛ ЗА ВОДЕЊЕ НА МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА ВО МАЛА И ВО ОТВОРЕНА ЕКОНОМИЈА – СЛУЧАЈОТ НА МАКЕДОНИЈА**, содржи 133 страници компјутерски обработен текст, со 1,5 проред и големина на букви 12, 76 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии и книги.

Трудот е структуриран во вовед, 3 глави, од кои последната се заклучни согледувања, користена литература и прилози. Сите глави се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Трудот започнува со **воведниот дел**, во кој кандидатката ги презентира мотивите и причините за изборот на проблематиката на моделите за водење на монетарната политика, а исто така ги објаснува предметот, целите и методите на истражувањето.

Во **првиот дел - Структурен модел за донесување одлуки за монетарната политика во Македонија** е даден преглед на сите значајни аспекти на процесот на моделирање во централните банки и на потребата за развивање ваков тип на модели. Потоа е даден историски приказ преку т.н. Извештај на Паган, којшто го документира напредокот во моделирањето, а е направен од страна на централните банки, преку разгледување на видовите модели со кои располагаат централните банки и кои ги користат за проектирање и анализи на политиките. На крајот на првиот дел се дадени основните карактеристики на структурниот модел кој ќе биде користен во анализата во следните поглавја од докторската теза. Станува збор за мал структурен модел, заснован врз новата кејнзијанска теорија, кој се состои од четири главни равенки што ја опишуваат економијата: т.н. ИС-крива (кривата на агрегатната побарувачка), Филипсовата крива за инфлацијата, равенката за девизниот курс и правилото на монетарната политика преку кое централната банка ја стабилизира економијата.

Во **вториот дел - Модели за донесување одлуки за монетарната политика во Македонија** се претставени моделите на монетарната политика за македонската економија. Трите модели неколку имаат заеднички карактеристики коишто ја одразуваат монетарната теорија, како што се: 1) на краток рок, повисоката агрегатна побарувачка води до повисока инфлација; 2) агрегатната побарувачка и реалната каматна стапка се во обратнопропорционален однос; 3) централната банка ја дефинира патеката на каматната стапка за да ја стабилизира инфлацијата околу инфлацискиот таргет, или околу посакуваната стапка на инфлација; 4) девизниот курс е определен од диференцијалот на тековната и идната каматна стапка и премијата за ризик (согласно непокриениот паритет на каматните стапки). Кандидатката го прави приспособувањето на оваа основна рамка на случајот на македонската економија преку менување на правилата за водење на монетарната политика. При сите модели, таа ги презентира основните равенки и нивните модификации и шематски ја прикажува трансмисијата во моделот. Понатаму, кандидатката ја дава филтрацијата на варијаблите со Калмановиот филтер и калибрацијата на коефициентите. Излагањето на моделите го завршува со решение на моделот и

правење проверка на моделот преку симулации и преку проекции во рамки на моделот.

Од аспект на одделните модели, во овој дел на трудот, најпрвин е претставен моделот на модифицираното Тејлорово правило со фиксен девизен курс. Во рамките на овој дел се прикажани главните модификации на правилото за водење монетарна политика, а тоа е внесување на концептот на непокриен паритет на каматните стапки во класичното Тејлорово правило. Вториот модел на монетарна политика е моделот за фиксен курс со вклучување на девизните резерви во правилото на монетарна политика, заради подобар опфат на начинот на реакција на Народната банка на Република Македонија при стабилизирање на економијата и исполнување на зададените цели на монетарна политика. Третиот модел, кој е разработен, е моделот со флексибилен курс и Тејлорово правило, кој служи за илустрација на каналите на трансмисија на монетарната политика во македонската економија, при евентуална промена на режимот на девизен курс. На крајот на второто поглавје е даден краток осврт на перформансите на првите два модела и е направена оценка на оптималноста на моделите за водење на монетарната политика во македонската економија.

Во **третиот дел - Заклучни согледувања**, кандидатката ги сублимира сите препораки, дилеми и заклучоци за анализата и оценувањето на моделите за водење на монетарната политика во Република Македонија, како и насоките и фокусот за евентуалните понатамошни истражувања.

Предмет цели и задачи на истражувањето

Предмет на овој труд е анализа и оценување на неколку алтернативни модели за водење на монетарната политика во Република Македонија.

Целите на истражувањето во основа се конципирани на следниов начин:

1. претставување на најзначајните мали структурни модели за водење на монетарната политика во литературата, како и истакнување на нивните предности и недостатоци;
2. споредба на карактеристиките на одделни модели за водење на монетарната политика во мали и во отворени економии;
3. изработка на алтернативни правила за водење на монетарната политика во Република Македонија, засновани врз современата монетарна теорија

и со вградување рационални очекувања, како и нивно тестирање на примерот на македонската економија.

Задачите на истражувањето се двострани:

I. оцена на перформансите на неколку алтернативни правила за водење на монетарната политика во Република Македонија при различни режими на девизен курс;

II. утврдување оптимален модел за водење на монетарната политика, согласно со калибрираните вредности на структурните параметри на македонската економија.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Централните банки во процесот на донесување монетарни одлуки се потпираат на соодветни модели за монетарна политика. Имајќи предвид дека ефектите од монетарната политика во економијата се чувствуваат со временско задоцнување, централните банки прават прогнози со кои ги предвидуваат идните движења на клучните варијабли за монетарна политика (инфлацијата, побарувачката и сл.). Согледувањето на идната патека на движење на овие варијабли им помага на централните банки во формулирањето на тековните монетарни одлуки, бидејќи тие реагираат денес за да ја стабилизираат економијата во следниот временски период. Моделите се алатка за анализирање и прогнозирање. Тие претставуваат аналитичка рамка која го отсликува начинот на кој функционираат економијата и трансмисискиот механизам на монетарната политика. Поконкретно, тие го мерат однесувањето на економијата во минатото кога таа била соочена со различни економски настани, кои вклучувале и монетарни и фискални одлуки, или, пак, настани кои се случувале во глобалната економија. Потоа, информациите за тоа како реагирале економските агенти на евентуалните промени во политиките овозможуваат и утврдување на ефектот на предвидливи трендови кај варијаблите.

Во последните две децении е забележан огромен напредок кај централните банки во однос на примената на моделските пристапи и теоретски концепти во носењето на одлуките. Централните банкари инвестираа многу во своите модели за да ги усогласат со економската теоријата, притоа употребувајќи најнови и софистицирани методологии при нивната изградба. Веќе речиси и да нема централна банка која не располага со некој вид модел, од наједноставен па сè до висикософистицирани и теоретски засновани модели. Релативно

едноставна, но сликовита презентација на развојот на моделите е дадена преку елаборацијата на т.н. Извештај на Паган, во кој се класифицирани моделите на централните банки од апсект на нивниот степен на емпириска, но и на теоретска кохерентност.

Во спектарот на модели кој Паган ги анализира се и т.н. хибридни модели од типот 2 или јаз-модели, т.е. мали агрегирани, структурни модели коишто даваат стилизирана слика за трансмисискиот механизам на монетарната политика и за економијата во целина. И покрај тоа што овие модели главно се употребуваат од страна на централните банки коишто имаат таргетирање на инфлацијата, со модификации се прифатени и во останатите земји.

Краток опис на применетите методи

Докторската дисертација е напишана на јасен, разбирлив стил, со логично и конзистентно изведување на заклучоците од извршените анализи. Сите релевантни податоци се систематизирани и анализирани со помош на неколку научни методи применливи при ваков вид на научно истражување. Во таа смисла, низ целиот труд се застапени квантитативните модели при што кандидатката гради мали структурни модели на македонската економија со примена на неколку равенства. Притоа, таа го користи алгоритамот на Бланшар и Кан, како најчесто користен метод за решавање линеарни модели со рационални очекувања. Во продолжение, кандидатката врши калибрирање на вредностите на структурните параметри на македонската економија, а филтрирањето на варијаблите е извршено со примена на Калмановиот филтер. Најпосле, перформансите на моделот се прикажани преку два метода: метод на симулации на шокови и метод на проекции во рамките на примерокот.

Краток опис на резултатите од истражувањето

- Во рамките на моделот со модифицирано Тејлорово правило, влијанието на монетарната политика се изразува преку промените на реалниот девизен курс и на реалната каматна стапка. Притоа, при рестриктивна монетарна политика, повисоката реална каматна стапка ги намалува приватната потрошувачка и инвестициите и води до стеснување на производниот јаз. Истовремено, повисоката каматна стапка доведува до апрецијација на

реалниот девизен курс, што предизвикува намалување на извозната, а со тоа и на вкупната побарувачка. Во овој модел, класичното правило за непокриен паритет на каматната стапка е надополнето со внесување на концептот на паритет на каматни стапки, што соодветствува со режимот на фиксен девизен курс. Најпосле, во рамките на ова правило, централната банка освен што дејствува кога очекуваната инфлација отстапува од таргетот и кога тековното производство е над потенцијалното, нејзината каматна стапка е под влијание и на премијата за ризик.

- Перформансите на моделот се проверени со помош на методот на симулации на шокови и методот на проекции во рамките на примерокот. Притоа, општиот заклучок е дека, наспроти едноставноста на моделот, тој претежно добро ги отсликува карактеристиките на македонската економија. Единствено поголемо отстапување е забележано кај предвидувачките способности на равенката за реакција на монетарната политика.
- Подобрувањето на моделот е направено преку користење ново алтернативно правило за монетарна политика коешто ги вклучува девизните резерви. На тој начин, моделирањето на премијата за ризик е новина во однос на стандардните монетарни модели и претставува еден од главните придонеси на овој труд. Конкретно, во модификуваниот модел, во правилото на монетарната политика, индиректно преку премијата за ризик, е вклучен јазот на девизните резерви.
- Оценката на оптималноста на моделите се заснова врз нивната предвидувачката моќ, мерена преку грешките во проекцијата на главните варијабли во рамки на примерокот (инфлацијата, производниот јаз и номиналната каматна стапка). Оценките покажуваат дека моделот со фиксен курс и со девизни резерви има подобри предвидувачки способности (помали грешки при проектирањето), и тоа кај инфлацијата и кај каматната стапка, наспроти проекциите на производниот јаз каде што насоката и големината е добра, но отстапувањата од остварувањата се поголеми во однос на оние во моделот со модифицираното Тејлорово правило.
- Најпосле, кандидатката гради модел на монетарната политика со чисто Тејлорово правило при режим на флексибилен девизен курс. Притоа, изградбата на овој модел не е со намера да се наметне предлог за промена на тековниот режим на девизен курс, туку претставува само илустрација на каналите на трансмисија и реакција на монетарната политика во променети услови.

<u>Оцена на трудот</u>

Докторската дисертација на кандидатката м-р Султанија Бојчева Терзијан, со наслов **ОПТИМАЛЕН МОДЕЛ ЗА ВОДЕЊЕ НА МОНЕТАРНА**

ПОЛИТИКА ВО МАЛА И ВО ОТВОРЕНА ЕКОНОМИЈА – СЛУЧАЈОТ НА МАКЕДОНИЈА, претставува научно истражување од областа на монетарната политика. Кандидатката елаборира значајна и актуелна проблематика проврзана со моделирањето на реакцијата на централната банка во однос на промените на најважните економски варијабли. Од една страна, градењето квантитативни модели за водење на монетарната политика претставува стандарден пристап во современите централни банки, а од друга страна, преку оценката на неколку алтернативни модели, кандидатката дава придонес во подоброто разбирање на каналите на трансмисија на ефектите на монетарната политика, и тоа при различен режим на девизниот курс. Со цел моделите да одговараат на структурните карактеристики на македонската економија, вредностите на параметрите во моделите се внимателно калибрирани со примена на современа методологија.

Докторската дисертација се одликува со цврста теоретска заснованост и со примена на современа и софистицирана методологија која овозможува оригинален, критичен и аналитичен пристап кон предметот на истражувањето. Истражувањето спроведено во докторската дисертација не само што ги збогатува академските сознанија во областа на монетарната политика, туку има и исклучително големо значење за практичното водење на монетарната политика во Република Македонија.

Проверката на оригиналноста и самостојноста на докторската дисертација на тема со наслов **ОПТИМАЛЕН МОДЕЛ ЗА ВОДЕЊЕ НА МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА ВО МАЛА И ВО ОТВОРЕНА ЕКОНОМИЈА – СЛУЧАЈОТ НА МАКЕДОНИЈА**, изработена од кандидатката м-р Султанија Бојчева Терзијан, во Системот за анализа и пронаоѓање на плагијати на Министерството за образование и наука на Република Македонија, е иницирана од менторот проф. д-р Горан Петревски. Резултатот за документот е: документот содржи 32 318 збора, од кои за 3,47% е пронајдено совпаѓање во 418 документи од базата.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Трудот обработува актуелна тема, која во поново време го преокупира вниманието на академските економисти и на носителите на монетарната политика. Притоа, посебноста на овој труд се состои во примената на пристап кој

е релативно нов и речиси непознат во македонската макроекономска литература. Поставениот моделот во трудот е сеопфатен од аспект на вклучувањето не само на современите теоретски поставки, туку и од аспект на специфичните карактеристики на македонската економија.

Покрај научниот придонес, овој труд нуди и практично применливи насоки и резултати. Резултатите од оваа дисертација кои се однесуваат на поставувањето оптимално правило за водење на монетарната политика, многу лесно може да се искористат од страна на Народната банка на Република Македонија, како многу сериозна алатка при проекцијата на клучните макроекономски варијабли и при анализата на ефектите на монетарната политика.

Врз основа на погоре изнесените констатации и оцени, Комисијата заклучува дека поднесената дисертација наполно ги задоволува критериумите за докторска дисертација. Со оглед на тоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

1. да го прифати извештајот за позитивна оценка на докторската дисертација на тема **ОПТИМАЛЕН МОДЕЛ ЗА ВОДЕЊЕ НА МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА ВО МАЛА И ВО ОТВОРЕНА ЕКОНОМИЈА – СЛУЧАЈОТ НА МАКЕДОНИЈА;**

2. да ѝ одобри на кандидатката м-р Султанија Бојчева Терзијан јавна одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Михаил Петковски, претседател, с.р.**
2. **Проф. д-р Горан Петревски, ментор, с.р.**
3. **Проф. д-р Љубе Трпески, член, с.р.**
4. **Проф. д-р Ѓорѓи Гоцков, член, с.р.**
5. **Доц. д-р Борче Треновски, член, с.р.**

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КРЕДИТЕН РИЗИК И УПРАВУВАЊЕ СО КРЕДИТЕН РИЗИК ВО ЗЕМЈИТЕ НА ТРАНЗИЦИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р ЛОКМАН ХЕБИБИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 7.4.2017 година, со Одлука бр. 02-551/2, формираше Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Локман Хебиби со наслов КРЕДИТЕН РИЗИК И УПРАВУВАЊЕ СО КРЕДИТЕН РИЗИК ВО ЗЕМЈИТЕ НА ТРАНЗИЦИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во состав: проф. д-р Михаил Петковски (претседател), проф. д-р Љубе Трпески (ментор), проф. д-р Горан Петревски (член), проф. д-р Ѓорѓи Гоцков (член), и доц. д-р Кирил Јовановски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Локман Хебиби, со наслов КРЕДИТЕН РИЗИК И УПРАВУВАЊЕ СО КРЕДИТЕН РИЗИК ВО ЗЕМЈИТЕ НА ТРАНЗИЦИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, содржи 285 страници компјутерски обработен текст, со 1,5 проред и големина на букви 12, 62 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и меѓународни акти.

Трудот е структуриран во вовед, 5 глави, од кои последната се заклучни согледувања, и користена литература. Сите глави се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Трудот започнува со **воведниот дел** во кој кандидатот ги презентира мотивите и причините за изборот на проблематиката на ефикасноста на работењето на банките преку управување со кредитниот ризик, а исто така ги објаснува предметот, целите и методите на истражувањето.

Целта на првата глава од трудот, насловена како ***Развој, организација, функции и значање на управувањето со ризиците во банкарското работење,*** е да се даде целосна слика на појавата на управување со ризик во банкарското работење. Во оваа глава се прикажани детерминантите кои имаат најзначајно влијание врз развојот на овој сегмент во банкарскиот бизнис во втората половина на 20 век до денес, што, пред сè, се одразува на зголемената конкуренција во депозит, кредит и пазарот, платниот промет, финансиски иновации, промени во регулаторните правила и глобализацијата на банкарскиот бизнис, односно појавата и развојот на меѓународно банкарство.

Организационото позиционирање на функции на управување со ризикот во банките е прикажано со пирамидата на ризикот, која го покажува интегритетот на управувањето со ризикот и диверзификационите ефекти на различни нивоа на хиерархијата на финансиските институции, како и трансфер – системот на трошоците, изворите на капиталот, распределба на системите кои служат на целите на глобалните институции за трансфер на директна оперативна активност на вработените, при што се воспоставуваат повратни информации за имплементација и можни закани за во иднина.

Основните функции и значењето на управувањето со ризикот во банкарските функции се обезбедуваат преку стратешко планирање, донесување на бизнис (оперативни) одлуки, одредување на цената (бизнис политика), развој на конкурентна предност и развојот на техниките за мерење ризик и адекватноста на капиталот, со цел да се изврши следење и контрола на финансирањето на потенцијалните загуби кои можат да произлезат како производ на банкарското работење.

Втората глава која носи наслов ***Различни аспекти на идентификација и класификација на ризиците во банкарското работење и управување со ризиците*** е посветена на различни аспекти на идентификација и класификација на ризикот во банкарскиот бизнис, како и презентација на клучните концепти на модерното управување со ризикот. Основна поделба на ризиците во банкарското работење се врши според класификацијата дадена од Здружението на банкарството за Централна и Источна Европа (BACEE) и класификацијата на ризикот според Базелскиот комитет за банкарска супервизија (БИС). Прикажан е единствен систем за рангирање на банките (CAMEL систем), со користење на централната банка и други регулаторни институции за да се процени и да се утврди општата состојба на банките и финансискиот систем во целина. Современиот начин на управување со ризикот во банкарскиот бизнис е прикажан од страна на клучните концепти

на управување со ризикот. Тоа се концепти на управување со средствата и обврските (ALM), ризични вредности (VAR) и концептот - ризичен капитал. Секој од овие три концепти е дел на унифициран систем на управување со ризикот во банкарството. Во овој поглед, интегриран мониторинг, портфолио на средствата и обврските и координирани одлуки во однос на ресурси и буџетирање се врши преку функцијата ALM како стратешка менаџмент - функција во банките. Ризична вредност (VAR) е концепт за утврдување на максималниот износ на потенцијални загуби што може да се очекува во мал број можни случаи, која служи за определување на неочекувана загуба и формирање на соодветни извори за нивно покривање. За таа цел се разви концептот на капиталот кој треба да обезбеди соодветно ниво на квантитативниот економски капитал, како крајна заштита на банкарската несолвентност.

Во рамките на третиот дел на овој труд, насловена како ***Идентификување, мерење и управување со кредитниот ризик,*** е опфатен процесот на управување со кредитниот ризик. Во одделни поглавја е дадена самостојна работа на идентификување, мерење и управување со кредитниот ризик. Идентификацијата на кредитниот ризик може да се направи на неколку начини, но основниот начин е преку теоретскиот дел на кредитниот ризик на неговите главни компоненти, односно стандардниот ризик, ризикот на експозицијата и ризикот од следните обвинениja. Сите три компоненти влијаат врз идентификацијата на кредитниот ризик како загуба во случај на неисполнување на обврските. Беше изведена и идентификација на кредитниот ризик согласно со прописите на Народната банка на Македонија и на одредбите на Ревидираниот договор од Базел. Во овој дел се прикажани основните методи за мерење на кредитниот ризик, за разлика од традиционалните методи (експертски системи, системи на рангирање и кредитни поени - системи) и напредните системи за мерење на кредитниот ризик (JP Morgan Credit Metrics). Прикажаниот J.P. Morgan Credit Metrics е само еден од современите методи на управување со кредитниот ризик кои се применуваат во денешниот свет и се базираат на концептот на (VAR) и теоретските претпоставки - портфолио на управување со кредитниот ризик на овие простори. Само управувањето со кредитниот ризик се објаснува со системот на границите, рејтинг - системи и кредитни рејтинг - миграциони постапки со практичен пример за управување со кредитниот ризик од страна на UBS банка на Швајцарија.

Четвртиот дел на овој труд е ***Структурна анализа на ризиците во банкарското работење и управување со кредитен ризик во земјите на транзиција*,** каде што се опфаќаат финансиските системи во земјите на

транзиција со мерење и следење на ризикот како: кредитен ризик и управување со кредитен ризик во земјите на транзиција, показатели за изложеноста на кредитен ризик во земјите на транзиција, како и валутната структура на изложеноста на кредитниот ризик. Во овој дел на трудот се истакнати исто така ликвидносниот ризик во банкарските системи во земјите на транзиција со изворите на финансирање на банкарскиот систем во овие земји.

Можен значаен аспект на анализа на овој дел од трудот се перформансите на кредитното портфолио, квантифицирањето на низа показатели за идентификација на пласманите на банките кои носат повисок степен на ризичност и детерминират неповолни перформанси на нивниот севкупен ризичен профил со свое неповолно влијание врз ликвидноста и солвентната позиција, како и валутен ризик на банките во земјите на развој.

Структурна аланиза на ризиците во банкарското **работење во Република Македонија** е петтата глава која се занимава со прашањето: видови и функции на капитал во финансиски институции, како и прашањата на солвентноста на банките и финансиските системи на земји со мерење и следење на ризикот како што се: ризичен капитал и адекватност на капиталот. Зачувувањето на солвентноста, ликвидноста, осигурувањето и стабилноста на финансискиот систем, како и зголемувањето на ефикасноста на банкарскиот систем се главните цели на централните банки и меѓународните регулаторни институции. Оваа точка на идентификација на структурата на капиталот на банките во Република Македонија е основа за регулирање и континуирано следење на нивоата на капиталот и на адекватноста на капиталот.

Во овој последен дел од трудот е презентирана структурната анализа на ризиците од банкарското работење во Република Македонија, кредитниот ризик и управувањето со кредитниот ризик во Република Македонија, квалитетот на кредитното портфолио на банкарскиот систем, изложеноста на кредитниот ризик кај одделни групи на банки, како и поедничени значајни показатели за изложеноста на кредитниот ризик кон секторот за правни и физички лица.

Исто така е истакнат и ликвидносниот ризик на банкарскиот систем во Република Македонија, ликвидната актива и показателите за ликвидноста и валутниот ризик во на банкарскиот систем на Република Македонија.

Во **заклучокот** се сумирани клучните констатации, што произлегуваат од секоја обработена глава од докторската дисертација.

<u>Предмет цели и задачи на истражувањето</u>

Предмет на овој труд е анализа и оценување на кредитниот ризик и управувањето со кредитниот ризик во земјите во транзиција.

Целите на истражувањето, во основа, се конципирани на следниов начин:

4. согледување на поимот и дефиницијата за кредитен ризик, индикаторите за негово мерење, како и различните предуслови за оценување во зависност од специфичните карактеристики на одделните земји;
5. претставување на најзначајните пристапи и модели за оценување на кредитниот ризик во литературата, истакнување на нивните предности и недостатоци, без притоа да се навлегува во длабинска компаративна анализа на истите;
6. подготовка на сеопфатна секторска анализа на македонскиот банакрски систем, наменски прилагодена за потребите на понатамошно анализирање и оценување на кредитниот ризик и неговото управување;

Задачите на истражувањето се двострани:

1: Изложеноста на банките од аспект на нивната ликвидност, влијанието на главните фактори на ризикот: кредитниот ризик, оперативниот ризик, ценовниот ризик, ликвидниот ризик и др.

2: Зависноста на кредитниот ризик од понудата и од побарувањата на слободните пазарни средства (штедењето во Република Македонија).

3: Зависноста на кредитниот ризик во Република Македонија од состојбата на меѓународните финансиски пазари.

4: Можностите за приспособување на банките кон современите предизвици на електронското работење.

<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>

При процесот на дерегулација на финансискиот и на банкарскиот пазар во светот, конкуренцијата меѓу комерцијалните банки и други финансиски институции, намалувањето на бариерите за меѓународни банкарски трансфери и други трендови кои се присутни во современото банкарство, банките се принудени да реализираат профит во конкурентни односи во согласност со пазарните принципи. Оваа ориентација значи приспособување на деловната филозофија на банката во нови услови, промена на дизајнот на деловната политика и промена на стратегијата за оперативното управување.

Поранешната класична улога на банките чија суштина е во прибирање депозити и давање кредити, претрпе значителни промени во насока на диверзификација на банкарски активности и услуги, особено на оние што спаѓаат во категоријата на своите работни активности кои се вршат во сопствено име и на сопствена сметка.

Кредитите претставуваат едни од најзначајни поттикнувачи на економскиот пораст и развој на една земја. Кредитниот ризик е предмет на интересирање и индиректно регулирање на монетарните власти, зависен е од состојбата на меѓународните финансиски пазари, ризикот иманентен за самата земја во која се пласира кредитот и особено е зависен од понудата на слободни парични средства во земјата, односно од штедењето.

Во услови на пазарот кој преовладува во целокупната економската сфера, потребно е да се развие конкурентен односот меѓу банките, преку нивно диференцирање во однос на перформанси и профитабилност. Во основа разликуваме: цена на конкуренција и продуктивна конкуренција. Цената на конкуренцијата е поврзана со формирањето на пазарните каматни стапки, со одредувањето на структурата на каматните стапки и на каматните добивки. Друг аспект на конкуренцијата е продуктивна конкуренција или конкуренција во врска со услугите на банките, финансиските иновации и со финансиски инструменти кои порано не биле познати.

Оваа понуда е во корелација со организациски, технолошки и со кадровски ресурси на некои банки и сето тоа директно зависи од степенот на развој на електронската трговија и на телекомуникациските врски со банкарството и со финансиските пазари. Во согласност со трендовите што веќе ги споменавме, може да се заклучи дека банките добија многу широк простор за регулирање на пазарот и можност за остварување профит, но од друга страна, тие стануваат сè повеќе изложени на ризик.

Целта на овој труд еда се истакне дека со развојот на инструменти, нови техники и стратегии, нови банкарски производи и финансиски деривати, листата на ризици со кои се соочуваат банките постојано се проширува, така што банкарското работење станува сè поризично и неопходно е да се минимизира ризикот.

Клучна улога во овој напор е „управувањето со ризикот" чија што работа е да се поддржи успешното извршување на стратешките цели и задачите на банката.

Во овој труд се посочуваат главните ризици кои се соочуваат банките. Како што е наведено, најважни се: кредитниот ризик, оперативниот ризик, ликвидниот ризик и ценовниот ризик, кои мора да напоменеме се во корелација едни со други.

Во овој труд се истакнати овие ризици, факторите на нивното потекло, начинот на мерење и управување со ризиците, како и потребата за развој на информациски системи во функција на управување со овие ризици.

Овој труд се занимава со прашањата на управување и контрола на ризикот кои можат да произлезат во банките.

Финансиската криза им наштети на сите финансиски системи и ни покажа дека секоја несериозност, во смисла на тоа дека ако не се испратени знаци кои укажуваат на можно нарушување, може да биде скапа за вкупниот финансиски систем на една земја.

Сега, доколку поединечно вршиме анализа на состојбата на овие фактори во земјите во развој и во транзициските економии, ќе заклучиме дека токму тие ризици во банкарскиот сектор во најголема мера се неповолни и делуваат ограничувачки на расположливите кредити, а со тоа и на кредитниот систем во една земја. Тука секако е вклучена и Република Македонија, која исто така припаѓа во група на земји со неповолни услови за создавање интерни сопствени средства од штедење на населението и на стопанските субјекти кои се поврзани со кредитирање и со каматната цена на кредитите.

Имајќи ги предвид економската состојба во Република Македонија и економската состојба во која се наоѓаат земјите во развој и транзиција, станува јасно дека ним им недостасуваат евтини и достапни кредити.

Преку овој труд се нагласува важноста на ризикот од ликвидноста, бидејќи тој е еден од водечките финансиски ризици во банкарството. И управувањето со ликвидносниот ризик е дел од стратегијата за управување со други ризици, или колку банките во целина се изложени на ризик, со оглед на причинско-последичната врска меѓу синхронизираното дејствување на различни видови ризици.

Покрај тоа, во трудот посебно ќе бидат опфатени одредени видови ризици, при што ќе се укаже на нивните опасности, методите на создавање, како

и на мерките за нивното спречување и (ако веќе се случуваат) мерките за нивното надминување.

Краток опис на применетите методи

Докторската дисертација е напишана на јасен, разбирлив стил, со логично и конзистентно упатување на добиените заклучоци од извршените анализи. Сите релевантни податоци се систематизирани и анализирани со помош на неколку научни методи применливи при ваков вид на научно истражување. Почетен метод на истражување врз кои се базира овој труд е компаративната анализа со користење на постојната литература во оваа област и сопствена примарна анализа. Исто така, други методи кои кандидатот ги користи во истражувачката процедура се индукција и дедукција, историски метод, квантитативна и квалитативна економска анализа, примена на математички и статистички методи.

Краток опис на резултатите од истражувањето

- Иако пазарните услови се поставени врз реални конкурентни услови, сепак и понатаму треба да се развиваат конкурентните односи меѓу банкарските институции преку процесот на нивната перманентна диференцијација од аспект на успешноста и профитабилноста во деловноста.
- Постоењето различни аспекти од изложеноста на кредитен ризик на банките, особено од аспект на ценовната конкуренција, како и аспектот на продуктната (услужната) конкуренција, покажува широка дисперзираност на овие услуги базирани на разни финансиски иновации како и финансиски инструменти.
- Како резултат на постоењето на разните инструменти, техники, како и разни банкарски производи и финансиски деривати, листата на ризици со кои банките перманентно се соочуваат и потребата од минимизирање на таквите ризици станува неопходна, а како резултат на анализите, кандидатот доаѓа до заклучок дека банките треба да ги искористат сопствените компаративни предности, искористувајќи ги своите деловни перформанси.
- Врз основа на претходно презентирани потенцијални ризици, клучот за ефикасно и успешно управување со ризиците од банките е дефинирање, воспоставување и спроведување ефикасен систем и методи на менџмент-контрола.
- Заради иманентата желба за поголем профит, од една страна, што е во интерес на акционерите, а од друга страна, желбата за сигурност и солвентост на банката, која е во основа на интересите на стејкхолдерите, може да се заклучи дека врз „склоноста

кон ризик на банката“ пресудно влијание има „деловната култура на организацијата“, врз основа на која се разликуваат успешните од неуспешните.

- Од аспект на успешното управување со ризици, дојдено е до заклучокот дека функцијата на управување со ризици мора да биде независна од оперативните сектори и со јасна издвоеност на нивоата на одговорност, се разбира, сето ова проследено со периодична ревизија и евалуација.
- Како резултат од примената на разни финансиски инструменти во работата на банките, можната несоодведност меѓу активата и пасивата, како и многу вонбилансни деловности, заклучено е дека банките како резултат на ова можат да останат без адекватна ликвидност или може да прикажат загуби поради промена на каматната норма. Сето тоа неминовно водеше кон структуриран пристап кон управувањето со билансот на состојбата, управувањето со активата, пасивата и со вонбилансните позиции.
- Како резултат на глобализацијата, може да се заклучи дека се јавува неопходна потреба за посветување внимание на банкарската регулатива на повисоко ниво во однос на таа на национално ниво, во согласност со препораките и стандардите на Базелскиот одбор за супервизија на банките.
- Врз основа на процентот на вкупните пласирани кредитни средства во земјите од т.н. транзиционен блок, како и врз основа на разните параметри кои се во функција на ефикасноста и стабилноста на банкарскиот систем на овие економии, само заради компарација, истите показатели покажуваат дека состојбата и функционирањето на банкарскиот систем во Република Македонија се многу подобри и постабилни.
- Што се однесува до севкупната стабилност на македонскиот банкарски систем кој зајакна во последниве години, што меѓу другото, е забележано преку статистичката мерка за нејзиното следење (z-индексот), која на крајот на соодветниот период го достигна историски највисокото ниво за последниве анализирани години. Макроекономското окружување на македонскиот банкарски систем упатуваше на постепено закрепнување на домашната економска активност, но и на неизвесност во однос на динамиката на заздравување на глобалната економија.
- Квалитетот на кредитното портфолио на банките овозможи разграничување на различните движења, кои се со одветствуваат со економските промени во земјава, глобалниот амбиент и со согледувањата на банките за ризиците. Ефектите од пролонгираната криза и натаму се одразуваат врз квалитетот на кредитното портфолио, преку висок пораст на нефункционалните кредити на корпоративниот сектор.
- Во последниве години во Република Македонија, поттикнати од трендот на заживување на домашната економија и на наплатите на нефункционални побарувања, дел од банките презедоа засилени напори за реструктурирање на побарувањата од оние клиенти за кои оцениле дека е потребно при способување на кредитните услови кон нивните моментални финансиски тешкотии. Овие активности на банките можат дополнително да бидат поттикнати со новата регулатива на Народната банка за

управување со кредитниот ризик, која ги поттикнува банките да извршат навремено реструктурирање на побарувањата, отколку да чекаат тие да добијат нефункционален статус.

- Забележано е дека до 2015 година, ликвидните средства кај банките и натаму растат, но малку побавно, главно поради постепеното засилување на кредитната активност, но и поради зголемените вложувања на банките во долгорочни државни хартии од вредност (кои, со оглед на долгата рочност, не се опфаќаат во рамки на ликвидната актива). Сепак, тие и натаму покриваат речиси 60 % од депозитите на домаќинствата во банките.
- Покрај ликвидноста и високата солвентност на банките, која е столб на севкупната стабилност и отпорност на банкарскиот систем, може да се заклучи дека едноставната структура и доминацијата на основниот капитал се главните карактеристики на сопствените средства на банките, што ќе овозможи нивно лесно приспособување кон новите меѓународни капитални стандарди.
- Како резултат на горенаведените предизвици со кои се соочуваат банките во својата работа, но и како резултат на компаративните аназлизи на показателите на ризикот на банките во одделни земји од регионов, може да се заклучи дека банкарскиот систем во Република Македонија во услови на забавено заздравување на глобалната економија и покрај сите предизвици остана стабилен и остана отпорен на шоковите од домашното и од надворешното окружување.

Оцена на трудот

Проблемот со кредитниот ризик и менаџирањето со него, особено во земјите кои излегоа од поранешниот концепт на т.н. планска и договорна економија, стана многу актуелно прашање посебно во сиот овој т.н. транзициски период. Во брзото надминување на овие предизвици, генерално, голема улога одиграа разните финансиски институции од кои најголем товар во овој период падна на банкарските институции. Токму и овој докторски труд на кандидатот м-р Локман Хебиби, под наслов **Кредитен ризик и управување со кредитен ризик во земјите на транзиција, со посебен осврт на Република Македонија**, во центарот на своите анализи и поставени тези ги има кредитниот ризик и можностите за управување со него, особено во Република Македонија.

Во врска со квалитетот на дисертацијата, за одбележување е експлицитноста во делот на анализата во која е опфатена и една поширока анализа на потенцијалните извори на кредитниот ризик со посебен акцент врз искуството на земјите во транзиција и земјите во развој, се разбира вклучувајќи ја и Република Македонија.

Врз основа на досега изложеното можеме да кажеме дека со глобалните процеси на финансиските и на банкарските пазари во светот, проблемот околу

високата конкуренција меѓу комерцијалните банки и другите финансиски институции, намалувањето на деловните бариери од аспект на меѓународните трансфери на банките како и другите бизнис трендови, банките се обврзани во вакви глобални деловни констелации да обезбедуваат добивка во својата работа.

Во однос на начинот на кој е организиран материјалот во докторската дисертација, може да се констатира дека кандидатот м-р Локман Хебиби логички ги има подредено концептуалните делови во рамките на трудот. Содржината на материјата е презентирана со јасен академски стил, а техничката обработка на текстот на докторската дисертација е на завидно ниво.

Во реализацијата на трудот е користена обемна, современа и релевантна литература, првенствено од странски автори, студии на меѓународни финансиски институции и статистика од странски и домашни извори, со што е обезбедена веродостојноста на спроведеното истражување.

Врз основа на продлабочената анализа и методите на презентација на материјата во дисертацијата, Комисијата дојде до заклучок дека кандидатот м-р Локман Хебиби е компетентен познавач на истражуваната тема.

Тргнувајќи од погоре изнесеното, Комисијата констатира дека основните цели и конкретните задачи поставени со тезите на докторската дисертација се во целост реализирани. Врз основа на тоа, може да се заклучи дека во случајов се работи за солидна и самостојно изготвена докторска дисертација со квалитетна научна содржина.

Проверката на докторската дисертација под наслов **Кредитен ризик и управување со кредитен ризик во земјите на транзиција, со посебен осврт на Република Македонија** од кандидатот м-р Локман Хебиби, иницирана од менторот проф. д-р Љубе Трпески, потврдува 6,22 % совпаѓање (4523/72759 зборови) со други трудови, врз основа на зборови од универзална употреба.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Локман Хебиби, под наслов **Кредитен ризик и управување со кредитен ризик во земјите на транзиција, со посебен осврт на Република Македонија,** обработува научно релевантна и актуелна тема, која е од интерес за науката, економската и банкарската политика и за стручната јавност. Комисијата е уверена дека дисертацијата претставува успешно структуриран, теориски и научно фундиран и емпириски поткрепен труд со современ методолошки пристап. Со него дополнително се збогатува литературата на македонски јазик од доменот на банкарскиот систем.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација, тргнувајќи од погоре изнесените констатации за квалитетите и научниот придонес на трудот, има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:

1. да го прифати извештајот за позитивна оценка на докторската дисертација на тема: **Кредитен ризик и управување со кредитен ризик во земјите на транзиција, со посебен осврт на Република Македонија,**

2. да му одобри на кандидатот м-р Локман Хебиби јавна одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Михаил Петковски, претседател, с.р.
Проф. д-р, Љубе Трпески, ментор, с.р.

Проф. д-р Горан Петревски, член, с.р.

Проф. д-р Ѓорѓи Гоцков, член, с.р.

Доц. д-р Кирил Јовановски, член, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Ред. Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	**Велева Марија**	**Трансформационото влијание на лидерството врз организациските промени во современите бизниси“**	**“Transformative influence of leadership on the organizational changes in contemporary businesses”**	проф. д-р Леонид Наков	02-800/7 27.04.2017 година
2.	**Димовска Нена**	**„Планирање и остварување на стратегиските цели во продажните организации преку систем за мерење на перформанси на вработените”**	**“Planning and achieving strategic goals in sales organizations through a performance management system”**	проф.д-р Љубомир Дракулевски	02-800/8 27.04.2017 година0
3.	**Цветанка Ническа**	**„Структура, динамика и ефекти на јавните расходи во Република Македонија“**	**“Structure, dynamics and effects of public expenditures in the Republic of Macedonia“**	проф.д-р Михаил Петковски	02-800/9 27.04.2017 година
4.	**Бојан Петровски**	**„Банките и финансиската инклузија на младите лица – случајот на Република Македонија“**	**“Banks and financial inclusion of young people – The case of the Republic of Macedonia“**	проф. д-р Ѓорѓи Гоцков	02-800/10 27.04.2017 година
5.	**Иван Ајтарски**	**„Прифаќањето и користењето на електронското банкарство од страна на повозрасната популација“**	**“Acceptance and use of electronic banking services by adult/senior population”**	Доц.д-р Мијалче Санта	02-800/11 27.04.2017 година

6.	**Ивана Стамболиска**	**„Стратегијата на позиционирање на брендот – предуслов за градење посакувана позиција на пазарот”**	**“Brand positioning strategy – prerequisite for achieving the desired position on the market”**	проф. д-р Анита Циунова-Шулеска	02-800/12 27.04.2017 година
7.	**Кристина Попова**	**„Модел за пазарно вреднување на капитални имоти применет на Македонската берза за хартии од вредност**	**Capital asset pricing model applied on the Macedonian Stock Exchange”**	проф. д-р Драган Тевдовски	02-800/13 27.04.2017 година

П Р Е Г Л Е Д
ПРОМЕНА НА МЕНТОР

Ред. Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. На одлука на ННС/НС за промена на ментор
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Ивона Каранфиловска	,,Менаџирање со интелектуалниот капитал како невидлив ресурс во претпријатието''	,,Intellectual capital management as invisible resource in the enterprise"	Проф.д-р Леонид Наков	02-800/6 од 27.04.2017 година

П Р Е Г Л Е Д

на теми за изработка на магистерски труд прифатени од

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје

на седницата одржана на 27.4.2017 година

МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	**Име и презиме на кандидатот**	**Назив на темата**		**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата**
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1.	Андон Насковски	Имплементација на севкупно продуктивно одржување ТПМ во производствен циклус	Implementation of Total Productive Maintenance in production cycles	Проф. д-р Глигорче Вртаноски	02-634/2 2.5.2017 год.
2.	Борче Мицов	Истражување на деградацијата на моторните возила во текот на времето од аспект на издувната емисија и утврдување на можните причинители	Research on degradation of motor vehicles over time in terms of exhaust emissions and determine possible causes	Вон. проф. д-р Александар Костиќ	02-629/2 2.5.2017 год.
3.	Тони Митковски	Оптимизација на процесите на искористување на отпадното стакло од пакување и примена	Process optimization of utilization and application of glass waste from packaging	Вон. проф. д-р Даме Димитровски	02-711/2 2.5.2017 год.

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УЛОГАТА НА АДИПОНЕКТИНОТ, ЛЕПТИНОТ, РЕЗИСТИНОТ КАЈ ЖЕНИ СО ПОЛИЦИСТИЧЕН ОВАРИЈАЛЕН СИНДРОМ И НИВНАТА КОРЕЛАЦИЈА СО ИНСУЛИНСКАТА РЕЗИСТЕНЦИЈА" ОД Д-Р АЛЕКСАНДРА АТАНАСОВА БОШКУ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, на својата III редовна седница одржана на 7.3.2017 година, а по предлог на Советот на III циклус-докторски студии, студиска програма на медицина, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација на д-р Александра Атанасова Бошку со наслов „**Улогата на адипонектинот, лептинот и резистинот кај жени со полицистичен оваријален синдром и нивната корелација со инсулинската резистенција ",** во состав: проф. д-р Бранкица Крстевска (претседател), проф. д-р Бети Зафирова-Ивановска (ментор), проф. д-р Славејко Сапунов (член), проф. д-р Соња Топузовска (член) и проф. д-р Милка Здравковска (член).

Согласно со член 64 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата го дава следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на кандидатката д-р Александра Атанасова Бошку, со наслов „**Улогата на адипонектинот, лептинот, и резистинот кај жени со полицистичен оваријален синдром и нивна корелација со инсулинската резистенција",** содржи 186 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со проред 1.5, и големина на букви 12, како и 315 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, книги и интернет ресурси.

Трудот ги содржи сите поглавја на еден научноистражувачки проект, составен од 8 глави кои содржат: вовед, мотив, цели, материјал и методи, резултати на истражувањето и дискусија на добиените резултати, по што следат заклучоците, како и листата на библиографски податоци. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во докторската теза. Во воведниот дел, кој е и првата глава на докторскиот труд, кандидатката ги изнесува најновите податоци за преваленцата и клиничкото значење на полицистично оваријалниот синдром. Кандидатката од епидемиолошки аспект укажува на преваленцата на овој синдром кај жените во репродуктивниот период, како и низата метаболички промени со кои се соочуваат овие жени. Даден е краток осврт на современите сознанија и теории за патофизиологијата на полицистичниот оваријален синдром и клиничкото значење на инсулинската резистенција и дебелината како и важноста од нивна навремена детекција. Во посебен дел, кандидатката дава објаснување за полицистичниот оваријален синдром како репродуктивно нарушување во кое многу често се јавува дебелина, наведувајќи дека кај овие жени се јавува и инсулинска резистенција и хиперинсулинемија. Изложена е преваленцата на дебелината кај жените со полицистично оваријален синдром како и нејзината импликација кај овој синдром. Во воведот се објаснети најновите сознанија за патофизологијата на дебелината и улогата и функцијата на масното ткиво, преку дадени докази за комплексноста и мултифакториелноста на патофизиолошкиот процес на дебелината, кој вклучува нарушување на секрецијата на хормоните на масното ткиво- адипокините, процес на инфламација, ендотелна дисфункција и поврзаност со инсулинска резистенција. Потенциран е посебниот интерес кој последниве неколку години е даден во проучувањето на улогата на хормоните на масното ткиво и полицистичниот оваријален синдром. Дебелината, како одговор на нарушена секреција на масното ткиво, кандидатката ја опишува преку објаснување на улогата на новите адипокини со посебен осврт на адипонектин, лептин и резистин.

Кандидатката дава кратко објаснување за дебелината како еден од главните проблеми на денешнината и нејзината асоцираност со голем број заболувања, но и како нејзина главна карактеристика се истакнува развојот на инсулинската резистенција во периферното ткиво, скелетната мускулатура и хепарот.

Примарен извор на складирана енергија е белото масно ткиво, кое е изградено од адипоцити, односно строма која ја чинат преадипоцити, макрофаги, ендотелни клетки, леукоцити и фибробласти. Клетките на белото масно ткиво излачуваат голем број на биоактивни пептиди и протеини со ендокрино, паракрино и автокрино дејство: лептин, адипонектин, резистин, TNF-a, интерлеукин (IL-6), ангиотензин, висфатин, ретинол-врзувачки протеин-4, ензими-липопротеин липаза.

Кандидатката ја истакнува улогата на адипокините во регулација на апетитот и потрошувачката на енергија, во регулација на искористување на складираните липиди и оксидативниот капацитет. Во овој дел, кандидатката цитира повеќе студии кои ја анализираат поврзаноста на адипокините со репродуктивниот потенцијал на жената и со модулацијата на инсулинската сензитивниост. Потоа, во посебни делови е прикажана улогата на одделните адипоцитокини во патогенезата на ПЦОС.

Во делот кој се однесува на општите карактеристики на адипонектинот, кандидатот ја опишува неговата протеинска градба од 244 аминокиселини, местото на секреција кое е единствено во масното ткиво, концентрацијата во крвта која се движи од 5 до 30 mg.ml, двата рецептори преку кои тој го манифестира своето дејство (AdipoR1 кој покажува најголема експресија во скелетната мускулатура, и AdipoR2, со експресија во хепарот). Во продолжение, објаснета е асоцираноста на адипонектинот со дебелината. Физиолошките функции во кои учествува адипонектинот во организмот се: зголемување на инсулинската активност во хепарот, зголемено искористување на гликозата во хепарот и скелетната мускулатура и зголемена оксидација на масните киселини. Главна карактеристика на адипонектинот е неговата инверзна корелација со дебелината, неговото намалување е асоцирано со дислипидемија и

атеросклероза, постои висока корелација меѓу намалување на вкупната концентрација на вкупниот адипонектин и тип 2 дијабетес и зголемен ризик за кардиоваскуларни болести. Кандидатката цитира неколку контрадикторни студии за нивото на адипонектин кај жени со ПЦОС.

Во делот за лептин, прво кандидатката се осврнува на неговите општи карактеристики, местото на секреција, градбата, а потоа и посебно на неговата улога во регулација на телесната тежина, истакнувајќи дека лептинот е главен адипостатски хормон кој сигнализира ограничен внес на храна и зголемена потрошувачка на енергија, а независно од ова тој ја подобрува и периферната инсулинска осетливост. Кога постои интактност на лептинските рецептори, тој не предизвикува намалување на тежината. Цитирани се студии кои ја прикажуваат улогата на лептинот кај жени во репродуктивен период и посебно кај жените со ПЦОС.

Во воведниот дел, како трет хормон кој е посебно елаборирaн е резистинот, неговата градба која се состои од 108 аминокиселини, а во крвта циркулира како протеин, димер кој се состои од 92 аминокиселински полипептиди. Неговата улога во инсулинската резистенција кај луѓето се уште не е целосно објаснета, и во прилог на ова авторот наведува студии кои укажуваат дека кај пациенти со инсулинска резистенција и дијабет тип 2 покачени се вредностите на резистин, но и студии кои не наоѓаат ваква поврзаност. Кандидатката наведува дека мал број на студии ја анализираат улогата на резистин кај болни со ПЦОС, при што во некои студии се најдени покачени вредности на резистин кај жени со ова нарушување, други пак студии објавуваат контрадикторни резултати.

Втората глава претставува **МОТИВ** на истражувањето. Во него се опишани идеите поради кое е започнато ова истражување. Водечки мотив претставува постоењето на недоволен број рани маркери кои би се искористиле во откривањето на доцните компликации кај жените со ПЦОС. Централното таложење на масти, инсулинска резистенција, компензаторна хиперинсулинемија, како и метаболички профил сличен на метаболичкиот синдром се заеднички абнормалности кај жените со

ПЦОС. Иако овие параметри не претставуваат критериум за дијагноза ПЦОС, тие можат додатно да ја влошат ендокрината манифестација на хиперандрогенизам и овулаторна дисфункција. Истражувањата покажаа дека 7-15% од жените со ПЦОС, се јавува Т2ДМ до 30 години, што е значително повисока преваленца од 1,4%, кај жените без ПЦОС. Дополнително, светската литература прикажува контрадикторни наоди за асоцираноста на адипоцитокините – адипонектин, резистин и лептин со инсулинската резистенција кај жени со полицистичен оваријален синдром, како и оскудните податоци за оваа проблематика во РМакедонија и пошироко во регионот. Недостатоците на постојните модели за предикција на компликации кај оваа група на жени ја мотивираат кандидатката да ја истражи на сопствен материјал улогата на адипокините- адипонектин, лептин и резистин од што би произлегле клиничко-апликативни предиктивни модели. Компликациите од рано поставената дијагноза, дополнително ја мотивирале кандидатката да даде свој придонес во подобрувањето на индивидуалниот пристап и дефинирање на пациентки со ПЦОС кои имаат ризик за развој на доцни компликации како што се дебелина, хиперинсулинемија, инсулинска резистенција, Т2ДМ, хипертензија, дислипидемија, дисфункција на ендотелот и кардиоваскуларни болести.

Во **ЦЕЛИТЕ** на истражувањето, кандидатката ги наведува следниве цели: 1. за прв пат да се одреди концентрацијата адипокините (адипонектин, и резистин) кај жени во репродуктивен период со ПЦОС и контролна група во РМакедонија; 2. да се одреди дали постои разлика во концентрацијата на адипокините (адипонектин, лептин , резистин) во двете подгрупи на жени со ПЦОС (слаби и со зголемена телесна тежина) во споредба со контролна група здрави жени во репродуктивен период; 3. да се евалуира поврзаноста на адипокините (адипонектин, резистин, лептин) и инсулинската резистенција кај жени со ПЦОС; 4. да се утврди корелацијата на антропометриските маркерите за дебелина (БМИ, обем на колк, обем на струк, односот струк / колк) со адипокините: адипонектин, резистин и лептин кај жени со ПЦОС; 5. да се евалуира корелацијата меѓу адипокините: адипонектин, резистин и лептин со

концентрациите на андрогените и липидните параметри (вк. холестерол, триглицериди, ХДЛ,ЛДЛ, аполипо–А, аполипо-Б липопротеин -а) кај жените со ПЦОС.

Во делот **МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ**, кандидатката го дефинира дизајнот на студијата како проспективна трансферзална пресечна студија, во која се вклучени 89 жени, кај кои се постави дијагноза за ПЦОС, според критериумите на Ротердам консензус. Критериуми за дијагноза на ПЦОС се поставени според Ротердамскиот консензус 2003 година, со кој ПЦОС се дефинира како постоење на барем две од можни три карактеристики:- олиго/ ановулација; клинички и/ или биохемиски знаци на зголемни андрогени; полицистични јајници утврдени со ултразвук. Заради остварување на целите на истражувањето, испитаниците се категоризирани следниве подгрупи: Група 1 – жени со ПЦОС и БМИ ≥25.0 и Група 2 – жени со ПЦОС и БМИ < 25.0. Контролната група ја сочинуваат 60 здрави нормоовулаторни жени со редовен менстуален циклус, без клинички или биохемиски знаци за хиперандрогенизам или полицистични овариуми . Наведени се и критериумите за исклучување од студијата. Наведени се етичките стандарди на студијата, критериумите за вклучување и исклучување.

Краток опис на користените методи:

Во истражувањето се користени следниве методи:

- анамнеза, проценка на ризик -фактори и коморбидитети;
- физикален преглед, мерење на телесна тежина и висина, обем на струк и обем на колкови, проценка на телесна маса;
- Анкетен прашалник дизајниран за целите на оваа студија;
- ултразвучен гинеколошки преглед со изведување на 3Д техника на УЗ апарат VOLUSON;
- лабораториски анализи земени по 12 часа гладување меѓу 3- 7 ден од менструален циклус, или кој било ден доколку пациентката нема менструален циклус. Од примероците се изработени биохемиски и

хормонски параметри. Во посебни целини во делот „Методи“ кандидатката ги изложува постапките за одредување на биохемиските маркери кои ќе бидат анализирани: фоликулостимулирачки хормон, лутеинизирачки хормон, пролактин, естрадиол, тиреостимулирачки хормон, вкупен тестостерон, дехидроепиандростендион сулфат, андростендион, инсулин, високо сензитивен ЦРП, аполипопротеин а-1, аполипопротеин В-1, липопротеин-а, адипонектин, лептин и резистин;

- за проценка на инсулинската резистенција се користени: инсулин на гладно, односот инсулин/гликемија на гладно и ХОМА индекс (engl. homeostasis model assessment), кој ќе биде пресметан по следнава формула: ХОМА-ИР = концентрација на гликоза (mmol/L) x инсулин (μIU/mg)/ 22,5, при што како гранична вредност која укажува на инсулинска резистентност се зема вредноста >2,5.

Во делот **СТАТИСТИКА,** резултатите од добиените податоци биле анализирани во статистичкиот програм SPSS for Windows 17.0, а биле употребувани споредбени, корелациони, универијантни и мултиваријантни регресиони анализи за детерминирање на сигнификантните адипоцитокини за инсулинска резистенстност.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Во делот за **РЕЗУЛТАТИ**, резултатите од презентираната студија се поделени во повеќе делови. На почетокот од прикажувањето на резултатите опишан е клиничкиот и лабораториски статус на групата пациентки со ПЦОС и кај здрави жени во репродуктивен период. Резултатите се прикажани табеларно и со графикони, кои го олеснуваат нивното следење. Прецизно се опишани и даден е јасен приказ разликите помеѓу испитуваната и контролната група. Во понатамошната презентација на резултатите се претставени и јасно се следат опишаните разлики во самата група на жени со ПЦОС, кои се поделени според

индексот на телесна тежина, а потоа и според присуство и отсуство на инсулинска резистенција.

Поглавјето **ДИСКУСИЈА** зборува за текот на истражувањето и добиените резултати. Во дискусијата се претставени позитивните сознанија кои го оправдуваат мотивот на ова истражување. Од вкупно 149 пациенти, 89 со дијагностициран полицистичен оваријален синдром, и 60 здрави пациентки во репродуктивен период. Статистички групите биле поделени во однос на дебелината, при што таа доминира во групата со ПЦОС, 60,67% со зголемен индекс во однос на 23% кај здравите нормоовулаторни жени.

Резултатите од истражувањето покажале дека просечната вредност на испитуваната популација е 24.6±3.8 во однос на од жените од контролната група (26.02±4.9; p=0.01). Во однос на етничката припадност, во двете групи мнозинството го сочинуваа испитанички со македонска националност (73,03%, 73,33% консеквентно; p=0.09). Пациентките со ПЦОС несигнификантно почесто од испитаничките од КГ биле активни пушачи (34,83% вс 25%; p=0.2). Анамнестички податок за физичка активност беше добиен од 10,11% испитанички со ПЦОС и 28,33% здрави испитанички. Разликата во дистрибуцијата на физички активни и неактивни испитанички меѓу двете групи,статистички беше сигнификантна (p=0.004). Жените со полицистични овариуми, сигнификантно почесто од здравите жени биле олигоменороични, односно аменороични (94,38% вс 8,33%; p<0.001), со акни (32,58% вс 5%; p=0.0006), со хирзутизам (60,67% вс 10%; p<0.001). Индексот на телесна маса имаше просечна вредност од 27.96±6.5 во групата со полицистични овариуми, а 24.46±5.82 во контролната група испитанички, односно 60,67% од жените со ПЦОС биле со зголемен индекс на телесна маса, во однос на 23% од групата на здрави жени.

Инсулинот на гладно покажал сигнификантно повисоки вредности во групата испитанички со ПЦОС (p<0.001). Во групата со ПЦОС биле регистрирани сигнификантно повисоки вредности на индексот ХОМА1-ИР во однос на КГ. Резултатите од истражувањето покажале дека постојат

сигнификантно различни вредности за сите компоненти на липидниот статус меѓу ПЦОС-групата и контролната група.

Компарацијата на вредностите на адипонектинот и лептинот во групата жени со полицистични овариуми, покажала значајна разлика во средните вредности на овој параметар. Третиот анализиран адипоцитокин, резистин, се покажал со незначајно повисока концентрација во ПЦОС-групата.

Најдена е позитивна поврзаност на адипонектинот со ЛХ, СХБГ, гликемијата, ХДЛ-Х, и АпоА, што покажува дека овие параметри и адипонектинот имаат ист правец на промени, односно, со зголемување на вредностите на овие параметри кај жените со ПЦОС расте и вредноста на адипонектин, и обратното. Негативна, односно индиректна корелација била потврдена меѓу адипонектин и БМИ, обем на стук, односот ЛХ/ФСХ, слободниот тестостерон, инсулинот, односот инсулин/гликоза, ТГ , нон-ХДЛ, Апо Б , Апо Б / Апо А , резистин, и односот А/Р .

Била најдена позитивна поврзаност на резистин со индексот на телесна маса, обем на струк, ЛХ, односот ЛХ/ФСХ, односот глукоза/инсулин, Апо А , ЦРП, лептин , и односот А/Р. Со зголемување на вредностите на овие параметри кај жените со ПЦОС е утврдено дека расте и вредноста на резистин, и обратното. Негативна, односно индиректна корелација била најдена меѓу резистин и ЛХ, односот ЛХ / ФСХ, апо-А1, и односот А/Р. Позитивна корелација била утвдена меѓу испитуваниот адипокин- лептин и БМИ, обем на струк, инсулин, ХОМА-ИР, односот инсулин/гликоза, вк. холестерол, триглицериди, ЛДЛ-Х, нон-ХДЛ, апо-Б, апо-Б/апо-А1, и hs-CRP. Со зголемување на вредностите на овие параметри, вредностите на лептин се зголемуваат, и обратно. Негативна, односно индиректна корелација било најдено меѓу лептин и СХБГ, ХДЛ-Ц, Апо-А1, односот А/Л, и односот Р/Л. Зголемување на вредностите на лептин било асоцирано со намалувањето на овие параметри, и обратно.

Во студијата е покажано дека кај жените со ПЦОС постои инверзна корелација меѓу концентрациите на серумскиот адипонектин и лептин, и адипонектин и резистин, кое е независно од БМИ и индексот на

инсулинска резистенција. Со тоа е сугерирано дека излачувањето на овие адипокини од масното ткиво е реципрочно регулирано од некој заеднички фактор или дека адипонектинот, резистинот и лептинот се авторегулирани кај ПЦОС, како што е објавено за гојазни пациенти со Т2ДМ. Прикажан е односот на вредностите на адипокините во однос на двете испитувани групи, како и подгрупите според кои се поделени жените со ПЦОС. Во овој дел, резултатите изведени од анализата на податоците добиени од истражуваните параметри се споредени со податоците од светските студии.

Во делот **ЗАКЛУЧОЦИ**, согледувања, врз основа на добиените резултати од истражувањето и извршената статистичка обработка, се наведуваат повеќе сознанија. Пациентките со ПЦОС имале статистички значајно помала концентрација на серумски адипонектин во споредба со контролната група. Пациентките со ПЦОС и со повисок БМИ имале статистички значајно пониски концентрации на адипонектин во серум од пациентките со ПЦОС и нормален БМИ. Пациентките со ПЦОС имале статистички значајно повисоки серумски концентрации на Лептин во споредба со контролна група. Пациентките со ПЦОС и БМИ >25 кг/м2 имале статистички значајно повисоки вредности на серумски лептин од од пациентките со ПЦОС и нормален БМИ. Не било најдено значајна статистички разлика во серумските концентрациите на Резистин помеѓу здрави испитанички и пациентките со ПЦОС. Не било најдена статистички значајна разлика во концентрациите на серумски резистин кај жените со ПЦОС поделени според БМИ. Во групата жени со ПЦОС и инсулинска резистенција, серумските концентрации на адипонектин биле значајно помали, а концентрацијата на лептин е поголеми во споредба со ПЦОС без ИР. Сите адипокини значајно корелираат со индекот на телесна тежина и обемот на струк во групата жени со ПЦОС. Резултатите од студијата покажале силна поврзаност на адипонектинот и лептинот со инсулинската резистенција преку статистички сигнификантната корелација со индексите за инсулинска резистенција: инсулин, инсулин/ гликоза , ХОМА –ИР. Пациентките со ПЦОС имаале зголемени серумски концентрации на вк. холестерол, триглицериди,

ЛДЛ, и не-ХДЛ холестерол, намален ХДЛ , како и нарушен однос апо-Б/апо-А1. Концентрациите на адипонектин во серум статистички значајно инверзно корелирале со концентрациите на триглицеридите, апо-Б и апоБ/Апо-А1, а позитивно со ХДЛ-Х и апо-А1. Концентрацијата на лептин во серум статистички значајно корелирала со концентрациите на вк. холестерол, триглицериди, ЛДЛ-Х, апо- Б, и апо- Б/апо -А1, додека негативна корелација имало со ХДЛ-Х. Концентрацијата на резистин во серум покажале статистички значајна негативна корелација со апо-А1. Било најдено статистички значајно намален однос на А/Л, А/Р, Р/Л кај пациентките со ПЦОС во однос на здравата контролна грипа на жени. По приспособување за БМИ, мултиплата регресиона анализа на оваа студија како сигнификантни предиктори на концентрациите на резистин ги издвоиле промените на СХБГ, вк. холестерол, ЛДЛ –Х, не-ХДЛ. Универијантната логистичка регресиона анализа ги издвоила адипонектинот, лептинот како и односот адипонектин-резистин како значајни предиктори на инсулинска резистенција кај пациентките со ПЦОС .

Во делот за литературата се подредени користените референци. Тука се набројани 315 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, книги и интернет ресурси кои ја разработуваат сличната проблематика.

Предмет на истражување

Предмет на истражување биле 149 жени во репродуктивен период. Од нив 89, се жени кои се јавиле за преглед на Клиниката за гинекологија и акушерство поради нарушувања на менструалниот циклус при што е поставена дијагноза за синдром на полицистични овариуми (Dg. Sy. Polycystic ovary), според критериумот на Ротердамскиот консензус, 2003. Контролната група ја сочинувале 60 нормо-овулаторни жени, без проблеми со менструалниот циклус.

Предмет на ова истражување претставува можното влијание на адипокините – адипонектин, лептин, резистин на метаболните пореметувања посебнио врз појавата на дебелина и инсулинска резистенција кај шените со ПЦОС. Идејата потекнува од постоењето на

недоволен број маркери кои би помогнале во раната дијагностика на доцните компликации кај пациентки со ПЦОС .

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Ова е прва студија која има за цел евалуација на улогата на адипокините адипонектин, лептин и резистин кај жени со ПЦОС. Ова истражување е посветено на следење на адипокините адипонектин, лептин и резистин, и корелација на нивните вредности со појавата на дебелина и инсулинска резистенција кај жените со полицистичен оваријален синдром.

Адипокините имаат важна улога при одржувањето на низа физиолошки процеси, внесот на храна, регулација на енергетскиот баланс, метаболизам на липиди и глукоза, регулација на енергија, секреција на инсулин, ангиогенеза, крвниот притисок и процеси на коагулација. Некои од хормоните кои се продукт на масното ткиво како лептин, висфатин, ресистин, апелин и адипонектин имаат важна улога во регулацијата на тежината и метаболичките процеси. Централното дејство на адипокините е изразено преку регулацијата на апетитот и потрошувачката на енергија. Периферно влијаат на инсулинската осетливост на ткивата, искористување на складираните липиди и оксидативниот капацитет. Во случај на нарушување на метаболизмот на адипокините доаѓа до нарушување на овие физиолошки процеси, појава на дебелина и инсулинска резистенција.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката д-р Александра Атанасова Бошку, со наслов ,,Улогата на адипонектин, лептин, и резистин кај жени со полицистичен оваријален синдром и нивната корелација со инсулинска резистенција“, претставува истражување во областа медицинска биохемија/репродуктивна ендокринологија. Изработката на темата на оваа докторска дисертација преку добиените резултати го покажува влијанието и корелацијата на адипокините адипонектин, лептин и резистин со појавата на дебелина, инсулинска резистенција и

метаболички компликации кај жените со полицистичен оваријален синдром.

Докторската дисертација на кандидатката д-р. Александра Атанасова Бошку, со наслов ,, Улогата на адипонектин, лептин, и резистин кај жени со полицистичен оваријален синдром и нивната корелација со инсулинската резистенција“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

Aleksandra Atanasova Boshku, Sasha Jovanovska Mishevska, Beti Zafirova Ivanovska, Daniela Ivanova Panova. Hormonal and adiposity state of women with polycystic ovary syndrome: implication of adiponectin and leptin. Endocr oncol metab 2016 Dec; 2(4):242-249. DOI:10.21040/eom/2016.2.4.4

Aleksandra Atanasova Boshku, Panova Ivanova Daniela, Jovanovska Mishevska Sasha, Zafirova Ivanovska Beti. Association of adipokines, adiponectin and leptin with insulin resistance in the women with polycystic ovary syndrome. Physioacta 2016; 10-3:15-24.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Сметаме дека овој труд претставува самостојна и оригинална научна работа со јасно поставени цели, оригинални резултати и клинички придонес.

Главни научни придонеси на кандидатката се: подобрување на индивидуалниот пристап кон секоја од пациентките со полицистичен оваријален синдром, а кај кои многу почесто се јавува дебелина и инсулинска резистенција, имајќи го предвид фактот дека тие

претставуваат водечки ризик-фактор за настанок на кардиоваскуларни заболувања.

Можноста за воведување на адипокините, адипонектин, лептин и резистин, како маркери за рана дијагностика на метаболичките нарушувања, посебно настанок на инсулинска резистенција кај пациентките со ПЦОС.

Подрачја на примена и ограничувања се: пациентки со полицистични овариуми.

Можните понатамошни истражувања кои би произлегле од овој докторски труд се во областа на репродуктивната ендокринологија, кај пациентки со метаболички синдром, кај пациентки со нарушување на метаболизмот на гликоза, посебно во периодот на гестација. Интересно е прашањето за улогата на овие маркери врз долгорочната прогноза за појава на инсулинска резистенција и ризик од кардиоваскуларни болести кај пациентките со ПЦОС.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката д-р Александра Атанасова Бошку со наслов ,,Улогата на адипонектинот, лептинот и резистинот кај жени со полицистичен оваријален синдром и нивната корелација со инсулинската резистенција“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Бранкица Крстевска, претседател, с.р.

Проф. д-р Бети Зафирова-Ивановска, ментор, с.р.

Проф. д-р Славејко Сапунов, член, с.р

Проф. д-р Соња Топузовска, член, с.р.

Проф. д-р Милка Здравковска, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СОВРЕМЕН ПРИСТАП ВО ТРЕТМАНОТ НА УРГЕНТНИОТ ГАСТРОДУОДЕНАЛЕН УЛКУС“

ОД Д-Р ГОРАН БЕГОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на III редовна седница одржана на 7.3.2017 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот д-р Горан Беговиќ со наслов „Современ пристап во третманот на ургентниот гастродуоденален улкус“, во состав: проф. д-р Александар Караѓозов (претседател), проф. д-р Ненад Јоксимовиќ (ментор), проф. д-р Владо Јаневски (член), проф. д-р Гордана Петрушевска (член) и проф. д-р Милка Здравковска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот д-р Горан Беговиќ, со наслов „Современ пристап во третманот на ургентниот гастродуоденален улкус“, содржи 210 страници компјутерски обработен текст во фонт Georgia, со 1,5 проред и големина на букви 11, со 362 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 8 глави, во кои се вклучени вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Првата глава од докторската дисертација е насловена како Вовед. Во него се изложени литературниот преглед и теоретската рамка на докторската студија. Воведот е составен од осум подглави. Во подглавите 1.1, 1.2 и 1.3 објаснети се општите податоци за пептичната улкусна болест, патофизиологијата на пептичната улкусна болест, гастричните протективни фактори, етиолошките и факторите на ризик за развој на пептичната улкусна болест и идиопатските пептични улкуси.

Во понатамошниот дел во подглавите 1.4, 1.5 и 1.6, воведот ги опфаќа дијагностичките постапки, третманот и ризик-скор системите за прогнозата на ургентниот гастродуоденален улкус во болнички услови.

На крајот на воведот во подглавите 1.7 и 1.8 се опфатени постхоспиталниот третман и следењето на ефикасноста на тој третман.

Кандидатот укажува на фактот дека сознанието за важноста на инфекцијата со Helicobacter pylori (H. pylori), улогата на нестероидните антиинфламаторни лекови (НСАИЛ) и развојот на потентни антисекреторни лекови во суштина ја елиминира потребата за елективна хирургија при пептичната улкусна болест.

Следствено откритието дека третманот на инфекцијата со H. pylori може да ја елиминира рекурентноста кај најголемиот број гастродуоденални улкуси, како и способноста на инхибиторите на протонската пумпа (ИПП) да ја санираат улкусната лезија, првенствена цел кај пациентите со ургентен гастродуоденален улкус во болнички услови е да се реши компликацијата која непосредно го загрозува животот на болниот.

По препораките на Европската студиска група од Мастрихт/Фиренца и Американскиот колеџ на гастроентеролози, притоа треба да се утврди етиолошкиот фактор за развој на пептичната улкусна болест. За присуство на инфекција со H. pylori при ургентен гастродуоденален улкус во болнички услови се применува серолошкиот тест (не е под влијание на употреба на антибиотици, инхибитори на протонска пумпа и крвавење), со кој се одредуваат IgG-антитела против H. pylori.

По животоспасувачкиот третман во болнички услови, согласно со современите ставови и препораки, неопходно е излекување на пептичната улкусна болест, кое зависно од етиолошкиот фактор се состои од ерадикација на инфекцијата со H. pylori, престанок на користење на НСАИЛ или аспирин и нивна замена и употреба на инхибитори на протонска пумпа.

По применатa терапија задолжително е да се потврди ерадикација на инфекцијата и санација на улкусната лезија.

Мотивот за истражувањето (глава 2) е недостиг на алгоритам на постапки во Република Македонија за дефинитивно излекување на пациентите со ургентен, животозагрозувачки улкус на гастродуоденумот кај кои е применета примарна животоспасувачка постапка (минимална хируршка, ендоскопска и медикаментозна). Со таквиот пристап, пептичната улкусна болест, особено онаа со инфективна етиологија не е излекувана и може да доведе до повторна компликација или до хронично болен пациент со постојани или повремени улкусни тегоби и потреба од посебен начин на исхрана и животни навики, употреба на хистамински-Х2 рецепторни антагонисти (Х2РА антагонисти) или инхибитори на протонска пумпа, амбулантски прегледи, па дури и хоспитални третмани.

Во третата глава на трудот се истакнати **целите** на истражувањето и наведени се хипотезите.

Кандидатот ги истакнува следниве цели: по примарната животоспасувачка постапка, врз основа на анализираните и евалуирани параметри да се одреди алгоритам на процедури за излекување на пептичната улкусна болест; да се одреди преваленцата на H. pylori, НСАИЛ и аспирин кај ургентниот гастродуоденален улкус како и ефикасноста на кларитромицин тројната терапија како иницијална терапија за ерадикација на H. pylori во Република Македонија.

Во **четвртата глава** се прикажани **материјалот и методите** применети во истражувањето.

Во подглавите 4.1 и 4.2 се објаснети дизајнот на студијата, испитуваната група и критериумите за селекција на испитаниците.

Се работи за проспективна, рандомизирана студија на пациенти со ургентен гастродуоденален улкус, перфорација и крвавење, третирани примарно со животоспасувачки постапки (минимални хируршки, ендоскопски и медикаментозни) и

кај кои е применет алгоритамот на понатамошен третман (медикаментозен, хигиено-диететски режим) со цел да се излекува, ерадира болеста.

Истражувањето опфаќа група од 65 испитаници на возраст од 15 до 85- годишна возраст. Испитуваната група е поделена на две подгрупи - подгрупа А, пациенти со перфориран гастродуоденален улкус – 33 испитаници, и подгрупа Б, пациенти со крвавечки улкус – 32 испитаници. Испитаниците од подгрупата А се лекувани на Универзитетската клиника за дигестивна хирургија и Универзитетската клиника за ТОАРИЛУЦ, а испитаниците од подгрупата Б се лекувани на Универзитетската клиника за дигестивна хирургија, Универзитетската клиника за ТОАРИЛУЦ и Универзитетската клиника за гастроентерохепатологија.

Во подглавите 4.3 и 4.4 се објаснети извршените постапки врз испитаниците за потребите на докторската дисертација во болнички услови и постапките по болничкото лекување.

Во рамките на истражувањето при болничкото лекување е користен специјално дизајниран прашалник во кој од посебен интерес беа следниве прашања: пол, возраст, користење на нестероидни анти-инфламаторни лекови и аспирин, пушење цигари, консумација на алкохол, претходен позитивен серолошки или друг тест на H. pylori, претходен третман на гастродуоденален улкус по шема за лекување на H. pylori, дали претходно бил оперирани на желудник или дванаесетпалачно црево и кој вид операција.

Врз испитаниците се извршени следниве дијагностички постапки во болнички услови: серолошки тест за детекција на IgG-антитела кон H. pylori во серум кај сите испитаници, горна гастроинтестинална ендоскопија кај испитаниците со крвавечки гастродуоденален улкус со примена на Forrest-класификација, стандардна ренген (Rtg) нативна на абдомен во стоечка положба или на лев декубитус кај испитаниците со перфориран гастродуоденален улкус, ултразвучен преглед на абдоменот и/или КТ на абдомен со контраст кај некои испитаници, лабораториски испитувања во рамките на рутинските постапки со анализа на вредностите на леукоцитите, амилазата и С-реактивниот протеин кај подгрупата А и хемоглобинот кај подгрупата Б.

По болничкото лекување врз испитаниците е применета антиерадикациона и ацидосупресивна терапија зависно од етиологијата. Кај H. pylori-позитивните испитаници е применувана тројна терапија со амоксицилин, кларитромицин и пантопразол, како прва линија на третман за ерадикација на инфекцијата. Втората линија на третман со левофлоксацин и флажил е применета кај пет испитаници кај кои првата линија на третман е неуспешна.

За докажување на ефикасноста на првата линија на третман, користени се хистопатолошки, микробиолошки и уреа издишен тест кај една група испитаници и уреа издишен тест и тест на антиген на H. pylori во фецес кај друга група испитаници. Кај три испитаници е користен двоен тест на антиген на H. pylori во фецес.

За докажување на ефикасноста на втората линија на третман се користени уреа издишниот тест и тестот на антиген на H. pylori во фецес, а во три случаи од нив е направен и серолошки тест по 1 година.

Кај еден испитаник е применета ацидосупресивна терапија во тек на два месеца – НСАИЛ асоциран улкус, а кај шесторица, ацидосупресивна терапија во тек на три месеци – идиопатски пептичен улкус.

За докажување на санација на улкусната лезија е применета горна гастроинтестинална ендоскопија.

На крајот од оваа глава, во подглавите 4.5 и 4.6 се објаснети начинот на интерпретација на резултатите и статистичката обработка на резултатите.

Статистичката анализа е изработена во статистичките програми: STATISTICA 7.1; SPSS 17.0. Базите на податоците се формирани со примена на специфични компјутерски програми за таа намена. Нивната обработка е извршена со помош на стандардни дескриптивни и аналитички методи. Атрибутивните статистички

серии се анализирани со одредување на коефициент на односи, пропорции, стапки и со утврдување на статистичката значајност меѓу откриените разлики - Тест на разлики (Difference test). Веројатноста за корелативните-асоцијациони односи меѓу дистрибуциите на фреквенциите на две или повеќе атрибутивни варијабли се проценувани со Хи-квадрат-тест. Нумеричките серии се анализирани со мерки на централна тенденција и со мерки на дисперзија на податоците (просек и стандардна девијација). Со Shapiro-Wilk`s-тест е испитувана нормална расподелба на варијаблите. Со CI (confindence интервал ± 95% CI) е дефинирана статистичката значајност за ниво на грешка помало од 0,05 (p). Резултатите се прикажани табеларно и графички.

Резултатите од презентираната студија се прикажани табеларно и со графикони, кои го олеснуваат нивното следење и се поделени во 7 поглавја.

Првото поглавје ги обработува социодемографските карактеристики на примерокот. Испитаниците се анализирани според половата припадност и возраста.

Во второто поглавје, испитаниците од примерокот се анализирани според локализацијата на улкусната лезија: желудник во споредба со дуоденум и според анатомските регии на гастродуоденумот.

Во третото поглавје, испитаниците од примерокот се анализирани според извршените дијагностички постапки при приемот во болница. Испитаниците од подгрупата А се анализирани на лабораториски вредности на леукоцити, С-реактивен протеин и амилази во серум, наод на Rtg нативна снимка на абдомен и ехотомографски и КТ наод со контраст на абдомен. Испитаниците од подгрупата Б се анализирани на лабораториски вредности на хемоглобин и ендоскопска Forrest класификација.

Во четвртото поглавје, испитаниците од примерокот се анализирани според видот на третманот и должината на болничкиот престој. Испитаниците од подгрупата А се анализирани на изминатото време од почетокот на болеста до почекотокот на оперативниот третман. Испитаниците од подгрупата Б се анализирани од потребата од надокнада со крвни деривати.

Во петтото поглавје, примерокот е анализиран според етиолошките и факторите на ризик за појава на пептична улкусна болест: H. pylori, НСАИЛ, пушење цигари, консумирање алкохол. Испитаниците во примерокот се анализирани и на крвни групи.

Во шестото поглавје, со соодветни дијагностички тестови, примерокот е анализиран на успешноста на применетиот третман (1 и 2 линија) за ерадикација на инфекцијата со H. pylori и вредноста на применетите дијагностичките тестови за утврдување на присутност на активна инфекција со H. pylori, односно успешност на ерадикациониот третман.

Во седмото поглавје, примерокот е анализиран на вкупната ефикасност на третманот, вклучувајќи ја и санацијата на улкусната лезија.

Шестата глава, **Дискусија**, ги анализира резултати добиени од студијата и ги компарира со резултатите од досега објавените слични студии.

Во седмата глава, кандидатот ги наведува следниве **заклучоци**:

1. Инфекцијата со H. pylori е со висока преваленца во етиологијата на ургентниот гастродуоденален улкус во Република Македонија.

2. За време на интрахоспиталниот престој кај пациентите со ургентен гастродуоденален улкус да се утврди етиологијата на гастродуоденалниот улкус –

серолошки тест за инфекција со H. pylori и анамнестички податок за користење на НСАИЛ.

3. Пациентите со крвавечки и перфориран гастродуоденален улкус по хоспиталниот третман и животоспасувачката интервенција, доколку се со серолошка потврда за инфекција со H. pylori, задолжително да примаат антиерадикациона терапија.

4. Тројната терапија (амоксицилин, кларитромицин и пантопразол) во траење од 14 дена во истражувањето има задоволителна стапка на ерадикација (per protocol - PP) од околу 90%.

5. По примената терапија, искоренувањето на инфекцијата задолжително да се докаже, со 2 различни теста, во кој еден задолжително да биде уреа издишен тест или тест на антиген на H. pylori во фецес (може и само еден од овие два теста во интервал од 4 до 8 недели).

6. Гастроскопски да се докаже санацијата на улкусната лезија по примената терапија независно од етиолошкиот фактор.

7. Доколку наодот на Ртг-нативната снимка на абдомен не е во прилог на пнеумоперитонеум, а клиничките знаци укажуваат перфорација на пептичен улкус, дополнително да се примени КТ-преглед на абдомен со контраст или ехотомографски преглед на абдомен.

Предмет на истражување

Врз основа на анализираните и евалуирани дијагностички и терапевтски постапки (застапеност на етиолошки фактори, ефикасност на ерадикациона и ацидосупресивна терапија, дијагностички тестови за потврда на ефикасноста на терапијата за ерадикација на инфекцијата со H. pylori и санацијата на улкусната лезија), да се одредат насоки- препораки за излекување на пептичната улкусна болест, кај перфорираните и крвавечките гастродуоденални улкуси по примарната животоспасувачка постапка.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Кај пациентите со ургентен, животозагрозувачки улкус на гастродуоденумот кај кои е применета примарна животоспасувачка постапка (минимална хируршка, ендоскопска и медикаментозна) во Република Македонија не постои алгоритам на постапки за дефинитивно излекување на нивното основно заболување – пептичната улкусна болест.

Краток опис на применетите методи

Истражувањето претставува проспективна, рандомизирана студија на испитаници со ургентен гастродуоденален улкус, перфорација и крвавење, третирани примарно со животоспасувачки постапки (минимални хируршки, ендоскопски и медикаментозни) и кај кои што е применет алгоритамот на понатамошен третман (медикаментозен, хигиено-диететски режим) со цел да се излекува, ерадира болеста.

Истражувањето опфаќа група од 65 испитаници на возраст од 15 до 85- годишна возраст. Испитуваната група е поделена на две подгрупи - подгрупа А, пациенти со перфориран гастродуоденален улкус – 33 испитаници, и подгрупа Б, пациенти со крвавечки улкус – 32 испитаници. Испитаниците од подгрупата А се лекувани на Универзитетската клиника за дигестивна хирургија и Универзитетската клиника за ТОАРИЛУЦ, а испитаниците од подгрупата Б се лекувани на Универзитетската клиника за дигестивна хирургија, Универзитетската клиника за ТОАРИЛУЦ и Универзитетската клиника за гастроентерохепатологија.

Во рамките на истражувањето при болничкото лекување е користен специјално дизајниран прашалник во кој од посебен интерес беа следниве прашања: користење на нестероидни анти-инфламаторни лекови и аспирин, пушење цигари, консумација на алкохол.

Врз испитаниците за истражувањето во болнички услови е извршен серолошки тест за детекција на IgG антитела кон H. pylori во серум кај сите испитаници.

По болничкото лекување врз испитаниците е применета антиерадикациона (1 и 2 линија на третман) и ацидосупресивна терапија зависно од етиологијата. За докажување на ефикасноста на третманот за ерадикација на инфекцијата со H. pylori кај една група испитаници користени се хистопатолошки, микробиолошки и уреа издишен тест, а кај друга група испитаници уреа издишен тест и тест на антиген на H. pylori во фецес; кај тројца испитаници е користен двоен тест на антиген на H. pylori во фецес, а за докажување санација на улкусната лезија горнодигестивна едноскопија.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од истражувањето укажуваат дека преваленцата на H. pylori кај ургентниот гастродуоденален улкус во Република Македонија е на високо ниво од околу 90% и е приближно слична и во двете групи испитаници – и кај испитаниците со перфориран и кај испитаниците со крвавечки улкус (кај 89,2% од испитаниците во примерокот, кај 87,9% од испитаниците со перфориран гастродуоденален улкус и кај 90,6% од испитаниците со крвавечки гастродуоденален улкус).

Овие резултати укажуваат дека инфекцијата со H. pylori е главен етиолошки фактор за развој на ургентниот гастродуоденален улкус во Република Македонија. Кај испитаниците со позитивен серолошки тест и во двете подгрупи почеста е локализацијата на дуоденум (кај 86,2% испитаници со перфориран улкус и кај 65,5% испитаници со крвавечки улкус). Локализацијата на желудник е почеста кај испитаниците со крвавечки улкус споредено со испитаниците со перфориран улкус, 34,5% наспроти 13,8%.

Скоро секој трет испитаник во примерокот употребувал НСАИЛ (32,3%), при што испитаниците со крвавечки улкус користеле НСАИЛ двојно повеќе (40,6%) од испитаниците со перфориран улкус (24,2%).

Идиопатските (не-Хеликобактер не-НСАИЛ) улкуси во примерокот се регистрираат кај 9,2% од испитаниците, притоа приближно исто се застапени кај испитаниците со крвавечки улкус (9,4%) споредено со испитаниците со перфориран улкус (9,1%).

Од истражувањето се забележува дека половина од испитаниците со крвавечки гастродуоденален улкус (50%) и нешто помалку од 3/4 (69,7%) од испитаниците со перфориран гастродуоденален улкус пушат цигари, додека испитаниците во двете подгрупи во приближно сличен процент консумираат алкохол (27,3% од испитаниците со перфориран гастродуоденален улкус и 28,1% од испитаниците со крвавечки гастродуоденален улкус).

Од оперираните испитаници со крвавечки гастродуоденални улкуси 44,5% се од групата FIIA, 33,3% од групата FIA и 22,2% од групата FIB. Сите испитаници од групите FIIB, FIIC и FIII се лекувани конзервативно.

Ртг-наодот на нативната снимка на абдоменот е позитивен кај повеќе од половина испитаници со перфориран гастродуоденален улкус (59,4%); наодот е позитивен кај 60% од испитаниците кај кои е направена компјутеризирана томографија на абдомен со контраст, а од испитаниците кај кои е извршен ехотомографски преглед на абдомен, наодот е позитивен кај 57,1% од нив.

Резултатите од истражувањето укажуваат дека применетата прва линија терапевтски третман за ерадикација е со задоволителна стапка на ерадикација од 91,4% кај испитаниците во примерокот, при што првата линија третман е ефикасна кај 93,1% од испитаниците со крвавечки гастродуоденален улкус и кај 89,7% од испитаниците со перфориран гастродуоденален улкус. Ова укажува дека тројната терапија со

амоксицилин, кларитромицин и пантопразол (АКП) ја остварува препорачаната со "намера за лекување" по протокол стапка на ерадикација од околу 90%, а според критериумите на Греам би ја оцениле како добра, односно градус Б.

Кај сите испитаници со втората линија на третман е постигната комплетна ерадикација на инфекцијата.

Санација на улкусната лезија не е постигната кај 1 испитаник од примерокот со идиопатски улкус, кај кој контролниот ендоскопски наод е со за активна улкусна лезија и супстеноза на пилорус.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот д-р Горан Беговиќ, со наслов „Современ пристап во третманот на ургентниот гастродуоденален улкус", претставува научно истражување во областа на интерната медицина, дигестивната хирургија, ургентната медицина и амбулантно-поликлиничката дејност.

Научниот придонес на докторската дисертација е врз основа на добиените резултати да се утврди алгоритам на постапки - препораки во третманот на ургентниот гастродуоденален улкус во Република Македонија. Со примената на препораките од протоколот се очекува комплетно излекување на пептичната улкусна болест кај огромниот број (околу 90 до 95%) на пациентите со животно загрозувачка компликација на ургентниот гастродуоденален улкус. Ерадикацијата на инфекцијата со H. pylori (доминантен етиолошки фактор кај овие пациенти – околу 90% од случаите во Република Македонија) доведува до дефинитивно излекување на пептичната улкусна болест, без потреба од долгогодишна, хронична терапија со инхибитори на протонската пумпа или хистамински антагонисти на Х2 рецептори. Примената на ИПП во период од 2 до 3 месеци, замената на нестероидни анти-инфламаторни лекови и аспирин со друга терапија, промената на животните навики и начинот на исхрана кај пациентите кои немаат инфекција со H. pylori, а консумираат или не консумираат НСАИЛ доведува до излекување и санација на пептичната улкусна лезија. Квалитетот на животот на овие пациенти е подобрен, без хронични тегоби и потреба од значителни рестрикции во нивните животни навики и исхрана. Се намалуваат амбулантните прегледи и болничките престои на овие болни, потребата од терапија со ИПП или Х2РА лекови, како и развојот на животозагрозувачките компликации. Се прави значителна заштита на здравствениот денар.

Докторската дисертација на кандидатот д-р Горан Беговиќ, со наслов „Современ пристап во третманот на ургентниот гастродуоденален улкус", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Begovic G, Redzep S. Etilogical factors in urgent gastroduodenal ulcer. MASA. Contributions Sec. of Med. Sci.,2015;XXXVI (2):203-210.

[2]. Begovic G, Selmani R, Rushiti K, Joksimovic V, Karagjozov P. Meaning of the urgent gastroduodenal ulcer in the contemporary surgery. Acta morphol.2016;Vol.13(1):29-39.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатот се:

врз основа на резултатите добиени од докторската студија може да се изготви алгоритам за стандардизирани постапки третирани во болнички установи, како и за понатамошниот амбулантски третман.

Подрачјето на примена и ограничувањата се:

- акутни компликации на гастродуоденален улкус како што се крвавење и перфорација, а ограничувања се широката примена во интернистичките и хируршките установи низ Република Македонија, опременост на установи, добро обучени како интернистички, така и хируршки и реаниматолошки кадар.

Можните понатамошни истражувања се:

- да се следи резистенција на протоколарно применуваната антибиотска терапија за ерадикација на инфекцијата со H. pylori која, главно се применува ex iuvantibus и по потреба нејзина промена која би влегла во протоколите на медицината базирана на докази,
- да се иследува улогата на инфекцијата со H. pylori и нејзината ерадикација при ран стадиум на гастрични MALT-лимфоми (лимфоми асоцирани со мукозното лимфно ткиво на желудникот).

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **д-р Горан Беговиќ** со наслов **Современ пристап во третманот на ургентниот гастродуоденален улкус.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Александар Караѓозов, претседател, с.р.

Проф. д-р Ненад Јоксимовиќ, ментор, с.р.

Проф. д-р Владо Јаневски, член, с.р.

Проф. д-р Гордана Петрушевска, член, с.р.

Проф. д-р Милка Здравковска, член, с.р.

До
НАСТАВНО-НАУЧННИОТ СОВЕТ НА
МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

ПРИГОВОР

на Рефератот на Рецензентската комисија за избор во звањето ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР по предметот Онкологија со радиотерапија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр.1144 од 13.4.2017

Подносител на приговорот доц.д-р. Симонида Црвенкова, единствен кандидат на објавениот конкурс во весникот „Дневник“ на 5.12.2016 година.

Приговорот го поднесувам против **Заклучокот на Рецензентската комисија:**

"не била учесник и раководител на научноистражувачки проекти и поради тоа не е предложена за повисоко звање"

Во Рефератот на Рецензентската комисија за избор во звањето ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР по предеметот Онкологија со радиотерапија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр 1144 од 13.4.2017 година, исполнети се сите останати критериуми според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

Образложение:

1. Рецензентската комисија извршила неправилно бодување на **стручно-апликативната и научно-истражувачката дејност**

Сметам дека овој заклучок на Рецензентската комисија се базира на **неточни податоци и недоследна примена** на критериумите за оцена на научноистражувачка работа и проекти. Имено, со пријавата на распишаниот конкурс поднесов документи за ревидирани трудови во меѓународни списанија (наведени подолу во табела 1), кои не се бодирани од страната на Рецензентската комисија како **стручно-апликативна дејност, експертски активности, евалуација, стручна ревизија, супервизија (намалени се 4 бода)**. Од друга страна, Комисијата изнесува неточна констатација дека сум ревидирала проект COST **CA15204 "European Platform for Outcomes Research into Perioperative Interventions during Surgery for Cancer"** и го формулира како **"учество во меѓународно здружение за ревидирање на проекти по предлог на Министерството за здравство"(!) Ова е комплетна невистина затоа што ниту некогаш сум учествувала во ревизија на проект, ниту, пак, сум номинирана од МЗ за ваква активност.**

Поради овој **неточен податок**, моето учество во COST - проектот не е земено предвид, **намалени ми се 5 бода**, а во споредба со реферати изготвени од други рецензентски комисии, кај мои колеги, на истиоконкурс, COST - проектите се вреднувани како меѓународни, Комисијата постапува **недоследно на постојната практика (Билтен на УКИМ од 1503.2017, стр.57-69 и 132-148).**

Табела.1

1.	Рецензент на труд пријавен во Prilozi- Contributions "Expression of p53 protein in triple negative breast cancers and relation with clinical and histopathological parameters"	1
2.	Рецензент на труд пријавен во Macedonian Journal of Medical Sciences "Clinical significance of serum in patients with early breast carcinoma and its correlation with other tumor markers"	1
3.	Рецензент на труд пријавен во Journal of Cancer Research Updates "EGFr, FGFr and PDGFr: Emerging Targets for Anticancer Drug Design"	1
4.	Рецензент на труд пријавен во Radiation Oncology "The clinical effects of low-dose splenic irradiation combined with chest three dimensional conformal radiotherapy on patients with locally advanced non-small cell lung cancer: a randomized clinical trial"	1

1.1.Образложение и **точни податоци** за COST (European Cooperation in Science and Technology) проектот:

Јас, доц. д-р Симонида Црвенкова учествувам во меѓународен мултилатерален научноистражувачки проект од Европската програма за научна и техничка соработка, COST (финансирана од Европската комисија преку Рамковната програма HORIZON 2020. Насловот на проектот е:

CA15204 "European Platform for Outcomes Research into Perioperative Interventions during Surgery for Cancer".

Реализацијата на програмата за истражување на проектот, содржана во документот CA 15204 Memorandum of Understanding, (MoU), ќе трае 4 години, од 5 октомври 2016 до 4 октомври 2020 година (во прилог се доставени копии од веб страница на Акцијата за земјите учеснички и членови на Менаџмент - комитетот, како и копија од документот CA15204 MoU).

Учеството во овој меѓународен проект го стекнав врз основа на пропишана процедура за учество во програмата COST, преку поднесена апликација и професионално CV до **Министерството за образование и наука на РМакедонија-Сектор за меѓународна соработка, на 25 мај 2016 година.** Врз основа на апликацијата, бев номинирана за член на Менаџмент - комитетот (Management Committee-MC) и за активен член на **Работната група (Working Group) од областа на клинички испитувања (Clinical Trial)** на овој проект (CA 152104 Action). Овој мандат трае до целосната реализација на програмата за истражување, вклучувајќи ги и другите активности (состаноци на работните групи, работилници, школи за обука, размена преку кратки научни престои во земјите учеснички на проектот, програма за пддршка на млади истражувачи и др., предвидени со документот MoU).

Во COST CA15204, во својство на заменик член на МС е номиниран и колегата др. Александар Димитровски од Универзитетската клиника за ургентно лекување и реанимација, КАРИЛ. Според динамиката на реализација на активностите предвидени со документот MoU, во овој COST - проект, по потреба, ќе бидат вклучени и други членови на работните групи од нашата земја. Согласно со одредбите на COST 132/14 REV-Rules for Participation and Implementation of COST Activities, тоа е обврска и компетенција на номинираните МС - членови на земјите учеснички во проектот.

Од почетокот на CA 15204, одржани се два состанока на Менаџмент - комитетот и **работните групи 1 и 2,** во Брисел и во Даблин. На состанокот во Даблин донесена е одлука за **формирање Конзорциум од неколку земји-учесници во CA15204, кој има задача подготвување предлог-проект за програмата HORIZON 2020**. Македонија доби покана за учество во подготовката на предлог-проектот, за што се обратив до националниот координатор на програмата HORIZON 2020, г-ѓа Виолета Атанасовска, за консултација и поддршка од МОН. Во прилог на овој документ приложувам и копија од разменетата е-комуникација со МОН и со претседателот на Менаџмент-комитетот, проф. Donal Buggy, од University College Dublin, Mater University Hospital, Ireland. На состанокот на МС одржан во Брисел, од мене беше побарано да воспоставам врска со националните координатори на европските програми во Србија и Црна Гора, за евентуален регионален настап во COST CA 15204 - проектот. Координаторот од Црна Гора одговори позитивно на моето писмено обраќање и Црна Гора се приклучи во овој проект. Следниот состанок на Менаџмент - комитетот на овој проект е најавен за 3 јуни 2017 год. во Женева.

Подетални информации за начинот на поднесување предлог-проекти, процедурите за евалуација и селекција на одобрените проекти, условите за учество, улогата, обврските и компетенциите на членовите на Менџмент-комитетот и работните групи, имплементација, мониторинг и финална евалуација на проектите се дадени во официјалните документи, поставени на официјалната веб-страница на програмата COST (**www.cost.eu),** наведени подолу:

COST 133/14 REV - COST Action Proposal - Submission, Selection, Approval;
COST 132/14 REV - Rules for Participation and Implementation of COST Activities;
COST 134/14REV-COST Action Management, Monitoring, Final Assessment and Dissemination

Сите релеватни практични информации и правила за програмата COST можат да се најдат во документот **SESA, Open Call-Submission, Evaluation, Selection and Approval Guidelines**, edited by **COST European Cooperation in Science & Technology, funded by the HORIZON 2020 Framework Program,** поставен на веб-страницата на програмата COST (www.cost.eu)

Како потврда за гореизнесеното, доставувам документ од Министерството за образование и наука (МОН), дека сум номинирана и избрана како активен учесник во меѓународен проект, кој треба да биде вреднуван со 5 бода, како што тоа е направено во рефератите кај други колеги наведени погоре.

1.2.Рецензентската комисија извршила неправилно бодување за вториот проект

Со пријавата на распишаниот конкурс поднесов документи за **национален проект** со наслов:

„Епидемиолошка анализа за преживувањето без прогресија и вкупното преживување кај пациенти со неситноклеточен белодробен карцином во Република Македонија во тек на три години 2009,2010 и 2011 година", учесник во проектот е доц. д-р Симонида Црвенкова, носител на проектот е д-р Милан Ристески, а поддржувач на проектот е Hoffman La Roche. **Рецензентската комисија не го признава ниту овој проект и го става во делот стручно-апликативна дејност на студија во областа на медицинските науки и здравство, оценет со 1 бод (наместо 3 бода).**

Образложение за овој проект:

Овој проект е признат како **идеен национален проект од Рецензентската комисија во претходната процедура за избор во моето сегашно звање доцент** (стручно-апликативна дејност, **бодувано со 2 поена**, во Рефератот објавен во Билтенот на УКИМ од 15.5.2012 год., стр.130-150), како активност „**Подготовка на идеен национален проект Епидемиолошко истражување за белодробниот карцином во Р. Македонија".**

Стручно-апликативна дејност

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Идеен проект -идеен национален научен проект: Епидемиолошко истражување за белодробен карцином во Република Македонија.	2

Проектот е спроведен во овој 5-годишен период, кој е предмет на избор во повисоко звање, односно во 2012/2013 година, преку анализа на медицинската документација на болните со немикроцелуларен белодробен карцином, третирани со хемотерапија (прва, втора, трета линија) на Клиниката за радиотерапија и онкологија, Скопје (наш материјал). Целта на проектот беше да се информира научната јавност преку објавување на добиеното вкупно преживување и преживувањето без прогресија, изразено во месеци, кај болните со белодробен карцином лекувани во РМакедонија, со достапната стандардна терапија, преку објавување на научен труд. Целта беше објавените резултати, од своја страна, да побудат интерес кај релевантните фактори во земјата, за воведување на современа терапија и подобрување во лекувањето на оваа честа болест.

Сметам дека во Рефератот за избор во звањето вонреден професор, активноста во овој проект треба да се вреднува како **учесник во национален научноистражувачки проект, бодиран со 3 бода.**

Како што беше планирано, по обработката на резултатите од овој проект, подготвен е и објавен труд во списанието „Прилози" (со меѓународен уредувачки одбор) со следниов наслов:

Risteski M, **Crvenkova S**, Atanasov Z, Isjanovska R. Epidemiological analysis of progression-free survival (PFS) and overall survival (OS) in Non-Small Cell Lung

Cancer patients in Republic of Macedonia. Contributions, Sec Biol Med Sci XXXIV 3 **2013**; 49-61.

Во прилог на горенаведеното, доставувам доказ-потврда од спонзорот на проектот Hoffman La Roche.

Како одговор на заклучокот на Рецензентската комисија дека не сум учествувала во изготвување и пријавување научни и стручно-апликативни проекти во Министерството за образование и наука, го наведувам неспорниот факт дека **МОН нема објавено конкурс и не финансира научноистражувачки проекти од 2012 година до денес.** Поради тоа, бев принудена да барам други можности за вклучување во научноистражувачки проекти со меѓународна финансиска поддршка преку апликација во МОН, како што е програмата COST и претходно наведениот COST-проект, во кој активно учествувам. **Поради овие факти, сметам дека заклучокот на Рецензентската комисија изнесен погоре (во услови кога во земјава нема финансиски средства за научноистражувачки проекти) е некоректен и ја потценува мојата досегашна стручна и научноистражувачка активност**.

На крај, дозволете ми да го изнесам моето цврсто убедување дека, доколку Рецензентската комисија во текот на подготвување на рефератот ме повикаше да поднесам дополнителни документи или усно објаснување, во врска со моите изнесени факти во апликацијата по конкурсот, оваа непријатна ситуација и поднесување приговор по негативната рецензија ќе беше непотребен.

Имено, според **член 12 од Правилникот на УКИМ (кој произлегува од ЗВО), за избор во звање-вонреден професор, јас, доц. д-р Симонида Црвенкова, ги исполнувам сите критериуми, а тоа се: потребниот број и повеќе од потребниот број на научни трудови во меѓународни научни списанија, позитивна оценка од самоевалуација и потребата од учество во научноистражувачки проекти (не се бара раководење на проект), односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачки резултати и исполнување на минималниот број на поени што треба да ги оствари лицето, за да може да биде избрано во звањето вонреден професор, прикажани во табелата 1 стр. 3 од Правилникот.**

Минимален број поени за прв избор
во наставно-научно звање од наставно-научна област

Звање	Минимален број поени			Минимален број поени по сите основи
	НО	НИ ****	СА	
Доцент*	20	20	5	80
Вонреден професор**	20	20	5	80
Редовен професор***	20	20	5	80

* Се вреднуваат сите активности до изборот во звањето доцент.
** Се вреднуваат само активностите по избор во звањето доцент.
*** Се вреднуваат само активностите по избор во звањето вонреден професор.
****За Архитектонскиот факултет, колоната НИ се употребува како НИ+СУ и во неа се акумулираат поените од научноистражувачката и стручно-уметничката дејност во облик признат од струката.“

Горенаведените факти се во спротивност со заклучокот на Рецензентската комисија која вели дека **не ги исполнувам условите предвидени со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на УКИМ во Скопје, односно дека не сум учествувала, ниту сум раководела со научноистражувачки проекти.**

Молам, Наставно-научниот Совет на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје да го разгледа мојот Приговор по спроведувањето на постапката предвидена со чл.137 од Законот за високото образование на РМакедонија и при тоа да земе предвид дека сум единствен кандидат на овој конкурс, од Катедрата за онкологија и радиотерапија која брои, заедно со мене, тројца активни наставници, од кои еден е редовен професор и две доцентки.

Подносител

Доц. д-р. Симонида Црвенкова, с.р.

До
НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА
МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Од доц. д-р Симонида Црвенкова

Во прилог ви ги доставувам следниве документи:

1. Приговор на Реферат на Рецензентска комисија, објавен во Билтен бр. 1144 од 13.4.2017
2. Земји учеснички и членови на COST -проектот CA 15204, Management Committee
3. Потврда од **e-COST** за номинација на Симонида Црвенкова за MC Member CA15204 MK од Мр Тутновски COST National Coordinator MK
4. Memorandum of Understanding for the implementation of the COST Action European Platform for Outcomes Research into perioperative interventions during surgery for Cancer CA 15204
5. COST Actions approved by the Committee of Senior Officials on 12 February 2016, кога е одобрен проектот CA 15204
6. Amendment of document (COST 132/14): Rules for Participation in and implementation of COST Activities
7. Потврда за одржаните состаноци и електронската комуникација со претседателот на проектот проф. д-р Donal Buggy и Националниот координатор за Македонија на Horizon 2020, госпоѓа Виолета Атанасовска
8. COST 133/14 REV - COST Action Proposal - Submission, Selection, Approval
9. COST134/14REV-COST Action Management, Monitoring, Final Assessment and Dissemination
10. COST Open Call-Submission, Evaluation, selection and Approval (SESA) Guidelines
11. Потврда од Министерство за образование и наука од националниот координатор на Р Македонија за учество во проектот COST Action European Platform for Outcomes Research into perioperative interventions during surgery for Cancer CA 15204
12. Апликациона форма и CV за учество во COST Action European Platform for Outcomes Research into perioperative interventions during surgery for Cancer CA 15204
13. Предлог-национален проект: Епидемиолошко истражување за белодробен карцином во Република Македонија Скопје, јануари 2011 (во Рефератот објавен во Билтен на УКИМ од 15.5.2012 год., стр.130-150)
14. Потврда од спонзорот на проектот Hoffman La Roche за учество во проектот **"Епидемиолошка анализа за преживувањето без прогресија и вкупното преживување кај пациенти со неситноклеточен белодробен карциним во Република Македонија во тек на три години 2009, 2010 и 2011 година"**
15. Договор за техничка поддршка на наведениот проект
16. Објавен научен труд со резултати на спроведениот проект во Прилози со наслов: Risteski M, **Crvenkova S**, Atanasov Z, Isjanovska R. Epidemiological analysis of progression-free survival (PFS) and overall survival (OS) in Non-Small Cell Lung Cancer patients in Republic of Macedonia. Contributions, Sec Biol Med Sci XXXIV 3 **2013**; 49-61.

Подносител

Доц. д-р. Симонида Црвенкова, с.р.

До

Наставно-научниот совет на

Медицинскиот факултет во Скопје

Предмет: Одговор на Приговорот поднесен од страна на доц. д-р Симонида Црвенкова во врска со заклучокот на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област онкологија и радиотерапија, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, бр. 1144 од 13.4.2017 година.

Во врска со Приговорот од заклучокот на Рецензентската комисија доставен од доц. д-р Симонида Црвенкова, Рецензентската комисија го разгледа овој Приговор и го дава следниов

О д г о в о р

Првата ставка од Приговорот според која не се соодветно пресметани 4 бода за ревидирање на трудови во меѓународни списанија, Рецензентската комисија ја прифаќа, меѓутоа дополнителниот број на бодови е ирелевантен во однос на крајната одлука. Превидот е направен заради неуредно доставената документација.

Во врска со втората ставка од Приговорот, Рецензентската комисија потврдува дека учеството во ЦОСТ-програмата по ниту еден основ не може да се оквалификува како научноистражувачки проект и бројот на бодови за таа активност изнесува 2 колку што и се доделени на кандидатката во ставката “ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС“ согласно со критериумите во ОБРАЗЕЦОТ Анекс 1 за бодување во кој ЦОСТ- програмата е апсолутно соодветно етаблирана (прилог подолу).

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Ред. број	**Назив на активноста: членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност (ФП7, ЦОСТ, ИЦГЕБ, ИЕАЕ и сл.)**	**Поени**
1.	MC member na COST action CA 15204 Europian Platform for Outcomes Research into Perioperative Interventions during Surgery for Cancer. Simonida Crvenkova MC member from Macedonia на предлог од Министерство за здравство	2

Во врска со третата ставка од Приговорот, Рецензентската комисија потврдува дека епидемиолошката студија „Епидемиолошка анализа без прогресија и вкупното преживување кај пациенти со неситниклеточен белодробен карцином во Р Македонија, во тек на три години 2009, 2010 и 2011“, е соодветно класифицирана и

бодувана со 1 бод во категоријата „клиничка или научно апликативна студија“ и таа не е научно истражувачкипроект (прилог види подолу).

Ред. број	Назив на активноста: клиничка или научно-апликативна студија во областа на медицинските науки и здравството	Поени
1.	Епидемиолошка анализа без прогресија и вкупното преживување кај пациенти со неситниклеточен белодробен карцином во Р Македонија, во тек на три години 2009, 2010 и 2011. Носител на клиничката студија е Милан Ристески во 2012 год. со спонзорство и учество на Hoffman la Roche.	1

Рецензентската комисија би сакала да истакне дека во текот на изготвувањето на заклучокот на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област онкологија и радиотерапија во целост се придржуваше до сите одреби предвидени со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 274/13).

Согласно со претходно изнесеното, Рецензентската комисија ГО ПОТВРДУВА ЗАКЛУЧОКОТ во Рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, бр. 1144 од 13.4.2017 година, односно на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му предлага доц. д-р Симонида Црвенкова да не биде избрана во звањето вонреден професор во научната област онкологија и радиотерапија.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Снежана Смичкоска, с.р.

Проф. д-р Киро Велков, с.р.

Проф. д-р Лилија Анастасова Николова, с.р.

Проф. д-р Дејан Докиќ, с.р.

Проф. д-р Даниела Чапароска, с.р.

ПРЕГЛЕД

На прифатени теми за изработка на магистерски труд на Педагошкиот факултет

„Св. Климент Охридски“ во Скопје

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на тема		Име и презиме на менторот	Датум и бр.на Одлука од ННС
		На македонски јазик	На англиски јазик		
1	Даниела Спасовска	“*Современите текови на библиотечното работење во јавните библиотеки на Република Македонија”*	“Contemporary movements of functioning libraries in Republic of Macedonija	проф. д-р Розалина Попова - Коскарова	02-367/2 од 26.4.2017

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА

НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАЗНЕНОПРОЦЕСНО ПРАВО

НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Koha e Re“ од 23.III 2017 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област казненопроцесно право, и врз основа на Одлуката донесена од страна на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“, на седницата одржана на 27.IV 2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: академик Владо Камбовски, редовен професор во пензија на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Иво Јосиповиќ, редовен професор на Правниот факултет при Универзитетот во Загреб и д-р Милан Шкулиќ, редовен професор на Правниот факултет при Универзитетот во Белград.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област казненопроцесно право, во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Гордана Бужаровска.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката проф. д-р Гордана Бужаровска (род. Лажетиќ) е родена на 22.VI 1971 година, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје во 1989 година, а со високо образование се стекнала на Правниот факултет во Скопје, каде што дипломирала на 30.IX 1993 година, со просечен успех 9,50.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 1994/1995 година се запишала на постдипломски (магистерски) студии на Правниот факултет во Скопје, на насоката Казнено право и криминологија. Студиите ги завршила во 1996 година, со просечна оценка 10,00. На 20.I 1998 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Судење во разумен рок“.

Докторска дисертација пријавила во 1998 година на Правниот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Алтернативи за затворот“ ја одбранила на 13.VII 2001 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Ѓорѓи Марјановиќ (ментор), проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Никола Матовски, проф. д-р Љупчо Арнаудовски и проф. д-р Методија Каневчев. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на правни науки.

Во 2003 година, кандидатката е избрана во звањето доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први“. Во моментот, кандидатката е редовен професор на истиот Факултет. Последниот реферат за нејзиниот избор е објавен во Билтенот на Универзитетот бр. 1033 од 15.IV 2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на Универзитетот бр. 817 од 13.XII 2002 година и бр. 928 од 15.IX 2007 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

2.1. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката проф. д-р Гордана Бужаровска има повеќегодишно искуство во наставно-образовната дејност.

Во рамките на наставно-образовната дејност на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во периодот по избор во звањето редовен професор, кандидатката проф. д-р Гордана Бужаровска учествувала во изведувањето на наставата на следниве предмети:

- *Казненопроцесно право* (задолжителен предмет на прв циклус на правни студии);
- *Основни институти на јавно и приватно право* (задолжителен предмет на прв циклус студии по новинарство);
- *Малолетничко казнено право* (задолжителен предмет на втор циклус студии – казнено право);
- *Криминологија* (задолжителен предмет на втор циклус студии – казнено право);
- *Казненопроцесно право - применета програма* (задолжителен предмет на втор циклус студии – казнено право);
- *Посебни казнени постапки* (предмет од модул Б на втор циклус студии – казнено право);
- *Криминалистика* (предмет од модул Б на втор циклус студии – казнено право);

- *Компаративно казнено право* (предмет од модул Б на втор циклус студии – казнено право);
- *Социјална патологија* (опционен предмет на втор циклус студии);
- *Правата на децата и медиумите* (опционен предмет на втор циклус студии).

Кандидатката се стреми да внесе современ пристап во изведувањето на наставата, да оствари интеракција и да поттикне аргументирана комуникација со студентите.

Во периодот по избор во звањето редовен професор, д-р Бужаровска учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на вкупно 188 магистерски трудови и на 18 докторски дисертации.

Кандидатката е коавтор на универзитетскиот учебник за постапување со деца во ризик и деца во судир со законот, на вкупно 6 научно-популарни книги и учебно помагало по предметот Казненопроцесно право.

Кандидатката бележи високи оценки и од спроведените процеси на самоевалуација преку анонимно анкетирање на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Добиените оценки, според предмет и според академска година, се прикажани на табелата подолу:

	2013/2014	2014/2015	2015/2016	2016/2017 зимски
Казненопроцесно право	4,81	4,68	4,5	/
Малолетничко казнено право	/	4,57	4,4	4,71
Криминологија	4,87	4,56	4,5	4,6
Социјална патологија	/	4,6	/	/
Компаративно казненопроцесно право	4,83	5	5	/
Казненопроцесно право – применета програма	/	4,3	/	/
Криминалистика	5	4,66	/	/

2.2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во рамките на научноистражувачката дејност, во периодот по изборот во звањето редовен професор, кандидатката проф. д-р Гордана Бужаровска покажала забележителен интерес во областите од нејзин научен интерес. Во периодот од последниот избор за редовен професор во 2012 година, кандидатката објавила вкупно **24** научни трудови, од кои **9** во референтни научни/стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор, **2** труда во научни/стручни списанија и **13** трудови во зборници на трудови од научни/стручни собири.

Д-р Гордана Бужаровска учествувала во вкупно **21** научен проект, од кои **17** национални научни проекти и **4** меѓународни научни проекти.

Кандидатката била ментор на **3** докторски дисертации и **74** магистерски трудови.

Кандидатката одржала вкупно **28** пленарни предавања на научни собири, од кои по **14** пленарни предавања на научни собири со домашно и со меѓународно учество.

Другите активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, податоците за објавените трудови, за проектите во кои учествувала кандидатката и за одржаните предавања, се наведени во табелата во Анекс 1 – Образец кон извештајот за избор во наставно-научно звање.

2.3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Од последниот избор во звањето редовен професор, кандидатката била активна и во делот на стручно-апликативната дејност, како и во дејностите од поширок интерес.

Кандидатката е коавтор на **три** експертски анализи за состојбите во одделни области на законодавството, заштитата на децата и неоснованото лишување од слобода.

Својот придонес го дала и во изработката на повеќе законски текстови чиј носител е Министерството за правда на Република Македонија.

Во рамките на дејностите од поширок интерес, проф. Бужаровска членува во издавачки и уредувачки одбори на **четири** домашни научни/стручни списанија и на **две** меѓународни научни/стручни списанија.

За својата посветеност во сферата на големата реформа на казненопроцесното законодавство, проф. Бужаровска има добиено награда од амбасадорот на САД во Македонија, Н.Е. Пол Волерс.

Во периодот од последниот избор, кандидатката остварила **три** пократки студиски престои во Република Хрватска, САД и на Макс Планковиот институт за странско и меѓународно кривично право во Фрајбург ам Брајзгау, Германија.

3. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката и откако со внимание ја разгледа пријавата, со сите прилози, објавени трудови и другите многубројни активности, Комисијата со посебно задоволство констатира:

1. Д-р Гордана Бужаровска ги исполнува пропишаните услови од Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за да биде повторно избрана во звањето редовен професор на научната област казненопроцесно право.

2. По изборот во звањето редовен професор, д-р Гордана Бужаровска одговорно, совесно и ревносно ги реализирала предвидените обврски во рамките на наставно-образовниот процес на Правниот факултет „Јустинијан Први“, изведувајќи настава на првиот и на вториот циклус студии на Факултетот, како и во својство на ментор на повеќе магистранди и докторанди.

3. Во прилог на успехот во реализирањето на наставно-образовниот процес и за сериозниот однос кон работата зборуваат и оценките што таа ги има добиено од евалуацијата од страна на студентите.

4. Од анексот (образецот) кон овој извештај може да се забележи дека д-р Гордана Бужаровска добива прерогативи на афирмиран научен работник со богат научен опус, многубројни активности и вклучување во истражувања и проекти во државата и во странство, работилници и семинари на актуелни теми кои овозможуваат надоградба преку активен однос со претставниците на правосудството и колегите од земјата и од странство, учество во уредувачки одбори на релевантни домашни и странски списанија, како и реализирани студиски престои.

5. Од опусот што д-р Гордана Бужаровска го има, а кој е детално презентиран во анексот (образецот) кон овој извештај, произлегува дека д-р Гордана Бужаровска со особена стручност, компетентност и со сериозна задлабоченост се занимава со најактуелните проблеми на казненопроцесното право, малолетничкото казнено право, криминологијата, како и посебните облици на казнени постапки.

6. Д-р Гордана Бужаровска покажува исклучителна способност за тимска работа, што е очигледно од презентираните активности, коавторски трудови, учебници, истражувања и проекти. Стручноста и компетентноста за близу шест пати го надминува потребниот минимален број бодови потребни за избор во звањето редовен професор.

7. Во својот стручен и општествен ангажман, д-р Гордана Бужаровска не се ограничува само на активности во работните тела и комисии на Правниот факултет „Јустинијан Први“, туку е активна и во активностите на Сенатот, како и во повеќе стручни здруженија и невладини организации чии активности се посветени на владеењето на правото.

8. На крај, но не најмалку важно, д-р Гордана Бужаровска во периодот од последниот избор за редовен професор остварила активности кои, според поените, се за повеќе од шест пати повеќе од потребните согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Имајќи ги предвид сите наведени резултати и активности на кандидатката, а во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Гордана Бужаровска да биде ***повторно избрана во звањето редовен професор на научната област казненопроцесно право.***

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Академик д-р Владо Камбовски, редовен професор,
с.р.

Д-р Иво Јосиповиќ, редовен професор, с.р.

Д-р Милан Шкулиќ, редовен професор, с.р.

АНЕКС 1

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Гордана Предраг Бужаровска

Институција: Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје

Научна област: казненопроцесно право

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

РЕД. БРОЈ	**НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:**	**ПОЕНИ:**
1.	Одржување на настава[1]	
1.1.	- прв циклус студии: Учебна 2012/13 година = 7 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,04 (поени) = **вкупно 4,2 поена** Учебна 2013/14 година = 13 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,04 (поени) = **вкупно 7,8 поени** Учебна 2014/15 година = 10 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,04 (поени) = **вкупно 6 поени**	28,2

[1] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за одржување настава од прв циклус студии) = поени.

	Учебна 2015/16 година = 11 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,04 (поени) = **вкупно 6,6 поени** Учебна 2016/17 година (само зимски семестар) = 6 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,04 (поени) = **вкупно 3,6 поени**	
1.2.	- втор циклус студии Учебна 2012/13 година = 17 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,05 (поени) = **вкупно 12,75 поени** Учебна 2013/14 година =16 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,05 (поени) = **вкупно 12 поени** Учебна 2014/15 година =13 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,05 (поени) = **вкупно 9,75 поени** Учебна 2015/16 година =13 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,05 (поени) = **вкупно 9,75 поени** Учебна 2016/17 година (само зимски семестар) = 6 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,05 (поени) = **вкупно 4,5 поени**	48.75
Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Правниот факултет „Јустинијан Први“, кандидатот д-р Јован Зафироски изведува настава на прв и втор циклус студии на правните студии. За одредени предмети има подготвено пакет материјали.

Кандидатот бил два пати член во Комисија за оцена и одбрана на докторски дисертации и член на 86 (осумдестет и шест) комисии за одбрана на магистерски труд.

Д-р Јован Зафироски е рецензент на универзитетски учебник објавен во странство.

Научноистражувачка дејност

По изборот во наставно-научно звање доцент, кандидатот има објавено вкупно 11 (единаесет) научни трудови од финансископравната област, од кои дел во 2 (две) книги рецензирани и објавени во странство, 1 (еден) труд со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание, 1 (еден) труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир, 1 (еден) труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор, и 6 (шест) труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор.

Д-р Јован Зафироски бил учесник во два национални и два меѓународни научни проекта. Активно учествувл на домашни и странски научни и стручни собири организирани како во Република Македонија, така и во странство (Австрија, Србија, Франција, Бугарија, Романија, Хрватска, Германија и др.).

Кандидатот бил ментор на 38 (триесет и осум) магистерски теми на Првниот факултет „Јустинијан Први“ од финансископравната област.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Јован Зафироски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на повеќе полиња од областа финансово право и финансии, како на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ, така и пошиироко во Република Македонија и во странство.

Кандидатот е автор на стручна монографија. Исто така, д-р Јован Зафироски остварил активности во странство како рецензент на трудови во меѓународни научни публикации, но и како член на уредувачки одбор во домашни и во меѓународни публикации.

Кандидатот постојано учествувал во промотивни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Д-р Јован Зафироски одржал предавања на институции од јавен интерес и учествувал на научни и стручни расправи, форуми и сл., организирани од релевантни национални и меѓународни институции и организации. Кандидатот бил член на меѓународна жири-комисија, а член е и на Работната група за изработка на Граѓански законик на Република Македонија (трета книга).

Кандидатот покажува активност во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии, комисии на УКИМ, и тоа во: Комисијата за јавни набавки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и Комисијата за упис на студенти на прв циклус студии на истоимениот Факултет.

Кандидатот учествува во два меѓународни уредувачки одбора на научни списанија. Исто така, учествувал во Уредувачкиот одбор за издавање јубилеен годишен зборник во чест на проф. д-р Кики Мангова Поњавиќ, издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Бил член на рецензентска комисија за избор на лица во соработничко звање за подмладокот на Катедрата за финансово право.

Оценка од самоевалуација

На анонимно спроведените анкети на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на првиот циклус правни студии по предметната програма Финансово право, кандидатот е континуирано позитивно оценуван со високи просечни оценки, и тоа: за академската 2012/2013 година - со просечна оценка 4,67, 2013/2014 година - со просечна оценка 4,68, за академската 2014/2015 година - со просечна оценка 4,51, и за академската 2015/2016 година - со просечна оценка 4,3.

На анонимно спроведените анкети на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на вториот циклус правни студии, кандидатот е исто така континуирано позитивно оценуван со високи просечни оценки, и тоа: за академската 2013/2014 година за предметната програма Банкарско право, со просечна оценка 4,76; за предметната програма Монетарно, кредитно и девизно право, со просечна оценка 4,96; за академската 2014/2015 година за предметната програма Банкарско право, со просечна оценка 4,86; за предметната програма Монетарно, кредитно и девизно право, со просечна оценка 4,79; за академската 2015/2016 година за предметната програма Банкарско право, со просечна оценка 4,56, предметната програма Меѓународно даночно право, со просечна оценка 4,25.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Јован Зафироски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Јован Зафироски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научната област финансово право и финансии.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, д-р Јован Зафироски да биде избран во звањето вонреден професор во научната област финансово право и финансии.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Кики Мангова Пољавиќ с.р.

2. Проф.д-р Весна Пендовска с.р.

3. Проф.д-р Александра Максимовска с.р.

Анекс 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
ЈОВАН ЉУПЧО ЗАФИРОСКИ

Институција:
Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје

Научна област:
ФИНАНСОВО ПРАВО И ФИНАНСИИ

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста (наставно-образовна):**	**Поени**
1.	**Одржување на настава:** ***Од прв циклус студии:*** **Финансово право** - Академска 2012/2013 година 6*15*0,04=3,6 - Академска 2013/2014 година 3*15*0,04=1,8 - Академска 2014/2015 година 2*15*0,04= 1.2 - Академска 2015/2016 година 2 *15*0,04= 1,2 Вкупно: 7,8 ***Од втор циклус студии:*** **Меѓународно даночно право** - Академска 2015/2016 година 2,6 *15*0,05= 1,75 Вкупно:1,75 **Банкарско право** - Академска 2012/2013 година 3,5*15*0,05=2,6 - Академска 2013/2014 година 3,5*15*0,05=2,6 - Академска 2014/2015 година 3,5*15*0,05=2,6 - Академска 2015/2016 година 3,5*15*0,05=2,6 Вкупно: 10,4	34,15

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	Монетарно, кредитно и девизно право - Академска 2012/2013 година 3,5*15*0,05=2,6 - Академска 2013/2014 година 3,5*15*0,05=2,6 - Академска 2014/2015 година 3,5*15*0,05=2,6 - Академска 2015/2016 година 1,05*15*0,05=0,7 Вкупно:8,5 **Финансово право - применета програма** - Академска 2014/2015 година 1,6*15*0,05= 1,2 - Академска 2015/2016 година 1,6*15*0,05= 1,2 Вкупно: 2,4 **Право на финансиски услуги** - Академска 2014/2015 година 3,5*15*0,05= 2,6 - Академска 2015/2016 година 1,05*15*0,05=0,7 Вкупно: 3,3	
2.	**Подготовка на нов предмет:** - Право на финансиски услуги Вкупно: 1*1=1	1
3.	**Консултации со студенти:** - Академска 2012/2013 година 245*0,002=0,5 - Академска 2013/2014 година 390*0,002=0,8 - Академска 2014/2015 година 350*0,002=0,7 - Академска 2015/2016 година 350*0,002=0,7 Вкупно: 2,7	2,7

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
4.	**Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** 2*0,5=1	1
5.	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** 86*0,3=	25,8
	Рецензент на универзитетски учебник Vinko KANDŽIJA, Stevo PUCAR, Ivan TOLIĆ, Competitiveness, Economic Growth and Development of Bosnia and Herzegovina: From Matter to Spirit, From Ignorance to Knowledge, CEMAFI International, Nice, 2016 (1*1=1)	1
6.	**Пакет материјали за одреден предмет** - Банкарско право - Монетарно, кредитно и девизно право - Право на финансиски услуги (3*1=3)	3
	Вкупно	**68,65**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
1.	**Ментор на магистерска работа** (37*1=37)	38
2.	**Учесник во национални научни проекти** - Улогата на студентската заедница во промовирањето на локалниот демократски развој, научноистражувачки проект воден на Правниот факултет „Јустинијан Први“, финансиски поддржан од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ јуни-декември 2015. - Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија, Правен факултет „Јустинијан Први“, 2012-2017	6

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
	(2*3=6)	
3.	**Учесник во меѓународен научен проект** - 2015 -2016, BALKINT, University Paris 3 - Sorbonne Nouvelle University Paris Diderot, Multidisciplinary Perspectives on the European Integration of the Western Balkans, European Commission, EACEA / - 2012, International scientific project (participant) "Financial Systems Integration of the Balkan Countries in the European Financial System" within the program of integrated activities "Pavle Savic" , Ministry of Foreign and European affairs and Serbian Ministry of Science and Technological Development and République française (2*5=10)	10
6.	**Дел од монографија објавен во странство** 1. Geopolitical framework of European and Eurasian Economic Integration, (chapter 22), (коавторство со Б. Стојановиќ и Ј. Шарановиќ), Economic Integrations, Competition and Cooperation, CEMAFI International, Nice, 2016, стр. 437-446, ISBN : 978-2-9544508-9-6 (80% од 6 = 4,8) 2. La Serbie et la perspective de son entrée dans l'UE dans le contexte de la crise dans La Russie, l'Europe et la Mediterane dans la crise (partie 1) (коавторство со: Srdjan REDZEPAGIC, Marko DANON), Claude Brethomieu, Jean Paul Guichard et Elena Ponomarenko, l'Harmattan 2013, ISBN : 978-2-336-29282-3 (80% од 6 = 4,8) (2*4,8=9,6)	9,6
	Труд со оригинални научни резултати објавен во стручно/научно популарно списание 1. За потребата од фискални правила во Уставот наРепублика Македонија, Правник бр. 271, стр. 2014, стр. 2-6, ISSN 1409-5238 (1*2=2)	2
	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир 1. European banking union – what the financial crisis in Cyprus tells us?, Macedonian Institute for European Studies, 2013, pp. 15-23	2

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
	(1*2=2)	
9.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор** 1. За Европската банкарска унија, Европско право, 2014, стр. 48-57, ISSN 1957-842X UDK 34 *(1*3 =3)*	3
10.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор** 1. The Impact of the Current Greek Crisis on the Western Balkan Banking Systems. *The Case of Macedonia and Serbia*,(коавторство со Б. Стојановиќ и Ј. Шарановиќ) in Trajectoires de transformation et d'intégration dans l'Europe du Sud-Est : défis pour les élargissements futurs / coord.: Violaine Delteil, Ruxandra Ivan. - Bucureşti : Editura Universităţii din Bucureşti, 2016, ISBN 978-606-16-0785-3 (80% од 3=2.4) 2. The New Approach in the Integration of the Financial Markets. The Case of the Balkan Countries, Monetary Research Center, 2017, Sofia, ISSN 2534-9600 (1*3=3) 3. Geopolitical framework of European and Eurasian Economic Integration, Western Balkan Intergrating the EU: Challenges, Policies, Issues, (коавторство со Б. Стојановиќ и Ј. Шарановиќ (eds. Xavier RICHET, Srdjan REDZEPAGIC), CEMAFI International, 2016, стр. 437-446, ISBN : 978-2-9544508-4-1 (80% од 3=2.4) 4. The Transatlantic Trade and Investment Partnership – a new milestone in the EU – US relations, *Economic Science on the Crossroad*, IEN, Belgrade, 2013, pp.433-440, ISBN: 978-86-89465-10-5 (1*3=3) 5. Le Mechanisme de supervision unique – le premier pas vers une union bancaire efficace, Economic Integrations, Competititon and Cooperation (коавторство со S.	16.2

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
	Redzepagic, V. Kandzija) Conference Proceedings, Editors: Vinko Kandžija, Andrej Kumar, University of Rijeka, Faculty of Economics, 2013, ISBN 978-953-7813-16-1, стр. 388-399 (80% од 3=2.4) 6. Правото решение или извор на финнасиската криза?, во Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во чест на Кики Мангова, Том 50, ISSN:0583-5062, стр. 159-169, 2014; Годишник со меѓународен уредувачки одбор; (1*3=3)	
12.	**Пленарно предавање на научен/стручен собир** • Јуни 2014, предавање на Конференција организирана од Асоцијација за правноекономски истражувања и едукација „Јуридика“ на тема: Законот за финансиска дисциплина – преку навремено исполнување на паричните обврски до зголемена ликвидност на економските субјекти.	2
13.	**Секциски предавања на научен стручен собир со меѓународно учество** • Октомври 2016, учество на на меѓународна конференција (со труд), 2nd Annual Conference of Monetary and Economic Research Center, Monetary and Economics Scientific Conference – Economic lessons, perspectives and challenges from the Balkans, 13-14th October 2016, Софија, Р. Бугарија • Ноември 2016, учество на меѓународен форум, EMU Forum 2016 – Completing Economic and Monetary Union, (учество со дискусија за Република Македонија)Централна банка на Австрија, Виена, Австрија • Октомври, 2015, учество на меѓународна конференција (со труд), 1st International Scientific Conference,, Monetary Policies in the Balkan Region. The Future of the Euro and the Eurozone in the Balkans, Софија, Р. Бугарија • Септември 2015, учество на меѓународна конференција (со труд), Trajectoires de transformation et d'intégration	18

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
	dans l'Europe du Sud Est. Défis pour les élargissements futurs, Projet BALKINT, , Bucarest Roumanie • Април 2015, 10th International Conference, Economic Integrations, Competition and Cooperation, University of Rijeka (со труд), 2015 • Октомври 2014, учество на меѓународна конференција, Five Years of Crisis – Lessons Learned and paths Towards a Resilient European Monetary Union (учество со дискусија за Југоисточна Европа), University of Trier, Germany • Декември 2013 International Scientific Conference on the Occasion of the 55th Anniversary of the IES Economic Sciences on the Crossroad (со труд), 4th December 2013 • Мај 2013, меѓународна конференција организирана од страна на Macedonian Institute for European Studies, The European Union in the 21st century : Challenges and Perspectives, Скопје • Април 2013, Меѓународна конференција организирана од страна на Универзитетот во Риека (Хрватска) (со труд), 9th International Conference Economic integrations, competition and cooperation, University of Rijeka, 2013 9*2=18	
	Одржани предавања по покана на референтен странски универзитет *Од 2015 Research fellow* на Monetary Research Center при University of National and World Economy - еден од најдобро рангираните универзитети во Република Бугарија (3*1=3)	3
	Вкупно:	**109.8**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. Број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
	Стручна монографија L'integration de la Macédoine dans l'Union économique et monétaire. Les questions juridiques et économiques, Stobi Trejd, 2016, Skopje, ISBN 978-608-4767-16-9 1*8=8	8
1.	**Експертски активности:** - Резенција на научни/стручни трудови во странство Ohrid school of law 4*1=4	4
2.	**Учество во промотивни активности на Факултетот** - Претставување на Правниот факултет „Јустинијан Први" на Отворениот ден на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, април 2017, април 2016, мај 2015, април 2014 4*0,5=2	2
	Предавање на институции од јавен интерес - Предавање на Академијата за судии и јавни обвинители, февруари 2014 - Учество на научна и стручна расправа за нацрт-амандманите на Уставот на Република Македонија, организирана од страна на Македонската академија на науките и уметностите, септември 2014 - Учество на регионален форум, Le français, les jeunes et l'emploi, L'Institut français, Скопје, Март 2017, 3*0,5=1,5	1,5
	Член на меѓународна жири-комисија - Член на жири-комисија : Video competition, "What does a united Europe mean to you?", организирана од European Commission's Directorate-General for Neighbourhood and Enlargement Negotiations, април 2015	2
3.	**Член на комисија за кодификација на дел од правна област** - Работна група за изработка на Граѓански законик на Република Македонија (трета книга)	6
	ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	
4.	**Член на уредувачки одбор на меѓународно научно-стручно списание:** - Economic analyses, IEN, Belgrade Serbia	2

Ред. Број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
	Стручна монографија L'integration de la Macédoine dans l'Union économique et monétaire. Les questions juridiques et économiques, Stobi Trejd, 2016, Skopje, ISBN 978-608-4767-16-9 1*8=8	8
	- The Justinian Journal of Commercial Law and Economics	
7.	**Член на факултетска комисија** - член на Комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (од 2015/2016) - член на Комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (од 2016/2017) - член на Комисија (заменик) за јавни набавки на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје 3*0,5=1,5	1,5
8.	**Член на комисија за избор во звање**	0,2
9.	**Вкупно**	27,2
	ВКУПНО	205,65

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	68,65
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	109,8
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	27,2
Вкупно	205,65

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Проф. д-р Кики Мангова Пољавиќ с.р.

Проф. д-р Весна Пендовска с.р.

Проф. д-р Александра Максимовска с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕОРЕТСКИ ПОЛИТИЧКИ НАУКИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците *Дневник* и *Koha* од 13.4.2017 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област теоретски политички науки и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, донесена на 27.4.2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Сашо Георгиевски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Зоран Илиевски, вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и д-р Ненад Марковиќ, вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област теоретски политички науки, во предвидениот рок се пријави д-р Иван Дамјановски.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Иван Дамјановски е роден на 21.2.1979 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје. На политичките студии при Правниот факултет „Јустинијан Први“ се запишал во 1997 година, а дипломирал во 2001 година со просечен успех 9,40. Во 2003 година завршил постдипломски студии на Универзитетот во Болоња, на Факултетот за политички науки и меѓународни односи со седиште во Форли. Магистрирал со тезата „Обликувајќи ја Европа: Теоретскиот дискурс на европската интеграција“. На 7.5.2012 успешно ја одбранил докторската дисертација со наслов „Државно-центричната наспроти теоријата за повеќестепено владеење во процесот на проширување на Европската унија“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со што се стекнал со научен степен - доктор на политички науки. Кандидатот д-р Иван Дамјановски, во јуни 2008, со Одлука на Наставно-научниот совет година е избран за асистент на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. На 24.10.2012 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатот е избран во звањето доцент на научната област теоретски политички науки.

Кандидатот одлично говори англиски и италијански јазик, како и јужнословенската група на јазици. Кандидатот располага со компјутерски вештини и се служи со информатичката технологија.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација којашто е од важност за изборот.

Наставно-образовна дејност

Кандидатот Иван Дамјановски е интензивно вклучен во наставно-образовната дејност на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на првиот и на вториот циклус студии.

Кандидатот е вклучен во наставно-образовниот процес од академската 2004/2005 год., кога е избран за демонстратор на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во рамките на предметните програми Политички теории и Политичка филозофија. Со изборот во звањето асистент, кандидатот активно партиципира во изведувањето на вежби и дел од наставата на неколку предметни програми во рамките на првиот и вториот циклус на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Откако кандидатот е избран во звањето доцент, неговиот ангажман во наставно-образовниот процес во првиот и вториот циклус на политичките студии значително се интензивира. Во рамките на првиот циклус на политичките студии, кандидатот изведувал дел од наставата на задолжителните предметни програми: Политички теории, Цивилно општество и Политичка филозофија; изборните предмети Теории за европски интеграции и Право и институции на ЕУ; и опциониот предмет Федерализам, регионализам и демократија. Во истиот временски период, кандидатот активно учествува во подготовката и во изведувањето на наставата на новата студиска програма на политичките студии на англиски јазик. Во рамките на оваа програма, кандидатот е вклучен во изведувањето на дел од наставата на англиските верзии на горенаведените предмети. Во рамките на вториот циклус на политичките студии, кандидатот изведувал дел од наставата на задолжителните предметни програми: Институции на ЕУ, Идејата за Европа и теории за европски интеграции и Применета политика и Политичка анализа; како и изборните предмети: Теории за европска интеграција и Академско пишување. Исто така, кандидатот бележи и учество во наставата на предметот Европска интеграција и проширување во рамките на заедничката програма за југоисточни европски студии помеѓу Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот во Белград и Универзитетот во Грац.

Покрај учеството во наставно-образовниот процес на Правниот факултет „Јустинијан Први“, кандидатот изведувал настава и на голем број работилници и летни школи.

Кандидатот бил ментор на изработката на 2 магистерски труда, а бил и член во комисија за оцена и одбрана на 17 магистерски трудови и на една докторска дисертација.

Кандидатот во текот на изминатите 5 години активно учествува во подготовката на новите студиски програми на македонски и англиски јазик на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“. Во овој контекст, тој бил вклучен во подготовката на предметните програми: Теории за европски интеграции на македонски и англиски јазик; предметните програми на англиски јазик за предметите: Политички теории, Цивилно општество и Политичка филозофија, како и предметните програми за изборните предмети: Политики на проширување на ЕУ и Парламентарно владеење во ЕУ.

Научноистражувачка дејност

Од неговиот избор во звањето доцент, кандидатот Иван Дамјаносвки бележи значителен научноистражувачки придонес. Тој се јавува како автор или коавтор на голем број научни и стручни трудови објавени во земјата и во странство. Неговите трудови се од областа на политичката теорија, со посебен фокус врз теоријата за европска интеграција, процесите на европеизација и теоријата на етницитет. Како излагач учествува и на голем број академски конференции и научни и стручни собири, претежно во странство.

Кандидатот се јавува и како автор или коавтор на неколку монографии. Така, тој е автор на два пионерски труда кои ги утврдуваат детерминантите на јавната поддршка за процесот на европска интеграција во Република Македонија и коавтор на публикацијата „The Effectiveness of the `European model` of Judicial Independence in the Western Balkans: Judicial Councils as a Solution or a New Cause of Concern for Judicial Reforms” во издание на Asser институтот во Хаг. Истотака, тој е автор на дел од публикацијата Balkan Human Corridor, во издание на Институтот за проучување на човековите права при Универзитетот Колумбија во САД.

Особено треба да се истакне учеството на кандидатот во голем број научни проекти. Кандидатот по изборот во звањето доцент е учесник во еден национален и во пет меѓународни научни проекти. Посебно се издвојува работата на кандидатот во проектите: “Closing the Gap between Formal and Informal Institutions in the Balkans”, Horizon 2020 проект поддржан од Европската Унија, а координиран од University College од Лондон; “EU Enlargement Strategy in the Western Balkans: Effects on the Rule of Law”, поддржан од Swiss National Science Foundation, а имплементиран од Швајцарскиот федерален институт за технологија во Цирих (ETH); и проектот “Identity fluctuations at the crossroads of religion, ethnicity and language: the cases of Macedonian Muslims/Torbeshi and Gorani communities in the Republic of Macedonia and Kosovo” поддржан од Swiss National Science Foundation, а имплементиран од Универзитетот во Цирих. Во сите три случаи, носителите на проектите се универзитети кои имаат исклучително високи позиции на сите релевантни листи на рангирање на универзитети.

Финално, треба да се потенцира и ангажманот на кандидатот како гостински истражувач во Центарот за компаративни и меѓународни студии, при

Швајцарскиот федерален институт за технологија во Цирих. Во рамките на неговиот тригодишен ангажман во оваа институција, тој остварува и неколку студиски престои во Цирих.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Покрај академската работа, кандидатот е активен и во цивилниот сектор. Тој е член на управниот одбор и истражувач во Институтот за демократија Societas Civilis Скопје, во чиишто рамки учествува во истражувачки проекти, стручни ревизии, подготовки на методологија и истражувања на јавното мислење.

Кандидатот е активно вклучен во работата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Особено се издвојува неговиот придонес кон изготвувањето на новите студиски програми на македонски и англиски јазик на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“. Кандидатот учествувал и во промотивните активности на Факултетот, помеѓу другото и преку промоција на првиот циклус студии во средните училишта во Република Македонија.

Оценка од самоевалуација

На анонимно спроведените анкети на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, на првиот циклус на политичките студии, кандидатот е континуирано оценуван со високи просечни оценки по сите предмети каде што е ангажиран. По предметот Политички теории, кандидатот ги бележи следниве резултати: за академската 2013/2014 година - просечна оценка 4,89, за академската 2014/2015 година - просечна оценка 4,84, за академската 2015/2016 година - просечна оценка 4,89 и за академската 2016/2017 година - просечна оценка 4,6. По предметот Цивилно општество, кандидатот ги бележи следниве резултати: за академската 2012/2013 година - просечна оценка 4,4, за академската 2013/2014 година - просечна оценка 4,88, за академската 2014/2015 година - просечна оценка 4,93 и за академската 2015/2016 година - просечна оценка 4,91. По предметот Политичка филозофија, кандидатот ги бележи следниве резултати: за академската 2012/2013 година - просечна оценка 4,91, за академската 2013/2014 година - просечна оценка 4,95, за академската 2014/2015 година - просечна оценка 4,6, за академската 2015/2016 година - просечна оценка 5 и за академската 2016/2017 година - просечна оценка 4,85. Во рамките на студиската програма по политички студии на англиски јазик, кандидатот исто така бележи високи оценки на студентските евалуации. По предметот Политички теории на англиски јазик, кандидатот ги бележи следниве резултати: за академската 2014/2015 година - просечна оценка 4,8, за академската 2015/2016 година - просечна оценка 4,7 и за академската 2016/2017 година - просечна оценка 4,7. По предметот Цивилно општество на англиски јазик, кандидатот ги бележи следниве резултати: за академската 2015/2016 година - просечна оценка 4,6. По предметот Политичка филозофија на англиски јазик, кандидатот ги бележи следниве резултати: за академската 2015/2016 година - просечна оценка 4,3 и за академската 2016/2017 година - просечна оценка 4,8.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија со внимание ја разгледа пријавата на кандидатот д-р Иван Дамјановски.

По увидот во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Иван Дамјановски.

Кандидатот Иван Дамјановски бележи долгогодишен успешен ангажман во наставно-образованиот процес на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, како демонстратор, асистент и доцент на научната област теоретски политички науки. Неговото работење се одликува со професионално, ефикасно и навремено извршување на работните задачи во високообразовната и научната работа на Факултетот и преземање на бројни иницијативи на додипломските и постдипломските студии на политичките студии. Кандидатот бележи значителен допринес во развивањето и реформирањето на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Кандидатот Иван Дамјановски бележи и забележителна научноистражувачка дејност. Тој докторирал на современа и иновативна тема од областа на политичката теорија, има објавено голем број на научни и стручни трудови, учествувал на многубројни меѓународни академски конференции и стручни собири и партиципира во голем број на меѓународни истражувачки проекти предводени од светски водечки академски институции.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучува дека кандидатот ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научната област теоретски политички науки. Врз основа на претходно изложеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го избере доц. д-р Иван Дамјановски во звањето вонреден професор на научната област теоретски политички науки**.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Сашо Георгиевски, с.р.
2. Проф. д-р Зоран Илиевски, с.р.
3. Проф. д-р Ненад Марковиќ, с.р.

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Иван Владо Дамјановски

Институција: Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

Научна област: теоретски политички науки

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста (наставно-образовна):**	**Поени**
1.	**Одржување на настава**	77,23
1.1.	**од прв циклус студии, политички студии, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје** **Политички теории** учебна 2012/2013 2,5*15*0,04 = 1,5 учебна 2013/2014 2*15*0,04 = 1,2 учебна 2014/2015 1,6*15*0,04 = 0,96 учебна 2015/2016 2*15*0,04 = 1,2 учебна 2016/2017 2*15*0,04 = 1,2 **Политички теории (англиски јазик)** учебна 2013/2014 2*15*0,04 = 1,2	6,06

	учебна 2014/2015	1,6*15*0,04 = 0,96	
	учебна 2015/2016	2*15*0,04 = 1,2	4,56
	учебна 2016/2017	2*15*0,04 = 1,2	
	Цивилно општество		
	учебна 2012/2013	1,75*15*0,04 = 1,05	
	учебна 2013/2014	1,75*15*0,04 = 1,05	
	учебна 2014/2015	1,6*15*0,04 = 0,96	5,46
	учебна 2015/2016	2*15*0,04 = 1,2	
	учебна 2016/2017	2*15*0,04 = 1,2	
	Цивилно општество (англиски јазик)		
	учебна 2014/2015	1,6*15*0,04 = 0,96	
	учебна 2015/2016	2*15*0,04 = 1,2	3,36
	учебна 2016/2017	2*15*0,04 = 1,2	
	Политичка филозофија		
	учебна 2012/2013	1,75*15*0,04 = 1,05	
	учебна 2013/2014	1,75*15*0,04 = 1,05	
	учебна 2014/2015	1,73*15*0,04 = 1,04	5,54
	учебна 2015/2016	2*15*0,04 = 1,2	
	учебна 2016/2017	2*15*0,04 = 1,2	
	Политичка филозофија (англиски јазик)		
	учебна 2015/2016	2*15*0,04 = 1,2	2,4
	учебна 2016/2017	2*15*0,04 = 1,2	

	Теории за европски интеграции (изборен предмет) учебна 2013/2014 1,5*15*0,04 = 1,09 учебна 2014/2015 1,5*15*0,04 = 1,09 учебна 2015/2016 3*15*0,04 = 1,8 учебна 2016/2017 3*15*0,04 = 1,8	5,78
	Теории за европски интеграции – англиски јазик (изборен предмет) учебна 2013/2014 1,5*15*0,04 = 1,09 учебна 2014/2015 1,5*15*0,04 = 1,09 учебна 2015/2016 3*15*0,04 = 1,8 учебна 2016/2017 3*15*0,04 = 1,8	5,78
	Право и институции на ЕУ (изборен предмет) учебна 2014/2015 1*15*0,04 = 0,6 учебна 2015/2016 1*15*0,04 = 0,6	1,2
	Право и институции на ЕУ – англиски јазик (изборен предмет) учебна 2015/2016 1*15*0,04 = 0,6	0,6
	Федерализам, регионализам и демократија (опционен предмет) учебна 2013/2014 1*15*0,04 = 0,6 учебна 2014/2015 1*15*0,04 = 0,6 учебна 2015/2016 0,6*15*0,04 = 0,36	1,92

	учебна 2016/2017 0,6*15*0,04 = 0,36 **Федерализам, регионализам и демократија – англиски јазик (опционен предмет)** учебна 2013/2014 1*15*0,04 = 0,6 учебна 2014/2015 1*15*0,04 = 0,6 учебна 2015/2016 0,6*15*0,04 = 0,36 учебна 2016/2017 0,6*15*0,04 = 0,36	1,92
1.2.	**од втор циклус студии, политички студии, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје** **мастер: Применета политика** **Применета политика** учебна 2012/2013 1,66*15*0,05 = 1,25 учебна 2013/2014 1,66*15*0,05 = 1,25 учебна 2014/2015 1,2*15*0,05 = 0,9 учебна 2015/2016 1,2*15*0,05 = 0,9 **Политичка анализа** учебна 2013/2014 1,66*15*0,05 = 1,25 **мастер: Европски институции и политики**	4,3 1,25

	Идејата за Европа и теории за европска интеграција учебна 2012/2013 1,66*15*0,05 = 1,25 учебна 2013/2014 1,66*15*0,05 = 1,25 учебна 2014/2015 1,66*15*0,05 = 1,25 учебна 2015/2016 2,5*15*0,05 = 1,87 **Институции на ЕУ** учебна 2012/2013 2,5*15*0,05 = 1,87 учебна 2013/2014 2,5*15*0,05 = 1,87 учебна 2014/2015 2,5*15*0,05 = 1,87 учебна 2015/2016 2,5*15*0,05 = 1,87 **Теории за европска интеграција (изборен предмет)** учебна 2012/2013 1,75*15*0,05 = 1,31 учебна 2013/2014 1,75*15*0,05 = 1,31 учебна 2014/2015 1,75*15*0,05 = 1,31 учебна 2015/2016 3,5*15*0,05 = 2,6 **Академско пишување (изборен предмет)** учебна 2012/2013 1,25*15*0,05 = 0,93 учебна 2013/2014 1,25*15*0,05 = 0,93 учебна 2014/2015 1,25*15*0,05 = 0,93	5,62 7,48 5,8 3,72

	учебна 2015/2016 1,25*15*0,05 = 0,93	
	мастер: Заедничка програма за југоисточни европски студии	
	Европска интеграција и проширување	1,86
	учебна 2012/2013 1,25*15*0,05 = 0,93	
	учебна 2013/2014 1,25*15*0,05 = 0,93	
	Од втор циклус студии, Односи со јавност, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје	
	Парламентарно владеење во ЕУ (изборен предмет 7 и 8 семестар)	
	учебна 2016/2017 1,75*15*0,05 = 1,31	1,31
	од втор циклус студии, Студии по новинарство, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје	
	Парламентарно владеење во ЕУ (изборен предмет 7 и 8 семестар)	
	учебна 2016/2017 1,75*15*0,05 = 1,31	1,31

2.	**Настава во школи и работилници**	
2.1.	Излагање на работилница „Cathedra Adenauer: Quo Vadis Europe?”, организирана од Konrad Adenauer Foundation и Wilfred Martens Centre for European Studies, Крушево, Република Македонија, 2016 година	1
2.2.	Излагање на работилница „Cathedra Adenauer: Migration and the EU?”, организирана од Konrad Adenauer Foundation и Wilfred Martens Centre for European Studies, Берово, Република Македонија, 2015 година	1
2.3.	Излагање на работилница “Tolerant Europe“, организирана од Young European Federalists, Скопје, Република Македонија, 2014 година	1
2.4.	Излагање на „Политичка академија“, организирана од Фондација „Конрад Аденауер“, Скопје, Република Македонија, 2014 година	1
2.5.	Спроведување на работилница на тема „Академско пишување“ во рамките на „Академија за млади истражувачи“, организирана од Фондација „Фридрих Еберт“, Скопје, Република Македонија, 2014 година	1
2.6.	Спроведување на работилница на тема „Академско пишување“ во рамките на „Академија за млади истражувачи“, организирана од Фондација „Фридрих Еберт“, Скопје, Република Македонија, 2013 година	1
2.7.	Спроведување на работилница за „Пишување на академски трудови“, организирана од Центар за институционален развој – ЦИРА, Охрид, Република Македонија, 2013 година	1

2.8.	Излагање на работилница “How to deal with politics and bargaining”, организирана од Фондација Конрад Аденауер, Крушево, Република Македонија, 2013 година	1
2.9.	Излагање на летна школа “European Integration and State- and Nation-Building Summer School”, организирана од University of Graz, University of Belgrade и Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Охрид, Република Македонија, 2013 година	1
3.	**Подготовка на нов предмет-Предавања**	
3.1.	Теории за европски интеграции	1
3.2.	Теории за европски интеграции (англиски јазик)	1
3.3.	Политики на проширување на ЕУ	1
3.4.	Парламентарно владеење во ЕУ	1
3.5.	Политички теории (англиски јазик)	1
3.6.	Цивилно општество (англиски јазик)	1
3.7.	Политичка филозофија (англиски јазик)	1
4.	**Консултации со студенти** учебна 2012/2013 150*0,002 = 0,3 учебна 2013/2014 150*0,002 = 0,3 учебна 2014/2015 150*0,002 = 0,3 учебна 2015/2016 150*0,002 = 0,3 учебна 2016/2017 150*0,002 = 0,3	1,5
5.	**Член на комисија на оценка или одбрана на докторат** 1*0,5	0,5
6.	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** 17*0,3	5,1
7.	**Пакет материјали за одреден предмет**	6

	Политички теории (англиски јазик) Цивилно општество (англиски јазик) Политичка филозофија (англиски јазик) Теории за европски интеграции (англиски јазик) Политики на проширување на ЕУ Парламентарно владеење во ЕУ	
	Вкупно поени од претходен избор	57,9
	Вкупно	**106,33**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста (научноистражувачка):**	**Поени**
1.	**Ментор на магистерска работа** 2*1	2
2.	**Учесник во национален научен проект**	
2.1.	Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија, Правен факултет „Јустинијан Први“, 2012-2016	3
3.	**Учесник во меѓународен научен проект**	
3.1.	“Closing the Gap between Formal and Informal Institutions in the Balkans”, Horizon 2020 Research and Innovation Framework Programme, во периодот од 2016 до 2019 година	5
3.2.	“EU Enlargement Strategy in the Western Balkans: Effects on the Rule of Law”, SCOPES-Swiss National Science Foundation project, Swiss Federal Institute of Technology Zurich (ETH), во периодот од 2014 до 2017 година	5

3.3.	"Identity fluctuations at the crossroads of religion, ethnicity and language: the cases of Macedonian Muslims/Torbeshi and Gorani communities in the Republic of Macedonia and Kosovo", SCOPES-Swiss National Science Foundation project, University of Zurich, во периодот од 2014 до 2017 година	5
3.4.	"Southeast Europe Dialogue Project", Institute for the Study of Human Rights, Columbia University, во периодот од 2015 до 2017 година	5
3.5.	Political analysis and emerging scenario initiative (PAESI) - United Nations Development Programme (UNDP) - Macedonia, 2013	5
4.	**Монографија**	
4.1.	„Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2016)", публикација и на англиски јазик: "Analysis of Public Opinion on Macedonia`s Accession to the European Union 2014-2016", Скопје: Фондација Конрад Аденауер Скопје и Институт за демократија „Социетас цивилис"– Скопје, 2017	8
4.2.	„Јавното мислење и македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2004-2014)", публикација и на англиски јазик: "Public Opinion and Macedonia`s Accession to the European Union (2004-2014)". Скопје: Фондација Конрад Аденауер Скопје и Институт за демократија „Социетас цивилис"– Скопје, 2014	8
5.	**Монографија објавена во странство**	
5.1	"The Effectiveness of the `European model` of Judicial Independence in the Western Balkans: Judicial Councils as a Solution or a New Cause of Concern for Judicial Reforms". The Hague: Asser Institute CLEER Papers 2017/1, 2017 (коавтор)	9,6
6.	**Дел од монографија објавен во странство**	
6.1.	"The Impact of the Migrant Crisis on the Complex Bilateral Relations between Greece and Macedonia", in: Phillips, David (ed.). "Balkan Human Corridor". New York: Institute for the Study of Human Rights, Columbia University, 2016	6
7.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**	

7.1.	"Геополитички аспекти на проширувањето на Европската Унија".Политичка мисла бр. 50, 2015	6
7.2.	"The Uncharted Political Realm – Social Capital, Political Values and Practices Stimulating Informal Networks in Macedonia". New Balkan Politics issue 17, 2015 (коавтор)	5,4
7.3.	"Stanje demokratije u Republici Makedoniji – slobodan pad ili privremenakriza?.Političke perspective br. 8, 2013 (коавтор)	5,5
8.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**	
8.1.	"Историско институционалистичка перспектива на проширувањето на Европската Унија". Годишник на Правниот факултет „Јустинијан I", том 54, 2016	4
8.2.	"Транснационалните организации на цивилното општество и проширувањето на Европската Унија". Годишник на Правниот факултет „Јустинијан I", том 53, 2015	4
8.3.	"Улогата на интересните групи во процесот на проширување на Европската Унија". Годишник на Правниот факултет „Јустинијан I", том 52, 2015	4
8.4.	„Трансакцискатa теорија за регионална интеграција и наследството на Карл Дојч – критички осврт". Годишник на Правниот факултет „Јустинијан I", том 47, 48, 2013	4
9.	**Пленарни предавања на научен/стручен собир**	
9.1.	"The World after Brexit and Trump", Austrian Economics Center Правен факултет, УКИМ, Скопје, Република Македонија, април 2017	2
9.2.	„Безбедносните предизвици и геополитичката ситуација во Европа и регионот помеѓу BREXIT и бегалската криза ", Годишна конференција на Македонското политолошко друштво, Скопје декември 2016	2
9.3.	„Посткомунизмот наспроти постдемократијата: искуствата во регионот и во Македонија", Годишна конференција на Македонското политолошко друштво, Скопје, Република Македонија, ноември 2015	2

10.	**Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
10.1.	"The European Union, Macedonia and What can be Expected after the Elections", IDSCS and BiEPAG, Скопје, Република Македонија ноември 2016	3
10.2.	"Closing the Gap between Formal and Informal Institutions", INFORM conference, Нови Сад, Република Србија, јуни 2016	3
10.3.	"From the Integration to the Integration: Political Changes in the Balkans and their Way to the European Union", Eötvös Loránd University, Будимпешта, Унгарија, декември 2015	3
10.4.	"EU Enlargement Strategy in the Western Balkans: Effects on the Rule of Law" – Swiss Federal Institute of Technology Zurich, Цирих Швајцарија, ноември 2014	3
10.5.	"Western Balkans 2020+:Strengthening Ties, Support, Cooperation and Responsibility for the Western Balkans" – European Ideas Network, EPP Group in the European Parliament, Братислава, Словачка, мај 2013	3
10.6.	"Together in Europe: Visions of the Young Generation" – Friedrich Ebert Stiftung, Боровец, Република Бугарија, декември 2012	3
11.	**Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
11.1.	8th Pan-European Conference on the EU organized by the ECPR Standing Group on the European Union, University of Trento, Трентo Република Италија, јуни 2016	2
11.2.	21st Annual World Convention of the Association for the Study of Nationalities Columbia University, Њу Јорк, САД, април 2016	2
12.	**Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет**	

12.1.	"Issues in Macedonia-Issues in the Balkans", Union College, Schenectady, NY, САД, 19 април 2016	3
	Вкупно поени од претходен избор	133,8
	Вкупно	**125,5**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста (стручно-апликативна):**	**Поени**
1.	**Стручна монографија објавена во странство**	
1.1.	"Macedonia: Nations in Transit 2016 Report". Freedom House, 2016	12
2.	**Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија**	
2.1.	Зајакнување на улогата и капацитетот на Собранието во процесот на пристапување кон Европската Унија, Институт за демократија „Социетас цивилис"– Скопје (ИДСЦС), 2016-2017	1
2.2.	Мониторинг на трансферите до граѓанските организации на локално ниво, Институт за демократија „Социетас цивилис"– Скопје (ИДСЦС), 2016-2017	1
2.3.	Практикување на партиципативното креирање политики, Институт за демократија „Социетас цивилис" – Скопје (ИДСЦС), 2015-2016	1
2.4.	Зголемување на транспарентноста и отчетноста преку буџетирање по перформанси, Центар за економски анализи (ЦЕА), Институт за демократија „Социетас цивилис"– Скопје (ИДСЦС), 2014	1
3.	Учество во промотивни активности на факултетот/институтот	
3.1.	Промоција на првиот циклус на студии во средните училишта во Република Македонија 2*0,5	1
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС		

4.	**Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание**	
4.1.	Член на Уредувачкиот одбор на списанието за политичко општествени теми „Политичка мисла“	1
5.	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**	
5.1.	Меѓународна конференција “EU Enlargement Strategy in the Western Balkans: Effects on the Rule of Law” – Swiss Federal Institute o Technology Zurich, Цирих, Швајцарија, ноември 2014	1
6.	**Студиски престој во странство**	
6.1.	до три месеци Center for Comparative and International Studies, Swiss Federal Institute of Technology Zurich (ETH), септември 2014	0,5
6.2.	Dipartimento di Scienze Politiche, Universita di Roma “La Sapienza”, септември 2015	0,5
6.3.	Center for Comparative and International Studies, Swiss Federal Institute of Technology Zurich (ETH), септември 2015	0,5
6.4.	Center for Comparative and International Studies, Swiss Federal Institute of Technology Zurich (ETH), март/април 2017	0,5
7.	**Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект**	
7.1.	Изготвување и пријавување на “Closing the Gap between Formal and Informal Institutions in the Balkans”, Horizon 2020 Research and Innovation Framework Programme	1
7.2.	Изготвување и пријавување на “EU Enlargement Strategy in the Western Balkans: Effects on the Rule of Law”, SCOPES-Swiss National Science Foundation project, Swiss Federal Institute of Technology Zurich (ETH)	1
7.3.	Изготвување и пријавување на “Identity fluctuations at the crossroads of religion, ethnicity and language: the cases of Macedonian Muslims/Torbeshi and Gorani communities in the Republic of Macedonia and Kosovo”, SCOPES-Swiss National Science Foundation project, University of Zurich	1

8.	**Член на комисија за избор во звање**	0,2
	Вкупно поени од претходен избор	17,5
	Вкупно	**24,2**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**106,33**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**125,5**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**24,2**
Вкупно поени од претходен избор	209,26
Вкупно	**256,03**

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. Проф. д-р Сашо Георгиевски, с.р.
2. Проф. д-р Зоран Илиевски, с.р.
3. Проф. д-р Ненад Марковиќ, с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците *Дневник* и *Koha* од 13.4.2017 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област меѓународно јавно право, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-578/10, донесена на 27.4.2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Љубомир Д. Фрчкоски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први во Скопје, д-р Сашо Георгиевски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први во Скопје и д-р Татјана Петрушевска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област меѓународно јавно право, во предвидениот рок се пријави д-р Елена Михајлова-Стратилати.

3. Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Елена Михајлова-Стратилати е родена на 17.5.1978 година, во Скопје, Република Македонија. Основно и средно образование (класична гимназија) завршила во Скопје. Со високо образование се стекнала на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, правни студии, насока: меѓународно право и меѓународни односи. Дипломирала во 2004 година, со просечен успех 9,14. Истата година се запишала на постдипломски (магистерски) студии во областа на меѓународното право и меѓународните односи на Правниот факултет „Јустинијан Први во Скопје, кои ги завршила со просечен успех 10,00. На 23.1.2009 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Говорот на омраза и културната различност* и се стекнала со научен степен - магистер на правни науки, насока: меѓународно право. Докторската дисертација на тема: *Културниот идентитет и делата од омраза* ја одбранила на 6.7.2012 година на Правниот факултет „Јустинијан Први во Скопје, со што се стекнала со научниот степен доктор на правни науки.

Активно се служи со англискиот, српскиот и хрватскиот јазик. Поседува компјутерски вештини и се служи со информатичката технологија.

Кандидатката д-р Елена Михајлова-Стратилати работела како демонстратор по меѓународно јавно право и други предмети на Институтот за меѓународно право и меѓународни односи на Правниот факултет „Јустинијан Први во Скопје од 1999 година. На 27.1.2006 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први во Скопје, кандидатката е избрана во звањето помлад асистент на

научната област меѓународно право и меѓународни односи. На 29.10.2009 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први во Скопје, кандидатката е избрана во звањето асистент на научната област меѓународно јавно право. На 24.10.2012 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први во Скопје, кандидатката година е избрана во звањето доцент на научната област меѓународно јавно право.

Во моментот е доцент на научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1039 од 1.10.2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 884 од 1.12.2005 година, бр. 970 од 15.09.2009 година и бр. 1039 од 1.10.2012 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

4. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатката д-р Елена Михајлова-Стратилати е активно вклучена во изведувањето настава на првиот циклус на правните студии; вториот циклус на правните студии (насока: меѓународно право и односи и право на ЕУ), првиот и вториот циклус на политичките студии (насока: меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија) на македонски и англиски јазик и првиот циклус студии по новинарство на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, и тоа на следниве предметни програми: Меѓународно јавно право; Меѓународно право за правата на човекот; Меѓународно право во граѓанска војна; Мирно решавање на спорови; Слобода на изразување; Меѓународно воено и хуманитарно право; Меѓународно јавно право - применета програма; Дипломатско и конзуларно право; Говорот на омраза и делата од омраза во меѓународното право; Малцински и други колективни права; Транзиционата правда и меѓународното право; Меѓународно право за правата на човекот - применета програма; Принципи на меѓународно јавно право; Меѓународно право.

Некои од овие предметни програми се нови и за нивното развивање е заслужна самата кандидатка. Ова посебно се однесува на областите како: транзициона правда, говор на омраза и дела од омраза, како и потесната област на меѓународното хуманитарното право кое се однесува на граѓанска војна, кои од скоро се изучуваат на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во рамките на Институтот за меѓународно право и односи и право на ЕУ.

Кандидатката бил ментор на 20 магистерски трудови. Исто така учествувала како член во Комисија за оцена и одбрана на 50 магистерски трудови и на 14 докторски дисертации.

Научноистражувачка дејност

Д-р Елена Михајлова-Стратилати е автор на монографии, книги, научни и стручни трудови.

Од изборот во звањето доцент има објавено вкупно 12 научни труда во домашни и меѓународни научни списанија. Трудовите се од областа на меѓународното јавно право и потесната област на меѓународното право за правата на човекот и меѓународното хуманитарно право. Добар дел од трудовите се, исто така, фокусирани на феномените говор на омраза и дела од омраза кои се нови за македонската научна и стручна јавност и тие претставуваат огромен придонес како во научната дебата, така и за обликувањето и правилната примена на македонската легислатива за говор на омраза и дела од омраза.

Кандидатката е автор на монографијата „Дела од омраза“, во издание на Магор, Скопје (2016 година). Коавтор е на научно-популарната книга „Слобода на изразување и говор на омраза“, во издание на Мисијата на ОБСЕ во Скопје (2013 година) која се користи како основен извор на информации и приручник за судиите, јавните обивнители, медиумските работници и граѓанските организации во поглед на разликувањето помеѓу слободата на изразување и говорот на омраза. Има учествувано во пишувањето на универзитетскиот учебник на проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски - „Меѓународно право за правата на човекот“, во издание на Магор, Скопје (2012 година), во глава II: Основни карактеристики и класификација на човековите права, делот за „Универзализмот на човековите права и културниот релативизам“.

Д-р Елена Михајлова-Стратилати била носител и главен истражувач на научноистражувачкиот проект финансиран од Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, 2015-2016 година, под наслов „Примена на меѓународното право за бегалци во поредокот на Република Македонија“ и била член на меѓународниот научен проект „Правна заштита од дискриминација во Југоисточна Европа“, имплементиран од GIZ, Open Fund for South East Europe Legal Reform, октомври 2015 - август 2016 година.

Кандидатката има учествувано на повеќе меѓународни научни конференции со свои пленарни предавања. Исто така, таа има учествувано како предавач, односно излагач на повеќе работилници, обуки и научни и стручни собири.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Елена Михајлова-Стратилати е активно е вклучена во стручно-апликативната дејност. Коавтор е на стручната монографија „Regional Protection Against Discrimination in South East Europe: Regional Study“, во издание на Центарот на SEELS - Скопје (2016 година). Кандидатката остварила експертски активности во рамките на проектот „Фундаментални права - сообразување со Европската рамка“ на Македонски центар за европски тренинг, Скопје (2015 година), поточно истражување на стандардите на Европскиот суд за човекови права во однос на преклопувањето на слободата на изразување и слободата на вероисповест за потребите на Проектот. Носител е на студијата „ Истражување на користењето на говорот на омраза во печатените медиуми во земјата“, изработена за потребите на Мисија на ОБСЕ во Скопје (2013 година) и учесник во изготвувањето на студијата „Подобрување на учеството во демократските процеси на заедниците под 20 %“, на Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, финансирана од Инструментот за демократија и човекови права (ЕИДХР) на Европската унија (2013 година).

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој на Paris 2 Pantheon-Assas универзитетот (во 2014 година) и на Меѓународната школа за

разоружување и истражување на конфликти ISODARCO во Андало (Тренто), Италија (во 2014 година). Д-р Елена Михајлова-Стратилати има добиено повеќе стипендии од значајни институти за студиски престои и обуки во нејзината научна област, меѓу кои би ја издвоиле стипендијата на Том Лантош институтот во областа на студиите за геноцид и транзициона правда во Будимпешта во 2015 година и стипендијата на Меѓународниот центар за обука за предавање за човекови права и мир (CIFEDHOP) за Меѓународна сесија за обука за Универзалниот периодичен преглед (UPR) на Советот за човекови права на ООН, со присуство на 17та UPR -- сесија на Советот за човекови права на ООН во Женева, во 2013 година.

Д-р Елена Михајлова-Стратилати е одговорна за редовната соработка помеѓу Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и Меѓународниот трибунал за поранешна Југославија, Outreach - програмата (2012-2016 година). Член е меѓународен уредувачки одбор на една публикација и на научен одбор на два меѓународни конгреса.

Оценка од самоевалуација

На анонимно спроведените анкети на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на првиот и вториот циклус студии, кандидатката добива континуирани позитивни оценки, и тоа: за учебната 2012/2013 година за предметната програма Меѓународно јавно право - просечни оценки 4,78 и 4,27; за учебната 2013/2014 година за предметната програма Меѓународно право за правата на човекот - просечна оценка 4,64; за учебната 2014/2015 година за предметната програма Меѓународно јавно право - просечна оценка 4,21, за предметната програма Слобода на изразување - просечна оценка 4,25, за предметната програма Меѓународно право - просечна оценка 4,49, за предметната програма Меѓународно право за правата на човекот - просечна оценка 4,63; за учебната 2015/2016 година за предметната програма Меѓународно јавно право - просечна оценка 3,97, за предметната програма Слобода на изразување - просечна оценка 4,69; за учебната 2016/2017 година за предметната програма Меѓународно јавно право - просечна оценка 4,59, за предметната програма Меѓународно право за правата на човекот - просечна оценка 4,82.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија со внимание ја разгледа пријавата на кандидатката д-р Елена Михајлова-Стратилати.

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Елена Михајлова - Стратилати.

Имено:

Д-р Елена Михајлова-Стратилати отелотворува совесен, стремечки и одговорен научник, со голема способност да владее теорија и да го пренесува сопственото знаење на

студентите и сопствените колеги, чија посветеност и цврстина се непроценливи во текот на предавањата секоја академска година.

Кандидатката д-р Елена Михајлова-Стратилати располага со неподелен и редок талент и посветеност на науката, што ги прави нејзините погледи убедливо аргументирани низ призмата на повеќе дисциплини кои одат преку класичното меѓународно јавно право. Таа покажува една посебна способност за справување со комплексните правни, социолошки и философски прашања кои ги допираат академските дисциплини од нејзин домен и во исто време време имаат директно или индиректно влијание на општествената околина.

Нејзините постојани напори во академската средина и пошироко во нејзиниот општествен ангажман, носат значење за промовирањето на важноста на владеењето на правото, општествената правда и еднаквоста во македонското општество.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Елена Михајлова-Стратилати поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област меѓународно јавно право.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Елена Михајлова-Стратилати да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област меѓународно јавно право.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски с.р.

2. Проф. д-р Сашо Георгиевски с.р.

3. Проф. д-р Татјана Петрушевска с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Елена Стојан Михајлова-Стратилати

Институција: Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје

Научна област: меѓународно јавно право

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
1.	**Одржување на настава**	
1.1.	**од прв циклус студии** **(правни студии, политички студии и студии по новинарство)** **Меѓународно јавно право** 2013/2014 2*15*0,04=1,2 2014/2015 2*15*0,04=1,2 2015/2016 2*15*0,04=1,2 2016/2017 2*15*0,04=1,2 **Слобода на изразување** 2013/2014 1,75*15*0,04=1,05	26,7

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	2014/2015 1,75*15*0,04=1,05 2015/2016 1,75*15*0,04=1,05 2016/2017 1,75*15*0,04=1,05 **Меѓународно право** 2014/2015 2,5*15*0,04=1,5 **Меѓународно право во граѓанска војна** **(изборен предмет од насоката: меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија)** 2014/2015 1,5*15*0,04=0,9 2015/2016 1,5*15*0,04=0,9 2016/2017 3*15*0,04=1,8 **Меѓународно право во граѓанска војна (англиски јазик)** **(изборен предмет од насоката: меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија)** 2014/2015 1,5*15*0,04=0,9 2015/2016 1,5*15*0,04=0,9 2016/2017 3*15*0,04=1,8	

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	Меѓународно право за правата на човекот **(изборен предмет од насоката: меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија)** 2014/2015 1,5*15*0,04=0,9 2015/2016 1,5*15*0,04=0,9 2016/2017 1,5*15*0,04=0,9	
	Меѓународно право за правата на човекот (англиски јазик) **(изборен предмет од насоката: меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија)** 2014/2015 1,5*15*0,04=0,9 2015/2016 1,5*15*0,04=0,9 2016/2017 1,5*15*0,04=0,9	
	Мирно решавање на спорови **(изборен предмет од насоката: меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија)** 2014/2015 1*15*0,04=0,6 2015/2016 1*15*0,04=0,6 2016/2017 1*15*0,04=0,6	

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	Мирно решавање на спорови (англиски јазик) **(изборен предмет од насоката: меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија)** 2014/2015 1*15*0,04=0,6 2015/2016 1*15*0,04=0,6 2016/2017 1*15*0,04=0,6	
1.2.	**од втор циклус студии** **(правни студии и политички студии)** **Мастер - Меѓународно право и односи и право на ЕУ** **Меѓународно право за правата на човекот (задолжителен)** 2013/2014 2,5*15*0,05=1,875 2014/2015 2,5*15*0,05=1,875 2015/2016 2,5*15*0,05=1,875 2016/2017 2,5*15*0,05=1,875	44,725

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	Меѓународно јавно право - применета програма (задолжителен) 2014/2015 1*15*0,05=0,75 2015/2016 1*15*0,05=0,75 2016/2017 1*15*0,05=0,75 **Дипломатско и конзуларно право (задолжителен)** 2016/2017 2*15*0,05=1,5 **Мирно решавање на спорови (изборен во Меѓународно јавно право)** 2013/2014 1,73*15*0,05=1,3 2014/2015 1,73*15*0,05=1,3 2015/2016 1,73*15*0,05=1,3 2016/2017 1,73*15*0,05=1,3 **Меѓународно воено и хуманитарно право (изборен во Меѓународно јавно право)**	

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	2013/2014 3,5*15*0,05=2,625 2014/2015 3,5*15*0,05=2,625 2015/2016 3,5*15*0,05=2,625 2016/2017 3,5*15*0,05=2,625 **Говорот на омраза и делата од омраза во меѓународното право (изборен)** 2014/2015 3*15*0,05=2,25 2015/2016 3*15*0,05=2,25 2016/2017 3*15*0,05=2,25 **Малцински и други групни права (изборен)** 2014/2015 1,5*15*0,05=1,125 ; 20%=0,225 (менторска настава) 2015/2016 1,5*15*0,05=1,125; 20%=0,225 (менторска настава) 2016/2017 1,5*15*0,05=1,125; 20%=0,225 (менторска настава) **Слобода на изразување (изборен)** 2014/2015 1,5*15*0,05=1,125 ; 20%=0,225 (менторска настава) 2015/2016 1,5*15*0,05=1,125; 20%=0,225 (менторска настава) 2016/2017 1,5*15*0,05=1,125; 20%=0,225 (менторска настава)	

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	Меѓународно право за правата на човекот - применета програма (опционен) 2015/2016 1,75*15*0,05=1,3125; 20%=0,2625 (менторска настава) 2016/2017 1,75*15*0,05=1,3125; 20%=0,2625 (менторска настава) **Транзиционата правда и меѓународното право (опционен)** 2015/2016 1,75*15*0,05=1,3125; 20%=0,2625 (менторска настава) 2016/2017 1,75*15*0,05=1,3125; 20%=0,2625 (менторска настава) **Мастер политички студии - насока: дипломатија и меѓународни односи** **Меѓународна дипломатија, спогодување и преговарање (задолжителен)** 2013/2014 2,5*15*0,05=1,875 2014/2015 2,5*15*0,05=1,875 2015/2016 2,5*15*0,05=1,875	

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	Мастер политички студии (наставна програма 2013/2014) **Меѓународно право (задолжителен)** 2016/2017 2*15*0,05=1,5 **Меѓународно право (англиски јазик) (задолжителен)** 2016/2017 2*15*0,05=1,5	
2.	**Настава во школи и работилници**	
2.1.	Младинска школа за човекови права во организација на Хелсиншкиот Комитет за човекови права на Република Македонија, 15 – 21 ноември 2014 година, предавач на тема: Говор на омраза, 19 ноември 2014 година, Велес, Република Македонија	1
2.2.	Дебата на тема: Богохулењето - слобода на изразување и слобода на религија“, раководител на настанот со воведно излагање, во организација на Македонскиот центар за Европски тренинг, финансиран од Foreign and Commonwealth Office, Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, 13 март 2015 година, Скопје, Република Македонија	1,5
3.	**Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд)**	

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
3.1.	**од прв циклус студии** **(правни студии, политички студии и студии по новинарство)** **Меѓународно јавно право** 2012/2013 10*15*0,03=4,5 **Слобода на изразување** 2012/2013 0,875*15*0,03=0,39	4,89
3.2.	**од втор циклус студии** **(правни студии и политички студии)** **Мастер - Меѓународно право и односи и право на ЕУ** **Меѓународно право за правата на човекот (задолжителен)** 2012/2013 2,5*15*0,03=1,125 **Меѓународно јавно право - применета програма (задолжителен во модул А)**	6,495

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	2012/2013 2,5*15*0,03=1,125 **Меѓународно договорно право (изборен во модул А)** 2012/2013 1,75*15*0,03=0,78 **Мирно решавање на спорови (изборен во модул А)** 2012/2013 1,75*15*0,03=0,78 **Меѓународно воено и хуманитарно право (изборен во модул А)** 2012/2013 1,75*15*0,03=0,78 **Меѓународни организации (изборен во модул Б)** 2012/2013 1,75*15*0,03=0,78 **Мастер политички студии - насока: Дипломатија и меѓународни односи**	

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	Меѓународна дипломатија, спогодување и преговарање (задолжителен) 2012/2013 2,5*15*0,03=1,125	
4.	**Подготовка на нов предмет**	
4.1.	**Предавања** Меѓународно право во граѓанска војна Меѓународно право во граѓанска војна (англиски јазик) Меѓународно право за правата на човекот (англиски јазик) Мирно решавање на спорови (англиски јазик) Говорот на омраза и делата од омраза во меѓународното право Малцински и други колективни права Транзиционата правда и меѓународното право Меѓународно право за правата на човекот - применета програма	8
5.	**Консултации со студенти** 2012/2013 600*0,002=1,2 2013/2014 240*0,002=0,48 2014/2015 240*0,002=0,48 2015/2016 240*0,002=0,48 2016/2017 300*0,002=0,6	3,24

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
6.	**Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** 14*0,5	7
7.	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** 50*0,3	15
8.	**Интерна скрипта од предавања** Говорот на омраза и делата од омраза во меѓународното право	4
9.	**Научно - популарна книга**	
9.1.	**Коавтор** Слобода на изразување и говор на омраза (прирачник за разликување помеѓу слободата на изразување и говорот на омраза за вработените во медиумите, граѓанските организации и студентите по новинарство), ОБСЕ, Полиестердеј, Скопје, декември 2013	4
10.	**Пакет материјали за одреден предмет** Меѓународно право во граѓанска војна Меѓународно право во граѓанска војна (англиски јазик) Меѓународно право за правата на човекот (англиски јазик)	7

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	Слобода на изразување Меѓународно воено и хуманитарно право Малцински и други колективни права Транзиционата правда и меѓународното право	
	Вкупно	**133,55**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
1.	**Ментор на магистерска работа** 20*1	20
2.	**Раководител на национален научен проект**	
2.1.	Примена на меѓународното право за бегалци во поредокот на Република Македонија, главен истражувач, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, научноистражувачки проект финансиран од Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, 2015-2016 година	6
3.	**Учесник во национален научен проект**	
3.1.	Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија, Правен факултет „Јустинијан Први“, 2012-2017	3
4.	**Учесник во меѓународен научен проект**	
4.1.	Регионален проект „Правна заштита од дискриминација во Југоисточна Европа“, имплементиран од GIZ, Open Fund for South East Europe Legal Reform, октомври 2015 - август 2016	5

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
5.	**Монографија** Дела од омраза, Магор, Скопје, 2016 година	8
6.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**	
6.1.	Hate Crimes as Discriminatory Violations, LeXonomica, Vol. 8, No. 2, pp. 115-123, University of Maribor, Faculty of Law, Slovenia, December 2016	4
6.2.	Hate Speech in the Context of Macedonian Society, Iustinianus Primus Law Review , № 14 - volume VIII - Winter 2016	4
6.3.	Македонскиот Универзитет, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. д-р Петар Манговски, том 55, стр. 445- 456, Скопје, 2016	4
6.4.	Одржување на границите помеѓу културните групи, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. д-р Јане Миљовски, том 54, стр. 433- 441, Скопје, 2016	4
6.5.	Правното регулирање на говорот на омраза со осврт на практиката на Европскиот суд за човекови права, Европско право, Година 4, том 6, Број 1 - 2/2015, стр. 41-47, Скопје, декември 2015	4
6.6.	Концептот на повреда кај делата од омраза, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. д-р Славко Милосавлевски, том 53, стр. 457- 470, Скопје, 2015	4
6.7.	Причини за актуелизирање на културниот идентитет во политиката, Годишник на Правниот факултет	4

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
	„Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. д-р Симеон Гелевски, том 51, стр. 397- 412, Скопје, 2014	
6.8.	Сукцесијата на држави во областа на меѓународните договори, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. д-р Кики Мангова Пољавиќ, том 50, стр. 533-540, Скопје, 2014	4
6.9.	Меѓународното хуманитарно право и забраната за употреба на сила, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. д-р Љиљана Спировиќ-Трпеновска, том 49, стр. 695-701, Скопје, 2013	4
6.10.	Говор на омраза, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во скопје по повод 35 години од основањето на студиите по новинарство на Правниот факултет, том 44-46, стр. 323-329, Скопје, 2008-2010 (објавен во 2012 година)	4
7.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир**	
7.1.	Вистинските „слободни зони“, во Зборник на текстови од научен и стручен собир на тема: Што да се прави- за повторно освојување на слободата, Либертас, Скопје, 2014, стр. 67-72.	2
8.	**Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција**	
8.1.	Поим, кратка историја и мерки за примена на меѓународното хуманитарно право, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на Проф. д-р Бранко Зеленков, стр. 415-423, Скопје, 2012	2
9.	**Пленарни предавања на научен/стручен собир**	
9.1.	Академија по повод 10ти декември - Меѓународен ден на правата на човекот, модератор на настанот и учесник со излагање на тема „Човековите права и Република Македонија“, Правен факултет, Скопје, 15 декември 2016 година	2

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
9.2.	Јавна дебата во врска со националното истражување за антидискриминација, учесник со излагање на тема: „Улогата на универзитетите во борбата против дискриминацијата во РМ“, ЕУ Инфо центар, 14 април 2016 година	2
9.3.	Обука за Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди на тема: Повреди на човековите права, дискриминација и говор на омраза, во организација на Советот на Европа, учесник во својство на национален експерт со предавање на тема: Утврдување и процесирање на жалбите во врска со говорот на омраза, Охрид, 23 септември 2015 година	2
9.4.	Семинар за механизмите за борба со говорот на омраза на тема: Правни механизми и механизми на граѓанското општество за справување со говор на омраза (за судии и јавни обвинители), организиран од ОБСЕ Мисијата во Скопје, учесник во својство на национален експерт со излагање на тема: „Разликување помеѓу слободата на изразување и говорот на омраза“, 12 декември 2014 година, Скопје	2
9.5.	Семинар на тема: “Разграничување помеѓу слободата на изразување и говорот на омраза“, организиран од Мисијата на ОБСЕ во Скопје во соработка со Институтот за новинарство, медиуми и комуникации при Правниот факултет “Јустинијан први“ и Дирекцијата за заштита на личните податоци, учесник во својство на национален експерт со предавање на тема: „Моментот на преминување на границата на слободното изразување и настанување на говор на омраза (дефинирање на говор на омраза, разлика од клевета и навреда, правна пракса, ЕКЧП)“, 22 март 2013 година, Скопје	2
10.	**Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
10.1.	Меѓународна конференција „Спречување на виктимизацијата на ранливите заедници“, учесник со	3

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
	излагање на тема: „Говорот на омраза и виктимизацијата во контекстот на Македонското општество“, 7-8 декември 2016 година, Букурешт, Романија	
10.2.	Меѓународна конференција на тема „Медиумите и човековите права“, во организација на Институтот за новинарство, медиуми и комуникации при Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, учество со излагање на тема: „Медиумите и говорот на омраза“, Правен факултет „Јустинијан Први“- Скопје, 10 декември 2015 година, Скопје, Република Македонија	3
10.3.	Меѓународна конференција „Компаративен преглед на правото во Франција и Македонија“, на тема „Слобода на вероисповест“, учесник со излагање на тема: „Религијата и слободниот говор - случајот на богохулењето“, Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, 9 декември 2015 година, Скопје, Република Македонија	3
10.4.	Меѓународен семинар на тема: „Општествени структури и општествени институции: во потрага по социјална правда“, учесник со излагање на тема: „Македонското општество во транзиција: институционалната ситуација и прашањето на социјална правда“, Интер-универзитетски центар (IUC-Dubrovnik), 15-21 јуни 2015 година, Дубровник, Хрватска	3
10.5.	Трета меѓународна конференција „Компаративен преглед на правото во Франција и Македонија“, на тема: „Слобода на изразување и слобода на медиумите: споредба меѓу Франција и Македонија“, учесник со излагање на тема: „Говорот на омраза во контекст“, Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, 27 февруари 2014 година, Скопје, Република Македонија	3
10.6.	Меѓународен семинар „Секуларизам, либерализам и идентитет“, организиран од Универзитетот во Риека, Хрватска со учество на Колумбија универзитетот од САД,	3

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
	учесник со излагање на тема: „Граници на капиталот, деидентификациони сили, секуларизам, либерализам и идентитети“, Интеруниверзитетски центар (IUC - Дубровник), 27-31 мај 2013 година, Дубровник, Хрватска	
	Вкупно	**114**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
1.	**Стручна монографија** Regional Protection Against Discrimination in South East Europe: Regional Study, Centre for SEELS, Скопје, 2016	4,8
2.	**Поглавје во книга**	
2.1.	**Коавтор** „Универзализмот на човековите права и културниот релативизам“, во Глава II: Основни карактеристики и класификација на човековите права, Љубомир Д. Фрчкоски, Меѓународно право за правата на човекот, трето издание, Магор, Скопје, 2012	2
3.	**Студија, физибилити - студија, истражување на пазарот**	
3.1.	**Одговорен проектант** Истражување на стандардите на Европскиот суд за човекови права во однос на преклопувањето на слободата на изразување и слободата на вероисповест за потребите на изготвување на настанот „Богохулењето - слобода на	2

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
	изразување и слобода на религија“ во рамките на проектот: Фундаментални права -сообразување со Европската рамка“, Македонски центар за европски тренинг, Скопје, 2015 година	
3.2.	**Одговорен проектант** Студија „Истражување на користењето на говорот на омраза во печатените медиуми во земјата“, Мисија на ОБСЕ во Скопје, Скопје, 2013 година	2
3.3.	**Учесник/соработник** Студија „Подобрување на учеството во демократските процеси на заедниците под 20 %“, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, финансирана од Инструментот за демократија и човекови права (ЕИДХР) на Европската Унија и кофинансиран од Чешката амбасада во Скопје, 2013 година	1
4.	**Учество во промотивни активности на Факултетот**	
4.1.	Отворени денови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, учество во активности и сите организациони подготовки неопходни за презентирање на Факултетот на Отворените денови во 2017 година	0,5
4.2.	Модератор на Академија по повод 10ти декември - Меѓународен ден на правата на човекот, дел од Денови на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, прослава на 65 - годишнината на Правниот факултет, декември 2016 година	0,5
4.3.	Одговорна за редовната соработка помеѓу Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, Катедрата за меѓународно јавно право и Меѓународниот трибунал за	0,5

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
	поранешна Југославија, Outreach програма, 2012-2016 година	
	ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	
5.	**Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание**	
5.1.	Член на Уредувачкиот одбор на публикација со меѓународен уредувачки одбор „Legal Protection Against Discrimination in South East Europe - Regional Study“, Centre for SEELS, Skopje, 2016	0,5
6.	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир**	
6.1.	Член на научен одбор на 2риот Меѓународен конгрес за економија и бизнис (ICEB'16)	1
6.2.	Член на научен одбор на 4 Меѓународен студентски конгрес, 24-25 април 2017 година, Маниса, Турција	1
7.	**Студиски престој во странство**	
7.1.	**до три месеци** Европски летен универзитет за цивилни работници, едукатори и новинари на тема „Предрасуди, геноцид и паметење“, Том Лантош Институт, (со стипендија доделена од Том Лантош Институт) 5-10 јули 2015 година, Будимпешта, Унгарија	0,5
7.2.	**до три месеци** Летен универзитет за континентално право, под патронажа на министерот за правда на Франција, Фондација за континентално право, Предавања со доделен	0,5

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
	сертификат на Paris 2 Pantheon-Assas University, 7-25 јули 2014 година, Париз, Франција	
7.3.	**до три месеци** 27 ISODARCO - зимски курс „Нуклеарното управување: изгледите за зајакнување на режим на непролиферација“, 8-15 јануари 2014 година, Андало (Тренто), Италија	0,5
7.4.	**до три месеци** 8 Меѓународна тренинг сесија за Универзалниот периодичен преглед (UPR) на Советот за човекови права на ООН за образовни и граѓански организации, 16-22 октомври, 2013 година (со стипендија доделена од Меѓународниот центар за обука за предавање за човекови права и мир CIFEDHOP) , со присуство на 17 UPR - сесија на Советот за човекови права на ООН, Женева, 16-22 октомври 2013 година	0,5
8.	**Член на факултетска комисија**	
8.1.	Член на Комисија за упис на студенти на втор циклус студии во учебната 2016/17 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје	0,5
8.2.	Член на Комисија за упис на студенти на втор циклус студии во учебната 2015/16 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје	0,5
8.3.	Член на Комисија за измена на Правилата за студирање во делот на оценување и испити на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2013 година	0,5

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
8.4.	Член на Комисија за упис на студенти на втор циклус студии во учебната 2013/14 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје	0,5
	Вкупно	**19,8**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**133,55**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**114**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**19,8**
Вкупно	**267,35**

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. Проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски с.р.

2. Проф. д-р Сашо Георгиевски с.р.

3. Проф. д-р Татјана Петрушевска с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА

НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАЗНЕНО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО

НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 27.4.2017 година, формира Комисија за избор/преизбор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област казнено материјално право. Комисијата е составена од: академик проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Љупчо Арнаудовски и проф. д-р Методија Каневчев.

По разгледувањето на приложените документи, Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област казнено материјално право, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ од 23.3.2017 година, се пријави д-р Никола Тупанчески, редовен професор на казнено материјално право. Кон пријавата, тој ги поднесе потребните документи согласно со Законот за високото образование и подзаконските акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

II. Степени на образование:

1. дипломиран правник, 1986, на Правниот факултет во Скопје;
2. магистер на правни науки, 1995, на Правниот факултет во Скопје;
3. доктор на правни науки, 2002, на Државниот универзитет „Ломоносов“, Москва, Русија.

III. Практично и работно искуство:

1. судски приправник во Основниот суд во Охрид, 1987-1988;
2. волонтер во Основното јавно обвинителство во Скопје, 1988;
3. помлад асистент на научната област казнено право и криминологија на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 1988-2003;
4. доцент на научната област казнено право на Правниот факултет во Скопје, 2003-2007;
5. вонреден професор на научната област казнено право на Правниот факултет во Скопје, од ноември 2007 до јули 2012 година;
6. редовен професор на научната област казнено право на Правниот факултет во Скопје, од јули 2012 година до денес.

III. Објавени трудови до изборот во наставно-научното звање редовен професор

Трудовите што д-р Тупанчески ги објавил до изборот во наставно-научното звање редовен професор се рецензирани во извештајот за избор за наставник, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1033 од 15.6 2012 година.

IV. Објавени трудови по изборот во наставно-научното звање редовен професор

По изборот во наставно-научното звање редовен професор, д-р Тупанчески:

1. објавил позитивно рецензиран универзитетски учебник, материјали за предмети од мастер студиите и неколку стручни книги (учебни помагала) итн.;
2. учествувал во 3 национални и 3 меѓународни научни проекти кои се таксативно наведени во анексот (образецот) кон овој извештај;
3. објавил 8 труда со оригинални научни резултати во научно/стручно списание, 8 труда со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание; 5 труда со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор, 6 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир, 3 труда објавени во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор кои се таксативно наведени во анексот (образецот) кон овој извештај;
4. одржал 5 пленарни предавања на научен/стручен собир и 8 пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество, кои се таксативно наведени во анексот (образецот) кон овој извештај.

V. Наставни активности на Факултетот

По изборот во наставно-научното звање редовен професор, д-р Тупанчески ги вршел следниве наставни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје: наставник по Казнено право, задолжителен предмет во II година на додипломските студии по право; наставник по Филозофија, задолжителен предмет во III година на додипломските студии по право; наставник по Основни институти на јавно и приватно право, задолжителен предмет во II година на додипломските студии по новинарство; наставник по Казнено право – посебен дел, задолжителен предмет на постдипломските (мастер) студии по казнено право; наставник по Меѓународно казнено право, задолжителен предмет на постдипломските (мастер) студии по

казнено право; наставник по Малолетничко казнено право, задолжителен предмет на постдипломските (мастер) студии по казнено право; наставник по казнено право - применета програма, предмет од модул А на постдипломските (мастер) студии по казнено право; наставник по Компаративно материјално казнено право, предмет од модул А на постдипломските (мастер) студии по казнено право; наставник по Медицинско казнено право, предмет од модул А на постдипломските (мастер) студии по казнено право; наставник по Економско казнено право, предмет од модул А на постдипломските (мастер) студии по казнено право, по деловно право и финансии и финансово право; наставник по Криминална политика, Организиран криминал и Европско казнено право, Право и јавно здравство - опциони предмети; наставник на мастер студиите по интелектуална сопственост (IPRs Enforcement)“, University of Strasbourg (Centre for International Intellectual Property Studies) and the SS. Cyril and Methodius University (Iustinianus Primus Law Faculty).

Во периодот по изборот во звањето редовен професор, д-р Тупанчески бил:

1. ментор на 4 докторати;

2. ментор на 127 магистерски работи;

3. член на 19 комисии за оцена и одбрана на докторат;

4. член на 268 комисии за оцена и одбрана на магистратура;

5. член на 1 комисија за избор во звања.

VI. Резултати од евалуацијата спроведена на Факултетот

Кандидатот д-р Никола Тупанчески беше позитивно евалуиран од страна на студентите што изминатите учебни години по предметите на прв и втор циклус и тоа: 2012/2013 година – Економско казнено право 4,93; 2013/2014 година-Казнено право -применета програма 4,71, судско право 4,45, Филозофија на правото 4,44, Основни институти на јавното и приватното право 4,9, Казнено право – посебен дел 4,7, Компаративно казнено материјално право 5, Криминална политика 5, Малолетничко казнено право 4,77, Медицинско казнено право 4,91, Меѓународно казнено право 4,65; 2014/2015 година - Казнено право – посебен дел 4,35, Компаративно казнено материјално право 4,76, Малолетничко казнено право 3,71, Медицинско казнено право 4,58, Меѓународно казнено право 4; 2015/2016 година- Казнено право – посебен дел 4,4, Компаративно казнено материјално право 4,66, Малолетничко казнено право 4,4, Меѓународно казнено право 4,2, Економско казнено право 4,86.

VII. Други активности

По изборот во звањето вонреден професор, д-р Тупанчески ги вршел следниве работи:

1. до 2014 година е продекан за меѓународна соработка на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје;
2. од 2016 година е раководител на мастер студиите по казнено право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
3. учествувал во повеќе факултетски комисии;
4. член е на уредувачки одбор на научно/стручни списанија;
5. раководител е или член во комисии и тела на државни и други органи, итн.

VIII. Заклучок и предлог

Откако со внимание ја разгледавме пријавата, со сите прилози, објавени трудови и другите многубројни активности, Комисијата со посебно задоволство констатира:

1. Д-р Никола Тупанчески ги исполнува пропишаните услови од Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за преизбор во звањето редовен професор на научната област казнено право.

2. По изборот во звањето редовен професор, д-р Никола Тупанчески одговорно и мошне успешно ги реализираше предвидените обврски во рамките на наставно-образовниот процес на Правниот факултет „Јустинијан Први“, изведувајќи настава на првиот, вториот и на третиот циклус студии на Факултетот, како и во својство на ментор на повеќе магистранди и докторанди.

3. За успехот во реализирањето на наставно-образовниот процес особено се значајни и оценките што тој ги има добиено од евалуацијата што студентите на првиот и вториот циклус редовно ја вршат, од каде што произлегува несомнен заклучок за неговата посветеност на наставно-образовниот процес, но и соработката со студентите и почитување на нивните размислувања и идеи.

4. Од анексот (образецот) кон овој извештај може да се забележи дека д-р Никола Тупанчески повеќекратно го надминува потребниот минимален број бодови потребни за преизбор во звањето редовен професор.

4. Од опусот што д-р Никола Тупанчески го има, а којшто е детално презентиран во анексот (образецот) кон овој извештај, произлегува неговата посветеност на материјата на казненото право на Република Македонија, но и на неговите компаративни

аспекти, што е особено важно со оглед на реформата што казненото право ја доживува во последниве неколку години. Следејќи ги новите тенденции во казнената област, д-р Никола Тупанчески со подеднаква задлабоченост се занимава и со најактуелните проблеми на економското казнено право и организираниот криминал, современите криминално–политички трендови и облици на општествена реакција, медицинското казнено право како една од најактуелните науки од интердисциплинарен карактер која станува интерес на сè поголем број научници од правната и медицинската област, како и малолетничкото казнено право.

6. Д-р Никола Тупанчески покажува исклучителна способност за тимска работа, што е очигледно од активностите поврзани со креирање нови наставни содржини на постдипломските (мастер) студии која се манифестира преку соработката со колегите од Институтот за казнено право. Оваа негова способност доаѓа до израз и при изработката на наставни помагала, скрипти за предавања и универзитетски учебници за првиот и вториот циклус студии на Правниот факултет.

7. Во својот стручен и општествен ангажман, д-р Никола Тупанчески не се ограничува само на активности во работните тела и комисии на Правниот факултет, туку и надвор од него, во повеќе стручни здруженија и невладини организации.

Имајќи го предвид сево погоре речено, на Рецензентската комисија ѝ причинува особено задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да му го даде следниов

ПРЕДЛОГ

д-р Никола Тупанчески да биде преизбран за редовен професор на научната област казнено материјално право.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Академик д-р Владо Камбовски, редовен професор, с.р.

Д-р Љупчо Арнаудовски, редовен професор, с.р.

Д-р Методија Каневчев, редовен професор, с.р.

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Никола Раде Тупанчески

Институција: Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

Научна област: казнено материјално право

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста (наставно-образовна):**	**Поени**
1.	**Одржување на настава**	
1.1.	**од прв циклус студии, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје** **Казнено право (15 недели по 2,5 часа = 37,5)** учебна 2013/2014 37,5*0,04 = 1,5 учебна 2014/2015 37,5*0,04 = 1,5 учебна 2015/2016 37,5*0,04 = 1,5 учебна 2016/2017 37,5*0,04 = 1,5 **Основни институти на јавно и приватно право** учебна 2013/2014 4*0,04 = 0,16 **Филозофија на правото**	7,36

	учебна 2013/2014 30*0,04=1,2	
1.2.	**од втор циклус студии, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје** **мастер: Казнено право** **Казнено право – посебен дел** учебна 2012/2013 30*0,05 = 1,5 учебна 2013/2014 30*0,05 = 1,5 учебна 2014/2015 30*0,05 = 1,5 учебна 2015/2016 30*0,05 = 1,5 учебна 2016/2017 30*0,05 = 1,5 **Казнено право – применета програма** учебна 2013/2014 19*0,05 = 0,95 учебна 2014/2015 19*0,05 = 0,95 учебна 2015/2016 19*0,05 = 0,95 учебна 2016/2017 19*0,05 = 0,95 **Меѓународно казнено право** учебна 2012/2013 25*0,05 = 1,25 учебна 2013/2014 25*0,05 = 1,25 учебна 2014/2015 25*0,05 = 1,25 учебна 2015/2016 25*0,05 = 1,25	91,575

	учебна 2016/2017	25*0,05 = 1,25	
	Малолетничко казнено право		
	учебна 2012/2013	19*0,05 = 0,95	
	учебна 2013/2014	19*0,05 = 0,95	
	учебна 2014/2015	19*0,05 = 0,95	
	учебна 2015/2016	19*0,05 = 0,95	
	учебна 2016/2017	19*0,05 = 0,95	
	Медицинско казнено право		
	учебна 2012/2013	35*0,05 = 1,75	
	учебна 2013/2014	35*0,05 = 1,75	
	учебна 2014/2015	26*0,05 = 1,3	
	учебна 2015/2016	26*0,05 = 1,3	
	учебна 2016/2017	26*0,05 = 1,3	
	Компаративно казнено право		
	учебна 2012/2013	20*0,05 = 1,0	
	учебна 2013/2014	35*0,05 = 1,75	
	учебна 2014/2015	26,5*0,05 = 1,325	
	учебна 2015/2016	26,5*0,05 = 1,325	
	учебна 2016/2017	26,5*0,05 = 1,325	
	Организиран криминал		
	учебна 2013/2014	35*0,05 = 1,75	
	учебна 2014/2015	35*0,05 = 1,75	
	учебна 2015/2016	35*0,05 = 1,75	
	учебна 2016/2017	35*0,05 = 1,75	

Криминална политика

учебна 2012/2013	35*0,05 = 1,75
учебна 2013/2014	35*0,05 = 1,75
учебна 2014/2015	35*0,05 = 1,75
учебна 2015/2016	35*0,05 = 1,75
учебна 2016/2017	35*0,05 = 1,75

Економско казнено право

учебна 2013/2014	52,5*0,05 = 2,625
учебна 2014/2015	52,5*0,05 = 2,625
учебна 2015/2016	52,5*0,05 = 2,625
учебна 2016/2017	52,5*0,05 = 2,625

Европско казнено право (35 часа , 20% менторска настава =7 часа)

учебна 2012/2013	7*0,05 = 0,35
учебна 2013/2014	7*0,05 = 0,35
учебна 2014/2015	7*0,05 = 0,35
учебна 2015/2016	7*0,05 = 0,35
учебна 2016/2017	7*0,05 = 0,35

Правда и внатрешни работи на ЕУ

учебна 2012/2013	20*0,05 = 1
учебна 2013/2014	17,5*0,05 = 0,875

	Ефикасна и ефективна заштита (enforcement) на интелектуалната сопственост учебна 2012/2013 10*0,05 = 0,5 учебна 2013/2014 20*0,05 = 1 **Право и јавно здравство** учебна 2012/2013 7,5*0,05 = 0,375 **Економско казнено право (насока: Деловно право)** учебна 2013/2014 52,5*0,05 = 2,625 учебна 2014/2015 52,5*0,05 = 2,625 учебна 2015/2016 52,5*0,05 = 2,625 учебна 2016/2017 52,5*0,05 = 2,625 **Економско казнено право (насока: Финансово право)** учебна 2013/2014 52,5*0,05 = 2,625 учебна 2014/2015 52,5*0,05 = 2,625 учебна 2015/2016 52,5*0,05 = 2,625 учебна 2016/2017 52,5*0,05 = 2,625 **Меѓународно казнено право (насока: Меѓународно право)** учебна 2012/2013 25*0,05 = 1,25 учебна 2013/2014 25*0,05 = 1,25	
2.	**Настава во школи и работилници**	
2.1.	Септември 2016 година: излагање на Првата школа за млади кривичари „Реформа на казненото материјално	1,5

	право – контекстуални аспекти“, Здружение на млади кривичари на Македонија, Охрид, Република Македонија (раководител на Школата)	
2.2.	Ноември 2016 година: излагање на работилница на Здружението на млади кривичари „Спречување на криминалот во Република Македонија – иста цел, различни перцепции, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, Република Македонија	1
2.3.	April 2017, CRIME PREVENTION THROUGH CRIMINAL LAW & SECURITY STUDIES, Ninth edition – „Criminal Law and Human Rights", Inter-University Centre in Dubrovnik, Croatia	1
3.	**Подготовка на нов предмет**	
3.1.	**Предавања** Организиран криминал	1
4.	**Консултации со студенти** учебна 2012/2013 150*0,002 = 0,3 учебна 2014/2015 220*0,002 = 0,44 учебна 2015/2016 240*0,002 = 0,48 учебна 2016/2017 220*0,002 = 0,44 учебна 2015/2016 140*0,002 = 0,28	1,94
5.	**Член на комисија на оценка или одбрана на докторат** 19*0,5	9,5
6.	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** 268*0,3	80,4
7.	**Позитивно рецензиран универзитетски учебник**	
7.1	Економско казнено право, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2015	8
8.	**Пакет материјали за одреден предмет** Економско казнено право	2

	Криминална политика	
	Вкупно поени од претходен избор	163,6
	Вкупно	**205,275**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. Број	**Назив на активноста (научноистражувачка):**	**Поени**
1.	**Ментор на докторска дисертација** 4*3 поени =12	12
	Ментор на магистерска работа 127*1	127
2.	**Раководител/учесник во национален научен проект**	
2.1.	Анализа на практичната примена на Законот за одредување на видот и одмерување на казната, Мисија на ОБСЕ во Скопје, Република Македонија, Скопје, 2016 (раководител)	6
2.2	Кодификација на казненото законодавство на РМ, Мисија на ОБСЕ во Скопје, Република Македонија, Скопје 2015	3
2.3	Препораки за развивање на позитивни практики на превенција – услов за некоруптивно и транспарентно извршување на јавните набавки, Граѓанска мрежа за спречување на конфликт на интереси во јавната администрација & ЕУ, Скопје, 2014	3
3.	**Учесник во меѓународни научни проекти**	
3.1.	Drug policy challenges and implementation in South East Europe, Diogenis, Drug Policy Dialogue, 2014 – до денес	5

3.2	Научноистражувачки проект „Реформи во судството“, проектна соработка - Македонска академија на науките и уметностите и Бугарска академија на науките, 1.1.2014 – 31.12.2016 – учесник	5
3.3	Меѓ. проект за размена на искуства за хармонизација на системите на јавни набавки во ЕУ – интегративниот процес, Центар за граѓански комуникации, УСАИД, Подгорица, Црна Гора, февруари 2017	5
4.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**	
4.1.	Прекрошчната vis-à-vis казнената одговорност на правните лица во Република Македонија, (коавтор), Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 1, год. 21, 2016	3,6
4.2.	„Употребната вредност“ на незаконски прибавените докази – осврт врз стандардите и решенијата инкорпорирани во стразбуршкото и во компаративното право“ (коавтор), Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 1, 2015	3,6
4.3.	„Новата мерка на безбедност во КЗ на РМ „фармаколошко – медицинско лекување“ – нејзиниот контекст и импликации“ (коавтор), Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 1, 2014	3,6
4.4.	Comparative and legal analysis of the legislation in the fight against sexual harassment, (коавтор), Proceedings of the Kopaonik School of Natural Law, 25th Anniversary Conference Law and Morality, Serbia, December 2012	3,6
4.5	Mandatory Sentencing Guidelines: The Case Of Macedonia, (коавтор), European Scientific Journal (ESJ), VOL 12, NO 22 (2016)	3,2
4.6	Intellectual Property Rights violations – an overview, Business in Law, no. 2, Moscow, 2013	4
4.7	Една година од примената на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната – проблеми и предизвици (1.01 Изворна научна статија УДК:343.242:340.13(407.7) – коавторство со А. Деаноска- Трендафилова, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 1, 2017	3,6
4.8	Correlation of (non) applicability of the Penal Provisions to the Law on Public Procurement in procedures for Concessions and Public Private Partnership In the Republic of Macedonia (коавторство со В.Шаклева), Balkan Social Science Review, 2014	3,6
5.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание**	

5.1.	„Реформаторскиот дух“ на економските инкриминации во КЗ на РМ, Здружение на правници, Деловно право бр. 36, мај 2017	2
5.2	Правниот егзибиционизам на македонското казнено законодавство (коавтор), Правник, бр. 263, Скопје, 2014	1,8
5.3	(Ново) сепаратно казнено право за јавните набавки (коавтор), Правник, бр. 261, Скопје, 2014	1,8
5.4	Некои дилеми поврзани со кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување и одговорноста на нотарите (коавтор), Нотариус, бр. 19, Скопје, 2012	1,8
5.5	Одговорноста на нотарите во контекст на новите измени и дополнувања на Законот за нотаријат (коавтор), Нотариус, бр. 19, Скопје, 2012	1,8
5.6	Казнена одговорност на одговорните лица во правните лица, Деловно право, бр. 27, 2012	2
5.7	Дали Кривичниот законик може да се менува до бесконечност?, Правник, бр. 272, Скопје, 2014	2
5.8	Парцијалните новелации на КЗ и нивното влијание врз заштитата на правата на граѓаните и правните субјекти – дали е потребен интегрален нов Кривичен законик, Деловно право, бр. 29, 2013 година	2
6.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор**	
6.1	International Conference „Experiences from the Implementation of the New Laws for General Administrative Procedure in the Region of the Southeastern Europe, Охрид, мај, 2017, со реферат на тема: „Прекршочната постапка и ЗОУП – дилеми и перспективи (коавтор)	2,7
6.2.	“Harmonization of criminal legislation of the Republic of Macedonia with the recommendations of the Group of States against Corruption”, (коавтор), The Union of Criminalists and Criminologists, Periodical printed edition, Bulletin 2015, 3-4, Moscow, 2015	2,7
6.3	“Medicine, law and human rights - a symbiotic relationship (коавтор), World Association for Medical Law, Medicine and Law Journal, 33:1, 2014	2,7
6.4	Strafrechtswissenschaft und Konnexitat zu anderen kriminologischen Fachgebieten, Zweiter Internationaler Rechtsvergleichender RUNDER Tisch, Berlin 2013	3

6.5	"The science of criminal law and its relationship with a number of other (new) science of crime", Union of criminalists and criminologists, Moscow, Russia, 2013	3
7.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**	
7.1.	Sentencing guidelines – The Paradox of the Macedonian Legislature, (коавтор), Zagrebačko-skopski kolokvij: zbornik radova, Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Zagreb, 2015	1,8
7.2	"Trading in influence in Macedonian and in Comparative Criminal Law - some critical remarks", (коавтор), Proceedings from the 4th Skopje-Zagreb legal colloquium, 2013	1,8
7.3	Практична настава во текот на студиите и обука на судиите и обвинителите во Македонија (коавтор - 3), Зборник на трудови од меѓународната конференција Регулирање на правното образование и создавање на механизми за континуирана обука и квалификација, (коавтор - 3) Софија, Бугарија	1,6
7.4	Примена на правото и заштитата на човековите права и слободи пред судовите во РМ, (коавтор), Зборник на трудови од Меѓународна конференција Ефиксаност на судскиот систем. Остварување на судската заштита на правата, Кржали, Бугарија	1,8
7.5	За позначајните чекори во реформата на македонското материјално казнено законодавство, Зборник на трудови од Меѓународна конференција Реформа на граѓанското, казненото и административното право, Струмица, РМ	1,8
7.6	Ефиксаноста на судскиот систем во Република Македонија низ извештаите на Европската унија, МАНУ, Скопје 2014 (Проект: „Хармонизација на правниот систем на Република Македонија со правото на Европската унија (зборник од стручна расправа)	2
8.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**	
8.1.	За новините во уредувањето на институтот помилување во законодавството на Република Македонија, (коавтор), Институт за правно-економски истражувања и едукација „ЈУРИДИКА ПРИМА", Зборник на трудови од Охридската школа на правото, мај 2016	2,7
8.2.	Химическаја кастрацијa в сравнителном праве на примере Македонии и других стран, III BEYNELIXALQ ELMI KONFRANS, мај, 2015	3
8.3	"Medical Criminal Law-a challenge of the new era", (коавтор), Proceedings of the 1st International Interdisciplinary Conference	2.7

	Bioethics-the sign of a new era: Bioethics, Media, Law and Medicine, Faculty of Law "Iustinianus Primus", Skopje 2012	
9.	**Пленарни предавања на научен/стручен собир**	
9.1.	Мај 2017 година: учество и излагање на 76-та Средба на правниците на Република Македонија со тема „Реформаторскиот дух" на економските инкриминации во КЗ на РМ, Охрид, Република Македонија	2
9.2	Февруари – март 2017 година: Јавните набавки во Македонија: искуства и предлог - законски решенија за нивно подобрување, Центар за граѓански комуникации, УСАИД, Велес, Скопје, Република Македонија	2
9.3	2014 година: излагање на обука со тема „Казнена одговорност на правни лица", Академија за судии и јавни обвинители, Скопје, Република Македонија	2
9.4	"Illegal Actions in the Pharmaceutical Sphere", European Pharmaceutical Conference "Cannabis as food, food supplement and medicine", July, Охрид, 2016	2
9.5	Добрите практики усогласени со европските стандарди за независно судство и за правото на граѓанинот да му суди независен и непристрасен суд МАНУ, Скопје, 2014	2
10.	**Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
10.1.	Август – септември 2014 година: учество и излагање на 19. Меѓународен конгрес по казнено право, Светско здружение за кривично право, Рио де жанеиро, Бразил	3
10.2.	Мај - јуни 2014 година: учество и излагање на Меѓународна конференција по казнено право „The Legal and Democratic State: probems of theory and practice (in the practice of Europe and CIS countries)", со реферат на тема: Новите форми на општествена реакција во превенирањето и сузбивањето на криминалитетот", Баку, Азарбецан	3
10.3.	"Position and Treatment of Mentally Ill Offenders - Comparative Overview", International Conference "Forensic Psychiatry and Prison psychiatry between Medicine and Law", World Psychiatric Association Co-Sponsored International Conference on Forensic Psychiatry, Ohrid, Macedonia, October, 2016	3
10.4.	Реформи во судството (МАНУ&БАН), Прва конференција: Регулирање на правното образование и создавање на механизми за континуирана обука и квалификации, Софија, 15-17.4.2015, пленарно предавање	3

10.5.	Реформи во судството (МАНУ&БАН), Втора конференција: Правно уредување на судскиот систем, 5-7.6.2015, Охрид, пленарно предавање	3
10.6.	Реформи во судството (МАНУ&БАН), Трета конференција: Регулирање и унапредување на судската власт и правосудството, 29.10-1.11.2015, Крџали, Бугарија, пленарно излагање	3
10.7	Реформи во судството (МАНУ&БАН), Четврта конференција: Реформи во казненото, граѓанското и управното право, Струмица, 1-3.4.2016 година, пленарно излагање	3
10.8	Реформи во судството (МАНУ&БАН), Петта конференција:Хармонизација на националното право со правото на Европската Унија: 14-16.10.2016 година, Софија, Бугарија, пленарно излагање	3
11.	**Апстракти објавени во зборници од меѓународна конференција**	
11.1	"The Right to Die vs. the Value of Life – The Story about Euthanasia and Assisted Suicide", Book of abstracts, International Conference, Alba Iulia, Romania, 26th -28th of September 2013 "Dying and Death in 18th -21st Century Europe", sixth edition, "Eastern and Western Ways of Dying and Death", 2013	1
11.2	"Position and Treatment of Mentally Ill Offenders - Comparative Overview", Book of Abstracts, International Conference "Forensic Psychiatry and Prison psychiatry between Medicine and Law", World Psychiatric Association Co-Sponsored International Conference on Forensic Psychiatry, October, 2016	1
	Вкупно поени од претходен избор	238,3
	Вкупно	**279, 3**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста (стручно-апликативна):**	**Поени**
1.	**Книга од стручна област**	
1.1.	Административна, управно-судска и казненоправна заштита на правата од интелектуална сопственост, (коавтор), Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2012	7

1.2	Кривичен законик - интегрален текст, Предговор, кратки објаснувања и регистар на поими, трето изменето и дополнето издание, Стоби Трејд, Скопје 2017 –автор	8
1.3	Кривичен законик - интегрален текст, Предговор, кратки објаснувања и регистар на поими, второ изменето и дополнето издание, Стоби Трејд, Скопје 2015- автор	8
1.4	Кривичен законик - интегрален текст, Предговор, кратки објаснувања и регистар на поими, 2014- автор	8
2.	**Учество во промотивни активности на факултетот/институтот**	
2.1.	Промоција на студиските програми на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2012	0,5
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС		
1.	**Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание**	
1.1.	Член на Издавачки совет на Здружението на судии на Република Македонија, јуни 2016	0,5
1.2.	Член на уредувачки одбор на Научно-практический журнал "Общество и право", Краснодарски универзитет, Министерство за внатрешни работи, Руска Федерација	1
2.	**Член на факултетска комисија**	
2.1.	Претседател на Комисија за евалуација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2014	0,5
2.2	Член на Комисија за избор во звање (за проф. д-р А.Деаноска – Трендафилова)	0,2
3.	**Учество во комисии и тела на државни и други органи**	
3.1	Претседател на Македонското претставништво на Здружението на криминалисти и криминолози, Здружение на криминалисти и криминолози со седиште во Москва-	1
3.2	Претседател на Здружение на млади кривичари	1
3.3	Arbiter, World Arbitration Center, ICIC in ICPP	1
3.4	Раководител на постдипломски (мастер) студии по казнено право (од 2016 - денес)	2

3.5	Продекан на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – до 2014 година	4
	Вкупно поени од претходен избор	31,2
	Вкупно	**42,7**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**205,275**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**279,3**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**42,7**
Вкупно поени од претходен избор	**433,1**
Вкупно	**527,275**

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. **Акад. проф. д-р Владо Камбовски, с.р.**
2. **Проф. д-р Љупчо Анаудовски, с.р.**
3. **Проф. д-р Методија Каневчев, с.р.**

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТИ ПОЛИТИЧКИ НАУКИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на својата седница одржана на 27.4.2017 година, донесе Одлука за формирање Комисија за избор на наставник во сите научни звања на научната област применети политички науки, во состав: проф. д-р Татјана Петрушевска проф. д-р Зоран Илиевски и проф. д-р Ненад Марковиќ. На конкурсот објавен во дневните весници „Дневник“ и „Коха“ од 13 април 2017 година се пријави кандидатот: д-р Владимир Божиновски.

Кон пријавата кандидатот достави: одлука за стекнат соодветен степен на образование-доктор на науки, кратка биографија, список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од нив. По разгледувањето на пријавата со приложените документи, Комисијата го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. **Биографски податоци и образование**

Кандидатот д-р Владимир Божиновски е роден на 1.1.1976 година во Скопје, Република Македонија. Основното и средното образование го завршил во Скопје со континуиран одличен успех. Учествувал на неколку натпревари на градско ниво на кои има освојувано и награди. Во 2002 година дипломирал на Правниот факултет политички студии во Скопје, на отсекот јавно мислење и масовни комуникации, со просечен успех 9,04. Во 2002-2003 магистрирал на Факултетот за политички науки при Универзитетот во Болоња, Италија, во областа Governance and politics of European Integration, при што се здобил со титулата магистер по европски политики и интеграции (Master of Science Degree). Со Одлука на Министерството за образование и наука бр. 09-3739/2 од 7.10.2005 година, дипломата е призната во Република Македонија како документ за завршени постдипломски студии и стекнат академски степен магистер на политички науки. Во мај 2012 година кандидатот успешно ја одбранил докторската дисертација со наслов „Улогата на теориите за интеграција во создавањето на ЕУ“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Кандидатот одлично говори англиски јазик, како и јазиците од јужнословенската група, а добро се служи и со италијанскиот јазик. Исто така располага со компјутерски вештини и има солидни познавања од информатичката технологија.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1038 од 14.9.2012, како и вкупните научни, стручни и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која што е од важност за изборот.

Наставно-образовна дејност

Кандидатот д-р Владимир Божиновски е континуирано вклучен во наставно-образовната дејност на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на првиот и вториот циклус студии.

Во 2007 година, кандидатот е избран за асистент на научната област применети политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“, а од 2003 година бил ангажиран и како демонстратор на предметите Јавно мислење и масовни комуникации и Јавно мислење (применета програма) на истиот Факултет. Тој е ангажиран и изведува вежби по предметите: Јавно мислење, Истражување на јавно мислење, истражувачки методи, идејата за Европа и теории за европска интеграција.

По изборот во звањето доцент, во октомври 2012 година кандидатот изведува настава на повеќе предмети од прв и втор циклус на политичките студии, како и на студиите по новинарство и односи со јавност на Правниот факултет „Јустинијан Први“. На прв циклус студии, кандидатот изведува настава по предметите: Јавно мислење и масовни комуникации (политички студии) на македонски и англиски јазик, како и Јавно мислење и Политички маркетинг на студиите по новинарство и односи со јавноста. Во втор циклус на политички студии, кандидатот е ангажиран на предметите: Методологија на политичките науки на македонски и англиски јазик, Современа европска историја и идејата за Европа на македонски и англиски јазик, Истражување на јавно мислење, Применети политики и Политичка анализа.

Кандидатот бил ментор на изработка на 3 магистерски труда, како и член на комисија за оцена и одбрана на 14 магистерски трудови. Кандидатот, исто така, учествувал и во 3 комисии за докторски дисертации. Уште со првичниот ангажман на Факултетот, кандидатот активно учествува во развојот на нови предметни програми на Правниот факултет. Во периодот 2005-2011, тој е добитник на стипендијата Returning Scholar во рамките на AFP (Academic

Fellowship Program) програмата, која е насочена кон академско усовршување на млади академски работници. Во рамките на оваа програма, тој постојано учествува на академски конференции, семинари и работилници насочени кон имплементирање на современи наставни програми, како и усовршување на иновативни методи на предавање и оценување. Тој, исто така, бележи значителен ангажман во имплементацијата на Темпус-проекти за развој на наставната програма на политичките студии на Правниот факултет. Во периодот по изборот во звањето доцент, кандидатот учествува во подготовката на повеќе нови предмети на додипломски и постдипломски студии како што се: Политички маркетинг, Применети политики, Политичка анализа, Методологија на политички науки, Современа европска историја и идејата за Европа, Политички кампањи, Применети политики во РМ и Политички маркетинг и односи со јавноста.

Научноистражувачка дејност

Владимир Божиновски учествува во повеќе научноистражувачки проекти со голем број на странски партнери. Тој е автор на голем број научни и стручни трудови од областа на политичките науки и учесник е на голем број академски конференции. По неговиот избор во звањето доцент, кандидатот е автор или коавтор на 10 труда, од кои три се монографии: *Идеја за Европа, Идентитет и христијанство, Перцепции на граѓаните за религијата и нејзината улога во мултиконфесионалните општества* и *Elite and popular perception in Macedonia of the refugee and migrant crisis,* потоа пет труда со оригинални научни резултати објавени во научно/стручно списание: *Дефинирање на сопственоста во развиениот среден век*, *Државата на Карло Велики и обединета Европа*, *Идејата за универзална држава, Федерализмот и Европската Унија* и *Бранителот на мирот и унификација на Европа*, како и еден труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: *Ефектот на изборен бојкот* и еден труд со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание; *Идејата за Европа во Антиката*.

Кандидатот, по изборот во звањето доцент, учесник е на три национални и три меѓународни научни проекти. Како предавач учествува на бројни конференции, обуки, работилници и научни и стручни собири во земјата и во странство, како што се: „Macedonia at cross roads- political options, scenarios, roles of local and international civil society“ во 2017 и „Shaping a Sustainable Future in Macedonia: Society, Economy and Environment in a Changing World“ во 2016, во организација на Berghof Foundation *and* Suedosteuropa-Gesellschaft, потоа „Through the Balkans to Germany: Migration and Refugee Flows in Europe“ во 2016 во организација на SWP, „University Partnership Program-Balkan Human Corridor“ и “Nationalism, National Identity, and Public Opinion in Greece and Macedonia,” во организација на Columbia University итн.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Во однос на стручно-апликативната дејност, кандидатот бележи значајни професионални консултантски ангажмани, како и истражувачка работа во невладиниот сектор и во реномирани организации за испитување на јавното мислење. Помеѓу другото, до 2010 година тој е директор на Центарот за јавно мислење во Институтот за демократија Societas Civilis од Скопје (ИДСЦС), а од 2010 наваму, директор во Институтот за политички истражувања од Скопје (ИПИС).

Како основач, член на бордот и директор на Центарот за јавно мислење, од 1999 до 2010 година во тинк тенк организацијата ИДСЦС, а од 2010 во ИПИС, тој зема учество во исклучително голем број на истражувачки проекти од областите на јавни политики и истражување на јавното мислење.

Помеѓу другите можат да се наведат „Survey-based performance monitoring of active labour market programmes (ALMPs) in Macedonia“ и „Survey for the purpose of the impact evaluation of selected active labour market programmes implemented in Macedonia“ во соработка со ILO, потоа „Анализа на ефикасноста на системот за електронско издавање на градежни дозволи во Македонија“ во соработка со GIZ, Изведбени и оперативни ревизии за програми на Светска банка, „Истражување за религијата и нејзината улога во мултиконфесионалните општества“ со КАС, Истражување кај извршни менаџери за Индексот на глобална конкурентност 2013–2016 година за Светскиот економски форум, „Студија за задоволството на граѓаните од квалитетот на административните услуги и истражување „Таен клиент“ во државни институции“ за МИОА, „Истражување и евалуација на квалитетот на здравствените услуги“ за Министерство за здравство, Public Opinion Research for the Political Analysis and Emerging Scenarios initiative (PAESI) за UNDP, итн.

Оценка од самоевалуација

На анонимно спроведените анкети меѓу студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, на првиот циклус политички студии по предметната програма Јавно мислење и масовни комуникации, кандидатот е континуирано позитивно оценуван со високи просечни оценки, кои за академските години по неговиот избор во звањето доцент се: за академската 2012/2013 година - просечна оценка 4,44, за академската 2013/2014 година - со просечна оценка 4,58, и за академската 2015/2016 година - со просечна оценка 4,61. Во академската година 2014/2015, просечните оценки за предметот Политички теории за македонската и англиската група се 4,53 и 4,51 следствено, за Цивилно општество 3,97 и 4,42, а за предметот Политичка филозофија 4,53.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Владимир Божиновски е ангажиран на Правниот факултет „Јустинијан Први“ уште од 2003 година како демонстратор. Од 2007

година е асистент на предметот Јавно мислење. Тој континуирано покажува способност за наставно-научна дејност со голем број на објавени трудови. Во текот на неговиот наставно-образовен ангажман, кандидатот се профилира во одличен предавач и педагог што се потврдува и со резултатите од студентските евалуации. Тој е вклучен во развој и имплементирање на повеќе предметни програми од областа на применетите политички науки на додипломските студии и на постдипломските програми на политичките студии на Правниот факултет.

Исто така, во својата досегашна работа, кандидатот се одликува и со значаен придонес во научноистражувачката дејност. Има објавено голем број на политиколошки научни и стручни трудови, учествувал на многубројни меѓународни академски конференции и стручни собири и бил дел од неколку меѓународни истражувачки проекти, а се служи и со два од светските јазици. Тој има извонредно практично искуство како учесник и раководител во голем број проекти од повеќе области на применети политички науки, особено кај јавното мислење и методите за истражување на политичките науки, а се истакнува и со својата работа во невладиниот сектор. Во 2012, кандидатот е избран за доцент на предметот Јавно мислење и масовни комуникации. Неговото работење се одликува со професионалност и ефикасност при извршувањето на работните задачи на Факултетот, а освен на матичната Катедра за применети политички науки, тој е ангажиран и на студиите по новинарство и односи со јавноста.

Со оглед на тоа што кандидатот д-р Владимир Божиновски ги исполнува сите услови за избор во наставно-научното звање вонреден професор на научната област применети политички науки, а поаѓајќи од сето она што беше претходно изнесено во евалуацијата, Рецензентската комисија, со големо задоволство, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

П Р Е Д Л О Г

Кандидатот **д-р Владимир Божиновски** да биде избран за наставник во наставно-научното звање вонреден професор на научната област применети политички науки.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Татјана Петрушевска, с.р.

Проф. д-р Зоран Илиевски, с.р.

Проф. д-р Ненад Марковиќ, с.р.

О Б Р А З Е Ц

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Владимир Миленко Божиновски

Институција: Правен факултет „Јустинијан Први“-Скопје

Научна област: применети политички науки

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Одржување на настава** [12]	
	- од прв циклус студии: **Учебна 2012-2013 год.** Јавно мислење и мас. комуникации 5*15*0,04= 3 **Учебна 2013-2014 год.** Јавно мислење и мас. комуникации 5*15*0,04= 3 Јавно мислење: 1,73*15*0,04= 1,04 Пол. Маркетинг (новинарство) 1,73*15*0,04=1,04 Пол. Маркетинг (односи со јавност) 1,73*15*0,04=1,04	3 6,12

[12] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за одржување настава од прв циклус студии) = поени.

	Учебна 2014-2015 год. Политички теории 0,66*15*0,04= 0,4 Политичка социологија 0,66*15*0,04= 0,4 Цивилно општество: 0,66*15*0,04= 0,4 Теории за мирот и конфликтите 0,43*15*0,04= 0,26 Пол. филозофија 0,43*15*0,04= 0,26 Политички теории (англиска група) 0,66*15*0,04= 0,4 Политичка социологија (англиска група) 0,66*15*0,04= 0,4 Цивилно општество: 0,66*15*0,04= 0,4 Пол. Маркетинг (новинарство) 1,73*15*0,04=1,04 Пол. Маркетинг (односи со јавност) 1,73*15*0,04=1,04 **Учебна 2015-2016 год.** Јавно мислење и мас. комуникации 4*15*0,04= 2,4 Јавно мислење и мас. Комуникации (анг) 4*15*0,04= 2,4 Јавно мислење: (новинарство) 1,73*15*0,04= 1,04 Пол. Маркетинг (новинарство) 1,73*15*0,04=1,04 Јавно мислење: (односи со јавност) 1,73*15*0,04= 1,04 Пол. Маркетинг (односи со јавност) 1,73*15*0,04=1,04 **Учебна 2016-2017 год.** Јавно мислење и мас. комуникации 2*15*0,04= 1,2 Јавно мислење и мас. Комуникации (анг) 2*15*0,04= 1,2 Јавно мислење: (новинарство) 1,73*15*0,04= 1,04 Пол. Маркетинг (новинарство) 1,73*15*0,04=1,04 Јавно мислење: (односи со јавност) 1,73*15*0,04= 1,04	5 8,96 8,66

	Пол. Маркетинг (односи со јавност) 1,73*15*0,04=1,04 Пол. Маркетинг (изборен) 3,5*15*0,04=2,1	
	- **од втор циклус студии**: **Учебна 2012-2013 год.** Политичка анализа 1,66*15*0,05= 1,25 Идеја за Европа и теории за европска интеграција 1,66*15*0,05= 1,25 Идеја за Европа: 1,66*15*0,05=1,25 Методи на истражување на пол. појави: 3,5*15*0,05=2,625 Истражување на јавното мислење 1,66*15*0,05=1,25 Вовед во интердисциплинарен пристап 0,9*15*0,05=0,675 **Учебна 2013-2014 год.** Идеја за Европа и теории за европска интеграција 1,66*15*0,05= 1,25 Идеја за Европа: 1,66*15*0,05=1,25 Методи на истражување на пол. појави: 3,5*15*0,05=2,625 Истражување на јавното мислење 3,5*15*0,05=2,625 Вовед во интердисциплинарен пристап 1,26*15*0,05=0,95 **Учебна 2014-2015 год.** Идеја за Европа и теории за европска интеграција 1,66*15*0,05= 1,25 Применети политики 1,2*15*0,05= 0,9 Политичка анализа 1,66*15*0,05= 1,25	8,3 8,7 9,9

	Идеја за Европа: 1,66*15*0,05=1,25 Методи на истражување на пол. појави: 3,5*15*0,05=2,625 Истражување на јавното мислење 3,5*15*0,05=2,625 **Учебна 2015-2016 год.** Применети политики 1,2*15*0,05= 0,9 Политичка анализа 1,66*15*0,05= 1,25 Идеја за Европа: 3,5*15*0,05=2,625 Методи на истражување на пол. појави: 3,5*15*0,05=2,625 Истражување на јавното мислење 3,5*15*0,05=2,625 Идеја за Европа и теории за европска интеграција 2,5*15*0,05= 1,875 **Учебна 2016-2017 год.** Методологија на пол. науки 2*15*0,05= 1,5 Методологија на пол. Науки (англиска група) 2*15*0,05= 1,5 Современа евр. Историја и идејата за Европа 2*15*0,05= 1,5 Современа евр. Историја и идејата за Европа (англис.) 2*15*0,05= 1,5 Јавно мислење (изборен) 1,73*15*0,05=1,3 Истражување на јавното мислење 3,5*15*0,05=2,625	11,9 9,925 **Вкупно:** **=** **80,465**
2.	**Настава во школи и работилници**	**7**
	Работилница за Political Analysis and Emerging Scenarios Project UNDP, октомври 2012 година	1

	Работилница за Political Analysis and Emerging Scenarios Project UNDP, ноември 2012 година	1
	Работилница за Political Analysis and Emerging Scenarios Project, презентација на трудови на експерти и дискусија за елитите/лидерите, UNDP, март 2013 година	1
	Работилница за Political Analysis and Emerging Scenarios Project, Scenario Building Workshop-UNDP, август 2013 година	1
	Политичка академија- Фондација „Конрад Аденауер," март 2014	1
	"Political Communication and Campaign Strategies"-Jarl Hjalmarson Foundation октомври 2016	1
	The perception of the citizens about religion and its role in the multi religious societies- Фондација „Конрад Аденауер," март 2017	1
3.	**Подготовка на нов предмет** Политички маркетинг Применети политики Политичка анализа Методологија на политички науки Современа евр. историја и идејата за Европа Политички кампањи Применети политики во РМ Пол. маркетинг и односи со јавноста	**8**
4.	**Консултации со студенти** учебна 2012/2013 150*0,002 = 0,3 учебна 2013/2014 150*0,002 = 0,3 учебна 2014/2015 150*0,002 =0,3 учебна 2015/2016 150*0,002 = 0,3	**1,5**

	учебна 2016/2017 150*0,002 = 0,3	
5.	**Член на комисија за оценка и одбрана на докторат** (3*0,5=1,5)	**1,5**
6.	**Член на комисија за оценка и одбрана на магистратура** (14*0,3= 4,2)	**4,2**
7.	**Пакет материјали за одреден предмет** Политички Маркетинг Применети политики Политичка анализа Методологија на политички науки Современа евр. Историја и идејата за Европа Политички кампањи Применети политики во РМ Пол. Маркетинг и односи со јавноста	**8**
	Вкупно	**110,665**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Ментор на магистерска работа (3*1=3)**	**3**
2.	**Учесник во национален научен проект**	
2.1		**3**

	Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на РМ – Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, УКИМ, Р Македонија, позиција – истражувач	
2.2	„Учеството на студентската заедница во градењето на локалните демократски капацитети, Правен факултет „Јустинијан Први“, 2015	**3**
3.	**Учесник во меѓународни научни проекти**	
3.1.	*Political Analysis and Emerging Scenarios initiative (PAESI)* – United Nations Development Programme – Macedonia (UNDP), 2012/2013	**5**
3.2.	*The Project on Macedonia and Southeaest Europe*, Институт за политички истражувања-Скопје/фондација алијанса на цивилизации /Columbia University, 2016/2017	**5**
3.3	*Analysis and Survey on Public Opinion in Greece and Macedonia*, Институт за политички истражувања-Скопје /Columbia University, 2016	**5**
4.	**Монографија**	
4.1	*Идеја за Европа, идентитет и христијанство*, Министерство за култура, 2013	**8**
4.2	*Перцепции на граѓаните за религијата и нејзината улога во мултиконфесионалните општества*, Konrad Adenauer Stiftung, Скопје, 2016	**4**
4.3	*Elite and popular perception in Macedonia of the refugee and migrant crisis, Essays on migrant and refugee Crisis, Columbia University, 2016*	**6**
5.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**	
5.1.	*Дефинирање на сопственоста во развиениот среден век*, Годишник во чест на проф. Јане Миљоски, 2016	**4**

5.2	*Државата на Карло Велики и обединета Европа*, Годишник во чест на проф. Лазе Китановски, УКИМ, 2015	**4**
5.3	*Идејата за универзална држава,*Годишник во чест на проф. Славко Милосавлески, УКИМ, 2015	**4**
5.4	*Федерализмот и Европската Унија*, Годишник во чест на проф. Симеон Гелевски, УКИМ, 2014	**4**
5.5	*Бранителот на мирот и унификација на Европа*, Годишник во чест 18 години политички студии, УКИМ, 2012	**4**
6.	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**	
6.1	*Ефектот на изборен бојкот*, "Политичка мисла", Konrad Adenauer Stiftung, Скопје, Март, 2013	**6**
7.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно /научно популарно списание**	
7.1	*Идејата за Европа во Антиката*, е-зборник на трудови, МПФ, 2015-(EBSCO Publishing-ISSN 1857-9167)	**2**
8.	**Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
8.1	Април 2017, секциско излагање на меѓународен стручен собир „Macedonia at cross roads- political options, scenarios, roles of local and international civil society " Berghof Foundation *and* Suedosteuropa-Gesellschaft, Берлин, Германија	**2**
8.2	**Ноември 2016, секциско излагање на меѓународен стручен собир „Through the Balkans to Germany: Migration and Refugee Flows in Europe" Stiftung Wissenschaft und Politik (SWP) and the Representation of Lower Saxony to the European Union, Брисел, Белгија**	**2**
8.3	Септември 2016, секциско излагање на меѓународен стручен собир: „Shaping a Sustainable Future in Macedonia: Society, Economy and Environment in a Changing World" Suedosteuropa-Gesellschaft *and* Berghof Foundation, Виена, Австрија	**2**

8.4	Јуни 2016, секциско излагање на меѓународен стручен собир: „University Partnership Program-Balkan Human Corridor“, ELIAMEP и Columbia University, Атина, Грција	**2**
8.5	Април 2016, секциско излагање на меѓународната конференција 21th Annual World Convention of the Association for the Study of Nationalities “Nationalism, National Identity, and Public Opinion in Greece and Macedonia” - Columbia University, Њу Јорк, САД	**2**
8.6	Февруари 2016, секциско излагање на меѓународен стручен собир: „University Partnership Program-Balkan Human Corridor“,Columbia University, Солун, Грција	**2**
8.7	Октомври 2015, секциско излагање на меѓународен стручен собир: „University Partnership Program“,Columbia University, Солун, Грција	**2**
8.8	Април 2013, секциско излагање на меѓународен стручен собир „Polling and Research for Campaigning and Party-Building Purposes“-International Republican Institute (IRI), Охрид	**2**
	Вкупно	**86**

СТРУЧНО –АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Студија, физибилити - студија, истражување на пазарот**	
1.1.	Survey-based performance monitoring of active labour market programmes (ALMPs) in Macedonia, International Labor Organization (ILO), 2012	2
1.2	Студија за реформите на секторите труд и социјална политика, Светска Банка/Министерство за труд и социјални политики/ Институт за политички истражувања Скопје, 2013	2

1.3	Истражување кај извршни менаџери за Индексот на глобална конкурентност 2013–2016 година на Светскиот економски форум, WEF, 2013-2016	2
1.4	Студија за задоволството на граѓаните од квалитетот на административните услуги и истражување „Таен клиент“ во државни институции, МИОА, 2013-2014	2
1.5	Public Opinion Research for the Political Analysis and Emerging Scenarios initiative (PAESI) – United Nations Development Programme – Macedonia (UNDP), 2013	2
1.6	Студија за програмата за условени парични надоместоци за субвенционирано вработување на корисници на социјална парична помош, Светска банка/Министерство за труд и социјални политики, 2014	2
1.7	Survey for the purpose of the impact evaluation of selected active labour market programmes implemented in Macedonia, International Labor Organization (ILO), 2014	2
1.8	Изведбена ревизија на Програмата за условен паричен надоместок за средно образование и на Програмата за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување за 2014-2016 година, Светска банка/Министерство за труд и социјални политики, 2014-2016	2
1.9	Анализа на ефикасноста на системот за електронско издавање на градежни дозволи во Македонија, Германско друштво за интернационална соработка-GIZ, 2015	2
1.10	Оперативна ревизија на Програмата за условен паричен надоместок за средно образование и на Програмата за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување за година, Светска банка/Министерство за труд и социјални политики, 2014-2016	2
1.11	Истражување за задолжителните пензиски фондови во Македонија, Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, 2015	2
1.12	Истражување за религијата и нејзината улога во мултиконфесионалните општества“, Konrad Adenauer Stiftung, 2016	2

1.13	Истражување и евалуација на квалитетот на здравствените услуги, Министерство за здравство, 2015-2016	2
1.14	Евалуација за квалитетот и ефикасноста од спроведување на политиката и реализацијата на проектите на ФЗОМ, ФЗОМ, 2016	2
	Вкупно	**28**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	110,665
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	86
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	28
Вкупно	**224,665**
Вкупно поени од претходен избор	**170,74**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Татјана Петрушевска с.р

Проф. д-р Зоран Илиевски с.р.

Проф. д-р Ненад Марковиќ с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ,,УСТАВНОСУДСКА ЗАШТИТА НА СЛОБОДИТЕ И ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ" ОД М-Р ШПЕНДИМ МАКСУТИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ,,ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први"при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј " во Скопје, на седницата одржана на 21.12.2016 год. донесе Одлука за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: „Уставносудска заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот" од кандидатот м-р Шпендим Максути, во состав: проф. д-р Марика Ристовска (ментор), проф. д-р Татјана Петрушевска, проф. д-р Осман Кадриу, проф. д-р Гордан Калајџиев и доц. д-р Јелена Трајковска-Христовска. Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Човековите права и слободи и нивното остварување во секоја држава претставува комплексно прашање. Во остварувањето на човековите права и слободи значајни се правните средства и правните механизми. Во докторската дисертација, кандидатот се определува за уставносудска заштита на човековите права и слободи. Поради актуелноста на оваа мошне актуелна тема, Наставно-научниот совет ја прифати подобноста на темата при што кандидатот го изготви трудот.

Комисијата за оцена пристапи кон стручната и професионалната анализа на трудот. Најпрвин утврди дека трудот започнува со воведот и воведните клучни зборови. Централната тема која што се однесува на уставносудската заштита на човековите права и слободи е поделена во два дела. Во рамките на првиот дел има четири оддели и во секој од нив кандидатот се осврнува на конкретни прашања. По однос на вториот дел, трудот поседува, исто така, четири оддели за чии прашања Комисијата се осврнува со конкретни свои оценки во овој извештај.

Во рамките на **воведот,** кандидатот се осврнува на значењето на темата која се однесува на човековите права и слободи и нивната правна заштита. Комисијата утврди дека кандидатот се повикува на конкретни методи и нивното користење

при изготвувањето на оваа професионална и стручна анализа. Се наведуваат методите, како што се: компаративниот метод, историскиот метод и дескриптивниот метод. За користените методи, секој поединечно, и сите во целина, кандидатот ги подвлекува новините на секој од користените методи.

СТРУКТУРА НА ТРУДОТ

Комисијата за оцена ги анализираше и од стручен и професионален аспект ги оценува решенијата во рамките на конкретните прашања поделени во трудот. Во рамките на **првиот дел,** поточно како и во рамките на **првиот оддел,** кандидатот дава општ осврт за човековите права со нагласка на нивната појава и нивното правно уредување. Се подвлекуваат прашањата од теоретска гледна точка за правната заштита на човековите права. Се нагласуваат и новините кои ги содржи меѓународното право со посебна забелешка на периодот по Втората светска војна. Во **вториот оддел** се прави обид, според оценката на Комисијата, да се подвлекуваат и се подвлекуваат важните начела за заштита на човековите права и слободи согласно Уставните решенија на Уставот на Република Македонија од 1991 год.

Во рамките на **третиот оддел,** кандидатот прави осврт за уставносудската заштита во конкретни и поголеми правни системи. Се анализираат решенијата на судскиот систем на САД, како и Јужноафриканската Република. Од поголемите правни системи, кандидатот се задржува и на англосаксонскиот систем со важните забелешки на правото на Велика Британија. За наведените системи се забележуваат заедничките решенија по однос на судската заштита на човековите права, како и разликите кои што постојат меѓу нив.

Во рамките на **четвртиот оддел,** кандидатот се осврнува на важните уставни решенија и важните институции без чие постоење и не може да се оствари квалитетна заштита на човековите права и слободи. Посебно се елаборираат начелата на кои се заснова уставносудската заштита. Во тој контекст, кандидатот прави посебен осврт за важните институции од уставноправната материја. Од нив, посебно се задржува на владеењето на правото, уставноста и законитоста.

Комисијата за оцена посебно го ценеше **ВТОРИОТ ДЕЛ**. Ова од причина што во вториот дел фактички се обработува и се елаборира целиот комплекс на прашања кои се однесуваат на уставносудската заштита на човековите права. Од историска гледна точка, а при фактот дека уставноста и законитоста претставуваат важни надлежности на уставните судови, во трудот се дава осврт на конкретните системи, поточно на облиците на контролата на уставноста и

законитоста. Се појаснува постапката на контролата на уставноста и законитоста пред законодавниот орган, се разбира, во оние правни системи во кои со позитивна регулатива постоеше таква определба. Во рамките на уставносудската заштита, се елаборираат и решенијата на уставното судство сметано од неговото воведување во споредбеното право. Прашањето на уставното судство, а со цел за една појасна претстава, кандидатот прво се задржува на надлежноста на уставното судство за заштита на уставноста и законитоста.

За изложните теми на уставносудската заштита, во трудот се дава еден целосен преглед на стручно и на професионално ниво по однос на новините и важните начела на уставното судство на Република Македонија.

Во **вториот оддел,** кандидатот влегува во продлабочена анализа за уставно-судската заштита на човековите слободи и права во конкретни земји. Се задржува посебно на уставносудската заштита на Република Австрија, Република Албанија, Сојузна Република Германија, контролата на уставноста, поточно уставносудската заштита на човековите права во Франција, во Република Хрватска, во Швајцарија, како и за уставносудската заштита на човековите права во Кралството Шпанија.

Во споредбеното право и во споредбената уставносудска заштита на човековите слободи и права во земјите за кои кандидатот има посебен осврт, а се наведени во овој извештај, кандидатот ги подвлекува сличностите, но и разликите кои постојат во дотичните земји. Исто така, ги подвлекува и најквалитетните решенија по однос на уставносудската заштита. Се нагласува дека квалитетна уставно-судска заштита во споредбеното уставно право се забележува во Германија, Франција, Швајцарија и Шпанија.

Во **третиот и четвртиот,** кандидатот се осврнува на уставносудската заштита на човековите права во Република Македонија. Комисијата оценува, се разбира позитивно, дека кандидатот за една покомплексна претстава, на две нивоа ја третира уставносудската заштита на човековите права. Првото ниво се однесува на контролата на уставноста и законитоста во Република Македонија и надлежностите на Уставниот суд на Република Македонија, согласно со Уставот од 1963 година.

Важен осврт кандидатот прави за уставносудската заштита на човековите слободи и права во Република Македонија сметано од донесувањето на првиот Устав по осамостојувањето на Република Македонија како независна, самостојна, демократска и социјална држава, а Уставот се донесе 1991 година. Анализирајќи го Уставот од 1991 год. се забележува определбата на кандидатот дека со уставните решенија кај нас се заштитуваат основните човекови слободи и права пред Уставниот суд, но само во мошне ограничен обем. Станува збор

само за три слободи и права за кои Уставот гарантира уставносудска заштита пред Уставниот суд. Тие се: правото на забрана на дискриминација, слободата на здружување и слободата на мислата и на изразувањето.

Заслужува внимание што во трудот кандидатот кога прави анализа за уставносудската заштита на човековите слободи и права според Уставот на Република Македонија, кандидатот се осврнува и на предлог-уставните решенија утврдени во 2014 година, во вид на уставни амандмани, но кои амандмани сè уште не се усвоени од страна на Собранието на Република Македонија. Според решенијата на предлог-амандманите, кандидатот се осврнува и на „Листата“ на човековите слободи и права за кои се предлага да им се обезбеди уставносудска заштита. Листата е широка и главно ги опфаќа основните човекови слободи и права, како и корпусот на политичките права.

Во трудот, кандидатот има заклучок и заклучно согледување. Во заклучокот и заклучното согледување, кандидатот се осврнува на позитивните решенија по однос на прашањата поврзани со заштитата, и тоа уставносудската заштита на човековите слободи и права во Република Македонија, како и во споредбеното право. За конкретни прашања предлагаѐ и конкретни решенија – **de lege ferenda**.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторскиот труд „Уставносудската заштита на човековите слободи и права“, од кандидатот м-р Шпендим Максути, обработува многу значајна тема од областа на уставното право и уставноправната материја. Темата е мошне актуелна не само за Република Македонија, туку и пошироко. Богатата користена литература ја покажува способноста на кандидатот за систематско и аналитичко користење на стручната литература.

Материјата е изложена на јасен начин како од аспект на содржината, така и од аспект на формата поточно од аспект на неговата систематизација. Кандидатот пристапува продлабочено и критички ги анализира актуелните прашања кои се однесуваат на уставносудската заштита пред уставните судови. За конкретни прашања, кандидатот изразува сопствен и јасен критички став, но за секое стојалиште има и свои конкретни аргументи.

Трудот претставува самостоен стручно-научен труд, во кој кандидатот дава сопствен придонес за натамошното развивање на институцијата уставносудска заштита на човековите слободи и права пред уставното судство. Трудот едновремено претставува основа за натамошни истражувања во оваа област.

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторски труд што ги задоволува критериумите за подготовка на научни и стручни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од тие причини, на Комисијата и претставува задоволство едногласно да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да го усвои овој извештај со позитивна оценка и да му овозможи на кандидатот м-р Шпендим Максути да пристапи кон јавна одбрана на неговата докторска дисертација.

К О М И С И Ј А

1. Проф. д-р Марика Ристовска с.р.

2. Проф. д-р Татјана Петрушевска с.р.

3. Проф. д-р Осман Кадриу с.р.

4. Проф. д-р Гордан Калајџиев с.р.

5. Доц. д-р Јелена Трајковска-Христовска с.р.

ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на
Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
Наставно-научен совет – 27.04.2017

Кандидат	Тема на македонски јазик	Тема на англиски јазик	Комисија	Датум	Одлука број
м-р Илија Манасиев	Правните вредности и нивното влијание на правните норми	The legal values and their impact on the legal norms	1. проф.д-р Владо Поповски (ментор) 2. проф.д-р Миодраг Мицајков и 3. проф.д-р Димитар Бајалџиев	27.04.2017	02-578/159

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од

27-04-2017

Кандидат	**Тема**	**Ментор**	**Датум**	**Одлука број**
Зана Арслани	Одмерување на казната во Република Македонија, со посебен осврт на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната (Determination of the Criminal Sanction in the Republic of Macedonia, with Specific Attention to the Law on Determination of the Type and severity of the Criminal Sanctions)	проф.д-р Методија Каневчев	27.04.2017	02-578 /121
Ана Стојновеска	Казнени дела од областа на медицината со посебен осврт кон пренесувањето заразни болести (Medical Crimes, with Specific Attention to the Crime of Transmission of Infectious Deseases)	проф.д-р Гордан Калајџиев	27.04.2017	02-578 /122
Александра Петрушевска	Еднаквост на оружјата во казнената постапка (Equality of Arms incriminal procedure)	проф.д-р Гордан Калајџиев	27.04.2017	02-578 /123
Анета Стерзоска	Препознавањето во кривичната постапка (Line-up in the Criminal Procedure)	проф.д-р Гордан Калајџиев	27.04.2017	02-578 /124
Радица Волчинова	Положбата на притворените лица при извршувањето на мерката притвор (Detainees' Position while Imposition of the Detention)	Александра Груевска Дракулевски	27.04.2017	02-578 /125
Виктор Јаневски	Криминолошки аспекти на криумчарењето мигранти (Criminological Aspects of Smuggling of Migrants)	Александра Груевска Дракулевски	27.04.2017	02-578 /126
Дејан Стојчев	Етиолошки и феноменолошки карактеристики на квалифицираните убиства (Etiological and Phenomenological Aspects of the Severe Murders)	Александра Груевска Дракулевски	27.04.2017	02-578 /127
Александра Трајковска	Криминолошки и кривично правни аспекти на тероризмот (Criminological and Criminal Law Aspects of the Terrorism)	Александра Груевска Дракулевски	27.04.2017	02-578 /128

Валентин Зарев	Здравствената заштита на затворениците во Република Македонија и во споредбеното право (Healt Protection of the Prisoners in Republic of Macedonia and in Comparative Law)	Александра Груевска Дракулевски	27.04.2017	02-578 /129
Нина Трпковска	Компаративен преглед на положбата на затворениците (Comparative Analysis of the Prisoners' Treatment)	Александра Груевска Дракулевски	27.04.2017	02-578 /130
Една Зекировиќ	Етиологија на убиствата во Република Македонија (Ethiology of the Homicides in the Republic of Macedonia)	Александра Груевска Дракулевски	27.04.2017	02-578/1120
Невена Тасевска	Спречување и превенирање на рецидивизмот преку спроведување на ефективна постпенална помош (Prevention of Recidivism by Implementing the Effective Post-penal Assistance)	Александра Груевска Дракулевски	27.04.2017	02-578 /131
Љубица Мартинова	Перењето пари како облик на организиран криминал (Money Laundering as Type of Organized Crime)	Александра Деаноска Трендафилова	27.04.2017	02-578 /132
Искра Доко Велјаноска	Улогата на заштитениот сведок во фнксција на сузбивање на организираниот криминал (Role of the Protected Witness in the Fight Against the Organized Crime)	доц. д-р Бобан Мисоски	27.04.2017	02-578 /133
Марија Коцевска	Претресот како мерка за пронаоѓање и обезбедување на предмети (Search as a Measure for Finding and Obtaining of the Assets)	доц. д-р Дивна Илиќ Димоски	27.04.2017	02-578 /134
Виктор Ванкоски	Заштита на лични податоци со посебен осврт на казненоправните аспекти (Personal Data Protection with Specific Attention to Criminal Law Protection)	проф.д-р Ана Павловска Данева	27.04.2017	02-578 /135
Љубица Костовска	Влијанијата на индивидуализмот и комунитаризмот во теоријата на меѓународното право за правата на човекот (The Implications of Individualism and Communitarianism to International Human Rights Law Theory)	доц. д-р Елена Михајлова Стратилати	27.04.2017	02-578 /136
Ива Петровска	Правото на долготраен закуп во правниот систем на Република Македонија и во споредбеното право (The Right of Long-term Lease in the Legal System of the Republic of Macedonia and Comparatively)	проф.д-р Тина Пржеска	27.04.2017	02-578 /137

Николина Силјановска	Причини за развод на брак во европските законодавства (Causes for Divorce in the European Legislations)	проф.д-р Дејан Мицковиќ	27.04.2017	02-578 /138
Катерина Велјаноска	Исполнување како начин на престанување на договорите во споредбеното и домашното право (Performance as a Method for Contract's Cessation in Comparative and Domestic Law)	проф.д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска	27.04.2017	02-578 /139
Маја Вељанова	Споредбено правни аспекти на општите услови на договорите во дигиталната сфера (Comparative Legal Aspects of the Standard Terms and Conditions of Contracts in the Digital Area)	проф.д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска	27.04.2017	02-578 /140
Ана Гоцевска	За потребата од реформи во надлежностите на Центарот за социјална работа во сферата на семејните односи (The Need for Reformation of the Power of the Centre for Social Services in Family Matters)	доц. д-р Ангел Ристов	27.04.2017	02-578 /141
Иван Точков	Правни и социолошки фактори кои влијаат врз разводот во Република Македонија и споредбено (Legal and Sociological Factors for Divorce in the Republic of Macedonia and Comparatively)	доц. д-р Елена Игновска	27.04.2017	02-578 /142
Сандра Гавриловска	Даночноправен третман на добивките од игри на среќа во Република Македонија и компаративното право (Tax Treatment of Income from Games of Chance in the Macedonian and Comparative Law)	проф. д-р Весна Пендовска	27.04.2017	02-578 /143
Антонио Наумовски	Основање на банка според македонското право и правото на ЕУ (Establishment of a bank in the Macedonian and the EU law)	доц. д-р Јован Зафироски	27.04.2017	02-578 /144
Антониј Трпчевски	Активни банкарски работи со посебен осврт на кредитирањето и хипотекарниот кредит (Active banking issues with a special emphasis on lending and mortgage loans)	доц. д-р Јован Зафироски	27.04.2017	02-578 /145
Барбара Стевческа	Улогата на граѓански организации во заштита на ранливете општествени групи (фокус група: мајки и деца) (Civil Society'Role in Protecting Vulnerable Societal Groups (Fokus group: mothers and children)	доц. д-р Драган Гоцевски	27.04.2017	02-578 /146

Весна Радиновска	Корпоративна општествена одговорност во деловната практика на Република Македонија (Corporate Social Responsibility in Business Practice of the Republic of Macedonia)	проф. д-р Александар Стојков	27.04.2017	02-578 /147
Ивана Наскова	Европски правила за осигурување (European Rules for Insurance)	проф. д-р Татјана Петрушевска	27.04.2017	02-578 /148
Антон Смилевски	Можности за капитално финансирање на системот за здравствено осигурување во Република Македонија (Opportunities for Capital Funding for the Health Insurance System in Republic of Macedonia)	доц.д-р Дарко Спасевски	27.04.2017	02-578 /149
Ивана Анѓеловска	Прекарните форми на вработување и нивните последици врз положбата на работниците на пазарот на трудот (Precarious forms of employment and their consequences on the position of the workers on the labour market)	доц.д-р Александар Ристовски	27.04.2017	02-578 /150
Божо Лажетиќ	Дискриминацијата во работните односи со анализа на практиката на Основниот Суд Скопје 2 - Скопје (Discrimination in the employment relations with an analysis of the practice of the Basic Court Skopje 2 - Skopje)	проф. д-р Тодор Каламатиев	27.04.2017	02-578 /151
Ана Марија Апостоловска	Механизми за заштита на правата на цивилите и бегалците во меѓународното хуманитарно право и импликациите врз националните законодавства (The Mechanisms for Protection of the Rights of the Civilians and Refugees in International Humanitarian Law and Implications to the National Legislation)	проф. д-р Гордана Силјановска Давкова	27.04.2017	02-578 /152
Моника Коцевска	Улогата на Европскиот парламент во водењето на надворешната политика на Унијата (EU's Foreign Policy and the role of the European Parliament)	доц.д-р Јулија Брсакоска Базеркоска	27.04.2017	02-578 /153
Ивана Димишковска	Законско наследување на авторското и сродните права во законодавството на Република Македонија (Legal Succession of copyright and related rights in the legislation of the Republic of Macedonia)	проф. д-р Гоце Наумовски	27.04.2017	02-578 /154
Магдалена Стоева	Анализа на законодавството за добро познатите трговски марки во Република Македонија и Република Франција (Analysis of the legislation of	проф. д-р Гоце Наумовски	27.04.2017	02-578 /155

	well-known trademarks in the Republic of Macedonia and the Republic of France)			
Андреј Мишковски	Патенти и технологии за чиста енергија (Patents and clean energy technologies)	проф. д-р Владо Бучковски	27.04.2017	02-578 /156
Ендри Чела	The Relationship between Competition Law and Intellectual Property Rights: A Trans-Atlantic Perspective (Односот помеѓу Законот за заштита на конкуренција и правата од интелектуална сопственост: Транс-Атлантска перспектива)	проф. д-р Александар Стојков	27.04.2017	02-578 /157

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА МЕТЕОРОЛОГИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФИЗИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 17.2.2017 година, за избор на еден насловен вонреден професор по група предмети од наставно-научната област: *метеорологија* и *физика на атмосферата*, на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-408/3, донесена на 10.3.2017, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ненад Новковски, редовен професор на ПМФ - Скопје, д-р Благоја Вељаноски, редовен професор на ПМФ - Скопје и д-р Олга Галбова, редовен професор на ПМФ - Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на насловен вонреден професор по група предмети од наставно-научната област: *метеорологија* и *физика на атмосферата*, во предвидениот рок се пријави само д-р Владо Спиридонов, насловен вонреден професор на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет.

5. Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Владо Спиридонов е роден на 5.8.1962 година, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје во јуни 1982 година. Во 1987 година дипломирал на Природно-математичкиот факултет во Скопје и се стекнал со звањето дипломиран метеоролог. Со високо образование се стекнал на Природно-математичкиот факултет, на 27.9.1987 година, со просечен успех 8,00.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 1994/1995 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за метеорологија при Физичкиот факултет во Белград, Србија. Во септември 1998 година ги завршил специјалистичките студии со одбрана на трудот *Анализа и прогноза на трансформацијата на енергијата во циклон со користење на два различни пристапи: аналитички и нумерички модел на облак*, а во март 2000 година го одбранил својот магистерски труд под наслов „*Примена на ETA-модел во прогноза на неповолни временски феномени во Македонија*“ со што се стекнал со звањето магистер по метеоролошки науки.

Докторска дисертација пријавил на 27.3.2002 година на Физичкиот факултет во Белград, Србија. Дисертацијата на тема: *Примена на моделот на облак за симулација на транспорт и редистрибуција на полутанти во атмосферата* ја одбранил на 18.7.2002 година, пред Комисија во состав: д-р Млаѓен Ќурић, д-р Драгутин Марковиќ, д-р Ѓорѓе Радиновиќ и д-р Дејан Јанц. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област метеорологија.

Од 1991 година е вработен во Управата за хидрометеоролошки работи во Скопје. Во периодот од април 2004 до август 2006 година бил директор на Управата за хидрометеоролошки работи во Скопје и постојан претставник на Република Македонија во Светската метеоролошка организација. Од октомври 2006 година е раководител на секторот за меѓународна соработка во УХМР - меѓународен советник. Од декември 2006 година е советник за меѓународни прашања од областа на хидрометеоролошката дејност и советник во Светската метеоролошка организација. Од септември 2008 година е државен советник во Управата за хидрометеоролошки работи (УХМР). Од ноември 2008

година е претставник на СМО - комисијата за атмосферски науки од Република Македонија.

На 27.9.2007 година е избран во звањето насловен доцент на Природно-математичкиот факултет по група предмети од областа на метеорологијата.

На 29.8.2012 година е избран во звањето насловен вонреден професор на Природно-математичкиот факултет по група предмети од областа на метеорологијата.

Во моментот е насловен вонреден професор на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр.1035 од 16.7.2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот 1035 од 16.7.2012 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

6. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Природно-математички факултет, кандидатот д-р Владо Спиридонов изведувал настава по предметите: Метеорологија, Физика на облаци и врнежи, Синоптичка метеорологија, Динамичка метеорологија, Радарска и сателитска метеорологија, Синоптика како и Метеоролошки мерења и набљудувања, на првиот и вториот циклус студии.

Кандидатот бил ментор на 10 дипломски работи и на една магистерска работи.

Кандидатот бил член во Комисија за оцена и одбрана на 10 дипломски работи и на една докторска дисертација.

Научноистражувачка дејност

Во изборниот период д-р Владо Спиридонов има објавено вкупно 11 научни трудови од областа физика на кондензирана материја, од кои 6 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 4 труда во зборници од меѓународни конференции и 1 труд во домашно научно списание (на англиски јазик).

Д-р Владо Спиридонов има одржано 1 пленарно и 2 секциски предавања на научни собири со меѓународно учество. Исто така, одржал 10 поканети предавања во странство.

Стручно-апликативна дејност и дејности од поширок интерес

Кандидатот д-р Владо Спиридонов учествувал во подготовката на елаборат за студиската програма по геофизика со метеорологија за прв и втор циклус студии на Институтот за физика при ПМФ.

Д-р Владо Спиридонов е прв автор на две книги од стручна област.

Извршил евалуација и рецензија на една докторска дисертација во странство.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес.

Кандидатот д-р Владо Спиридонов учествувал во подготовката на *Визија за развој на Национална хидрометеоролошката служба во Македонија 2014-18*.

Кандидатот д-р Владо Спиридонов е претставник од Република Македонија во Глобалната рамка за климатски услуги при Светската метеоролошка организација.

Кандидатот д-р Владо Спиридонов е официјален претставник од ПМФ-Скопје во Националниот комитет за климатски промени.

Кандидатот д-р Владо Спиридонов е претставик од ХМС на Република Македонија во Научниот одбор на Конзорциумот за оперативна прогноза на времето и климата во Југоисточна Европа.

Кандидатот д-р Владо Спиридонов бил претседател на сесија на 3 научни собири со меѓународно учество.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Владо Спиридонов, на 25.4.2017 година, доби позитивна оценка (средна оценка 8,97) од анонимно спроведената анкета на студентите на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Владо Спиридонов.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Владо Спиридонов поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето насловен вонреден професор по група предмети од наставно-научната област: *метеорологија* и *физика на атмосферата*.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Владо Спиридонов да биде повторно избран во звањето насловен вонреден професор по група предмети од наставно-научната област: *метеорологија* и *физика на атмосферата*.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Ненад Новковски, редовен професор на ПМФ, Скопје, с.р.

Проф. д-р Благоја Вељаноски, редовен професор на ПМФ, Скопје, с.р.

Проф. д-р Олга Галбова, редовен професор на ПМФ, Скопје, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Владо, Петар Спиридонов**

(име, татково име и презиме)

Институција: **Природно-математички факултет, Институт за физика**

(назив на факултетот/институтот)

Научна област: **физика-метеорологија**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1	**Одржување настава од прв циклус студии (предавања и вежби)**	
	2012/13	
	I циклус студии зимски семестар 2012/13, Метеорологија	2,4
	I циклус студии зимски семестар 2012/13, Радарска и сателитска метеорологија	1,8
	I циклус студии летен семестар 2012/13, Синоптика	1,8
	II циклус студии зимски семестар 2012/13 Синоптика (3+2)	1,8
	II циклус студии зимски семестар 2012/13, Радарска и сателитска метеорологија (3+2)	1,8
	II циклус студии зимски семестар 2012/13, Метеоролошки мерења и набљудувања (3+2)	1,8

	Ментор на комисија за оценка и одбрана на дипломска работа	
	Член на комисија за одбрана на дипломска работа (10)	
	Член на комисија за оцена или одбрана на докторат	0,5
	2013/14	
	I циклус студии зимски семестар 2013/14, Метеорологија	2,4
	I циклус студии зимски семестар 2013/14, Радарска и сателитска метеорологија	1,8
	I циклус студии летен семестар 2013/14, Синоптика	1,8
	II циклус студии зимски семестар 2013/14, Синоптика (3+2)	1,8
	II циклус студии зимски семестар 2013/14, Радарска и сателитска метеорологија (3+2)	1,8
	II циклус студии зимски семестар 2013/14, Метеоролошки мерења и набљудувања (3+2)	1,8
	Ментор на комисија за оценка и одбрана на дипломска работа	
	Член на комисија за одбрана на дипломска работа (1)	0,1
	Член на комисија за оцена или одбрана на докторат	
	2014/15	
	I циклус студии зимски семестар 2014/15, Метеорологија	2,4
	I циклус студии зимски семестар 2014/15, Радарска и сателитска метеорологија	1,8
	I циклус студии летен семестар 2014/15, Синоптика	1,8
	II циклус студии зимски семестар 2014/15, Синоптика (3+2)	1,8
	II циклус студии зимски семестар 2014/15, Радарска и сателитска метеорологија (3+2)	1,8
	II циклус студии зимски семестар 2014/15, Метеоролошки мерења и набљудувања (3+2)	1,8
	Ментор на комисија за оценка и одбрана на дипломска работа	
	Член на комисија за одбрана на дипломска работа (1)	0,1

	Член на комисија за оцена или одбрана на докторат	
	2015/16	
	I циклус студии зимски семестар 2015/16, Метеорологија	2,4
	I циклус студии зимски семестар 2015/16, Радарска и сателитска метеорологија	1,8
	I циклус студии летен семестар 2015/16, Синоптика	1,8
	II циклус студии зимски семестар 2015/16, Синоптика (3+2)	1,8
	II циклус студии зимски семестар 2015/16, Радарска и сателитска метеорологија (3+2)	1,8
	II циклус студии зимски семестар 2015/16, Метеоролошки мерења и набљудувања (3+2)	1,8
2	**Ментор на дипломска работа** Дафина Шекутковска, Математичко-физички основи за моделирање на времето и климата	0,2
3	**Член на комисија за одбрана на дипломска работа** Елена Влахова, Астрономски фактори кои влијаат врз инсолацијата	0,1
4	**Изработка на интерна скрипта** Моделирање на атмосферските процеси и нумеричка прогноза на времето	4,0
5	**Ментор на магистерска работа**, Зоран Димитровски. Предупредување на временски непогоди во Македонија. 20/12/2012 г.	1,0
	ВКУПНО	51,6

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени

6	**Трудови со импакт - фактор**	
	V. Spiridonov and M. Curic, "Examination of sulfate chemistry sensitivity in a mid-latitude and tropical storm using a cloud resolving model", Asia-Pacific Journal of Atmospheric Sciences, 48(4), pp 391-410, 2012, IF: 1.611 (6x90%+1.611=7,011)	7,0
	V. Spiridonov and M. Curic, **"**Evaluation of the physical and chemical properties of Eyjafjallajökull volcanic plume using a cloud resolving model" ***Pure and Applied Geophysics*****,** Vol. 170, Number 11, 2013. IF**: 1.677** (6x90%+1.677=7,077).	
	V. Spiridonov and M. Curic, **"**Numerical Simulation of Airborne Cloud Seeding over Greece, Using a Convective Cloud Model, Asian Pacific Journal of Atmospheric Sciences. Asia-Pac. J. Atmos. Sci., 51(1), 1-17, 2015, 1976-7951. IF: 1.611, (6x90%+1.611=7,011)	7,1
	. Spiridonov and M. Curic, "A storm modeling system as an advanced tool in prediction of well-organized slowly moving convective cloud system and early warning of severe weather risk", Asian Pacific Journal of Atmospheric Sciences, **APJAS-Springer Asia-Pac. J. Atmos. Sci**., 51(1), 1-15, 2015. IF: 1.611, (6x90%+1.611=7,011).	7,0
	T. Karacostas, V. Spiridonov, D.Bampzelis and I. Pytharoulis, "Analysis and numerical simulation of a real cell merger using a three-dimensional cloud resolving model. **Atmospheric Research** Vol.169, 2016, pp. 547–555. IF:3.377 (6X60%+3.377=3.6+3.377= 6,977).	7,0
	V. Spiridonov and M. Curic, "Examination of physical processes of convective cell evolved from a MCS — Using a different model initialization **Asia-Pacific Journal of Atmospheric Sciences**, 2016, Vol.52, pp 263–279. IF: 1.611, (6x90%+1.611=7,011).	
		7,0

		7,0
7	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:** T. Karacostas, **V. Spiridonov**, D. Bampzelis, I. Pytharoulis, G. Karoutsos and C. Sideropoulou, "Synoptic, dynamic and thermodynamic characteristics of the 10th August 2008 intensive storm over north-central Greece", Advances in Meteorology, Climatology and Atmospheric Physics **Springer Atmospheric Sciences** 2013, pp 145-150 (3,0) **piridonov**, S.Stefanov and C.Calovski, "The supercooled fog control in Macedonia, Proceedings of the Fourth International Conference on fog, fog collection and dew, The 6th International Conference on Fog, Fog Collection and Dew. (3,0) **V. Spiridonov**, J.Baez and B.Telenta, "Heavy convective rainfall forecast over Paraguay using A coupled WRF-Cloud Model". Perspectives on Atmospheric Science. pp 183-189 Part of the Springer Atmospheric Sciences book series (SPRINGERATMO). DOI: 10.1007/978-3-319-35095-0_26. D.Bampzelis**, V.Spiridonov**,S.Kartsios, I.Pytharoulis, I.Tegoulias and T. Karacostas, "Numerical simulation of airborne cloud seeding for the DAPHNE precipitation enhancement project in CENTRAL Greece" . 96th Annual Meeting of the American Meteoroloogical Sociaty-(AMS)	3,0 3,0 2,0 2,0

8	**Одржани предавања по покана на референтен странски универзитет**	
	Предавање на покана на Универзитетот во Болоња-Факултет за Природни Науки, Математика и Рибарство. Тема: “Модел на облак со хемија како напредна алатка за анализа на траспорт и дисперзија на на вулкански пепел за рана најава и евакуација", "Cloud chemistry model as advanced tool for analysis volcanic plume transport and dispersion for early warnings and evacuation", 24 мај 2012, Болоња, Италија.	2,0
	Предавање на покана на Бугарската Академија за Науки-БАН, Национален Институт за метеорологија и Хидрологија, Тема: Примена на моделот на облак со хемија за симулирање на засејувањето на облаците за модификација н авремето, студии за квалитет на воздухот и хемиско-климатски студии. 10 Јуни 2012, Софија, Бугарија.	2,0
	Предавање на покана на Католичкиот универзитет за технологија во Асунцион. Тема: Современ мониторинг и моделирање на времето и климатскиот систем”. 8 октомври 2013, Асунцион, Парагвај.	2,0
	Предавање на покана на Агенцијата за метеорологија, климатологија и геофизика (BMKG). Тема: Напреден мониторинг на времето и климатскиот систем”. 25 март 2013 г. Џакарта, Индонезија	2,0
	Пленарно предавање на покана од ИнтерМет-Азија, Група за Медиуми, Велика Британија. Тема: “Моделирање на олуи како авангарден систем за прогноза и најава на ризик од непогоди” и пленарист во панел сесијата “Знаење и обуки” 2-3 јуни 2014, Сингапур.	3,0
	Пленарно предавање на покана од Индискиот институт за тропска метеорологија (IITM) и Индиската асоцијација за метеорологија (IAM). Тема: ”Специјален семинар за моделирање и Денот на основање на Институтот”, 17-21 ноември 2014, Пуни, Република Индија.	3,0
	Предавање на покана на реномиран универзитет- Национален универзитет-Сеул, Департмент за атмосферски науки на тема: ”Преглед-развој-примена на атмосферско-хемиски модел на облак. Студии за хемија на облаци и аеросоли. 7 декември 2015, Сеул, Кореја.	3,0

	Предавање на покана на реномиран Универзитет-Yonsei, Департмент за атмосферски науки на тема: ”Преглед-развој-примена на атмосферско-хемиски модел на облак. Физички Студии. 8 декември 2015, Сеул, Кореја.	3,0
	Предавање на покана на Корејски Институт за Прогноза на Атмосферски Системи-KIAPS. Тема: Атмосферско-хемиски модел на облак: Основи на моделот, споредбена студија и иницијализација. Дали WRF здружен со модел на облак може да покаже поголема способност и вештина во прогнозата на конвективни врнежи и поплави. 6 декември 2015 г, Сеул, Кореја	2,0
	Пленарно предавање на покана од Аристотел-универзитет во пленарна сесија на 13. Меѓународна научна конференција за метеорологија, климатологија и атмосферска Физика (COMECAP). Тема: Напредни алатки за прогноза на екстремни временски состојби, 17 септември 2016, Солун, Грција	3,0
	Учество на научен собир на 13.[a] Меѓународна научна конференција за метеорологија, климатологија и атмосферска физика (COMECAP), Усна презентација на тема: Прогноза на интензивни конвективни врнежи над Парагвај со користење на здружен WRF-модел на облак, 18 септември 2016	1,0
	Секциско предавање на покана од ПМФ-Скопје, Институт за физика, 10. Конференција на Друштвото на физичари во Македонија. Тема: Систем за моделирање облаци. Скопје, Македонија, 25 септември 2014 г.	1,0
	Вкупно	79,1

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
9	**Книга од стручна област** **В. Спиридонов** и Оливер Зафировски,"ВРЕМЕНСКИТЕ УСЛОВИ И ЗДРАВЈЕТО" Скопје: 2012, 244 стр., ISBN 978-608-65175-1-9, COBISS, MK-ID 92945674	

	Vlado Spiridonov, Mladjen Curic and Oliver Zafirovski, "WEATHER AND HUMAN HEALTH", Skopje 2014 Authors: 344 p., ISBN 978-608-65175-2-6, COBISS, MK-ID 95152138	8,0 8,0
10	Учесник во изработка на Елаборат за програмата геофизика со Метеорологија за I и II циклус студии на ПМФ-Институт за физика за 2016	1,0
11	Експертски активности: евалуација и рецензија на докторска дисертација во странство	1,0
	Вкупно	18,0
Дејности од поширок интерес		
12	Претседавач на сесија на 1. Меѓународен состанок на Конзорциумот за оперативна прогноза на времето и климата во Југоисточна Европа (SEECOP), Белград, Р.Србија	1,0
13	Претседател на Сесија на Меѓународна конференција за менаџирање на поплави (FFGS) во Скопје, Република Македонија	1,0
14	Претседател на сесија на Меѓународна конференција за метеорологија, климатологија и физика на атмосфера (COMECAP) Солун, Грција	1,0
15	Претставник од Република Македонија во Глобалната рамка за климатски услуги при Светската метеоролошка организација (СМО)	2,0
16	Претставник од Република Македонија во Комисијата за атмосферски науки CAS во Светската метеоролошка организација (СМО)	2,0
17	Званичен претставник од ПМФ-Скопје во Националниот комитет за климатски промени	2,0
18	Претставник на Управата за хидрометеоролошки работи во Научниот одбор на Конзорциумот за оперативна прогноза на времето и климата во Југоисточна Европа	2,0
	Претседавач на сесии на Работилница на Централната европска иницијатива во Македонија (CEI)	2,0
	Член на Уредувачки одбор на меѓународно списание. INTERNATIONAL JOURNAL OF SUSTAINABLE WATER AND ENVIRONMENTAL SYSTEMS (SWES)	2,0

19	Визија за развој на Национална хидрометеоролошката служба во Македонија 2014-2018	2,0
	Вкупно:	17,0

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	51,6
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	79,1
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	35,0
Вкупно	165,7

Членови на Комисијата

1. Д-р Ненад Новковски, редовен професор на ПМФ, Скопје, претседател, с.р.
2. Д-р Благој Вељаноски, редовен професор на ПМФ, Скопје, член, с.р.
3. Д-р Олга Галбова, редовен професор на ПМФ, Скопје, член, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ИНФОРМАТИКА, ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ И ПРОГРАМИРАЊЕ И ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ И МРЕЖИ НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Природно-математички факултет (ПМФ), објавен во дневните весници „Нова Македонија" (29.12.2016) и „Коха" (30.12.2016), за избор на асистент во наставно-научните области: информатика, информациони системи и програмирање и информациони системи и мрежи на Природно-математичкиот факултет во Скопје и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје бр. 02-2347/3 од 9.2.2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

1. д-р Ванчо Чабуковски, редовен професор на ПМФ - Скопје
2. д-р Благоја Вељаноски, редовен професор на ПМФ – Скопје
3. д-р Роман Голубовски, доцент на ПМФ – Скопје

Постапувајќи според Одлуката, разгледани се доставените прилози на пријавените кандидати на конкурсот, и по спроведената анализа на целокупната документација имаме задоволство да го објавиме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" за избор на еден асистент во наставно-научните области: информатика, информациони системи и програмирање и информациони системи и мрежи на Природно-математичкиот факултет, во предвидениот рок се пријавија 2 (два) кандидата: Огнен Спироски, магистер по информатика, технички соработник на ПМФ, Скопје и Моника Симјаноска, магистер по инженерство на интелигентни системи – биоинформатика, демонстратор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Скопје.

М-р Огнен Спироски

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Огнен Спироски е роден на 2.5.1982 година во Скопје, кадешто го завршил основното и средното образование. Со одбрана на дипломската работа со наслов „Вештачки живот со невронски мрежи за донесување одлуки" дипломирал на студиите по компјутерски науки на "University of Sheffield International Faculty, CITY College" во Солун, Р Грција, афилирана институција на Универзитот во Шефилд, Велика Британија во 2005 година. Во 2006 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на "University of Edinburgh", Велика Британија. Студиите ги завршил во 2009 година со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Моделирање на хоризонтален генски пренос: Споредба на моделирачки рамки применети за истражување на антибиотска резистентност во флуктуирачка околина" и се стекнал со академски степен – магистер по информатика.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во 2008 година работел во "Centre for Integrative Biology (CIBIO) & Microsoft Research (CoSBi)" во Тренто, Италија. Во 2009 година, по магистрирањето работел во Лабораторијата за генетика и биотехнологија при Македонската академија на науките и уметностите во Скопје, а во 2010 година се вработил на МИТ-универзитетот во Скопје, кадешто бил избран во звањето помлад асистент, а подоцна во 2014 година и во звањето асистент на Факултетот за компјутерски науки и технологии, кадешто работел до 2016 година, кога се вработил на Природно-математичкиот факултет како технички

соработник. Од учебната 2013/2014 година како демонстратор одржува аудиториски и лабораториски вежби по повеќе предмети на студиите по информатика и информатички технологии на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

М-р Огнен Спироски е избран за помлад асистент во 2010 година на Факултетот за компјутерски науки и технологии при МИТ-универзитетот во Скопје, а подоцна во 2014 година и за асистент на истиот Факултет. Во периодот 2010-2016 година на овој Факултет учествувал во реализација на наставата по предметите: Алгоритми и структури на податоци, Интернет-безбедност, Оперативни системи, Откривање на знаење во податоци, Веб-сервери и Веб-технологии, Компјутерски мрежи 1, Компјутерски мрежи 2 и Бази на податоци и програмирање.

Од учебната 2013/2014 година, м-р Огнен Спироски е ангажиран како демонстратор, стручен соработник на студиите по информатика и информатички технологии на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Изведувал аудиториски и лабораториски вежби по предметите: Основи на интелигентни системи, Компајлери, Е-бизнис, Интеракција човек-компјутер, Безбедност и криптографија, Современи компјутерски системи, Оперативни системи, Бази на податоци, Системски софтвер, Објектно и визуелно програмирање, Компјутерски мрежи, Алгоритми, Мрежни и дистрибуирани оперативни системи, Информатички практикум и Микропроцесори и микроконтролери. Од септември 2016 година е вработен како технички соработник на Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во овој период, кандидатот м-р Огнен Спироски бил вклучен како демонстратор на наставата по информатика и информатички технологии на Факултетот.

Во летниот семестар во учебната 2016/2017 година изведува вежби по предметот Компјутерски мрежи на Факултетот за компјутерска техника и информатика при Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот м-р Огнен Спироски се јавува како автор и коавтор на 1 (еден) труд во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор со импакт - фактор IF=1.76 и 1 апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција. Имал излагања на 7 научни/стручни собири со усна презентација, од кои 2 (две) презентации на научен/стручен собир со меѓународно учество во Р Грција и Велика Британија. Објавил повеќе стручни написи во „Микрочип" – информатички прилог во весникот Вечер, „Информа" – македонско списание за информатика и „Визија" – средношколско списание.

М-р Огнен Спироски бил учесник на 1 (еден) национален и 1 (еден) меѓународен научен проект.

Неговиот предмет на интерес во научноистражувачката работа е вештачката интелигенција, биоинформатиката, откривањето на знаење во податоци, моделирање и симулирање.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Кандидатот м-р Огнен Спироски учествувал/присуствувал на работилници, обуки и семинари во државата и во странство на кои се здобил со теоретски и практични сознанија - посетувал 12 работилници и семинари од

областа на информатиката, биоинформатиката и вештачката интелегенција во Р Македонија, Р Грција, Р Италија и Велика Британија и учествувал во организацијата на 3 (три) семинари на Природно-математичкиот факултет во Скопје и 1 (еден) семинар во Р Грција од областа на информатиката. Активно е вклучен во стручно-апликативната работа на студиите по информатика и информатички технологии при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Дизајнирал и изработил 1 (еден) информациски систем. Изработил 1 (еден) софтверски пакет. Учествувал во воведување за првпат во државата на 3 (три) нови лабораториски/клинички метода во областа на медицинските науки и здравството. Одржал 2 (две) предавања на институции од јавен интерес и културно-информативни центри. Дизјанирал, ликовно и графички обликувал 4 (четири) веб-страници, 2 (два) логотипа и 1 (една) монографска публикација.

Автор е на електронска музика со компјутерска продукција: 5 (пет) песни на музички компилации, 1 (една) песна за театарска претстава и 2 (две) песни за документарен филм. Автор е на 4 (четири) сопствени албуми со електронска/компјутерска музика.

Учествувал во промотивни активности на МИТ универзитетот во Скопје.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот наставните обврски ги извршувал професионално, совесно, квалитетно и стручно, што е потврдено со позитивните оценки од спроведените анонимни студентски анкети за вкупно 11 предмети на кои кандидатот реализирал настава во периодот зимски семестар 2013/2014 година до зимски семестар 2016/2017 година на студиите по информатика и иинформатички технологии на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

М-р Моника Симјаноска

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Моника Симјаноска е родена на 18.10.1988 година во Загреб, Р Хрватска. Основното и средното образование го завршила во Скопје. Натамошното образование го продолжила на Природно-математичкиот факултет на Институтот за информатика, кадешто дипломирала во 2012 година. Истата година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на насоката Инженерство на интелигентни системи на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје. На 16.9.2013 година успешно го одбранила магистерскиот труд, со наслов „Бајесова класификација на генска експресија кај колоректален канцер добиена со технологија на ДНК микрополиња имплементирана како SAAS во облак", и се стекнала со академски степен – магистер по инженерство на интелигентни системи, потесна специјалност: биоинформатика. Од учебната 2014 / 2015 година, кандидатката е студент на трет циклус (докторски) студии на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Скопје.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Од октомври 2011 година кандидатката е ангажирана како демонстратор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од учебната 2011/2012 година, м-р Моника Симјаноска е ангажирана како демонстратор, стручен соработник на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје. Изведувала аудиториски и лабораториски вежби по предметите: Биоинформатика, Интелигентни системи, Структурно

програмирање, Објектно-ориентирано програмирање, Компјутерски мрежи, Архитектура на компјутери, Напреден развој на софтвер, Дискретна математика 2, Вовед во информатика и Алгоритми и податочни структури.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатката м-р Моника Симјаноска се јавува како автор и коавтор на 30 (триесет) трудови објавени во меѓународни и домашни зборници од конференции и списанија, од кои 3 (три) се објавени во референтни списанија и 1 (еден) во книга. Имала излагања на повеќе научни/стручни собири со усна презентација.

М-р Моника Симјаноска била учесник на 7 (седум) национални и 1 (еден) меѓународен проект.

Нејзиниот предмет на интерес во научно-истражувачката работа е биоинформатиката, пресметковната биологија, процесирањето на биомедицински сигнали, вештачката интелигенција и пресметувањето во облак.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

М-р Моника Симјаноска била член на технички одбор на 3 (три) меѓународни конференции од областа на информатиката. Добила награда за научни постигнувања, најдобар труд на меѓународна конференција во Виена, Австрија, во 2014 година, како и стипендија за млад истражувач. На конференција во Португалија во 2013 година труд чиј автор/коавтор е кандидатката бил номиниран за најдобар труд. Учествувала на Летна школа во Гренобл, Р. Франција и во 2016 година реализирала 2 (два) студиски престоја на "University College of Dublin", Р Ирска и "Institute Jozef Stefan", Љубљана, Р Словенија. Членува во извршни тела на 2 (две) меѓународни организации кои поддржуваат/организираат научноистражувачка дејност.

Во 2015 година го освоила 2. место на „36. Илинденски пливачки маратон на 2,5 км во женска категорија над 16 години - Охрид, Р Македонија.

Комисијата за кандидатката немаше на увид податоци од Извештај од самоевалуација на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По деталното разгледување на пријавите на кандидатите, со сите прилози и врз основа на биографските, библиографските и сите други податоци што се однесуваат на карактеристиките на образовниот профил, потесната стручна и научноистражувачка работа на кандидатите, претходното работно искуство и др., Комисијата заклучи дека кандидатите ги исполнуваат законските услови и условите на конкурсот за избор на асистент во наставно-научните области: информатика, информациони системи и програмирање и информациони системи и мрежи на Природно-математичкиот факултет во Скопје. По разгледувањето на поднесените документи, Комисијата констатира дека посоодветен кандидат за работното место асистент во наставно-научните области: информатика, информациони системи и програмирање и информациони системи и мрежи на Природно-математичкиот факултет во Скопје е м-р Огнен Спироски. М-р Огнен Спироски има работно искуство како помлад асистент (еден мандат) од 2010 до 2014 година и асистент од 2014 до 2016

година по група предмети од областа на информатиката на Факултетот за компјутерски науки и технологии, МИТ-универзитет, Скопје.

Според разгледаната документација за севкупната професионална активност на кандидатите и познавањето на нивните морални и етички вредности, Комисијата констатира дека м-р Огнен Спироски, според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во наставно-научните области: информатика, информациони системи и програмирање и информациони системи и мрежи на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Во таа смисла, ни претставува задоволство на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да му го дадеме следниов

ПРЕДЛОГ:

Кандидатот м-р Огнен Спироски да биде избран за соработник во звањето асистент во областа на наставно-научните области: информатика, информациони системи и програмирање и информациони системи и мрежи на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. д-р Ванчо Чабуковски, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.
2. д-р Благоја Вељаноски, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.
3. д-р Роман Голубовски, доцент на ПМФ – Скопје, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА

НА ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 11. 4. 2017 година (бр. 02 654/3), избрани сме за членови на Рецензентската комисија во состав: д-р Живко Сековски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет (во пензија), д-р Ленка Цветановска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет и д-р Џоко Кунгуловски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на генетиката и ботаниката.

На конкурсот објавен во весникот „Нова Македонија" и „Коха" од 24. 3. 2017 година, се пријави д-р Гордана Димеска, редовен професор на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. По прегледот на приложениот материјал во пријавата, личното познавање и следење на наставно-научната и стручно-апликативната дејност на кандидатката, ни претставува чест на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му го поднесеме следниот

ИЗВЕШТАЈ

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Д-р Гордана Љубомир Димеска е родена на 13. 12. 1959 година во Куманово. Во 1974 завршила основно образование, а во 1978 година, средно образование во МУЦ „Д-р Панче Караѓозов", Скопје. Дипломирала во јуни 1983 година на Биолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Р Македонија. Во учебната 1986/1987 година била вработена на одредено време како средношколски професор по Биологија, во ГМУЦ "Чеде Филиповски - Даме" во Скопје. Во 1987 година се вработила на Заводот за ботаника, како приправник за вршење на работни задачи на помлад асистент, во 1988 година е избрана за помлад асистент, а во 1997 година за асистент. Била ангажирана во изведувањето на практичната настава по повеќе предмети од областа на ботаниката (Цитологија, Анатомија и морфологија на растенија) и генетиката. Постдипломските студии ги завршила во 1996 година, со одбрана на магистерскиот труд под наслов: "Цитотаксономски истражувања на родот *Vicia* L. (фам. *Fabaceae*), од територијата на Република Македонија". Во 2002 година, на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", ја одбранила докторската дисертација под наслов: "Ефектите на јонизирачкото зрачење врз развојот на баклата (*Vicia faba* L.)".

За доцент на Институтот за биологија при ПМФ во Скопје е избрана во јануари 2003 година, за вонреден професор во 2007 година, а за редовен професор во 2012 година.

Наставната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Гордана Димеска за нејзиниот избор во звањето редовен професор е објавена во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1035, од 16. 7. 2012 година. Во понатамошниот текст од извештајот е даден осврт кон активностите по изборот во звањето редовен професор.

2. НАСТАВНИ, НАУЧНИ, СТРУЧНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно образовна дејност

Д-р Гордана Димеска во периодот 2012-2017 година била ангажирана со изведување на теоретската и практичната настава по предметите:

- ***Генетика и Општа генетика*** (I циклус студии, студиски програми по молекуларна биологија и биохемија и физиологија);

- ***Општа и популациона генетика*** (I циклус студии, студиска програма по екологија);

- ***Цитогенетика*** (I циклус студии, студиски програми по молекуларна биологија);

- ***Генетика*** (I циклус студии, Институт за психологија, Филозофски факултет, УКИМ);

- ***Клеточна биологија*** (I циклус студии, студиски програми по молекуларна биологија и биохемија и физиологија);

- ***Цитологија*** (I циклус студии, студиски програми по молекуларна биологија и биохемија и физиологија);

- ***Анатомија и морфологија на растенијата*** (I циклус студии, студиски програми по молекуларна биологија и биохемија и физиологија);

- ***Лабораториска обработка на растителен материјал*** (I циклус студии, студиски програми по молекуларна биологија и биохемија и физиологија, двопредметни студии по биологија-хемија);

- ***Генетика и органска еволуција*** (двопредметни студии по биологија-хемија);

Во рамките на II циклус студии, реализирала настава по предметите:

- Одбрани поглавја од популациона генетика, Одбрани поглавја од генетика, Цитогенетика и Одбрани поглавја од хумана генетика (Институт за биологија, Природно-математички факултет);

- Општа генетика (Специјализација по медицинска генетика, Медицински факултет, УКИМ, Скопје);

- Ефекти од генотоксични агенси (III циклус студии, Институт за биологија, Природно-математички факултет).

6.4	Jovana Georgievska, Tamara Georgievska, Biljana Angjusheva, Physical and mechanical properties of ceramics using coal bottom ash fro power plant Rek Bitola, XI Students'Congress of Pure and Applied Chemistry of SCTM, 24-25 September,2015 Institute of Chemistry, Faculty of Natural Sciences and Mathematics, Skopje Macedonia (oral presentation)	1.00
6.5	Martina Dimovska, Biljana Angjusheva, Formal and Non formal education: Engaging Students to think instead of cram, XI Students'Congress of Pure and Applied Chemistry of SCTM, 24-25 September,2015 Institute of Chemistry, Faculty of Natural Sciences and Mathematics, Skopje Macedonia (oral presentation)	1.00
6.6	Tamara Georgievska, Jovana Georgievska, Biljana Angjusheva, Porous Ceramics Based on Waste Materials, Forum za inovacii i tehnoloshki razvoj TEHNOMA 2015, 13-17 October 2015, Skopje, Macedonia (poster presentation)	0.50
6.7	Mateja Kubin, Stefan Serafimovski, Atanas Karatosev, Dejan Stojevski, Biljana Angjusheva, Ceramic Based On Waste Materials, Forum za inovacii i tehnoloshki razvoj TEHNOMA 2015, 13-17 October 2015, Skopje, Macedonia, (poster presentation)	0.50
7	**Апстракти објавени во зборник на конференција**	
7.01	Biljana Angjusheva, Vilma Ducman, Characterisation of the Physical and Chemical Properties of Coal Bottom Ash Produced from the REK Bitola Thermal Power Plant, NORM4Building Workshop: Residue valorization in construction materials consideration chemical and radiological issues, 8-9 October Leuven, Belgium, (poster presentation)	1.00
7.02	B. Angjusheva, E.Fidanchevski, V. Ducman V. Jovanov, Production of coal bottom ash ceramics and influence of the main process parameters on the physical and mechanical properties, V. Terrestrial Radioisotopes in Environment International Conference, Veszprem, 17-20 May, 2016 Hungary, (poster presentation)	1.00

7.03	V. Srebrenkoska, V. Ducman, A. Sever Skapin, E.Fidanchevski, B. Angjusheva, V. Jovanov, Investigation of the possibilities for application of NORM into polymer materials, V. Terrestrial Radioisotopes in Environment International Conference, Veszprem, 17-20 May, 2016 Hungary, (poster presentation)	1.00
7.04	E.Fidancevska, B.Angjusheva, M.Jaksic, D.Milovski, V.Jovanov, Fly Ash- Waste or Alternative Raw Material, International Conference GREDIT, Green Development Infrastructure technology, 31.3-01.4 2016, University Ss Cyril and Methodius, (poster presentation)	1.00
7.05	E.Fidancevska,B.Angjusheva, Sixt Balkan Conference on Glass Science & Technology, 1-4 October, 2014 Nessebar, Bulgaria, Waste Inertization Into Environmentally Friendly Glass-Ceramics, (oral presentation)	1.00
7.06	B.Angjusheva, E.Fidancevska, V.Jovanov Sixt Balkan Conference on Glass Science & Technology, 1-4 October, 2014 Nessebar, Bulgaria, Optimization of Sintered Glass-ceramics Fabricated From Fly Ash and Waste Glass, (poster presentation)	1.00
7.07	B. Angjusheva, E. Fidancevska, K. Lisickov, V. Jovanov, V. Srebrenkoska, EU-NORM 2, 17-19 June,2014 Prague, Czech Republic, Optimization of the process of production of glass-ceramics from coal fly ash, (poster presentation)	1.00
7.08	E. Fidancevska, B. Angjusheva, V. Jovanov, V. Srebrenkoska, EU-NORM 2, 17-19 June,2014 Prague, Czech Republic, The Influence of the pre-treatment of fly ash on the properties of fabricated ceramics, (poster presentation)	1.00
7.09	E. Fidancevska, B. Angjusheva, V. Jovanov, VI-th International Metallurgical Congress, Metallurgy, Materials, Environment, 29.5-01.6 2014, Ohrid, Macedonia, Sintering of Fly Ash Based Ceramics, (poster presentation)	1.00
7.10	B.Angjusheva, V. Jovanov,E. Fidancevska, VI-th International Metallurgical Congress, Metallurgy, Materials, Environment, 29.5-01.6 2014, Ohrid, Macedonia, Characterization of glass-ceramics composites produced from coal fly ash and waste glass, (poster presentation)	1.00
7.11	B.Angjusheva, K. Lisickov, E. Fidancevska, V. Jovanov, 3-rd Symposium of Environmental potential, Sustainable Development and Food Production, 14-15 November 2013, Tuzla, Comparative	1.00

	study of optimization of the process of fabrication of fly ash ceramics, (poster presentation)	
7.12	Biljana Angjusheva, Kiril Lisickov, Emilija Fidancevska, Vojo Jovanov XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid 5-9 September, 2012, ,Fabrication of coal ash ceramics, Case study: Optimization of the main process parameters, (poster presentation)	0.5
8	**Одржано предавање по покана на универзитет**	
8.1	Билјана Анѓушева, Рециклирање на отпадни материјали, БОМЕХ-Рефрактори,во рамките на TEMPUS- проект, април-јуни 2012	1.00
	Вкупно	**73.28**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Поглавје во книга (коавтор) , Инженерство на материјали , Нови Сад, 2013**	2.0
2	**Учество во работата на комисии за државни натпревари**	
2.1	Државен натпревар Лидер, 2014	1.0
2.2	Наноматеријали-материјали на иднината, 2016	1.0
2.3	Наноматеријали-материјали на иднината, 2014	1.0
2.4	International Space Apps challenge 2015	1.0
2.5	International Space Apps challenge 2016	1.0
3	**Учество на промотивни активност на Факултетот**	
3.1	Презентација на програмата на ТМФ низ Републиката за периодот 2012-2017	2.5
3.2	Презентации одржани на ТМФ за ученици од основно и средно образование: II 2013, V 2013, XI 2014, XI 2016	2.0

3.3	Претставник од ТМФ на презентација на Извештај за општествена одговорност и одржлив развој-Усје, 2015	0.5
3.4	Претставник од ТМФ на презентација на Извештај за општествена одговорност и одржлив развој-Усје, 2016	0.5
3.5	Учество на семинар: Workshop ”Triple Helix-Tool for Innovation Enhancement”, December 2013	0.5
3.6	Учество на семинар: “JRC Support to Low Carbon Society” University of Ss Cyril and Methodius –Skopje Macedonia, 9 September 2015	0.5
4	**Член на организационен или програмски одбор на научен /стручен собир**	
4.1	XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 2012	0.5
4.2	Член на Сојуз на хемичари и технолози	0.5
5	**Студиски престој во странство во рамки на COST-акција**	
5.1	Мај-јуни 2015 , престој на Завод за градежништво на Словенија, Љубљана, Словенија	0.5
5.2	Август- септември 2015, престој на Универзитет Хаселт, Белгија	0.5
5.3	Април- мај 2016, престој на Универзитет Панонија, Вешпрем, Унгарија	0.5
6	**Член на факултетска комисија**	
6.1	Член на Наставнички совет	0.5
6.2	Член на Колегиум за втор циклус студии за студиската програма неорганско инженерство и заштита на животна средина	0.5
6.3	Член на Комисија за тестирање на ученици за летен камп за средношколци, 2013	0.5
7	**Член на комисија за избор во звање (м-р Војо Јованов)**	0.2
	Вкупно	**17.7**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**93,40**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**73,28**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**17,70**
ВКУПНО	**184,38**

Рецензентска комисија

1. Д-р Емилија Фиданчевска, редовен професор на ТМФ-Скопје с.р.

2. Д-р Васа Бошевска, редовен професор во пензија с.р.

3. Д-р Милосав Милошевски, ред.проф. во пензија. с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ФИЗИЧКА МЕТАЛУРГИЈА, ИСПИТУВАЊЕ НА МЕТАЛИ И МИНЕРАЛОГИЈА НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Технолошко-металуршки факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Koha“ од 23.3.2017 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: физичка металургија, испитување на метали и минералогија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, потврдена со решение број 02-597/1 од 18.4.2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Јон Магдески, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, д-р Драган Славков, редовен професор во пензија на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје и д-р Јован Мицковски, редовен професор во пензија на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

По разгледувањето на конкурсните материјали, Комисијата констатира дека на конкурсот, во терминот определен за поднесување конкурсни документи, се пријавила кандидатката д-р Дафинка Стоевска-Гоговска. Со пријавата се доставени сите потребни документи според објавениот конкурс и врз основа на тоа го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Дафинка Стоевска-Гоговска е родена на 6.1.1966 год. во с. Дубровница, Крива Паланка.

2. ОБРАЗОВАНИЕ

Основното и средното образование го завршила во Крива Паланка со одличен успех.

Во 1984 година се запишала на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Дипломирала во 1989 година со одбрана на дипломската работа под наслов: „Корозиони и електрохемиски испитувања со помош на техниката на броење меури.“

Магистрирала 1999 година на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, насока: електрохемиско инженерство, со одбрана на магистерскиот труд

под наслов: „Тестирање/атестирање на материјали и производи на стареење во услови на природна експлоатација“ под менторство на д-р Светомир Хаџи Јорданов.

Докторирала 2012 година на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, со одбрана на докторската дисертација под наслов: „Синтеза и карактеризција на метал-металоксидни наноструктурирани електродни материјали за електролиза на вода“ под менторство на д-р Перица Пауновиќ.

3. РАБОТНО ИСКУСТВО

Во периодот 1992-2002 година била вработена во Центарот за примена на радиоизотопи во науката и стопанството „Скопје“ – Скопје.

Во 2006 година е избрана за асистент по предметите: Физичка металургија, Испитување на металите и Термичка обработка, а во 2009 година е реизбрана за асистент по предметите: Физичка металургија 1, Физичка металургија 2, Испитување на металите, Фазни рамнотежи и фазни трансформации, Термичка обработка, Испитување без разрушување, Селекција и примена на метални материјали.

Во 2012 година е избрана за доцент по предметите: Минералогија и кристалографија, Метални материјали, Квантитативна металографија, Испитување без разрушување, Селекција и примена на метални материјали, Специјални челици и Специјални легури.

4. АКТИВНОСТ ВО ПЕРИОДОТ ПО ИЗБОРОТ ЗА ДОЦЕНТ

4.1. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во периодот по изборот за доцент, д-р Дафинка Стоевска-Гоговска изведувала настава (предавања и вежби) на прв циклус студии по предметите: Метални материјали, Квантитативна металографија, Специјални челици, Специјални легури, Селекција и примена на материјалите, Испитување без разрушување, Структура и својства на материјали и Минералогија и кристалографија.

Автор е на интерните материјали: Метални материјали и Радијација и радијациона безбедност. Била член во комисија за одбрана на 8 дипломски работи.

Д-р Дафинка Стоевска-Гоговска во периодот од 2012 до 2016 година позитивно е оценета од студентите на Технолошко-металуршкиот факултет со просечна оценка 9, при анонимно спроведената анкета од Комисијата за самоевалуација.

4.2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во периодот по изборот во звањето доцент, кандидатката, како автор и коавтор објавила трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно списание (2), трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор (6) и во зборници на трудови од научни/стручни собири (8).

4.3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Во изминатиот период, кандидатката била член на научен и организационен одбор на конгреси со меѓународно учество, како и член на уредувачки одбор на зборник на трудови.

Член е на Здружението на металурзи на Македонија и во Сојузот на хемичари и технолози на Македонија.

Нејзината активност на Факултетот е претставена со учество во колегиуми и факултетски комисии.

5. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува целокупната дејност на д-р Дафинка Стоевска-Гоговска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, со вкупниот број на поени 126,29, Комисијата заклучи дека д-р Дафинка Стоевска-Гоговска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области: физичка металургија, испитување на метали и минералогија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, д-р Дафинка Стоевска-Гоговска да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области: физичка металургија, испитување на метали и минералогија.

Рецензентска комисија

1. Д-р Јон Магдески, редовен професор
   Технолошко-металуршки факултет, Скопје, претседател, с.р.

2. Д-р Драган Славков, редовен професор во пензија
   Технолошко-металуршки факултет, Скопје, член, с.р.

3. Д-р Јован Мицковски, редовен професор во пензија
   Технолошко-металуршки факултет, Скопје, член, с.р.

Анекс 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Дафинка Стоевска-Гоговска**

Институција: **Технолошко-металуршки факултет**

Научни области: **физичка металургија, испитување на метали и минералогија**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста**	**Поени**
1.	**Одржување на настава -прв циклус студии (ч·нед.·0,04)**	
1.1	Минералогија и кристалографија, III семестар (2+2)	6
1.2	Метални материјали, VI семестар (2+2)	4,8
1.3	Метални материјали, II семестар (2+0)	4,8
1.4	Квантитативна металографија, VI семестар (2+2)	2,4
1.5	Испитување без разрушување, VII семестар (2+2)	4,8
1.6	Специјални челици, VIII семестар (2+2)	4,8
1.7	Структура и својства на материјали, V семестар (3+2)	1,68
1.8	Вовед во инженерство на материјали, VI семестар (2+0)	3,6
1.9	Селекција и примена на метални материјали, VIII семестар (2+1)	2,4
1.10	Проект (Минералогија и кристалографија), IV семестар (1+2)	0,6
1.11	Метални материјали, II семестар (2+0), дисперзирани студии, Кавадарци,	2,4
1.12	Минералогија и кристалографија, III семестар (2+2), дисперзирани студии, Кавадарци	1,2

1.13	Вовед во инженерство на материјали, VI семестар (2+0), дисперзирани студии, Кавадарци	1,2
2.	**Одржување на вежби - прв циклус на студии (ч·нед.·0,03)**	
2.1	Минералогија и кристалографија, III семестар (2+2)	4,5
2.2	Метални материјали, VI семестар (2+2)	3,6
2.3	Квантитативна металографија, VI семестар (2+2)	1,8
2.4	Испитување без разрушување, VII семестар (2+2)	3,6
2.5	Специјални челици, VIII семестар (2+2)	3,6
2.6	Структура и својства на материјали, V семестар (3+2)	1,26
2.7	Селекција и примена на метални материјали, VIII семестар (2+1)	0,9
2.8	Минералогија и кристалографија, IV семестар (1+2)	0,9
2.9	Минералогија и кристалографија, III семестар (2+2), дисперзирани студии, Кавадарци	0,9
3.	**Подготовка на нов предмет**	
	Предавања	
3.1	Минералогија и кристалографија	1
3.2	Метални материјали	1
3.3	Квантитативна металографија	1
3.4	Испитување без разрушување	1
3.5	Специјални челици	1
3.6	Структура и својства на материјали	1
3.7	Вовед во инженерство на материјали	1
3.8	Селекција и примена на метални материјали	1
	Вежби	
3.9	Минералогија и кристалографија	0,5
3.10	Метални материјали	0,5
3.11	Квантитативна металографија	0,5

3.12	Испитување без разрушување	0,5
3.13	Специјални челици	0,5
3.14	Структура и својства на метаријали	0,5
3.15	Селекција и примена на метални материјали	0,5
4.	**Консултации со студенти (број·0,002)**	
	210x0,002	4,2
5.	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (број·0,1)**	0,8
6.	**Интерни материјали**	
6.1	Радијација и радијациона безбедност бр.02-1974, 9.10.2012	4
6.2	Метални материјали бр. 02-443/1, 21.3.2017	4
	Вкупно	86,24

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста**	**Поени**
1.	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор**	
1.2	Blagoj Rizov, Dafinka Stoevska-Gogovska, Ruzica Manojlovic, The effects of dissolution of the solid nickel in liquid aluminium, Acta Metallurgica Slovaca, Vol. 22, 2016, No. 4, p. 222-229, DOI 10.12776/ams.v22i4.814	4,8+0,35
2.	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**	
2.1	Zagorka Koneska, Ruzica Manojlovic, Dafinka Stoevska-Gogovska, Influence of the tretreatment of the surface on the anodic behavior of zirconium in H3PO4 solutions, Zastita materijala 53 (2012) broj 3, p. 215-219	3,2
3.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од**	

	научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор	
3.1	Zagorka Koneska, Dafinka Stoevska-Gogovska, Ellipsometric investigation of anodic zirconium oxide films formed in H3PO4 solution, XVII YuCorr, September 8-11, 2015, Tara Mountain, Serbia, p.227-232	2,7
3.2	Dafinka Stoevska-Gogovska, Zagorka Koneska, Ruzica Manojlovic, Blagoj Rizov, Jon Magdeski, Influence of tempering temperatures on properties of C45E, VII International Metallurgical Congress, 9-12.06. 2016, Ohrid, Macedonia (CD)	1,8
3.3	Dafinka Stoevska-Gogovska, Blagoj Rizov, Zagorka Koneska, Ruzica Manojlovic, Jon Magdeski, Effect of tempering temperatures and time on properties of medium carbon steel, VII International Metallurgical Congress, 9-12.06.2016, Ohrid, Macedonia (CD)	1,8
3.4	R.Manojlovic, J.Trpcevska, B.Rizov, Z.Koneska, D.Stoevska-Gogovska, Accuracynof the spread calculation during the rolling of metal materials, VII International Metallurgical Congress, 9-12.06.2016, Ohrid, Macedonia (CD)	1,8
3.5	Zagorka Koneska, Dafinka Stoevska-Gogovska, Ruzica Manojlovic, Corrosion behavior of heat treated medium carbon steel in acetic acid solutions, VII International Metallurgical Congress, 9-12.06.2016, Ohrid, Macedonia (CD)	2,4
3.6	Zagorka Koneska, Dafinka Stoevska-Gogovska, Corrosion behavior of low carbon steel nitrided by plasma, VI International Metallurgical Congress, 29.05-01.06.2014, Ohrid, Macedonia (CD)	2,7
4.	**Учество на научен/стручен собир со реферат**	
4.1	Aleksandar Jovanov, Zagorka Koneska, Dafinka Stoevska-Gogovska, Influence of the heat treatment of steel C.1531 on the corrosion behavior in acetic acid solutions, XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 05-09. 09.2012, Ohrid, Macedonia, Book of abstracts, p. 161	1
4.2	D. Stoevska-Gogovska, P. Paunovic, O. Popovska, E. Lefterova, A.T. Dimitrov, Nano-scaled hypo-hyper d-electrode materials based on non-noble metals aimed for hydrogen evolution: effect of support materials, XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 05-09. 09.2012, Ohrid, Macedonia, Book of abstracts, 268	1

4.3	Kiril Stoimcev, Perica Paunovic, Ruzica Manojlovic, Aleksandar Petrovski, Dafinka Stoevska-Gogovska, Construction of phase diagram for the system Zn-O-S using MathCAD, Sedmi simpozijum o termodinamici i faznim dijagramima, 8. jun 2015, Bor, Srbija, Zbornik izvoda radova, p. 23	1
4.4	Blagoj Rizov, Dafinka Stoevska-Gogovska, The thermal effects of dissolution on the solid nickel in liquid aluminum and formation intermetallic phases, VII International Metallurgical Congress, 9-12.06.2016, Ohrid, Macedonia, Book of abstracts, p. 47	1
4.5	Zagorka Koneska, Dafinka Stoevska-Gogovska, Ruzica Manojlovic, Electrochemical investigations of zirkonium in acid solutions, XXIV Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 11-14 september 2016, Ohrid, Macedonia, Book of abstracts, p. 121	1
4.6	Dafinka Stoevska-Gogovska, Zagorka Koneska, Ruzica Manojlovic, Oxidation of low carbon steel at elevated temperatures, XXIV Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 11-14 september 2016, Ohrid, Macedonia, Book of abstracts, p. 129	1
4.7	R. Manojlovic, J.Mickovski, D.Stoevska-Gogovska, Z.Koneska, J.Trpcevska, Microstructural characterization of cold rolled and annealed low-carbon steels, XXIV Congress of Chemists and technologists of Macedonia, 11-14 september 2016, Ohrid, Macedonia, Book of abstracts, p.200	1
4.8	Zagorka Koneska, Dafinka Stoevska-Gogovska, Ruzica Manojlovic, Mile Filipovski, Thermal oxidation of copper in air atmosphere, XXIV Congress of Chemists and tehnologists of Macedonia, 11-14 september 2016, Ohrid, Macedonia, Book of abstracts, p. 202	1
	Вкупно	29,15

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Ред. број	**Назив на активноста**	**Поени**
1.	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**	

1.1	Член на Научен одбор на VIth International Metallurgical Congress, 2014	1
1.2	Член на Организационен одбор на VIIth International Metallurgical Congress, 2016	1
1.3	Член на Организационен одбор на 10th Congress of pure and applied chemistry of students from Macedonia (with international participation, 2013)	0,5
2.	**Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир**	
2.1	Уредник на зборник на трудови од 10th Congress of pure and applied chemistry of students from Macedonia (with international participation, 2013)	1
3.	Член на Наставно-научниот колегиум за студиската програма Металургија и метални материјали - втор циклус	0,5
4.	Член на Советот за трет циклус студии, модул: металургија	1
5.	Член на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје	0,5
6.	Член на Комисија за дипломски работи	0,5
7.	Член на Пописна комисија на Институтот за преработувачка металургија, 2012-2016	2,5
8.	Член на Здружението на металурзи на Македонија	1
9.	Член на Сојузот на хемичари и технолози на Македонија	1
	Вкупно	10,5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	86,24
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	29,55
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	10,5

Вкупно	126,29

Рецензентска комисија

1. Д-р Јон Магдески, редовен професор
   Технолошко-металуршки факултет, Скопје, претседател, с.р.

2. Д-р Драган Славков, редовен професор во пензија
   Технолошко-металуршки факултет, Скопје, член, с.р.

3. Д-р Јован Мицковски, редовен професор во пензија
   Технолошко-металуршки факултет, Скопје, член, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРИМЕНА НА ПРИРОДНИ СОРБЕНТИ И НАНОМАТЕРИЈАЛИ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ТЕШКИТЕ МЕТАЛИ ДИСТРИБУИРАНИ ВО СИСТЕМОТ ПОДЗЕМНИ ВОДИ НА МИКРОЛОКАЛИТЕТОТ ДРИСЛА“ ОД М-Р КАТЕРИНА АТКОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 13.04.2017 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Катерина Атковска со наслов ,,Примена на природни сорбенти и наноматеријали за отстранување на тешките метали дистрибуирани во системот подземни води на микролокалитетот Дрисла“, во состав: проф. д-р Гордана Русеска (претседател), проф. д-р Анита Грозданов (ментор), проф. д-р Кирил Лисичков (член), проф. д-р Слободан Богоевски (член) и проф. д-р Александар Димитров (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Катерина Атковска со наслов ,,Примена на природни сорбенти и наноматеријали за отстранување на тешките метали дистрибуирани во системот подземни води на микролокалитетот Дрисла“, содржи 160 страници компјутерски обработен текст во фонт Georgia, со 1,15 проред и големина на букви 12, со 212 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 9 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката укажува дека со можностите што ги нуди методот на атсорпција ќе се испита можноста за отстранување на јоните на тешките метали со примена на природни и наносорбенти, поточно со експандиран перлит, лушпи од кикирики како биосорбенти и графенот како наноматеријал.

Првата глава од докторската дисертација претставува теоретски дел и во неа се претставени феноменолошките основи на процесот на атсорпција на тешките метали.

Втората глава ги анализира карактеристиките и ефикасноста на различните типови сорбенти на тешки метали.

Третата глава ги претставува методите кои се користат за испитување на материјалите и следењето на атсорпцијата на тешките метали во оваа докторска дисертација.

Четвртата глава ги опишува експериментот, целите и предметот на истражување.

Петата глава ги претставува и ги анализира резултатите од карактеризаицјата на применетите сорбенти: лушпи од кикирики, експандиран перлит и графен.

Шестата глава ги претставува и ги анализира резултатите од примената на природни и активирани лушпи од кикирики како сорбент на тешките метали: Ni(II), Pb(II) и Fe(II).

Седмата глава ги претставува и ги анализира резултатите од примената на експандиран перлит како сорбент на тешките метали: Ni(II), Pb(II) и Fe(II).

Осмата глава ги претставува и ги анализира резултатите од примената на графенот како сорбент на тешките метали: Ni(II), Pb(II) и Fe(II).

Девета глава ја претставува ефикасноста на атсорпцијата на применетите сорбенти во тро-компонентен систем.

Во заклучните согледувања, претставени се заклучоците за секоја фаза поодделно.

<u>Предмет на истражување</u>

Примарната цел на оваа докторска дисертација е да се испитаат карактеристиките и можностите за задржување на јоните на тешките метали со примена на природни и наносорбенти, кои би можеле да се употребат во заштитните слоеви на депониското дно.

Предмет на истражување во рамките на дисертацијата се:

1) Примена на природни сорбенти - лушпи од кикирики. За зголемување на атсорпциони-от капацитет на лушпите од кикирики, извршена е нивна киселинско модификација.

2) Примена на наносорбенти, т.е. употреба на експандиран перлит и графен.

2а) Експандираниот перлит кој е употребен во испитувањата спаѓа и во групата на природни сорбенти. Високата порозност, големата специфична површина како и ниската цена на чинење, го прават перлитот погодна суровина за атсорпција на тешките метали.

2б) Графенот е јаглероден наноматеријал. Во овој докторски труд ќе биде испитана ефикасноста на графенот добиен во лабораториите на Технолошко-металуршкиот факултет, во третманите на прочистување на водени системи од јоните на тешките метали. Со цел подобрување на неговите атсорпциони својства, графенот ќе биде киселински активиран.

3) Подготовка на симулирани системи загадени со јоните на овие тешки метали, на кои преку метод на атсорпција, е испитана ефикасноста за елиминирање на јоните на никел, олово и железо на применетите природни и наносорбенти и на нивните активирани форми. Како резултат на тоа, за сите испитувани системи, ќе биде извршено дефинирање и оптимизација на клучните параметри на процесите на отстранување на овие јони од водени раствори.

Краток опис на применетите методи

Во дисертацијата се извршени повеќе видови испитувања, со примена на повеќе методи. Истражувањата се изведени со функционален редослед во три фази: карактеризација и третман на појдовните сорбенти, модификација, т.е. киселинска активација на сорбен-тите, анализа на атсорпцијата на тешките метали.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Во рамките на истражувањата и експерименталните испитувања во оваа докторска дисертација, добиени се високо вредни научни и технички резултати.

- За отстранување на јоните на Ni(II), Pb(II) и Fe(II), тешки метали кои беа присутни во исцедокот од депонијата Дрисла во концентрации над максимално дозволените, беа испитани атсорпционите способности на следниве природни и наносорбенти: лушпи од кикирики, експандиран перлит и графен. За подобрување на атсорпционата ефикасност, извршена е киселинско-базна активација на појдовните лушпи од кикирики и графенот.

- Карактеризацијата на сорбентите е изведена со примена на техниките: SEM, TGA, TEM, Раман спектроскопија, додека следењето на промената на концентрацијата на јоните на тешките метали кај сите испитувани системи, во текот на атсорпцијата, е извршено со примена на атомска апсорпциона спектофотометириска метода.

- При изведувањето на експерименталните анализи, кај лушпите од кикирики и експан-дираниот перлит, беше испитано влијанието на следните работни параметри врз ефикасноста на отстранување на јоните на тешките метали: pH-вредноста на системот, количеството сорбент, почетната концентрација на металните јони и времето на контакт.

- Утврдено е дека соодветна pH за отстранување на Ni(II) и Pb(II) јоните за системите со лушпи од кикирики е 6,5, а за експандираниот перлит е pH 7. Овие вредности се во коре-лација со вредностите на точката на нулто наелектризирање кое за лушпите од кикирики изнесува 6,3, додека за перлит pH_{PZC} има вредност 6,7. При отстранување на јоните на Fe, најдобри резултати се постигнаа на pH 4,5, т.е. 5, кај лушпите од кикирики и кај експандираниот перлит, соодветно. Ова се добива како резултат на оксидацијата на Fe(II) во Fe(III) јони и зголемувањето на концентрацијата на $FeOH^+$ и $Fe(OH)_2$ формите на повисоки pH вредности.

- Во однос на ефикасноста на отстранување на металните јони, како и од економски аспект, беше определено дека 2,5 g/l е оптималното количество на сорбентите за сите испитувани системи.

- Испитувањето на влијанието на почетната концентрација на Ni(II) и Pb(II) јоните (0,3; 0,5; 0,6 и 0,7 mg/l) како и на Fe(II) јоните (0,8; 1,0; 1,5 и 2,0 mg/l)

покажа дека со зголемување на почетната концентрација доаѓа до намалување на процентот на отстранување и кај природните и активираните лушпи од кикирики и кај експандираниот перлит. Ова се јавува како резултат на тоа што при повисоки почетни концентрации на металните јони доаѓа до заситување на атсорпционите центри на сорбентите.

- Споредбата на ефикасноста на отстранување на природните и активираните лушпи од кикирики покажа дека како резултат на зголемениот број на пори и шуплини добиени при киселинско - базна активација на лушпите, активираните лушпи од кикирики, при исти работни услови, покажуваат повисоки проценти на отстранување на трите метални јони, за сите испитувани почетни концентрации.

- Киселинската активација на графенот, не ги даде очекуваните резултати. Освен кај јоните на Ni(II) каде активираниот графен покажа подобра ефикаснсот во отстранувањето во однос на графенот од само 3%, кај другите два метала подобар процент на елиминација покажува графенот во однос на активираниот графен и тоа за јоните на олово изнесува 77,8 и 64,4%, соодветно. Отстранувањето, пак, на Fe(II) јоните со примена на графенот е целосно, односно изнесува 100%, а 99,1 % на елиминација покажа активираниот графен.

- Влијанието на времето на контакт е испитано кај сите анализирани системи. При тоа од графиците кои ја прикажуваат промената на концентрацијата со времето, C_t/t, и промената на атсорбираното количество со времето, q_t/t, се гледа дека процесот на атсорпција се одвива во две фази. Брза фаза, за време од 20 до 30 мин. на атсорпција при што се отстранува најголем процент од металните јони, по што следува бавна фаза до крајот на процесот каде не се јавува позначителна промена на концентрацијата односно на атсорбираното количество на металните јони. Кај сите испитувани системи, атсорпциона рамнотежа се постигнува во период од 20 до 60 мин. на атсорција.

- За испитување на атсорпционата рамнотежа на системите, експерименталните податоци се обработени со користење на четирите најчесто применувани изотерми: Langmuir, Freundlich, Langmuir – Freundlich и Redlich – Peterson, со апликација на софтверскиот пакет MATLAB/Curve Fitting Toolbox.

- За системите Ni(II) - природни лушпи од кикирики, Fe(II) - природни лушпи од кикирики и Ni(II) - експандиран перлит, високи коефициенти на корелација, над 0,99, покажуваат сите испитувани изотерми. За системите Pb(II) - природни лушпи од кикирики и Pb(II) - експандиран перлит најдобро совпаѓање со експерименталните вредности даваат Freundlich - овата и Redlich - Peterson - овата изотерма, а за системот Fe(II) - експандиран перлит Langmuir- Freundlich и Redlich - Peterson. Атсорпционата рамнотежа на системот Ni(II) - активирани лушпи од кикирики може да се опише со сите изотерми освен со Freundlich - овата, за системот Pb(II) - активирани лушпи од кикирики најдобро фитување покажуваат Freundlich - овата и Langmuir - Freundlich - овата изотерма, а идеално совпаѓање со експерименталните податоци, $R^2 = 1$, за системот Fe(II) - активирани лушпи даваат Freundlich - овата и Redlich - Peterson - овата изотерма. Од ова може да се заклучи дека атсорпциониот процес не се одвива само во монослојот, туку присутна е и повеќеслојна атсорпција врз хетерогени површини.

- Врз основа на рамнотежните податоци, од Langmuir - овата изотерма, определни се максималните атсорпциони капацитети на сорбентите за сите метални јони: Ni(II) - ПЛК и АЛК, 0,127 и 0,173 mg/g, Pb(II) - ПЛК и АЛК, 0,265 и 0,339 mg/g, Fe(II) - ПЛК и АЛК 1,108 и 1,207 mg/g, и за експандираниот перлит изнесуваат 0,333, 0,455 и 0,853 mg/g, за Ni(II), Pb(II) и Fe(II), соодветно.

Повисоките вредности на атсорпционите капацитети на АЛК во однос на природните за трите метала, ја потврдуваат подобрата ефикасност на АЛК во отстранувањето на испитуваните метални јони.

- За дефинирање на најдобар кинетички модел кој ќе ги опишува експерименталните кинетички податоци на анализираните системи, применети се следните кинетички модели: I и II ред на реакција, псевдо I и псевдо II ред на реакција и кинетичкиот модел на Elovic. Од кинетичите испитувања, добиени се параметрите и коефициентите на корелација за применетите кинетички моделии за сите анализирани системи. Утврдено е дека коефициентите на корелација се највисоки (R^2 > 0,99) за реакциите од псевдо II - ред за сите метални јони и за сите системи. Истовремено, експерименталните вредности за рамнотежното атсорбирано количество, q_e, одлично се совпаѓаат со пресметаните вредности со примена на овој кинетички модел. Ова покажува дека кинетичката реакција за сите испитувани системи се одвива по механизмот на реакција од псевдо II - ред, односно хемисорпцијата претставува лимитирачки степен за брзината на процесите на атсорпција.

- За да се испита ефикасноста на применетите сорбенти во однос на отстранувањето на металните јони во посложен систем, како и да се утврди меѓусебното влијание на Ni(II), Pb(II) и Fe(II), беа изведени атсорпциони експерименти во смеси од трите јони. При тоа во тро - компонентните смеси, кај експандиран перлит и графен како сорбенти, ефикасноста на отстранување е намалена во однос на моно - компонентните системи, за сите метали, односно во комбинација на повеќе јони се јавува антагонистичко дејство, кај перлитот и графенот.

Од изнесените резултати се заклучува дека најдобар сорбент за отстранување на јоните на Ni(II) и Pb(II) е експандираниот перлит со % на отстранување 78 и 92,2%, соодветно. Ефикасноста на сите испитани атсорбенти во однос на отстранувањето на Ni (II) јоните е по следниот редослед: ЕП > АКЛ > ПЛК > Аактивиран графен > Графен. За отстранување на јоните на олово редоследот на ефикасност на сите сорбенти е: ЕП > АКЛ >ПЛК>Графен>Активиран графен. Fe(II) јоните беа потполно, односно 100% отстранети при користење на графен како сорбент, додека активираниот графен како втор најдобар сорбент за железните јони имаше ефикасност од 91,1%. Ефикасноста на сорбентите за отстранување на Fe(II) јоните е по следниот ред: Графен>Актив. графен>АЛК>ПЛК > ЕП.

<u>Оцена на трудот</u>

Докторската дисертација на кандидатката м-р Катерина Атковска со наслов ,,Примена на природни сорбенти и наноматеријали за отстранување на тешките метали дистрибуирани во системот подземни води на микролокалитетот Дрисла“, претставува вредно истражување во областа на заштита на животна средина, т.е. отпадните води. Во изработката на темата на оваа докторска дисертација, примарна цел е да се испитаат карактеристиките и можностите за задржување на јоните на тешките метали со примена на природни и наносорбенти, кои би можеле да се употребат како материјали во заштитните слоеви на депониското дно. Докторската дисертација на кандидатот м-р Катерина Атковска со наслов ,,Примена на природни сорбенти и наноматеријали за отстранување на тешките метали дистрибуирани во системот подземни води на микролокалитетот Дрисла“, според мислењето на

Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Katerina Atkovska, Blagica Bliznakovska, Gordana Ruseska, Slobodan Bogoevski, Bosko Boskovski, Anita Grozdanov, Adsorption of Fe(II) and Zn(II) ions from landfill leachate by natural bentonite, Journal of Chemical Technology and Metallurgy, 51, 2, 215-222, (2016)

2. Katerina Atkovska, Kiril Lisichkov, Gordana Ruseska, Aleksandar T. Dimitrov, Anita Grozdanov, Removal of heavy metal ions from wastewater using conventional and nano-sorbents: a review, Journal of Chemical Technology and Metallurgy, Accepted for publication: 24.04.2017.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главните научни придонеси на кандидатката м-р Катерина Атковска имаат високо научно и техничко значење, како: дефинирање на работните параметри за примена на природни и наносорбенти; примена на релативно едноставна метода за функцио-нализирање на површината на сорбентите; комплетно дефинирање на кинетиката и редот на реакцијата на процесот на сорпција. Систематски е изучувано влијанието на содржината на сорбентот, киселоста на средината, содржината на металните јони.

Резултатите од оваа докторска дисертација покажаа дека експандираниот перлит, како неорганski материјал со релативно ниска цена на чинење, лушпите од кикирики, како биосорбенти кои претставуваат земјоделски отпад и нивната модифицирана форма, и графенот, како материјал од новата генерација - наноматеријал, можат успешно да се применат како ефикасни материјали поставени во заштитните слоеви на депониското тло со цел отстранување на јоните на тешките метали присутни во исцедните отпадни води.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: во секторот екологија, т.е обезбедување на чиста животна средина и ефикасно решавање на проблемот на третман и прочистување на отпадните води и водите исцедени од депониите.

Можните понатамошни истражувања можат да бидат насочени кон имплементирање на овие технолошки решенија и материјали-сорбенти во реалниот живот и практика.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Катерина Атковска со наслов „Примена на природни сорбенти и наноматеријали за отстранување на тешките метали дистрибуирани во системот подземни води на микролокалитетот Дрисла“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Гордана Русеска, претседател, с.р.

Проф. д-р Анита Гроздановв, ментор, с.р.

Проф. д-р Кирил Лисичков, член, с.р.

Проф. д-р Слободан Богоевски, член, с.р.

Проф. д-р Александар Димитров, член, с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИГИЕНА И ТЕХНОЛОГИЈА НА ПРОИЗВОДИ И СУРОВИНИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје , објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 14.3.2017 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 0202-700/4 донесена на 19.4.2017 год., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Павле Секуловски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Деан Јанкулоски, доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и д-р Ромел Велев, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло, во предвидениот рок се пријави ас. д-р Сандра Мојсова, ДВМ.

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Сандра Мојсова е родена на 13.4.1980 год. во Скопје, Р Македонија. Средно образование завршила во „Јосип Броз-Тито“, општа гимназија, во Скопје, во 1998 година. Со високо образование се стекнала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Факултетот за ветеринарна медицина, каде што дипломирала во 2007 година, со просечен успех 8,66.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2007/2008 година се запишала на постдипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на отсекот Технологија на млеко под менторство на проф. д-р Соња Србиновска. Предвидените испити од постдипломските студии ги положила со просечен успех 9,57. На 2.4.2013 год. го одбранила магистерскиот труд на тема: „Микробиолошки биодиверзитет на традиционално овчо бело саламурено сирење“, со што се стекнала со звањето магистер на земјоделски науки и храна од областа технологија на млеко.

Во учебната 2013/2014 се запишала на трет циклус – докторски студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на студиската програма Безбедност на храна, под менторство на проф. д-р Павле Секуловски. Докторската дисертација под наслов „Ентерококи од македонски сирења: Структура на популација, антибиотска резистентност, биогени амини и присуство на бактериоцини и вирулентни детерминанти“ ја пријавила на 10.2.2014 год. на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, и успешно ја одбранила на 15.1.2016 год., пред Комисија во состав: проф. д-р Ристо Проданов, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, проф. д-р Соња Србиновска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, проф. д-р Милена Петровска, редовен професор на Медицинскиот факултет во

Скопје, проф. д-р Владимир Петков, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Со тоа се стекнала со звањето доктор на науки по безбедност на храна.

На 15.6.2007 год. е избрана во звањето помлад асистент во областа безбедност на храна на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Билтен бр. 918 од 27.05.2007 год.). Во истото звање повторно е избрана на 16.6.2010 год. (Билтен бр. 987 од 1.06.2010 год.).

Во ноември 2011 е распоредена на работното место соработник во Лабораторијата за микробиологија на храна и добиточна храна на Институтот за храна при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука бр. 03-3274 од 2.11.2011). На 13.11.2013 год. е избрана во звањето асистент (Билтен бр. 1063 од 15.10.2013 год.).

Во моментот е асистент во научната област хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1063 од 15.10.2013 год.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 918 од 27.5.2007 год., бр. 987 од 1.6.2010 год., бр. 1063 од 15.10.2013 год., како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Факултетот за ветеринарна медицина при УКИМ, кандидатката д-р Сандра Мојсова изведува вежби на интегрираниот прв и втор циклус додипломски студии, по предметите : Вовед во хигиена на храна, Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, Хигиена и технологија на млеко и млечни производи од студиската програма Ветеринарна медицина.

Научноистражувачка дејност

Во досегашната научноистражувачка работа, д-р Сандра Мојсова има објавено вкупно 38 научни трудови, од кои 4 научни труда објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор, 5 труда со оригинални научни резултати објавени во научно/стручно списание, 1 труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор, 3 апстракти објавени во зборник на национален собир и 25 апстракти објавени во зборник на меѓународен собир.

Д-р Сандра Мојсова учествувала како член на еден меѓународен и еден национален научен проект.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Сандра Мојсова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за храна при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Активно е вклучена во тековната работа на Институтот за храна во секојдневните рутински анализи на примероци од храна и добиточна храна. Кандидатката, исто така, активно учествува во подготовка, изработка и спроведување на процедури на стандардни оперативни постапки во процесот на акредитација за потребите на Лабораторијата за микробиологија на храна и добиточна храна и е одговорна за имплементирање и развој на нови методи.

Од 20.3.2017 е назначена за раководител на Лабораторијата за микробиологија на храна и добиточна храна во Институтот за храна (Решение бр.03-524 од 20.03.2017).

Стручно усовршување во странство кандидатката д-р Сандра Мојсова остварила со студиски престој на Земјоделскиот факултет во Атина (Одлука на ННС со бр. 0202-4396/2-6 од 22.10.2009) и Универзитетот за ветеринарна медицина во Виена, Австрија (Одлука на ННС со бр. 0202-2820/4-5 од 1.9.2010).

Д-р Сандра Мојсова била член на секретаријатот на „Денови на ветеринарна медицина 2012“ и член на Организацискиот одбор на меѓународниот научен собир на „Денови на ветеринарна медицина 2013“ (Одлука на ННС со бр. 0201-384/4 од 16. 2.2012 година и 0201-2903/8 од 1.10.2012). Член е на Комисија за промоција на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на ННС со бр. 0201-730/3 од 13.4.2016).

Оценка од самоевалуација

Кандидатката д-р Сандра Мојсова доби позитивни оценки од анонимно спроведените анкети на студентите од Факултетот за ветеринарна медицина за учебната 2013/2014 година (Одлука на ННС со бр. 0201-2915/5 од 20.10.2014 година), за учебната 2014/2015 година (Одлука на ННС со бр. 0201-175/5 од 2.2.2015 година), за учебната 2015/2016 (Одлука на ННС со бр. 0202-418/8 од 4.3.2016 година) зимски семестар, за учебната 2015/2016 (Одлука на ННС со бр. 0202-2142/6 од 4.11.2016 година), летен семестар и за учебната 2016/2017 (Одлука на ННС со бр.0202-398/2 од 10.3.2017) зимски семестар.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Сандра Мојсова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Сандра Мојсова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето доцент во научната област хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Сандра Мојсова да биде избрана во звањето **доцент** во научната област хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Павле Секуловски с.р**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,
Факултет за ветеринарна медицина

2. **Доц. д-р Деан Јанкулоски с.р**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,
Факултет за ветеринарна медицина

3. **Проф. д-р Ромел Велев с.р**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,
Факултет за ветеринарна медицина

Анекс 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Сандра Владимир Мојсова

Институција: Факултет за ветеринарна медицина - Скопје

Научна област: хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. Број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
Учесник во школи и работилници		
1.	Учесник во обука “Training module 8: Laboratory management and accreditation” 10. 9. 2007 (сертификат).	1,0
2.	Обука за “Проценка на мерната неодреденост за хемичари и миркобиолози”, спонзориран од SIDA а имплементиран од конзорциум на SWEDAC и Националната администрација за храна на Шведска одржана во Скопје (9-11 декември 2009) (сертификат).	1,0
3.	Учесник во работилница “Автоматизирана микробиологија Vidas, Vitek, Tempo”, во организацијана Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и biomerieux-Франција” одржана во Скопје, Р. Македонија (29-31 март 2010 година) (сертификат).	1,0
4.	Работилница во состав на „Денови на ветеринарна медицина 2010“, континуирана едукација „Репродукција и благосостојба на животните“ одржана 30.10.2010 година (сертификат).	1,0
5.	Успешно ја завршила обуката “Pulse Field Gel Electrophoresis and Fingerprinting Software”, организирана од Bio-rad,одржана во Скопје, Р Македонија (21-23 март 2011 година) (сертификат).	1,0
6.	Учесник во работилница под наслов “7th workshop of the Nacional Reference Laboratories (NRLs) for Listeria monocytogenes” одржана во Париз, Франција (16-18 април 2013 година) (Одлука со бр. 0202-1456/3-6 од 12.04.2013).	1,0
7.	Учесник во работилница под наслов “EURL-Campylobacter 2016” одржана во Упсала, Шведска (3-5 октомври) (Одлука бр. 0201-2024/2-9 од 13.10.2016).	1,0
	Одржување на вежби	
8.	Вежби - Вовед во хигиена на храна (2+2), летен 2010/2011	0,9
9.	Вежби - Контрола на хигиена и технологија на млеко (2+2), зимски 2011/2012	0,9
10.	Вежби - Контрола на хигиена и технологија на месо (4+3), зимски 2011/2012	1,35
11.	Вежби - Вовед во хигиена на храна (2+2), летен 2011/2012	0,9

12.	Вежби - Контрола на хигиена и технологија на млеко (2+2), зимски 2012/2013	0,9
13.	Вежби - Контрола на хигиена и технологија на месо (4+3), зимски 2012/2013	1,35
14.	Вежби - Хигиена и технологија на млеко (2+2), зимски 2013/2014	0,9
15.	Вежби - Хигиена и технологија на месо (2+2), зимски 2013/2014	0,9
16.	Вежби - Хигиена и технологија на месо (2+2), летен 2013/2014	0,9
17.	Вежби - Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство (2+2), летен 2013/2014	0,9
18.	Вежби - Хигиена и технологија на млеко (2+2), зимски 2014/2015	0,9
19.	Вежби - Хигиена и технологија на месо (2+2), зимски 2014/2015	0,9
20.	Вежби - Хигиена и технологија на месо (2+2), летен 2014/2015	0,9
21.	Вежби - Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство (2+2), летен 2014/2015	0,9
22.	Вежби - Хигиена и технологија на млеко (2+2), зимски 2015/2016	0,9
23.	Вежби - Хигиена и технологија на месо (2+2), зимски 2015/2016	0,9
24.	Пракса во претпријатија за преработка на храна (75), летен 2010/2011.	3
25.	Пракса во претпријатија за преработка на храна (75), летен 2011/2012.	3
26.	Пракса во претпријатија за преработка на храна (75), летен 2012/2013.	3
27.	Пракса во претпријатија за преработка на храна (75), зимски 2013/2014.	3
28.	Пракса во претпријатија за преработка на храна (75), зимски 2014/2015.	3

29.	Пракса во претпријатија за преработка на храна (75), зимски 2015/2016.	3

Консултации со студенти		
30.	Консултации со студенти 2010/2011 (7 студенти)	0,014
31.	Консултации со студенти 2011/2012 (36 студенти)	0,072
32.	Консултации со студенти 2012/2013 (32 студенти)	0,064
33.	Консултации со студенти 2013/2014 (56 студенти)	0,112
34.	Консултации со студенти 2014/2015 (44 студент)	0,088
35.	Консултации со студенти 2015/2016 (36 студент)	0,072
Пакет материјали за одреден предмет		
36.	Пакет материјали за Технологија на млеко и млечни производи	1
35.	Пакет материјали за Вовед во хигиена на храна	1
	Вкупно	**42,621**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. Број	**Назив на активноста (научноистражувачка):**	**Поени**
Учество во проекти		
1.	Учесник во меѓународен проект: „ERA 83-SEE-ERA.NET PLUS“, за одржливо производство на традиционални сирења од локални раси овци на Балканот (2010-2012 година).	5
2.	Учесник во национален проект: Microbiological biodiversity of traditional cheese in Macedonia financed by Macedonian Ministry Environment and Physical Planning (MEPP) 15.1-30.12. 2013	3
Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание		
3.	**Костова С.**, Јанкулоски Д., Раткова М., Ангеловски Љ., Ераковиќ Т. И., Секуловски П (2008). Застапеност на	

	Campylobacter spp. во месо и производи од месо увезени во Република Македонија. Мак. вет. прег, вол.31,(1), 21-24,2008.	2,4
4.	Јанкулоски Д., Раткова М., **Костова С.**, Ангеловски Љ., Ераковиќ Т. И., Секуловски П. (2008). Антимикробна резистентност на изолати на Salmonella spp. од различни видови сурово месо и МОМ од увоз од Р.Македонија. Мак. вет. прег, вол.31, (1),25-34,2008.	2,4
5.	Ангеловски Љ., Јанкуловски Д., **Костова С.**, Раткова М., Ераковиќ Т. И., Секуловски П. (2008).Квалитет на суровото кравјо млеко во Република Македонија согледан преку испитување на бројот на соматски клетки и бројот на микроорганизми. Мак вет. прег, вол.32, (1),37-44,2009.	2,4
6.	Јанкулоски Д., Проданов М., Ангеловски Љ., Раткова М., **Костова С**., Секуловски П. (2009). Истражување на улогата на официјалниот ветеринар во вкрстената контаминација на органите и трупот на линија за колење со примена на маркер микроорганизми, Мак. вет. прег. Vol. 32 (1) 45-53 (2009).	2,4
7.	Ангеловски Љ., Секуловски П., Јанкулоски Д., Раткова М., **Костова С**., Проданов М. (2009). Присуство на патогени микроорганизми во сурово кравјо млеко, Мак. вет. прег. 32, (2) 53-58 (2009).	2,4

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор		
8.	Angelovski Lj., Jankuloski D., Ratkova M., Prodanov M., **Mojsova S**., Sekulovski P. (2012) Assesment of the microbial parameters along the production phases at a dairy plant. Mac Vet Rev 2012; 35(1): 23-28.	3.6
9.	**Mojsova S**., Jankuloski D., Sekulovski P., Angelovski Lj., Ratkova M., Prodanov M., (2013) Microbiological properties and chemical composition of Macedonian traditional white brined cheese. Mac Vet Rev 2013; 36(1): 13-18.	3,6
10.	Ratkova M., Prodanov M., Angelovski Lj., Jankuloski D., Sekulovski P., **Mojsova S**., (2013) Evaluation of the hygiene status in several meat and dairy processing establishments in R. Macedonia. Mac Vet Rev 2013; 36(2):101-105.	3,6
11.	**Mojsova S**, Krstevski K, Dzadzovski I, Popova Z, Sekulovski P Phenotypic and genotypic characteristics of enterocin producing	3,6

	enterococci against pathogenic bacteria Mac Vet Rev 2015*;38 (2): i*-viii. http://dx.doi.org/10.14432/j.macvetrev.2015.08.052	
Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор		
12.	Temkov M, Simonovska J, Dimitrovski D, **Mojsova S**, Rafajlovska V, Velickova E (2016). Properties od alginate-based edible films incorporated with capsicum oleoresin III International Congress "Food Technology, Quality and Safety" 2016, Novi Sad, Srbija	1,8
Апстракти објавени во зборник на национален собир		
13.	Раткова М., **Костова С**., Секуловски П., Јанкулоски Д., Ангеловски Љ., Проданов М. (2010). Микробиолошки квалитет на свежо овошје од малопродажни објекти во Скопје, Р. Македонија, 2nd Scientific Conference "Food Quality and Safety" Book of abstracts p. 90-95. 11-12 November 2010, Bitola, Macedonia.	0,5
14.	Јанкулоски Д., Ангеловски Љ., **Костова С**.,Раткова М., Секуловски П. (2010). Detection of antimicrobial sensitivity of isolates of *Salmonella enteritidis* from food chain with use of Vitek 2 compact Biomerieux, 2nd Scientific Conference "Food Quality and Safety" Book of abstracts p. 96-102. 11-12 November 2010, Bitola, Macedonia.	0,5
15.	Проданов М., Секуловски П., Јанкулоски Д., Ангеловски Љ., **Костова С**., Раткова М. (2010). Control of proces higiene in pasteurized milk in the R. Macedonia, 2nd Scientific Conference "Food Quality and Safety" Book of abstracts p. 40-46. 11-12 November 2010, Bitola, Macedonia.	0,5
Апстракти објавени во зборник на меѓународен собир		
16.	Sekulovski P., Jankuloski D., **Kostova S**., Ratkova M., Angelovski Lj., Prodanov M. (2009). Practical experience in accreditation of microbiology laboratory, 6th Balkan Congress of Microbiology, 28-31 October, 2009, Ohrid, Macedonia.	1
17.	**Kostova S**., Ratkova M., Sekulovski P., Jankuloski D., Angelovski Lj., Prodanov M. (2009). Микробиолошка исправност на мразот	

	кој се употребува во пијалоци, 6th Balkan Congress of Microbiology, 28-31 October, 2009, Ohrid, Macedonia.	1
18.	Ratkova M., **Kostova S**., Sekulovski P., Jankuloski D., Angelovski Lj., Prodanov M. (2009). Профил на антибиотска резистентност на изолати на *Escherichia coli, Staphylococcus* aureus и коагулаза негативни *Staphylococci* изолирани од сирења и кашкавали од домашно производство, 6th Balkan Congress of Microbiology, 28-31 October, 2009, Ohrid, Macedonia.	1
19.	Angelovski Lj., Sekulovski P., Jankuloski D., Ratkova M., **Kostova S**., Prodanov M. (2009). Control of pathogen microorganisms in cheese production. III-rd Conference "Veterinary science and practice", Book of abstracts p.128-129 Zagreb, Croatia, 01-02 Oct. 2009.	1
20.	Angelovski Lj., Sekulovski P., Jankuloski D., Ratkova M., **Kostova S**., Prodanov M. (2010). Survey of microbiological quality of cakes and pastries sold in Skopje, Macedonia, (2010) 5th Central European Congress on Food, 19-22 May 2010, Bratislava, Slovakia.	1
21.	Ratkova M., **Kostova S**., Sekulovski P., Jankuloski D., Angelovski Lj., Prodanov M. (2010). Antimicrobial resistance of *E. coli* and *Staphylococcus aureus* isolated from cheese and *Salmonella spp*. isolated from different types of raw meat, 5th Central European Congress on Food, 19-22 May 2010, Bratislava, Slovakia.	1
22.	**Kostova S**., Ratkova M., Sekulovski P., Angelovski Lj., Jankuloski D., Prodanov M. (2010). Microbial analysis of Ice cream produced by small scale manufacturers, 5th Central European Congress on Food, 19-22 May 2010, Bratislava, Slovakia.	1
23.	Jankuloski D., Sekulovski P., Angelovski Lj., Ratkova M., **Kostova S**., Prodanov M. (2010). Characterization of *Listeria monocitogenes* isolates antimicrobial resistence from small ruminants and poultry chickens slaughterhouse environment and carcasses, Days of Veterinary Medicine 2010. Book of abstracts p. 12. 28-30 October 2010, Ohrid, Macedonia.	1
24.	Angelovski Lj., Sekulovski P., Jankuloski D., Ratkova M., **Kostova S**., Prodanov M. (2010). Prevalence of thermophillic *Campylobacter spp*. at poultry processing plant, Days of Veterinary Medicine 2010. Book of abstracts p. 42. 28-30 October 2010, Ohrid, Macedonia.	1
25.	Prodanov M., Sekulovski P., Jankuloski D., Angelovski Lj., Ratkova M., **Kostova S**. (2010). Microbiological parameters of water from wells and natural sources in the vicinity of Skopje, Days of	1

	Veterinary Medicine 2010. Book of abstracts p. 52. 28-30 October 2010, Ohrid, Macedonia.	
26.	Angelovski Lj., Sekulovski P., Jankuloski D., Ratkova M., **Kostova S.**, Prodanov M. (2010). Factors that influence high bacterial count in raw cow milk, Journal of Animal Science. Vol.XLVI supplement 1, 2010. p 175-179. Jusautor , Sofia, Bulgaria.	1
27.	Angelovski Lj., Sekulovski P., Jankuloski D., Ratkova M., **Kostova S.**, Prodanov M. (2010). Survey of the microbiological quality of cakes and pastries sold in Skopje, Macedonia, 1st International Congress on Food Technology. Abstract book p. 210. 03-06 November 2010. Antalya, Turkey.	1
28.	**Kostova S,** Sekulovski P, Jankuloski D, Ratkova M, Angelovski Lj, Prodanov M, Potential microbiological risks in dried herbs and spices, Food Institute, Faculty of veterinary medicine, University of "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, Days of veterinary medicine 2011.	1
29.	Jankuloski D, Sekulovski P, **Kostova S**, Ratkova M, Prodanov M, Angelovski Lj, Prevalence, serotyping and antimicrobial susceptibility of *Salmonella spp*. isolated from poultry houses in republic of Macedonia in 2009, Faculty of veterinary medicine, University of "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, Days of veterinary medicine 2011.	1
30.	Angelovski Ljupco, Sekulovski Pavle, Jankuloski Dean, Ratkova Marija, **Kostova S**, Prodanov Mirko, Microbiological quality and occurrence of antibiotic residues in ewe milk, Faculty of veterinary medicine, University of "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, Days of veterinary medicine 2011.	1
31.	Prodanov Mirko, Sekulovski Pavle, Jankuloski Dean, Angelovski Ljupco, Ratkova Marija, **Kostova S,** Microbiological quality of potable water used in food processing premises in republic of Macedonia, Faculty of veterinary medicine, University of "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, Days of veterinary medicine 2011.	1
32.	Jankuloski D, Sekulovski P, Angelovski Lj, Prodanov M, Ratkova M, **Kostova S**, Effect of acetic, citric and lactic acid on *Salmonella enteritidis* and *Listeria monocytogenes*, EHEDG world congress on hygienic engineering and design 2011-Ohrid, Republic of Macedonia.	1
33.	Ratkova M Sekulovski , P, Jankuloski D, **Kostova S**, Angelovski Lj, Prodanov M, Comparison of the survival and transfer ability of Salmonella enteritidis and Salmonella typhimurium form domestic food contact surfaces, Faculty of veterinary medicine, University of	

	"Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, Days of veterinary medicine 2011.	1
34.	Sekulovski P., Hajrulai-Musliu Z., Jankuloski D., **Mojsova S**., Prodanov M., Angelovski Lj., Ratkova M., (2014) Survival of Listeria monocytogenes in traditional semi-soft white cheese. International VETIstanbul Group Congress 2104, Book of abstracts p.109.	1
35.	Angelovski Lj., Sekulovski P., Jankuloski D., Ratkova M., Prodanov M., **Kostova S.** (2012) Antimicrobial resistance of Campylobacter jejuni and Campylobacter coli isolated from broilers in Macedonia. Book of Abstracts from International Conference on Biological Food Safety and Quality. 4-5 October 2012. Belgrade, Serbia.	1
36.	Jankuloski D., Sekulovski P., Ratkova M., **Mojsova S**., Angelovski Lj., Prodanov M. (2012) Molecular typing of Isolates of Listeria monocytogenesobtained from sheep, beef and pig slaughterhouses. Book of Abstracts from International Conference on Biological Food Safety and Quality. 4-5 October 2012. Belgrade, Serbia.	1
37.	Angelovski Lj., Jankuloski D., Ratkova M., Prodanov M., **Mojsova S**., Sekulovski P. (2013) Mastitis in Dairy goat: Isolated microorganisms and antimicrobial resistance. Proceedings from 4th International Scientific Meeting Days of Veterinary Medicine 2013. 6-8 September 2013, Struga, Macedonia. P. 111-112.	1
38.	Ratkova M., Prodanov M., Angelovski Lj., Jankuloski D., Sekulovski P., **Mojsova S**. (2013). Antimicrobial effect of white wine and lemon juice marinade against Salmonela enteritidis and Listeria monocytogenes in chicken meat. Proceedings from 4th International Scientific Meeting Days of Veterinary Medicine 2013. 6-8 September 2013, Struga, Macedonia. P. 100-101.	1
39.	**Mojsova S**., Sekulovski P., Jankuloski D., Ratkova M., Prodanov M., Angelovski Lj., Gavrilova J. (2013) Antibiotic resistance of Enterococci isolated from dairy products. Proceedings from 4th International Scientific Meeting Days of Veterinary Medicine 2013. 6-8 September 2013, Struga, Macedonia. P. 43-44.	1
40.	**Mojsova S**., Sekulovski P., Jankuloski D., Angelovski Lj., Ratkova M., Prodanov M., Gavrilova J. (2014) Isolation and antimicrobial activity of some strains of Enterococci from artisanal white brined cheese in republic of Macedonia. International VETIstanbul Group Congress 2104, Book of abstracts p.27.	1
Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество		

41.	"Антимикробна активност на автохтоната микрофлора во белото саламурено сирење"одржано на 25.6.2016 во Битола, во организација на Слоу Фуд Македонија.	1
Одржано предавање по покана на универзитет		
42.	"Традиционални сирења: Богата и различна популација на микроорганизми и нејзини придобивки" одржано на 2.3.2017 во Скопје на покана од Институт за сточарство при УКИМ (сертификат)	1
	Вкупно	**64,7**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста (стручно-апликативна):**	**Поени**
Воведување на нова лабораториска метода по прв пат во државата		
1.	Идентификација на ентерококи со употреба на молекуларни техники	4
2.	Детекција на присуство на гени за биогени амини кај ентерококи со употреба на молекуларни техники	4
Дејности од поширок интерес		
Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир		
3.	Член на Секретаријатот на научно-стручниот собир „Денови на ветеринарната медицина 2012"(Одлука на ННС со бр. 0201-384/4 од 16.2.2012).	1
4.	Член на Организацискиот одбор на научно-стручниот собир „Денови на ветеринарната медицина 2013"(Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201-2903/8 од 1.10.2012)	1
Превод – дел од книга		
5.	Превод од англиски "Ветеринарна микробиологија"	1
Раководител на лабораторија		

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
6.	Раководител на лабораторија на микробиологија на храна и добиточна храна (Решение бр. 03-524 од 20.3.2017)	1
Студиски престој во странство до 3 месеци		
7.	Стручен престој на Земјоделскиот факултет во Атина, Грција, ноември 2009 Одлука на ННС со бр. 0202-4396/2-6 од 22.10.2009	0,5
8.	Стручен престој како стипендист на CEEPUS-програмата на Универзитетот за ветеринарна медицина во Виена, Р. Австрија, март 2010 година Одлука на ННС со бр. 0202-2820/4-5 од 1.9.2010	0,5
Член на комисии на Факултетот за ветеринарна медицина		
9.	Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201-108/7-20 од 29.1.2016)	0,5
10.	Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201-108/7-22 од 29.1.2016год).	0,5
11.	Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201-108/7-23 од 29.1.2016 год).	0,5
12.	Комисија за расход (Одлука со бр. 0202-743/4-16 од 14.3.2013)	0,5
13.	Комисија за промоција на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука со бр. 0201-730/3 од 13. 4.2016)	0,5
14.	Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201-1218/5-8 од 21.6.2016)	0,5
15.	Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201-26/8-10 од 11.1.2017)	0,5
16.	Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201-1218-5/6 од 21.6.2016)	0,5
17.	Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 02001-1653/4-5 од 19.8.2016)	0,5

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
18.	Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201-26/8-6 од 11.1.2017)	0,5
19.	Комисија за попис (Одлука бр. 0201-350/8 од 1.3.2017)	0,5
20.	Комисија за утврдување дисциплинска одговорност на студентите на Факултетот за ветеринарна медицина (Одлука бр. 0202-1929/13 од 3.9.2015).	0,5
21.	Комисија за попис (Одлука бр. 0202-4392/3 од 6.12.2013)	0,5
22.	Комисија за попис (Одлука бр. 0202-4981/2 од 3.12.2009)	0,5
23.	Комисија за попис (Одлука бр. 0202-3823/3 од 26.11.2010)	0,5
24.	Комисија за расход (Одлука бр. 0202-743/4-16 од 14.3.2013)	0,5
	Вкупно	**21**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**42,621**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**64,7**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**21**
Вкупно	**128,321**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Павле Секуловски с.р

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,

Факултет за ветеринарна медицина

Доц. д-р Деан Јанкулоски с.р

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,

Факултет за ветеринарна медицина

Проф. д-р Ромел Велев с.р

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,

Факултет за ветеринарна медицина

Преглед

на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје од 43-та седница на Наставно-научниот совет одржана на 25.04.2017 година

Кандидат	Наслов на труд МК	Наслов на труд ENG	Ментор	Одлука на ННС на ФЗНХ
Анкица Горгиевска	**Споредба на нови технологии за производств на салата (*Lactuca sativa* L.)**	**Comparison of New Technologies for Lettuce (*Lactuca sativa* L.) Production**	Проф. д-р Гордана Попсимонова	Бр. 02-502/12 од 25.04.2017 год.
Олгица Арсова	**Ефекти од супституција на пченка и соино ќуспе со ddgs во исхраната на прасињата**	**The effects of corn and soybean meal substitution with DDGS in the piglet nutrition**	Проф. д-р Срећко Ѓорѓиевски	Бр. 02-502/13 од 25.04.2017 год.

П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за ликовни уметности во Скопје

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Лилјана Петровска	Реставрација и конзервација на иконата Богородица со Исус Христос од XVIII век	Restoration and conservation of the icon Mother of God with Jesus Christ from XVIII century	Проф. м-р Блаже Кузмановски	02-102/3-12 од 8. 5. 2017 год.
2	Викторија Димеска	Реставрација и конзервација на иконата Исус Христос Душеспасител од 1774 год	Restoration and conservation of the icon Savior Jesus Christ dated 1774 year	Проф. м-р Блаже Кузмановски	02-102/3-11 од 8. 5. 2017 год
3	Христина Маневска	Реставрација на иконата Св. Атанасиј од XVIII век и нејзина консолидација и презентација“	Restoration of the icon St. Athanasius from XVIII century and her consolidation and presentation	Проф. м-р Блаже Кузмановски	02-102/3-10 од 8. 5. 2017 год
4	Емилија Лааревска	Реставраторско-конзерваторски истражувања на иконата Богородица со Исус Христос од XVIII век	Restoration and conservation researching of the icon Virgin Mary with Jesus Christ from XVIII century	Проф. м-р Блаже Кузмановски	02-102/3-9 од 8. 5. 2017 год
5	Мирјана Крстева Массетти	Катарзична исповед преку форма и текстура	Cathartic Confession through form and texture	Проф. м-р Благоја Маневски	02-102/3-8 од 8. 5. 2017 год
6	Владимир Темков	Потрага по смислата на ликовноста, во соочувањето со убавината на природата“	A guest for the meaning of art,in confrontation with the beauties of nature	Проф. м-р Благоја Маневски	02-102/3-7 од 8. 5. 2017 год
7	Сара Длака	Асоцијативни колоритни форми	Associative colorful shapes	Проф. д-р Трајче Блажевски	02-102/3-6 од 8. 5. 2017 год
8	Шкрета Букурије	Асоцијативни силуети	Associative silhouettes	Проф. д-р Трајче Блажевски	02-102/3-5 од 8. 5. 2017 год
9	Ана Марковска	Љубен иванов 25	Ljuben Ivanov 25	Проф. м-р Станко Павлески	02-102/3-13 8.5.2017 год.

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ОД ОБЛАСТА НА МУЗИЧКАТА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДЕЛАТА „СОНАТА АРПЕЏОНЕ“ ОД Ф.ШУБЕРТ, „ТРИ ФАНТАСТИЧНИ ПИЕСИ“ ОП.73 ОД Р.ШУМАН, „ДЕВЕТ ВАРИЈАЦИИ НА ПАГАНИНИЕВА ТЕМА“ ОД Ф.ПРОТО И КОНЦЕРТ ЗА КОНТРАБАС И ОРКЕСТАР ОД Е.ТУБИН И ТЕОРИСКИОТ ТРУД „ОСТВАРУВАЊЕ НА ИНТЕРПРЕТАЦИСКИТЕ ЗАДАЧИ НА СОЛИСТОТ ВО ДВЕ ЗНАЧАЈНИ ДЕЛА ОД КОНЦЕРТНАТА ЛИТЕРАТУРА ЗА КОНТРАБАС: ЈОХАНЕС МАТИЈАС ШПЕРГЕР – КОНЦЕРТОТ БР.16 ВО D-dur И ЏОВАНИ БОТЕЗИНИ – КОНЦЕРТОТ БР.2 ВО h-moll, ПРЕКУ КОРИСТЕЊЕ НА РАЗЛИЧНИТЕ ГУДАЧКИ ТЕХНИКИ“ ОД М-Р ПЕТРУШ ПЕТРУШЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

Почестени од Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет при Факултетот за музичка уметност во Скопје, кој донесе решение за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. Велко Тодевски, проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, проф. д-р Димитрије Бужаровски, проф. м-р Михајло Куфојанакис и проф. м-р Олег Кондратенко, за оцена на докторската дисертација од областа на музичката интерпретација на делата „Соната Арпеџоне“ од Ф. Шуберт, „Три фантастични пиеси“ оп.73 од Р. Шуман, „Девет варијации на Паганиниева тема“ од Ф. Прото, Концерт за контрабас и оркестар од Е.Тубин и теориските труд „Остварување на интерпретациските задачи на солистот во две значајни дела од концертната литература за контрабас: Јоханес Матијас Шпергер-Концертот бр.16 во D-dur и Џовани Ботезини-Концертот бр.2 во h-moll, преку користење на различните гудачки техники“ од м-р Петруш Петрушевски, го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација од областа на музичката интерпретација од м-р Петруш Петрушевски се состоеше од три дела, од кои првите два беа интерпретациски, а третиот теориски.

Во рамките на музичко-интерпретацискиот дел на докторската дисертација, а во согласност со усвоената концертна програма од страна на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, кандидатот м-р Петруш Петрушевски реализира два концерта - првиот на 4.10.2013 и вториот на 15.4.2014 година.

На одбраната на I дел (рецитал) од докторската дисертација, кандидатот м-р Петруш Петрушевски се претстави со „Соната Арпеџоне“ од Франц Шуберт, „Три фантастични пиеси“ оп.73 од Роберт Шуман, и „Девет варијации на Паганиниева тема“ од Франк Прото, дела кои ретко

се изведуваат на контрабас и кои пред изведувачот поставуваат сложена техничка и интерпретациска задача.

Во изведбата на оваа компактна и маркантна програма, кандидатот покажа сигурна и специфична гудачка колоритност низ филозофски и реалистички имагинации кои само уметниците со развиена музичка интелигенција можат да ги осознаат и пренесат на сцената. Извонредното техничко ниво му овозможи на м-р Петруш Петрушевски да ја истакне акумулираната енергија на музичките дела, преку кои беа изразени нивните суштински карактеристики.

Според горенаведеното, Комисијата првиот дел од докторската дисертација на м-р Петруш Петрушевски едногласно го оценува како врвно, несекојдневно виртуозно музичко достигнување во областа на интерпретацијата на контрабас и репродуктивната уметност воопшто.

На одбраната на II дел од докторската дисертација, кандидатот м-р Петруш Петрушевски, со изведбата на Концертот за контрабас и оркестар од Едуард Тубин, покажа исклучителна професионална и естетска ангажирана изведба во техничка и интерпретациска смисла. Она што ја издвојува неговата изведба е перфектно контролираната мекост во изразувањето на лирските пасажи и енергичниот набој на ритмичката специфика. Брилијантната и виртуозна интерпретација на кандидатот се одликуваше со јасност во фразирањето со што сложената фактура на овие музички дела беше одликувана со високо профилиран уметнички израз.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата едногласно оцени дека вториот дел од докторската дисертација на кандидатот м-р Петруш Петрушевски претставува творечки виртуозен чин во кој е достигнато високо уметничко-естетско ниво, оставајќи печат во македонската репродуктивна уметност на контрабас.

Третиот дел од докторската дисертација, поточно теориските труд со наслов „*Остварување на интерпретациските задачи на солистот во две значајни дела од концертната литература за контрабас: Јоханес Матијас Шперлер – Концертот бр.16 во D-dur и Џовани Ботезини – Концертот бр.2 во h-moll, преку користење на различните гудачки техники*“ на кандидатот м-р Петруш Петрушевски содржи 103 страници во кои покрај главниот текст се вклучени насловната страница, апстрактот, содржината, библиографијата и прилозите: табела со податоци, формална анализа на концертите и две цедеа со аудио записи од изведбата на анализираните концерти од страна на кандидатот.

Во воведниот дел од трудот, кандидатот м-р Петруш Петрушевски дава осврт на самата тема, како и образложение за причините за избор на изработка на конкретната тема за докторската дисертација. Приложениот труд е произлезен како резултат од потребата да се поддржи уметничката интерпретација на контрабас бидејќи денешниот репродуктивен изведувач, смета м-р Петрушевски, може да открива нови пристапи кон изведбата на делата само преку воспоставување на еден систем од параметри (интерпретациски и технички) кои ќе овозможат подобро да се запознае делото, а со тоа да се стекне поголема самодоверба и повеќе идеи за сопствена творечка креација.

Основната цел во првата глава од трудот кандидатот ја претставува со преглед на литературата за контрабас и улогата на инструментот во музичкото творештво. Оттука, во рамките на оваа глава кандидатот дава целосен и детален преглед за историскиот развоен пат на инструментот кој е условен од промените во конфигурацијата на семејството виолини и еволуцијата на оркестарските ансамбли, поради што секоја последователна фаза ќе ја наметне потребата за адаптирање на инструментот кон нови музички и технички барања. Во овој контекст, кандидатот го потенцира и проблемот околу постоењето на различни видови на контрабаси и соодветно, различни техники на интерпретација, кои со текот на времето довеле до неминовна потреба од одредено стандардизирање во структурата на корпусот, бројот на жици, штимање, штрихови и техники на левата рака. Сето тоа е тесно поврзано и со појавата на музичките школи и методи кои поради систематичниот пристап во изучувањето на инструментот имаат голема заслуга за неговиот развој.

Контрабасот не бил популарен избор за создавање концертни дела главно поради тешкотиите на балансирање на солистот со оркестарот поради нискиот регистар кој го правел тешко предвидлив во интонативна и во интерпретациска смисла. Неколкумина автори од класицизмот и романтизмот, кои и самите биле врвни инструменталисти, успеале да ја надминат оваа состојба со компонирање и виртуозна изведба на своите концерти. Сепак, солистичката литература создадена за контрабас е со скромен опус кој никако не може да се спореди со богатото наследство на литературата за виолинистите или пијанистите. Во овој репертоар посебно место земаат концертите за контрабас и оркестар од Јоханес М. Шпергер и од Џовани Ботезини бидејќи преставуваат најеклатантни примери за прогресот на техниката и служат како основа за натамошна популаризација на инструментот. Всушност, со творештвото на Шпергер започнува солистичкиот третман на контрабасот, а, пак, со опусот и концертната активност на Ботезини контрабасот до крајот на XIX век доживеал популарност во неочекувани размери. Бидејќи овие концерти припаѓаат на различни стилски периоди, класицизам и романтизам, тие се разликуваат меѓу себе во техничко-интерпретациските особености, како на пример, ритамот, бојата на тонот, карактерот на фразирање, пристап кон прсторедот, видовите на штрихови и артикулација итн. Сево ова го наведува кандидатот да ги избере токму овие концерти за своето истражување.

Во втората глава од трудот е претставен методот на истражувањето преку концептот на истражување, обработката на податоците и ограничувањата. Како предмет на истражувањето, кандидатот м-р Петруш Петрушевски ги наведува интерпретациските задачи преку користењето на различни гудачки техники, конкретно во Концертот бр.16 во D-dur од Ј. М. Шпергер и Концертот бр.2 во h-moll од Џ. Ботезини. Емпириското корпус на истражувањето се партитурите т.е. печатени изданија кои се користат на повеќето меѓународни натпревари и семинари за контрабас во светот. Па оттука, најголемиот дел од податоците произлегуваат од искуството на кандидатот, односно од неговиот пристап, разбирање и анализирање на истражуваната материја, поради што се наметнува употреба превенствено на

квалитативните методи. Притоа, истражувачките проблеми се однесуваат на дескриптивноста на податоците и нивното опишување во еден музички контекст, како и на оние од еволутивен карактер кои произлегуваат од стилскиот период и неговите ефекти врз музичкото творештво.

Во овој дел кандидатот ја претставува и процедурата на самото истражување преку неколку типични фази: обезбедување на партитурите, практична работа врз интерпретациските задачи на делата, класифицирање, внесување и обработка на параметрите. Обработката на податоците, наведува кандидатот м-р Петруш Петрушевски, е произлезена од самиот квалитативно-квантитативен пристап на применетиот метод студија на случај со техника теориска анализа на содржина. Бидејќи со примената на овој метод се добиваат, пред сè, квалитативни показатели, кандидатот м-р Петрушевски ги обработува и ги коментира според сопственото изведувачко искуство, додека за квантитативните употребува дескриптивна статистика и фреквентни дистрибуции според класификацијата на гудачките техники на Иван Галмијан и Михаил Б. Волф и трите интерпретациски планови дефинирани од Димитрије Бужаровски артикулацискиот, динамичкиот и агогичкиот, каде податоците се обработени до ниво на проценти. Субјективноста во изборот и во толкувањата на обработуваната материја кандидатот го аспектира како ограничување во примената на квалитативните методи кои не се лесно достапни за проверка на обновените истражувања, така што можат да бидат доволно селективни и необјективни. Истовремено, фактот дека станува збор за прв теориски труд кај нас кој ја обработува уметничката интерпретација на инструментот контрабас, поставените методолошки рамки и нивната практична примена поставуваат дополнителни граници.

Во третата глава од трудот, кандидатот ги претставува резултатите од истражувањето преку: 1. анализата на интерпретациските планови и 2. разликите во интерпетациските задачи на делата. Всушност, м-р Петруш Петрушевски прави анализа на солистичките делници на контрабасот за секој став и за секој автор, поединечно, од следниве аспекти: артикулациски, односно различни начини на изведба со акцент врз спецификите на гудачката техника за контрабас; динамички, односно промена на интензитетот, засилување и стишување на звукот и агогички, кој се однесува на темпото, забрзувањата и забавувањата. Во откривањето на параметрите на интерпретациските особености на анализираната музичка материја, кандидатот упатува на тесна заемна поврзаност техника – артикулација поради што артикулациските барања во концертот ги базира на следниве видови гудачки техники: (за десната рака) легато, деташе, спикато, стакато, мартеле (за левата рака) вибрато, промена на позиции, употреба на одреден прсторед, флажолети и украси. Во продолжение, кандидатот детално ја обработува секоја од овие техники со нивните проблематики, односно начинот на изведба со одредена специфика како резултат на влијанието на стилските период. На овој начин, кандидатот м-р Петруш Петрушевски дава опсежен приказ на резултатите (поткрепувајќи ги со 65 нотни примери, 22 табеларни и 21 графички приказ на фреквентните дистрибуции), при што во оваа рецензија ќе ги сумираме нејзините главни заклучоци.

Анализата на дистрибуција на применетите техники покажува дека во Концертот на Шпергер се применети повеќе различни артикулации за разлика од Концертот на Ботезини. Притоа кај Ј. Шпергер, поради промената на правецот на движење на гудалото за секоја четвртина одделно, деташето е водечка артикулација, а кај Џ. Ботезини мелодиската фактура заснована на осмински нотни вредности го наметнува легатото. Всушност, самиот начин на фразирање на Ботезини го условува легатото, со специфичност наместа и по осум тонови во низа, што може да се каже дека е резултат и на усовршувањето на самиот инструмент и стилските разлики во солистичкиот третман (класицизам - романтизам).

Како дополнителен фактор кој влијае за начинот на изведба, истакнува кандидатот, се и техничките карактеристики на самото гудало чија форма се менува со текот на еволуцијата на инструментот. Во времето на класицизмот, Ј. Шпергер користи пократко гудало со позатегнати струни кое овозможува брза промена на правецот на движење за секоја нотна вредност што се потврдува со дистрибуцијата на резултати, и воедно полесно доловување на бојата на тонот карактеристична за самиот стил. Во Концертот на Џ. Ботезини, пак, доминацијата на легато штрихот произлегува од мелодиските карактеристики и од начинот на фразирање (широки фрази со интензивна употреба на динамичките нијансирања и вибратото), кои налагаат и промени во дизајнот на гудалото. Станува збор за Ботезиниевото гудало (или денешниот француски тип) кое е подолго со потесна жабица и му овозможува на изведувачот употреба на повеќе тонови на едно гудало, како и поголема контрола врз инструментот без разлика на техничките задачи. Всушност, на овој начин Ботезини го подигнува нивото на солистичкиот третман кон музичката материја.

Во Шпергеровиот концерт, употребените динамички знаци во партитурата, наведува кандидатот м-р Петруш Петрушевски, се однесуваат на означувањето на p, mf, и f, од кои mf е најзастапениот динамички интензитет. Во концертот на Џ. Ботезини, пак, mf воопшто не е означено, а се среќаваат поразновидни динамички ознаки за постигнување на потребниот драмски ефект и емоционално доживување на мелодијата (како резултат на изразениот романтичарски израз). Ова се должи, заклучува м-р Петрушевски, на поврзаноста на динамиката со другите интерпретациски планови, изразена во голема мера со crescendo и diminuendo, нивна брза промена, дури и во рамките на само еден такт.

На агогички план, Концертот на Ј. Шпергер има поголем број текстуални ознаки во поглед на темпото, за разлика од Концертот на Џ. Ботезини, каде што ознаките се наоѓаат на почетокот од секој став.

Во заклучокот, кандидатот м-р Петруш Петрушевски констатира дека различните гудачки техники се во функција на интерпретациските задачи бидејќи на тој начин се доловува карактерот на самата мелодиска линија во чија природа се чувствува самиот стилски период- класицизам и романтизам. Воедно и во двата концерта се потврдува меѓусебната поврзаност и условеност на интерпретациските планови – артикулација, динамика и агогика. Врз основа на спроведената анализа на делата, кандидатот ја потврдува основната хипотеза: *Постои поврзаност меѓу остварувањето на интерпретациските задачи на солистот и*

употребените гудачки техники во Концертот бр.16 во D-dur од Јоханес Матијас Шпергер и Концертот бр.2 во h-moll од Џовани Ботезини.

Во целина може да се констатира дека кандидатот изработил теориски труд каде што ги утврдува интерпретациските задачи на солистот и дава детална анализа за нивното остварување преку користењето на гудачките техники. Вака изработениот теориски труд несомнено ќе ја збогати научната и теориската мисла, и ќе даде една нова димензија во однос на примената на теориските сознанија на изведувачите на контрабас во проучувањето на интерпретациските задачи и техничките особености при подготовката на едно концертно дело. Со тоа трудот ќе најде широка примена во повеќе области поврзани со инструментот, почнувајќи од педагогијата, преку теоријата на интерпретацијата до музикологијата.

Имајќи ги предвид сите наведени заклучоци, најнапред за интерпретацискиот, а потоа и за теорискиот дел, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот м-р Петруш Петрушевски во целост одговорил на поставените барања за изработка на докторска дисертација од областа на музичката интерпретација. Затоа, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје да ја одобри и да ја закаже одбраната на последниот теориски дел од докторската дисертација на м-р Петруш Петрушевски.

Рецензентска комисија

Проф. Велко Тодевски с.р.

Проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска с.р.

Проф. д-р Димитрије Бужаровски с.р.

Проф. м-р Михајло Куфојанакис с.р.

Проф. м-р Олег Кондратенко с.р.

ПРЕГЛЕД
На магистерски програми и наслови на теми за изработка на магистерски труд прифатени на Факултетот за музичка уметност – Скопје:

	Име и презиме	**Магистерска програма/Наслов на тема за магистерски труд**	**Ментор**	**Датум и број на Одлука на ННУС**
1.	**Марија Анѓиќ**	L. von Beethoven – Sonata As-dur, Op.110 R. Schumman – Davidovi saveznici, Op.6 S. Prokopiev – Sarkazni, Op. 7 F. Mendelssohn – Piano Concerto g-moll, Op.25	Проф. д-р Марија Ѓошевска	02-326/1 од 23.3.2017
2.	**Астрит Паласка**	A. Bruckner - Locus Iste A. Arensky - Otche Nash A. Lotti - Crucifixus K. Matsushita - Cantate Domino in B E. Whitacre - Sleep Th. Simaku - Trëndëlina R. Mullaj - Vjeshta A. Vivaldi - Gloria	Проф. м-р Сашо Татарчевски	02-326/2 од 23.3.2017
3.	**Бојан Лушкоски**	H. Tomasi: Concerto pour Clarinette et Piano J. Francaix: Tema con variazioni R. Schumann: Three Romances, Op.94 L. Bernstein: Sonata for Clarinet and Piano J. Francaix: 5 Danses Exotiques P. D'Rivera: Contradanza A. Piazzolla: Nightclub 1960	Проф. м-р Стојан Димов	02-465/1 од 26.4.2017
4.	**Михајло Вукајловиќ**	P. Creston: Concerto for alto saxophone and orchestra R. Boutry: Divertimento T. Yoshimatsu: Fuzzy Bird Sonata P. Bonneau: Caprice en forme de valse E. M. Ross: Journey into the light J. Francaix: Cinq danses exotiques	Вонр. проф. м-р Нинослав Димов	02-468/3 од 26.4.2017
5.	**Бобан Рајчиноски**	J. Brahms: Immer leiser wird mein schlummer F. Schubert: Erlkönig G. Mahler: Циклус ,,Lieder eines fahrenden Gessellen С. Петровски: Вокализа за глас и пијано М. Мусоргский: Ночь М. Мусоргский: Но если бы с тобою я встретиться могла С. Рахманинов: Я опять одинок J. Massenet: En fermant les yeux (арија на De Grieux од операта Manon) G. Verdi: Lunge da lei (арија на Alfred од операта Traviata) G. Verdi: La donna è mobile (арија на војводата од Мантова од операта Rigoletto) G. Puccini: Che gelida manina (арија на Родолфо од операта Bohème)	Доц. м-р Игор Дурловски	02-465/2 од 26.4.2017
6.	**Марко Гапо**	A. Dvořák: Ciganske melodie Op. 55 (циклус од 7 песни) W. A. Mozart: Madamina, Il catalogo è questo! (Арија на Leporello од операта "Don Giovanni") J.S. Brahms: Vier ernste Gesänge Op. 121 (циклус од 4 песни) F. Mendelssohn: - Auf Flügeln des Gesanges - Der Mond	Вонр. проф. д-р Горан Начевски	02-468/1 од 26.4.2017

		- Neue Liebe - Nachtlied W. A. Mozart: - Hai già vinta la causa (Арија на Conte d'Almaviva од операта „Le Nozze di Figaro") - Un bacio di mano KV 541 (концертна арија) - Rivolgete a lui lo sguardo (Арија на Guglielmo од операта „Cosi fan tutte")		
7.	**Симон Поповски**	С. Прокофиев: Концерт за виолина и оркестар бр. 1 Л. В. Бетовен: Соната за пијано и виолина бр.7 М. Равел: Соната за виолина и пијано бр. 2 К. Дебиси: Соната за виолина и пијано	Проф. м-р Олег Кондратенко	02-469/2 од 26.4.2017
8.	**Кирил Крстевски**	Л. В. Бетовен: Концерт бр. 3 во c-moll, оп. 37 С. Рахмањинов: „Шест музички моменти" оп. 16 С. Прокофиев: Соната бр. 2 во d-moll, оп.14 Рахмањинов/Крајслер: „Liebesleid" и „Liebesfreud"	Проф. д-р Марија Ѓошевска	02-467/1 од 26.4.2017
9.	**Тоше Поп – Лазаров**	К. Сен Санс: Концерт за пијано и оркестар оп.22, бр.2 Ј. С. Бах: Хроматска Фантазија и Фуга Ј. Хајдн: Соната XVI/48 Н. Метнер: Соната оп.38 М. Тајчевиќ: Седум Балкански игри	Проф. м-р Рита Поповиќ	02-470/1 од 26.4.2017
10.	**Зоран Станишиќ**	К. Сен Санс: Концерт за пијано и оркестар бр.3 – Es dur М. Равел: „Гробот на Купрен" (свита) М. Равел: Сонатина М. Равел: "Valses nobles et Sentimentales" М. Равел: "La Valse"	Проф. м-р Рита Поповиќ	02-466/2 од 26.4.2017
11.	**Маја Божиновска**	Л. В. Бетовен: Концерт за пијано и оркестар бр.3, оп.37 c-moll Л. В. Бетовен: Соната за пијано бр. 31, оп.110 Ј. Брамс: Шест клавирски пиеси оп. 118 Ф. Шопен: Фантазија оп. 49	Проф. Лилја Зилберштајн	02-467/2 од 26.4.2017
12.	**Мимоза Ќека**	P. I. Tchaikovsky: Piano Concerto No.2 M. Ravel: Jeux d'eau F. Liszt: Sonata h-moll F. Liszt: Ballade No.2 F. Liszt: Etude transcendental No.8,"Wilde Jagd"	Проф. Лилја Зилберштајн	02-468/1 од 26.4.2017
13.	**Михајло Штерјев**	"Coalescence" за симфониски оркестар а3 (а тре)	Проф. д-р Томе Манчев	02-469/1 од 26.4.2017
14.	**Емилија Јовческа**	„Продукцијата на музички спотови во Македонија во 2016 година" "Music Video Production in Macedonia in 2016"	Вонр. проф. д-р Трена Јорданоска	02-466/1 од 26.4.2017
15.	**Катерина Стојановска-Крстевска**	„Нивото на познавање на солфежот кај различните образовни групи во моментот на завршувањето на основното музичко образование" "Level of Knowledge of Solfeggio among Different Educational Groups Currently Completing Primary Music Education"	Вонр. проф. д-р Трена Јорданоска	02-466/3 од 26.4.2017
16.	**Елизабет Колевска**	„Културни репрезентации на родови идентитети како предизвик на перформативноста" "Cultural representations of gender identities as a challenge to performativity"	Вонр. проф. д-р Соња Здравкова - Џепароска	02-465/3 од 26.4.2017
17.	**Марија Кичевска**	„Улогата на репетиторот при трансформацијата на ликовите Одета – Одилија од балетот „Лебедово езеро""	Проф. м-р Тања Вујисиќ - Тодоровска	02-467/1 од 26.4.2017

		“The role of the repetiteur during the transformation of the characters Odette – Odile from the ballet “Swan Lake””		

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНА): СОЦИЈАЛНА СТАТИСТИКА, СОЦИОЛОГИЈА НА СЕМЕЈСТВОТО, МЕТОДИ НА СОЦИОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА И СОЦИОМЕТРИЈА, ПОПУЛАЦИОНА ГРАДСКА И СЕЛСКА ПОЛИТИКА, ПЛАНИРАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО, СОЦИЈАЛНА ДЕМОГРАФИЈА И СОЦИОЛОГИЈА НА МИГРАЦИИТЕ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предлог на деканот на Филозофскиот факултет, објавен во весниците ,,Нова Македонија” и ,,Коха” од 24.3.2017 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): социјална статистика, социологија на семејството, методи на социолошки истражувања и социометрија, популациона градска и селска политика, планирање на семејството, социјална демографија и социологија на миграциите, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-54/8, донесена на 19.4.2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Амалија Јовановиќ, редовен професор на Филозофскиот факултет, д-р Ѓорѓе Младеновски, редовен професор на Филозофскиот факултет и д-р Јорде Јаќимовски, редовен професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предлог на деканот на Филозофскиот факултет, објавен во весникот ,,Нова Македонија” и ,,Коха” од 24.3.2017 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): социјална статистика, социологија на семејството, методи на социолошки истражувања и социометрија, популациона градска и селска политика, планирање на семејството, социјална демографија и социологија на миграциите, во предвидениот рок се пријави д-р Аница Драговиќ, редовен професор.

9. Биографски податоци и образование

Во втората глава „Циркулација на пари продуцирани од Римската провинција Македонија“ поделена во 3 подглави, кандидатката ги анализира нумизматичката циркулација врз основа на монетарниците во провинцијата Македонија, нумизматичката циркулација според годините на емитување и типологијата на досега пронајдените монети во Источниот дел на Р. Македонија.

Во третата глава, „Циркулација на пари продуцирани од монетарницата Виминациум од Римската провинција Горна Мезија“,м-р Гордана Јанева ги претставува досега пронајдените монетите во источниот дел на Р Македонија, кои се ковани во провинцијата Мезија, преку нивна хронолошка и типолошка определба. Посебен осврт е

даден на монетите од ковница Виминациум од кои голем број се пронајдени на нашата територија.

Во **четвртата глава,** „Циркулација на пари продуцирани од локалните монетарници од Римската провинција Тракија“, преку нумизматичката циркулација базирана врз основа на 19 монетоковници во римската провинција Тракија во периодот од I век до прва половина на III век, како и циркулацијата по години на емисии и типологијата, претставена е состојбата на наодите во Источна Македонија, вклучувајќи ја и топографијата и античките патни правци преку кои во најголем дел се пристигнати претставените монети.

Во **петтата глава,** „Номинали,“ даден е општ осврт за номиналните вредности во Римската Империја компарирано со монетите ковани во претходно обработените провинции, пронајдени во Р Македонија.

Во **шестата глава,** „**Метрологија,**“ м-р Гордана Јанева во однос на метричките податоци, меѓусебната споредба на тежината на истите типови, емитирани од ист владетел и иста монетарница во предметниот нумизматички материјал, заклучува присуство на мали тежински разлики. На крајот се заклучува дека кај примероците од римските провинции Македонија и Горна Мезија нема отстапувања, и се движат во рамки на стандарните вредности.

Седмата глава „**Анализа и интерпретација,**“ претставува еден од клучните делови на оваа докторска дисертација во која е направена анализа на претходно обработениот материјал според географската и археолошка припадност на циркулацијата на римско провинциско монетоковање на просторот на Источна Македонија.

Во **заклучните согледувања** се содржат сублимираните резултати од повеќегодишните истражувања на оваа проблематика во регионот на источна Р Македонија, од страна на кандидатката м-р Гордана Јанева, кои беа елаборирани во претходните поглавја на докторската дисертација.

Предмет на истражување

Докторската дисертација на м-р Гордана Јанева претставува монографски труд каде што стручно и научно е обработен и презентиран нумизматичкиот материјал пронајден во текот на долгогодишните теренски археолошки ископувања во источниот дел на Р Македонија. Дисертацијата, односно обработениот материјал е работен во подрачјето на античката археологија со посебен осврт на римскиот период - хронолошки дијапазон од I до III век. Со целокупниот обработен материјал, како и проблематика што ја носи истиот, таа го отсликува обработениот регион во дадениот период, кој ќе биде одлична основа за понатамошни истражувања но и компарирање и ревизија на голем дел од досега пронајдениот движен и недвижен археолошки материјал.

Краток опис на применетите методи

Преку директни теренски и кабинетски археолошки истражувања, со типологизација, систематизација и статистичка обработка на откриените наоди на монети, надополнети со богата археолошка теорија, во трудот „Римско провинциско монетоковање во Источна Македонија“ од страна на м-р Гордана Јанева, аргументирано се извлечени заклучоци за циркулацијата на монетите и нивното значење за надополнување на археолошката слика за источниот дел на Р. Македонија.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Овој исклучително значаен археолошки материјал, преку интердисциплинарниот начин на истражување преку овој труд го добива своето значајно место во Македонската археологија. Претставува база за понатамошни

истражувања и во голема мера освен што ги дополнува досегашните сознанија, ќе биде основа за проучувањата и истражувањата на овој регион кои ќе се однесуваат на римската археологија.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Гордана Јанева, со наслов „Римско провинциско монетоковање во Источна Македонија“, претставува истражување во античката археологија. Изработката на темата на оваа докторска дисертација придонесува кон проучувањето на античката археологија преку пронајдените предмети компарирани со античките извори и историските случувања. Научниот придонес на овој труд е расветлувањето на римскиот период во источниот дел на Р Македонија, поставувајќи и бројни дискутабилни прашања.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Гордана Јанева, со наслов „Римско провинциско монетоковање во Источна Македонија“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1.Сандева Г., Колективен нумизматички наод од село Црвулево, Штипско, Македонски нумизматички гласник, 4, Скопје, 2000.

2.Јанева Г., "Монети на автономните македонски градови од Лок.Крст,с.Криви Дол", Зборник IX-X,Штип, 2003.

3.Јанева Г., "Монетите од Куново – Чуки, с.Оризари, Кочанско", Македонско наследство,34-35: Homage to Blaga Aleksova, Skopje, 2009.

4.Janeva G., "Hoard from Late roman thermal spa, the village of Bansko, near Strumica", Зборник на трудови, Струмица, 2009.

5.Јанева Г., Монетите од Лок.Драгулево, с.Иловица, Струмица, Македонски нумизматички гласник, 5, Скопје, 2012.

6.Јанева Г., Монетите низ вековите во Брегалничкиот регион,,Штип 2013.

7.Јанева Г., "Монетите- историја, занает и уметност", Штип, 2014 (каталог за изложба).

8.Јанева Г.(коавтор), "Музејски водич (археолошка поставка)", Штип 2014

9.Јанева Г.(коавтор), "Трите керамитки" (резултати од заштитните археолошки истражувања Злетовица,2007-2009, Штип, 2009 (каталог за изложба).

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатката се: обемот, квалитетот, методолошкиот пристап, дециниските истражувања и добиените резултати, како и изготвеноста на високо стручно и научно ниво.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: создавањето на монографски труд, односно добиената целосна слика за досега пронајдениот нумизматички материјал во римскиот период.

Можните понатамошни истражувања се: одговор на бројните дискутабилни прашања кои се појавија како резултат на овој труд, произлезен од повеќедеценискиte археолошки истражувања на источниот дел на Р Македонија.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет -Иинститут за историја на уметноста и археологија да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Гордана Јанева, со наслов „Римско провинциско монетоковање во Источна Македонија“.

КОМИСИЈА

3. **Доц. д-р Антонио Јакимовски, ментор с.р.**

4. **Проф. д-р Драги Митревски, претседател с.р.**

5. **Проф. д-р, Никос Чаусидис, член с.р.**

6. **Проф. д-р Марјан Јованов, член с.р.**

7. **Доц. д-р Ирена Теодора Весевска, член с.р.**

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ: „МОДЕЛИРАЊЕ ПРИСТАПИ КОН УЧЕЊЕТО КАЈ ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ДЕЦА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р СОЊА ЧАЛОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXXIII редовна седница одржана на 15. III 2017 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација на тема**: „Моделирање пристапи кон учењето кај предучилишните деца"** изработена од **м-р Соња Чаловска**. Со Одлука број 0903-2650/11 од 15. 3. 2017 година, за членови на Комисијата се избрани: проф. д-р Лена Дамовска, проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска, проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ, проф. д-р Анета Баракоска и доц. д-р Алма Тасевска.

Врз основа на тоа имаме чест до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го доставиме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на тема: *Моделирање пристапи кон учењето кај предучилишните деца*, изработена од *м-р Соња Чаловска,* актуализира бројни прашања од теоретски и практичен карактер, кои се однесуваат на холистичкиот пристап кон процесот на учење и личноста која учи, како и моделирање пристапи кон учењето кај децата како современа тенденција во предуличишното воспитание и образование. Насловот на дисертацијата го актуализира проблемот на истражување и наметнува низа прашања во однос на пристапите кон учење кај децата од предучилишна возраст кои се испитувани во согласност со педагошката теорија и практика. Докторската дисертација на м-р Чаловска дава низа одговори на овие прашања, имајќи ги предвид Програмата за рано учење и развој и Стандардите за ран детски развој во РМ, како и развојот на пристапот кон учење кај децата од предучилишна возраст како основен аспект на детскиот развој.

Суштинско прашање во докторската дисертација е начинот на кој децата од предучилишна возраст го осознаваат светот, стекнуваат одредени знаења и вештини. Посебен акцент се става на интенциите на холистичкиот пристап во насока на поттикнување на истражувачкиот дух, развој на љубопитноста, креативноста и желбата за стекнување нови знаења кај децата од предучилишна возраст. Учењето се темели на пристап кој ги почитува ставовите, однесувањата и стиловите на децата со примена на различни стратегии на учење и поучување, како и активното вклучување на детето во сопствениот развој.

Во тесна врска е прашањето каква е улогата на воспитувачот и колку околината делува стимулативно во раното учење и развој. Воспитувачот добива нова димензија во своето поле на дејствување. Тој креира стратегии и обезбедува услови, односно средина која е дизајнирана со цел да ги стимулира детските интереси, потреби и развојни нивоа. Воспитувачот ја има улогата на поттикнувач во градењето позитивен став кон учењето, го негува критичкото и творечкото мислење, како и создавањето внатрешен стандард и поддржување на уникатниот пристап кон подучување на секое дете.

Во трудот се третира пристапот кон учење како основа на раното учење и развој. Поттикнувањето и правилното насочување на љубопитноста, иницијативноста, креативноста и истрајноста кај децата преку креирање на одредени стратегии за учење се секогаш предуслов за правилен развој.

Докторската дисертација на тема: *Моделирање пристапи кон учењето кај предучилишните деца,* изработена од м-р Соња Чаловска, содржи 203 страници, компјутерски обликувани со сите релевантни структурни компоненти својствени за истражувања од квантитативен и квалитативен карактер. Трудот содржи богат илустративен материјал, кој е во функција на носечкиот текст во вид на табеларни, графички прегледи и автентични фотографии. Кандидатката Чаловска презентира преглед од 132 релевантни библиографски единици од домашни и странски автори.

Проблемот на проучување *Моделирање пристапи кон учењето кај предучилишните деца* е од големо значење за раното учење и развој кај децата во предучилишниот период. Иако е актуелен во светски размери, кај нас за првпат се врши истражување на овој проблем. Овој труд дава значителен придонес во педагошката практика, како и мотив за понатамошни истражувања со цел унапредување на програмската поставеност на предучилишното воспитание и образование во РМ.

Ефективноста на моделирањето пристапи кон учењето е условена, пред сè, од детето. Тоа се поставува во средината на воспитно-образовниот процес, при што се јавува потребата од усогласување на воспитно-образовната содржина со потребите, можностите и интересите на детето. Оттука се менува улогата на воспитувачот, се воведува нов дидактичко-методски приод и се дизајнира соодветно структуриран простор што ќе ја поттикне активноста на детето. Во таа смисла, овој труд придонесува кон подобрување на педагошката теорија и практика, правилен ран детски развој и квалитет во учењето, односно практично применливи знаења кај децата од предучилишна возраст.

Со истражувањето во трудот на м-р Чаловска, дојдено е до релевантни сознанија за пристапите кон учење кај предучилишните деца. Податоците добиени преку анкетирање на воспитувачите и педагозите, кои се дескриптивно опишани ги прикажуваат нивните ставови и мислења за програмската поставеност и имплементацијата на Стандардите за рано учење и развој во воспитно-образовната практика. Примената на квалитативната техника-партиципативно набљудување овозможува аналитичка дескрипција на проблемот на истражување, односно односот и реакциите на децата при реализација на воспитно-образовните активности.

Во првиот глобален дел од трудот кандидатката своето внимание го фокусира на неколку значајни прашања, кои се однесуваат на примената на холистичкиот пристап во програмската поставеност и пристапите кон учење кај предучилишните деца.

Како појдовна мисла на оваа теоретска елаборација е дека *секое дете има добар старт за креирање на својата иднина, а возрасните треба да да им го покажат патот.* Индиректно тоа значи дека секое дете има сопствени потенцијали, можности и интереси, но и темпо на учење и развој кои треба да ги почитуваме. Мудрата мисла на Игнасио Естрада вели дека а*ко детето не може да учи на начинот на кој го подучуваме, можеби треба да го подучуваме на начинот на кој учи,* со што се истакнува важноста на начинот на кој детето го осознава светот и неговата активна вклученост во сопствениот развој.

Од тие причини, кандидатката ја истакнува играта како основна компонента на соодветна развојна практика, влијанието на воспитувачот и околината. Исто така се нагласува важноста на развој на пристапите кои децата ги користат во процесот на

учење, поттикнување на позитивен став кон учењето, критичко и креативно мислење кај децата, како и развивање на културата за доживотно учење.

Кандидатката Чаловска во својата теоретска елаборација ги претставува реформите во РМ кои се базирани на првите Стандарди за рано учење и развој како основа за поквалитетен воспитно-образовен процес и какво влијание имаат во педагошката практика. Подигнувањето на квалитетот на работата, особено квалитетот на воспитно-образовниот процес и неговото следење, императивно ги поставува новите насоки во кои треба да се движи креирањето на образовната политика во нашата земја. Дидактичко-методската поставеност, планирањето на воспитно-образовниот процес, стратегиите на учење и подучување и адекватното дизајнирање на средината се основа за почитување и моделирање на пристапите кон учење кај децата. Познавањето на психолошко-педагошки карактеристики на децата од 0 до 6-годишна возраст и карактеристики на учењето во предучилишниот период му овозможуваат на воспитувачот да биде конструктивен-интенцијален практичар. Пијанта интенцијалноста ја дефинира како „директна, дизајнирана интеракција помеѓу децата и воспитувачот, во која воспитувачот намерно ги поттикнува и проширува детските вештини“. За да биде ефективно учењето и поучувањето кај малите деца, потребно е да се пристапи кон детето холистички и да се направи баланс помеѓу она што детето само го иницира и она што е иницирано од страна на воспитувачот. Оттука се јавуваат и главните пристапи кон учењето, односно иницијативноста, љубопитноста, креативноста и истрајноста кои се елаборирани во трудот.

- Иницијативноста е желбата на детето самостојно да открива, внатрешен пламен што го поттикнува детето активно да учествува и да презема ризици при стекнување нови знаења и вештини.
- Љубопитноста е најизразена во детството и му нуди можност на детето да открива и истражува нови работи, да има интерес да стекнува нови информации, а притоа е многу важно да се задржи љубопитноста во подоцнежниот развој.
- Креативноста е процес на формирање и реализирање на креативните идеи преку истражувачко-откривачки активности. Креативноста е истражување и откривање, размислување за процесот и замислување на исходот. Суштината на детската креативност е во нејзината експресија, а не во нејзиниот продукт.

- За да се развива истрајноста кај децата во предучилишниот период, треба да се постави одредена цел. Детето треба да знае што се очекува од него и кој е исходот од преземањето на активноста. За децата и возрасните важи едно универзално правило, а тоа е да бидеме истрајни во намерата да ја остваримe нашата цел, без оглед на препреките со кои се соочуваме**.**

Како еден од најсоодветните начини за да се добијат значајни и релевантни податоци за развојот и напредокот на децата, кандидатката ја посочува употребата на добро конструирано портфолио-досие на детето, бидејќи преку дефинирана содржина, воспитувачите и родителите можат да го евалуираат детскиот развој според одредени критериуми за одредена возраст. Портфолиото обезбедува информација за секое дете индивидуално, но е и рефлексија на работата на воспитувачот. На тој начин се воспоставува квантитативна и квалитативна евиденција за одреден временски период.

Истакнуваме еден мошне значаен факт и околност што и кандидатката м-р Соња Чаловска како совесен и објективен научник-истражувач ги определува, т.е. многу конкретно го прикажува моделирањето на пристапите кон учењето. Во овој труд се поентирани иницијативноста, љубопитноста, креативноста и истрајноста кај децата преку реализација на воспитно-образовни активности поткрепени со различна техничка поддршка и педагошко водење од страна на воспитувач.

Од тие причини, кандидатката м-р Чаловска говори за стратегии на учење и подучување кои ги моделираат и развиваат различните пристапи кон учење, а не усвојување на готови знаења. Во прилог на ова е и нејзината заложба за промоција на развој на пристапите кон учење со примена на методот на игра и истражувачко-откривачки активности во кои детето е активен субјект. Од тие причини, во трудот се промовира улогата на воспитувачот и активната улога на детето, сознајаната љубопитност и иницијствиност да се осознае она што е во негов интерес, критички да размислува и да биде истрајно во реализација на своите креативни идеи, стекнувајќи нови знаења.

Во вториот дел од трудот се презентирани **методолошките компоненти на истражувањето.**

Идентификуван е **предметот на истражувањето,** определен како: предмет на истражувањето се воспитно-образовните практики и пристапите кон учење кај децата од предучилишна возраст како резултат од новите концепции за ран детски развој.

Предучилишното воспитание и образование во РМ подлегна на низа функционални и структурни промени кои се должат на изготвувањето на првите Стандарди за ран детски развој. Со менувањето на воспитно-образовната практика, односно пристапот на воспитувачот кон детето, како и различните пристапи кон учењето на самото дете се наметнува потребата од испитување на примената на овие стандарди, конкретниот аспект на развојот и нивниот ефект во унапредувањето на детскиот развој. Токму поради тоа, истражувањето се спроведе во детските градинки “13 Ноември”, “8 Март”, “Пролет”, “Мајски Цвет” и “Спирит” во која е реализиран квалитативниот дел од истражувањето.

Основната цел на истражувањето е испитување на ефектите од постојната програмска поставеност во воспитно-образовната практика и пристапите кон учење кај предучилишните деца. Почитувајќи ја целта на истражувањето тоа добива квантитативно-квалитативен карактер идентификувајќи ги ставовите и однесувањата на директните учесници во воспитно-образовниот процес. Систематско оценување на дејствувањето и резултатите на Програмата за рано учење и развој и имплементацијата на Стандардите за ран детски развој како средства што треба да придонесат за унапредување на воспитно-образовната практика. Проблемот е истражуван емпириски, така што се користени искуствени факти и податоци. Добиени се податоци по пат на набљудување каде што истражувачот е партиципиент во појавата што ја набљудува со цел да се обезбеди автентичен извештај.

Главната хипотеза во овој труд гласи: „Постојните концепции за ран детски развој имаат позитивно влијание врз воспитно-образовната практика и развојот на пристапите кон учење кај децата од предучилишна возраст”. Заради полесно и подетално анализирање, поставени се и помошни, поединечни хипотези:

1. Не постои доволна инфомираност и обученост на воспитувачите за примена на Стандардите за рано учење и развој.

2. Со имплементација на Програмата за рано учење и развој се зголемуваат можностите за флексибилно планирање и реализација на воспитно-образовните активности.

3. Кај воспитувачите доминира позитивен став во однос на примената на инструментите како можност за следење на напредокот на секое дете и постигнувањето на стандардите од сите аспекти на развојот.

4. Кај воспитувачите со помало работно искуство постои поголема иницијатива и мотивираност за воведување на промени во воспитно-образовната практика.

5. Воспитувачите и педагозите се согласни во мислењата дека постои потреба од примена на ИКТ во предучилишните установи.

6. Воспитувачите и педагозите се согласни во ставовите дека културата на доживотно учење се гради и развива во предучилишниот период.

7. Воведувањето на различни пристапи кон учење позитивно влијае на јакнење на самодовербата кај децата од предучилишна возраст.

8. Воспитувачите и педагозите имаат позитивен став дека просторната организација ја зголемува иницијативноста кај децата.

9. Играта и игровните активности влијаат врз унапредување на раното учење и развој кај децата од предучилишна возраст.

10. Децата покажуваат висок степен на истрајност во однос на нивната возраст.

11. Истражувачко-откривачките активности ги поттикнуваат логичкото размислување и критичкото мислење кај децата.

12. Љубопитноста и креативноста на децата во текот на учењето се зголемени со моделирање на пристапите кон учење.

13. Постои висок степен на вклученост на децата во воспитно-образовните активности за реализација на Програмата за рано учење и развој.

14. Со моделирање на пристапи кон учење се развива позитивен однос кон учењето кај предучилишните деца.

Појавите се следени во нивниот природен контекст кои се потоа дескриптивно опишани. Од **техниките на собирање на податоци** во истражувањето се применети: анализа на содржина оваа техника беше насочена кон литература која ја обработува проблематиката на развојот на пристапот кон учење за да се добијат релевантни факти и податоци за настанувањето, терминологијата, законската легислатива, развојот и

третманот на проблемот; анкетирање-преку која се овозможи собирање на податоци, при што субјектите имаа можност да дадат писмени одговори на претходно прецизно утврдени прашања со што се утврдени нивните ставови, мислења и искуства; за целта на ова истражување се примени Ликертова скала на проценка, за која однапред е дадено појаснување за начинот на пополнување; преку двостраната скала, испитаниците имаа можност да дадат одговор во врска со секое тврдење и во кој степен се согласуваат, односно го степенуваат секое тврдење според интензитетот на значајност и присутност; партиципативно набљудување- при кое улогата на истражувачот беше комплетна опсервација (complete observer) во однос на степенот на партиципација на настаните кои се набљудуваат. Со партиципативното набљудување беа регистрирани сите податоци на набљудуваната појава. Ова набљудување обезбеди два вида податоци: амбиентот, условите, активностите и субјектите во детската градинка и податоци кои ќе се добијат преку фокусирано набљудување кои се однесуваат на подетални прашања кои поврзани со индикаторите, односно видливите и мерливите манифестации на она што го прават децата. За водење на забелешките се користеа протоколи во кои се назначени колони за оние категории кои е бидат цел на набљудување.

Од **инструменти на истражувањето** се применети: анкетен лист - скалар за воспитувачи; анкетен лист - скалар за педагози,протокол на писмено снимање и набљудување со технички средства. При истражувањето се користеа две постапки за снимање на податоците-водење белешки и аудиовизуелно снимање (камера, фотоапарат, диктафон).

Примерокот на истражување го сочинуваат:

Со техниката на анкетирање се собрани податоци од воспитувачи и педагози од детските градинки: “13 Ноември”, “8 Март”, “Пролет”, “Мајски Цвет” и “Спирит”, односно 109 воспитувачи, 5 педагози и со партиципативното набљудување 27 деца од предучилишна возраст (од 2 до 5 години, односно до поаѓање во училиште). Временскиот примерок на истражување го опфаќа периодот 2015-2016 година, вклучувајќи ги и подготовките за негова реализација.

Обработката на податоците е изведена на следниов начин:

Квантитативната статистичка обработка на резултатите од анкетирањето и скалирањето и добиените податоци се изразени преку пресметување на фреквенции на резултатите, а потоа преку пресметување на процентуална вредност и тестирање на

хипотезите со хи-квадрат тестот. Поради природата на варијаблите, во анализата се употребува хи-квадрат тестот за определување на значајноста на разликата во дадените искази. Потоа следува дескриптивен опис на квалитативниот дел, односно на протоколот за писмено снимање кој ги прикажува однесувањата и интересите на децата при реализација на воспитно-образовните активности. Преку обработените податоци се изведени заклучоци со кои се добива една целина која го заокружува ова истражување.

Третиот глобален дел од трудот е **анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето,** односно ги дава следниве заклучоци:

1. Со имплементацијата на Стандардите за рано учење и развој и постојната програма, воспитувачите и педагозите се соочиле со одредени потешкотии во својата педагошка пракса. Речиси половина од испитаниците, односно 49% од воспитувачите се изјасниле дека обуките кои се организирани и реализирани за примена на стандардите и програмата не го постигнале посакуваниот ефект. Со тоа се потврдува првата хипотеза на истражувањето дека не постои доволна информираност и обученост на воспитувачите за примена на Стандардите за рано учење и развој.
2. Се потврдува втората хипотеза дека со имплементација на Програмата за рано учење и развој се зголемуваат можностите за флексибилно планирање и реализација на воспитно-образовните активности. Речиси сите воспитувачи и педагози (109 од 114 испитаници) се согласни во своите ставови дека таа им овозможува флексибилност во однос на планирањето, организацијата и реализацијата на воспитно-образовните активности.
3. Инструментите за проценка на степенот на развојни достигнувања за одреден возрасен период му даваат насока на воспитувачот за планирање на понатамошни стратегии за учење. Иако во праксата постојат одредени недостатоци во однос на развојното досие, кај воспитувачите (f=101) доминира позитивен став во однос на примената на инструментите како можност за следење на напредокот на секое дете и постигнувањето на стандардите од сите аспекти на развојот, со што е докажана третата хипотеза.
4. Воспитувачите иако се согласни во мислењата и ја поддржуваат примената на новите педагошки достигнувања, сепак поголема иницијатива и мотивираност се јавува кај воспитувачите со помало искуство. Пресметаниот хи квадрат ја покажува статистички значајната разлика на ниво <0.01 (X^2= 57.205 p<0.01 за

(df=9)=21.666). Ова се должи на фактот дека новите воспитувачи се големи ентузијасти кои се подготвени да го прифатат предизвикот и да ги имплементираат новитетите во својата воспитно-образовната практика. Резултатите кои се добиени во однос на овој сегмент ја потврдуваат четвртата хипотеза.

5. Петтата хипотеза која гласи дека воспитувачите и педагозите се согласни во мислењата дека постои потреба од примена на ИКТ во предучилишните установи исто така ја откри и реалната примена и потребата од воведување на ИКТ во детските градинки. Пресметаната средна вредност(x_1=2) укажува на фактот дека воспитувачите и педагозите го сметаат за значајно воведувањето на ИКТ, но според добиената средна вредност x_2=1,2 се потврдува дека присутноста на ИКТ во детските градинки е на многу ниско ниво. Ова не се однесува само на електронската документација, туку на примената на едукативни софтвери специјализирани за деца од предучилишна возраст. Испитаниците го делат мислењето дека ИКТ воопшто не е присутна во детските градинки, но сепак е многу значајно таа да биде вклучена во овој сегмент на образованието.
6. Како шеста хипотеза се јавува тврдењето дека културата на доживотно учење се гради и развива во предучилишниот период. Воспитувачите и педагозите се согласни во ставовите дека децата уште во предучилишниот период треба да ја осознаат важноста на овој концепт како темел на понатамошно успешно вклучување во општествениот живот. Висината на пресметаната аритметичка средина (X_2=2,6) упатува на подготвеноста на испитаниците да го поддржат и имплементираат во целост доживотното учење како образовна стратегија.
7. Предучилишниот е најоптимален период за стекнување на самодовербата кај децата која се проткајува низ целиот живот. Хипотезата која гласи дека воведувањето на различни пристапи кон учење позитивно влијае на јакнење на самодовербата кај децата од предучилишна возраст ја потврдуваат повеќе од половината испитаници во ова истражување.
8. Соодветно дизајнираната средина во детските градинки ја стимулира детската љубопитност, а со тоа се зголемува и детската иницијативност за осознавање на појавите и процесите во непосредната околината. Над 2/3 од воспитувачите и педагозите во својата воспитно-образовна работа имаат можност да го потврдат влијанието на средината врз развојот и унапредувањето на знаењата

и вештините кај децата. Средината сама по себе е предизвикувачки фактор кој ја зголемува иницијативноста кај децата. Преку добиените податоци од истражувањето се докажува хипотезата број осум дека воспитувачите и педагозите имаат позитивен став дека просторната организација ја зголемува иницијативноста кај децата.

9. Играта и игривите активности се јавуваат како носечки метод на воспитно-образовна работа. Играта кај децата буди внатрешна мотивација, задоволство и забава, при што тие стекнуваат одредени знаења, ги развиваат своите способности и вештини. Голем процент од испитаниците, 82% од нив се согласни во мислењата дека играта и игриви активности влијаат врз унапредување на раното учење и развој кај децата од предучилишна возраст, со што се докажува деветтата хипотеза.
10. Единаесеттата хипотеза која гласи истражувачко-откривачките активности ги поттикнуваат логичкото размислување и критичкото мислење кај децата ја потврдуваат голем процент од испитаниците. Податоците добиени преку пресметаната средна вредност покажуваат дека воспитувачите и педагозите (x_1=2.8 и x_2=2.8) сè почесто ги практикуваат овие активности бидејќи имаат позитивен ефект кај децата. Преку нив децата осознаваат на кој начин функционираат работите, ги согледуваат причинско-последичните релации и тие стануваат свесни за своето влијание.
11. Со примена на одредени пристапи кон учењето кај децата се зајакнува мотивот да бидат истрајни во извршување на посложени задачи. Во истражувањето се докажа хипотезата дека децата покажуваат висок степен на истрајност (кај 57% од децата) во однос на нивната возраст преку реализација на воспитно-образовна активност која налага поголема концентрација од страна на децата и временски е подолготрајна.
12. Половина од испитаниците, се изјасниле дека холистичкиот пристап кон детето е многу значаен за правилниот детски развој, а во воспитно-образовната практика е присутен кај 47% од испитаниците. Голем процент од нив 69% ја искажале значајната улога на воспитувачот и 64% од нив укажуваат на точноста на тврдењето дека воспитувачот е во позиција да го поттикне и унапреди целокупниот развој на децата од предучилишна возраст. Преку овие резултати се докажува хипотезата дека постои висок степен на вклученост на децата во

воспитно-образовните активности за реализација на Програмата за рано учење и развој.

13. Бидејќи децата се активно вклучени во воспитно-образовните активности за реализација на Програмата за рано учење и развој, што се докажува со добиените резултати од истражувањето, може да се нагласи дека кај децата се зголемуваат љубопитноста и креативноста. Децата максимално ја изразуваат љубопитноста за сè што се случува и ги опкружува и на свој сопствен креативен начин ги материјализираат своите знаења. Во квалитативниот дел, 73% од децата на сопствен креативен начин со голема прецизност и точност ги реализираа поставените задачи, а според квалитативниот дел од истражувањето пресметаната средна вредност од исказите на испитаниците ја истакнува значајноста од x_1=2.1, како и точноста на исказот со x_2=2.2, преку која се докажа претпоследната хипотеза дека љубопитноста и креативноста на децата во текот на учењето се зголемени со моделирање на пристапите кон учење.
14. Во предучилишниот период најважно е кај децата да се изгради внатрешен стандард и позитивен пристап кон учењето. Воспитувачот како главен модератор ја има клучната улога да го насочи секое дете во вистински правец. Во квалитативниот дел, преку реализираните активности, 78% од децата ја развија способноста за искористување на играта и игриви активности во функција на учење и откривање, при што постојано ја изведуваа активноста со голема прецизност, точност и истрајност. Речиси сите воспитувачи и педагози (94%) се согласни во нивните ставови дека со моделирање на пристапи кон учење се развива позитивен однос кон учењето кај предучилишните деца, докажувајќи ја вистинитоста на последната хипотеза.

Кандидатката м-р Чаловска на крајот на трудот нуди препораки и сугестии кои произлегуваат од резултатите на истражувањето и кои претставуваат непосредна придобивка за предучилишното воспитание и образование, особено за педагошката практика.

Заклучок и предлог

Докторската дисертација под наслов: **Моделирање пристапи кон учењето кај предучилишните деца**, изработена од **м-р Соња Чаловска,** со својата теоретска елаборација, методолошко обликување, стил и пристап кон проблемот дава значаен придонес во актуализација на еден мошне сложен и клучен проблем во системот на предучилишно воспитание и образование, односно во раното учење и развој на предучилишните деца. Испитувањето на пристапот кон учење како прво истражување на овој аспект од развојот на детето му дава значајно нагласена научна тежина, бидејќи основниот проблем во трудот е проучен и елабориран сеопфатно и со конзистентна научна аргументација.

На Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје му предлагаме извештајот за докторската дисертација под наслов: **Моделирање пристапи кон учењето кај предучилишните деца**, изработена од кандидатката **м-р Соња Чаловска,** да го прифати и да одобри усна јавна одбрана на трудот.

Комисија

Проф. д-р Лена Дамовска с.р.

Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска с.р.

Проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ с.р.

Проф. д-р Анета Баракоска с.р.

Доц. д-р Алма Тасевска с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ

ВОВЕД ВО ГРАМАТИКАТА НА ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК ОД АВТОРКАТА РУСКА ИВАНОВСКА-НАСКОВА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет од 21.4.2017 год., бр. 12-547/5, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Вовед во граматиката на италијанскиот јазик“ од авторката Руска Ивановска-Наскова, наменет за студентите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, за предметите: Вовед во фонетиката и морфологијата на италијанскиот јазик 1 и Италијански јазик (за други студиски групи) 1, избрани се проф. д-р Александра Саржоска и проф. д-р Лучана Гуидо Шремпф.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. ОПШТ ДЕЛ

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	Вовед во граматиката на италијанскиот јазик
Назив на предметната програма:	1. Вовед вовед во фонетиката и морфологијата на италијанскиот јазик 1 2. Италијански јазик (за други студиски групи) 1
Назив на студиската програма:	1.Италијански јазик и книжевност 2. Студиски програми на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	1. 2+2 2. 0+4
1. Предметот Вовед вовед во фонетиката и морфологијата на италијанскиот јазик 1 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје е задолжителен предмет со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити 5 и се слуша во првиот семестар. 2. Предметот Италијански јазик (за други студиски групи) јазик 1 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје е изборен предмет со фонд на часови 0+4, број на ЕКТС-кредити 5 и се слуша во зимскиот семестар.	
Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 150 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во четири поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 3 слики и 20 табели.

РЕЦЕНЗЕНТИ

1. **Проф. д-р Александра Саржоска, с.р.**
2. **Проф. д-р Лучана Гуидо Шремпф, с.р.**

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДРА САРЖОСКА

Краток опис на содржината:	Учебникот *Вовед во граматиката на италијанскиот јазик* е наменет за студентите на првиот циклус студии на Катедрата за италијански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Имајќи ја предвид универзалноста на темите кои се третираат - фонетиката, фонологијата и морфологијата на италијанскиот јазик, сметаме дека овој учебник може да биде применет во секоја образовна средина во која се третира наведената проблематика. Покрај студентите од прва година на Катедрата за италијански јазик и книжевност, учебникот би можеле да го користат и студентите што го изучуваат италијанскиот јазик како изборен предмет, но и сите оние што сакаат да се запознаат подробно со италијанскиот јазик. Учебникот е замислен како прв од вкупно четири учебници за различни теми од областа на граматиката на италијанскиот јазик. Првиот учебник насловен *Вовед во граматиката на италијанскиот јазик* е составен од повеќе делови, кои на јасен начин третираат неколку теми од оваа област. Важно е да се напомене дека учебникот е напишан на македонски јазик, но примерите и вежбите се дадени на италијански со цел полесно совладување на граматичките категории. За одредени теми во учебникот се вклучени и дијахрониски и контрастивни забелешки. Првиот дел од дидактичкиот материјал е посветен на фонетиката и фонологијата на италијанскиот јазик и започнува со вовед во сложениот фонетски и

	фонолошки систем на италијанскиот јазик преку претставување на гласовниот систем на италијанскиот јазик и запознавање со самогласките и согласките. Во делот што следува, авторката се задржува на акцентот во италијанскиот јазик и на транскрипцијата на италијанските имиња во македонскиот јазик. Вториот дел е посветен на морфолошките категории: членот и именката во италијанскиот јазик. По воведните објаснувања во однос на граматичките термини - морфологија, морфема и зборoформа - следува делот посветен на членот во италијанскиот јазик, со детални објаснувања во однос на видовите на член и нивната употреба. По овој дел следува делот посветен на именките во италијанскиот јазикот. Најнапред се разгледуваат видовите именки, а потоа се дава преглед на родот и бројот на именките. Делот што следува е посветен на зборообразувањето на именките. Последната глава на учебникот содржи прашања и вежби за полесно усвојување на обработените теми. На крајот на учебникот е приложена и библиографија која ги содржи библиографските единици консултирани при пишувањето на учебникот.
	Учебникот *Вовед во граматиката на италијанскиот јазик* во целост е усогласен и изработен според предметната програма предвидена за предметот Вовед во фонетиката и во морфологијата на италијанскиот јазик 1 и во целост ги интегрира наставните содржини предвидени со предметната програма.
Предлози за потребни корекции:	/

Оцена на ракописот:	Учебникот *Вовед во граматиката на италијанскиот* јазик е прв учебник од овој вид учебници, напишан на македонски јазик и осмислен токму за студентите што почнуваат да го изучуваат италијанскиот јазик. Од таа перспектива, од особена важност е да се напомене дека во осмислувањето на вежбите авторката водела грижа во најголем дел од примерите да користи зборови кои припаѓаат на основниот вокабулар на италијанскиот јазик сè со цел студентите полесно да ги совладаат предвидените наставни содржини. Исто така, за истакнување е и фактот дека во секоја глава во учебникот се наведени и упатувања на електронски извори (речници, бази на податоци и интерактивни вежби) за подетално истражување на одредена проблематика. Сето ова му овозможува на студентот многу побрзо до дојде саканото дополнително објаснување за обработените теми. Би сакале да нагласиме дека учебникот, исто така, дозволува комбинирање на дедуктивниот и индуктивниот пристап во наставата во рамките на предметот италијанска граматика, а на студентите, што е од особена важност, простор за самостојно обработување на дел од содржините. Сметаме дека учебникот *Вовед во граматиката на италијанскиот јазик* е модерен, но во исто време и мошне добро структуриран учебник, осмислен токму за почетното запознавање со одредени граматички категории. Неговото објавување ќе придонесе за збогатување на наставниот процес како во областа на теориските предавања, така и во изведувањето на практичната настава, но ќе придонесе и за збогатување на македонската италијанистика во целост.

Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 150 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во четири поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 3 слики и 20 табели.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите: Вовед во фонетиката и морфологијата на италијанскиот јазик 1 и Италијански јазик (за други странски групи) 1, примарно наменет за студентите на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески".

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Александра Саржоска, с.р.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. ЛУЧАНА ГУИДО ШРЕМПФ

Краток опис на содржината:	Учебникот „Вовед во граматиката на италијанскиот јазик“ од Руска Ивановска-Наскова се состои од четири глави и библиографија. Воведната глава има за цел да го претстави италијанскиот јазик на синхрониски и дијахрониски план. Втората глава е посветена на фонологијата на италијанскиот јазик и ги воведува основните поими од оваа област (фонема, дифтонг, трифтонг, хијат, диграфи, триграфи, поделба на зборовите на согласки, елизија, скратување, транскрипција на италијанските имиња на македонски јазик). Третата глава третира теми од областа на морфологијата. Најнапред е даден општ преглед на зборовните групи во италијанскиот јазик, а потоа детално се претставени членот и именката. Во однос на членот, дадени се формите и употребата на трите видови член (определен, неопределен и партитивен). Во однос на именките, пак, претставена е нивната категоризација врз различни основи. Особено внимание е обрнато на образувањето множина и на претставување на неменливите именки, на именките со форма за еден број и на именките со две форми за множина. Еден дел од оваа глава е посветен, исто така, и на зборообразувањето на именките. Последната глава содржи прашања и вежби за наведените теми. Библиографијата дадена на крајот од учебникот содржи стручна литература од различен вид (граматики, прирачници, статии, речници).

Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Учебникот „Вовед во граматиката на италијанскиот јазик“ би се користел, пред сè, во рамките на првиот курс по граматика на италијанскиот јазик, вовед во фонетиката и морфологијата на италијанскиот јазик 1. Имајќи ги предвид содржините и целите на овој курс, сметаме дека учебникот соодветствува на предметната програма. Тој може, исто така, да се користи и во рамките на предметот Италијански јазик (за други студиски групи) 1.
Предлози за потребни корекции:	Нема.
Оцена на ракописот:	Учебникот на јасен и прецизен начин ги претставува основните поими од областа на фонологијата и морфологијата на италијанскиот јазик. Тој е напишан на македонски јазик со што значително се олеснува усвојувањето на овие содржини од страна на студентите од прва година кои немаат предзнаења од италијанскиот јазик и кои се соочуваат со сериозни потешкотии кога треба да консултираат стручна литература на италијански јазик. Од содржински аспект, сметаме дека е особено важно што учебникот дава општ преглед за италијанскиот јазик и од синхрониска и од дијахрониска перспектива. Од аспект на претставувањето на содржините, треба да се истакне дека во учебникот има многу упатувања на други електронски извори корисни за студентите. Така, на пример, зборовите кои се дадени како примери за фонемите во италијанскиот јазик, се поврзани со нивните одредници во речникот *Dizionario d'ortografia e di pronunzia* во кои има звучен запис кој

	студентите можат да го слушнат. Во четвртиот дел има, исто така, и упатувања на дополнителни интерактивни вежби од други извори. Електронскиот формат на учебникот придонесува консултирањето на овие избори да е лесно, што сметаме дека значително ќе придонесе за остварувањето на поставените цели на учебникот. Многу важен аспект е и тоа што во учебникот има и дијахрониски и контрастивни коментари, со кои се продлабочуваат третираните теми и во овие насоки. Имајќи го предвид сето ова, сметаме дека овој учебник ќе придонесе за поуспешна реализација на студиската програма на Катедрата за италијански јазик и книжевност и сметаме дека ќе биде, исто така, од големо значење за сите оние што сакаат да го изучуваат овој јазик.
Категоризација:	Учебник.
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 150 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во четири поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи три слики и 20 табели.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите: Вовед во фонетиката и морфологијата на италијанскиот јазик 1 и Италијански јазик (за други странски групи) 1, примарно наменет за студентите на Филолошкиот факултет.

Рецензент

Проф. д-р Лучана Гуидо Шремпф, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „НАСТАВАТА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ОСНОВНОТО И ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НИЗ МОДЕЛИТЕ НА СОВРЕМЕНИТЕ НАСТАВНИ СИСТЕМИ“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ГОРДАНА АЛЕКСОВА, ПРИЈАВЕН НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата седма редовна седница одржана на 15.2.2017 година, не избра за членови на Рецензентската комисија за оценување на докторскиот труд под наслов *Наставата по македонски јазик во основното и во средното образование низ моделите на современите наставни системи*, изработена од м-р Гордана Алексова, во состав: д-р Стојка Бојковска, редовен професор во пензија, д-р Живко Цветковски, редовен професор во пензија, д-р Димитар Пандев, редовен професор, д-р Анета Дучевска, редовен професор и д-р Томислав Треневски, редовен професор. Рецензентската комисија за оценување на докторскиот труд под наслов *Наставата по македонски јазик во основното и во средното образование низ моделите на современите наставни системи*, го прочита трудот и, во согласност со предвидените пропозиции од Правилникот за постдипломски студии и добивање докторат на науки на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, посебно во согласност со член 31, став 2 и 3, му го доставува на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторскиот труд под наслов *Наставата по македонски јазик во основното и во средното образование низ моделите на современите наставни системи* на м-р Гордана Алексова е претставен на 200 страници компјутерски обработен текст, композициски прегледен и добро осмислен. Структурно текстот е поделен на седум (7) поголеми заглавни целини/единици и, понатаму, секоја од целините претставена е со по десетина клучни поднаслови, целини. **Воведниот дел,** покрај претставувањето на идејата и мотивацијата за изработката на овој труд, го претставува, всушност, и првиот структурен дел од трудот образложен преку три поднаслови преку кои ги објаснува важноста и значењето на наставата како фундаментално човеково право, наставата по јазик како клучен фактор заедно со многу други фактори, кој влијае врз развојот на јазичната култура на младите, а и врз општиот развој на популацијата. Овој дел од својот труд м-р Алексова го започнува со мислата на Б.Ф. Скинер: *„Наставата е она што ќе остане откако ќе се заборави се што се учело“*. Имено, стои понатаму во текстот, образованието и преку него наставата, општо

земено, како фундаментално човеково право им пружа на децата, младите и на возрасните луѓе моќ критички да размислуваат, да ја збогатуваат свеста за богатството на изразните можности на јазикот како важен фактор во градењето подобар и поуспешен живот. Грижата за образованието е основната задача на секое општество, особено во сегашнава епоха на стекнување знаење, зашто наставата како форма претставува интерактивна дејност на учење и подучување што се одвива меѓу два клучни субјекта вклучени во неа – ученикот и наставникот. Паралелно со оваа задача е и задачата на општеството за добро одбрани и организирани чинители/институции кои ќе ја реализираат грижата и основната задача во процесот на стекнување и пренесување знаења, способности, вештини, искуства и навики помеѓу двата клучни субјекти во наставниот процес. Наставата по јазик, како општо прифатен процес, според м-р Алексова, е „своевиден феномен кој со резултатите од своето дејствување ненаметливо и ненамерно, но задолжително задира во сите сфери на општеството и во животот на секоја единка“. Имено, наставата по јазик има широки општествени димензии, ако се има предвид фактот дека образовниот процес е клучен фактор во градењето ставови и критичко мислење кај човекот, а особено кај младиот човек како што е ученикот. Тоа, пак, го поткрепува важниот предуслов за квалитетот на јазичната комуникација, покрај вродените способности на корисниците на јазикот се и нивните стекнати способности за правилно и функционално користење на јазичните средства, пред се, на мајчиниот јазик, а потоа, и на јазиците за чиешто користење се оспособуваат преку наставата, според потребите и желбите во текот на животот. Затоа, подвлекува авторката во овој дел од трудот, дека предмет на нејзиниот интерес на ова нејзино истражување е јазикот во контекст на наставата по македонски јазик како мајчин во основното и во средното образование, поточно воспитно-образовното влијание на предметот Македонски јазик врз јазичната култура на младите. Имено, ако се има прдвид фактот дека во нашиот образовен систем наставата по македонски јазик како воспитно-образовен предмет, има, и треба да има, водечка улога со својата воспитно-образовна вредност,тогаш додавањето нови вредности, преку учењето на јазикот,на сопствениот јазичен израз се основа на јазичната култура на секој човек, истакнува Алексова. Функционалната настава по македонски и на македонски јазик ги оспособува учениците, идни граѓани на ова општество, од нивната најмлада училишна возраст, да ги сфатат и да умеат да ги толкуваат јазичните појави како клучен фактор во нивниот развој и на писмен и на говорен план. Знаењата што ги стекнуваат во процесот на учењето, особено преку учењето на македонскиот (мајчиниот) јазик развиваат, кај учениците, свест за важноста на човековата способност преку изразните можности на својот јазик да можат да ги избираат и соодветно да ги употребуваат јазичните средства во функција на културна јазична комуникација во секоја животна среднина и ситуација. Затоа, истакнува понатаму м-р Алексова, дека за квалитетно, објективно и перманентно следење, реализирање и вреднување на стекнување знаење и квалитет на јазичната култура кај младите, а кои се во „причинско-последичен“ однос со наставата (и по македонски јазик) изделува неколку клучни фактори. Како прв фактор таа го наведува *семејството* како место каде што детето ги стекнува првите јазични искуства и ги развива јазичните навики. Училиштето е вториот важен фактор како место каде што традиционално се реализира воспитно-образовниот процес и каде што

македонскиот јазик има посебна важност, т.е. и како предмет преку кој ги стекнуваат знаењата за јазикот и другите научни дисциплини, но и како средство за комуникација и размена на информации. На овој фактор авторката на трудот ќе се наврати во понатамошното свое образложување на овој проблем. Како трет, но не и помалку важен фактор се наведуваат *вонучилиштите и активностите надвор од домот/семејството* како можност ученикот да ја согледа важноста за јазикот и неговите варијанти (разговорни, дијалектни, стилски и сл.) како средство за квалитетот на нивната меѓусебна комуникација за различните сфери од нивното живеење. Како неизбежно важен фактор за денешното живеење на, пред се, младите генерации и за нивната јазична култура се *медиумите, пишани и електронски*, како и телекомуникациските информатички средства. Сумираните и доволно сериозно разгледаните фактори наведуваат на сериозно преземање активности преку наставата по македонски јазик, пред се, за евалуирање на важноста на сите фактори кои влијаат врз квалитетот и важноста од солиден јазичен израз кај младата популација и да понудат функционални форми за нивно обединување и интегрирање во наставниот процес.

Второто поглавје од трудот под наслов **Наставата по македонски јазик** претставува општ осврт и анализа на актуелните состојби во наставата по македонски јазик во основното и во средното образование. Ако се има предвид дека образовниот процес е клучен фактор во градењето ставови и критичко мислење кај младиот човек, како што е тоа ученикот, тогаш сосема разбирливо е формирањето јасна претстава за јазикот како организиран систем и средство за општење преку наставата по македонски јазик како единствена организирана форма. Заради ваквата функција од особена важност е и поставеноста на предметот Македонски јазик, т.е. неговиот стасус во образовниот систем во РМ. Согласни сме дека наставата по македонски јазик (мајчин) ги развива афективните и интелектуалните способности за апстрактното мислење поради нераскинливата врска на мислењето и јазикот, како и на мислењето и говорењето, вели психолингвистичката наука, на која се темели секој воспитно-образовен процес. А, успешното владеење на стандарднојазичната форма на мајчиниот јазик од страна на учениците им помага полесно да ги совладуваат содржините од другите образовни предмети, свесни или помалку свесни за интердисциплинарниот карактер, комуникациската и спознајната функцијаа на македонскиот јазик и неговото фундаментално место во образовниот систем во РМ. Од статусот на македонскиот јазик во воспитно-образовниот систем зависат и ќе зависат и успешните или помалку успешните реформи во овој сегмент од современото општествено живеење. На пример, современата настава се обидува да го надмине традиционалниот начин на учење, спроведувајќи најразлични форми на реформи во образовниот систем преку нови начини на правење наставни планови, наставни програми, нови начини и форми на вреднување на резултатите од тие реформи. Посветувајќи посебно внимание на наставните планови и програми по предметот Македонски јазик и литература, кандидатката м-р Алексов по кусиот осврт на овие документи се задржува на размислувањето за современите нивни содржини. При анализирањето на овие документи, авторката на докторскиот труд го подвлекува фактот дека наставните планови и програми се изработени врз основа на концентричен распоред на тематските содржини, модел кој е доста традиционален, а наменет за сосема друго време и

ученички состав. Во овој дел од својот труд, таа се осврнува и на различните толкувања и прифаќања на поимот, на пример курикулум, според кој образовниот процес денеска различно се реализира. Па така, ако курикулумот, на пример, во европските образовни системи е разбран како систем од од предметно проучување на повеќе образовно-воспитни области како што се владеењето на мајчиниот јазик и системското проучување и учење на неговата граматичка структура, литература и пишување, математика, природни науки и историја, тогаш може да се бараат блискостите на современиот образовен процес во РМ со некои европски образовни системи. Современото воспитување и образование моделот „курикулум“ го смета за процес кој подразбира научно засновање на целите, задачите, содржините, плановите и програмите како и организацијата и технологијата на спроведување различни форми, на пример, на евалуација на наставниот процес во еден образовен систем. Обидувајќи се да го разбере, со сета сериозност, „курикулум – системот“, кандидатката размислува за можноста да им најде соодветно место на новите форми при реализацијата на наставниот процес. Нејзиното долгогодишно наставно искуство и дава поголема сигурност во успешното имплементирање на нови/современи форми во наставната работа, подвлекувајќи ја клучната улога и место на најважните субјекти во тој процес – ученикот и наставникот, независно за кое образовно ниво се работи. Но, се чини тој „лутачки процес“ во однаоѓање добар пат за успешни реформи, оди бавно. А, тоа е и едно од поставените прашања од страна на авторката на трудот „Што да се преземе?“ - надминување на традиционалната и спроведување современа настава по македонски, како што е, впрочем, и основната задача на овој труд. На многу прашања од овој тип одговорите се тешки, ги нема, неможни се итн. А, образовниот систем во РМ денеска е резултат на (не)професионално и (не)стручно следење на состојбите со статусот, улогата и значењето на целокупната настава по македонски јазик како мајчин и како немајчин, е општ впечаток на секој ,во најмала рака, претставник од сферата на образованието. Кандидатката на трудот, м-р Г. Алексова се обидела, преку прегледна табела, да пронајде, барем некои решавачки начини за надминување на ваквата состојба во наставата по македонски јазик во двете основни образовни нивоа преку направената паралела (табела 1) меѓу двата наставни концепти – традиционалниот и современиот. Сепак, во духот на научната објективност и на професионалната одмереност, трудот на м-р Алексова се потпира на традицијата (истражувањето) и на современите состојби во македонската наука за јазикот, но и во наставната теорија и практика на предметот Македонски јазик. Во истражувањето врзано за проблемот на наставата, пошироко, се вградени и теориски ставови на европската и светската лингвистичка мисла, на современата педагогија, психологија и дидактика. Прегледот, пак, на состојбите во наставата по македонски јазик што го прави авторката, во ова поглавје од трудот, го темели на актуелните наставни Програми и Планови, но и на долгогодишното истражувачко искуство на полето на наставата по македонски јазик во основното и во средното образование. Во третиот поднаслов од оваа глава, *Значењето на наставата по македонски јазик,* Алексова ја подвлекува веќе познатата определба на проф. Р.Паноска дека „ниеден наставен предмет нема поголема воспитна и образовна вредност од македонскиот јазик“. Тоа е така, заклучува понатаму авторката на трудот, подвлекувајќи дека функционалната настава по македонски јазик ги оспособува учениците да ги сфатат и да ги толкуваат

јазичните појави, а своите јазични знаења и способности да ги применат во зборувањето и во пишувањето. Во овој дел од трудот поопширно се разгледани и со свои толкувања пропишани во наставните планови и програми по предметот македонски јазик, задржувајќи се поопсежно врз проблемот на именувањето на предметот и во основното и во средното образование, како и врз структурата на програмските подрачја за двете образовни нивоа коишто се главен интерес на овој труд. Нема овде да ги изнесуваме сите тие измени правени во одредени временски периоди, претставени доста прегледно во четвртата потточка од втората структурна целина на трудот. Не доволно е правена споредбена аналаза на овие документи во однос на што е тоа што е ново и добро како концепција, а што е тоа што треба да се напушти како модел на традиционалната концепција во нив, а е помалку квалитетно со современото време и според барањата моделите на современите наставни модели (на пример,моделот на компјутеризацијата во учењето јазик/јазици и сл.). Заслужува внимание мислењето на авторката на трудот дека фондот на часовите за предметот Македонски јазик и литература треба да биде поголем од сега пропишаниот, не само поради обемноста на програмските содржини и од двете наставни подрачја, но и поради статусот и важноста на овој предмет во целокупниот образовен процес на младите. За состојбите во наставата по македонски јазик како и за третманот на содржините од областа на јазикот во средното образовно ниво, па и во основното укажува на повеќедециниско неменување, особено содржините од Јазик. И, тука, како поткрепа на својата анализа и градење ставови во врска со наставата по македонски јазик, м-р Г. Алексова, во делот *Македонските лингвисти за наставата по македонски јазик* (2.5.) ги наведува мислењата на истакнати македонски лингвисти, автори на учебници, граматики, професори и дидактичари почнувајќи од К.Тошев, Р.Паноска, Л.М.Ѓуркова, С.Бојковска и многу други. Нивните мислења се темелат на нивна зрела лингвистичка и практична наставна дејност, како што е Методиката на наставата по македонски јазик на проф. Р.Паноска, прв труд кој ја постави на научна основа на дисциплината што се занимава со севкупното организирање на наставата по македонски јазик. Секој од споменатите „највклучени“ во наставата по македонски јазик укажувале на незавидниот третман на наставата по македонски јазик наспроти литературата, особено во средното образование. Професорката Л.М.Ѓуркова, будно следејќи ги состојбите во воспитно-образовниот процес по македонски јазик, а и како дел од авторскиот тим за изработка и реформирање на наставните програми и на учебници по македонски јазик за средното образование, се залагаше за посериозно место на содржините од јазик и во програмите и во учебниците, нагласувајќи дека токму во средното образование младиот човек би требало да се здобие со компетенција во поглед на употребата на својот мајчин јазик.

Во структурната содржина на докторскиот труд претставена под наслов **Од методиката на наставата по македонски јазик,** како трето поглавје со најмалку дестина поднаслови, станува збор за целите и задачите на наставата по македонски јазок и нивните фази во планирањето, ралиазацијата и екстензијата во реализацијата на наставата по македонски јазик. Во овој дел од трудот, авторката посветила сериозно внимание во своето истражување, трудејќи се да ја потврди теориската и практичната дефинираност на лингвистичката и

дидактичката наука за поставувањето на општите цели и задачи на воспитно-образовната дејност за различни степени и етапи од нејзината реализација како многу сложен и комплексен процес. Правилно определената цел, според дидактичката наука, познато е дека е најголемата гаранција за успешна настава, час, учење и сл. Познато е, и тоа авторката на трудот го респектира, дека целите на наставата по предметот Македонски јазик се општествено детерминирани, а при нивното определување се испреплетува влијанието на повеќе фактори, како, на пример, општествените услови и општествените потреби, специфичностите на јазичните содржини и нивната општествена опфатеност, психолошките, социолошките и културолошките особености и на ученикот и на наставникот, развојот и состојбите во науката за јазикот и во методиката на наставата по македонски јазик итн. Темелејќи го своето проучување на ова прашање, авторката на трудот м-р Алексова останува на становиштето дека при определувањето на целите на наставата по македонски јазик, пред се, треба да се усогласат барањата на образованието со потребите и со можностите на единката и на заедницата. Понатаму, во определувањето на целите на наставата по македонски јазик, а и на јазикот општо, методиката на наставата по македонски јазик, подвлекува авторката на трудот, ја следи словенската традиција во определувањето на целите на оваа настава, според која целите се класифицирани, главно, на образовни и воспитни, а варијанти се јавуваат околу определбата функционални или практични, наведувајќи ги мислењата на познати традиционални, и современи, автори (Паноска, Николиќ, Росандиќ, Полјак, Тежак, Баранов и многу други). За определувањето на наставните цели и задачи на секоја настава, па и на наставата по македонски јазик, важен е редоследот на поставувањето според карактерот и квалитетот на програмските содржини каде што постои причинско-последична врска, којашто придонесува за логичката последователност и системност на содржините во наставниот процес. Впрочем, целите ина наставниот процес треба да бидат врвниот исход кон кој треба да се стремат резултатите од воспитно-образовните активности на програмските наставни целини. Посебно внимание му е посветено на значењето на наставните цели и задачи за фазите во кои се реализира наставната единица – часот. Ако се има предвид дека во нашата педагошка средина, традиционално, поставувањето на наставните цели и задачи за сите наставни предмети, па оттаму и за предметот Македонски јазик, се заснова на Блумовата таксономија, тогаш оправдана е согласноста на авторката дека во основата на оваа класификација лежи распределбата на образовните и воспитните цели и задачи во три подрачја: когнитивно, психомоторно и афективно подрачје.

Четвртиот структурен дел од трудот со наслов **Наставни системи**, претставен преку повеќе од десетина поднаслови, преку поопсежна анализа се труди да ги имплементира современите теории во дидактичката и во методичката наука кои се однесуваат на структурирањето и на севкупните активности на наставниот процес. Во таа смисла, авторката на трудот се определува за терминот *наставен систем* зашто „наставата ја сфаќаме како сложен процес, во којшто и методичкиот и дидактичкиот елемент се само дел од неговата системност“. Во изградувањето на ефикасен *наставен систем*, подвлекува м-р Алексова, што, во прв ред, подразбира избор на соодветни наставни методи, наставни средства и форми за работа коишто ќе ја олеснат

реализацијата на целите на наставата, а треба да се имаат предвид сите структурни елементи на наставниот процес, особено варијантите во односот меѓу учениците, наставникот и наставните содржини. Таквото разбирање се должи на дефинирањето на *наставата* кога се земаат предвид, пред се, знаењата од теориите за учењето, знаењата од науката која лежи во основата на наставниот предмет, како и влијанието на методичките, педагошките, психолошките и други фактори. Јасно е дека сложеноста на современата настава ја налага потребата од комбинирање на наставните системи или, од таканаречена мултистратегија на наставата. За потребите на своето истражување, авторката на трудот направила избор на неколку наставни системи: а) систем заснован на примена на индуктивно-дедуктивни постапки; б) систем на проблемска настава; в) систем на програмирана настава и др., и за сите нив е карактеристично што се базираат на современите теории за т.н. *сложено учење*. Сосема разбирливо е подвлекувањето, во овој дел од трудот, на важноста од современите теории за учењето, а со тоа и теориите за *сложеното учење* или познатите когнитивни теории, во чија основа се когнигацијата, спознавањето како сложен психолошки процес којшто се развива преку согледувањето на врските меѓу елементите на наставните содржини, преку нивното споредување, анализирање, синтетизирање и сл. Во овој дел, авторката се задржува и на потемелно толкување на современите теории за учењето како, на пример, Скинеровата теорија, теоријата на информации, теоријата на кумулативното учење, Брунеровата теорија и др. Во поднасловот *Избор на современи наставни системи* се претставени современите наставни системи чиишто теориски поставки се вградени во моделирањето на илустративните интерактивни модели, како што се: наставен систем заснован на примена на индуктивно-декуктивни постапки, систем на проблемска настава, систем на програмирана настава, опишувајќи го секој модел и од неговата позитивна и од неговата негативна страна.

Најголем простор во трудот на м-р Алексова зазема петтото структурно поглавје под наслов *Синтаксата во наставата по македонски јазик во основното и во средното образование,*(речиси 40 страници), со објаснување дека наставните содржини по синтакса во основното и во средното образование, заедно со содржините по морфологија ги сочинуваат двете тематски подрачја кои квантитативно се најзастапени во програмското подрачје јазик од наставните програми по предметот Македонски јазик. Авторката се определила за вака опсежно претставување на ова програмско-тематско подрачје со оглед на фактот дека реченицата како централна синтаксичка единица непрекинато е застапена како наставна содржина во наставата по македонски јазик од почетокот на основното па се до крајот на средното образование. Тргнувајќи од објективните сознанија дека во наставните програми за основното и за средното образование подрачјето синтакса е претставено само преку содржините за реченицата, истражувањата за овој труд кандидатката Алексова се поврзани само со оваа синтаксичка единица. Понатаму, во наставните програми за средното образование, на пример, констатира таа, е застапена само една наставна единица за именската група, без развиен систем на содржини, цели и активности за нејзината реализација. Современата настава по синтакса овозможува учениците да ја сфатат и да ја користат реченицата како повисока јазична единица со повеќе

свои специфичности, како, на пример, поседувањето единствена и логичка лексичкозначенска врска меѓу зборовите во својата содржинска и семантичка структура, или граматичките законитости на реченицата овозможуваат составување значенска целина од зборoформи со специјална функција во конкретен контекст итн. Не е одминат ниту проблемот за значењето на програмските содржини по синтакса и морфосинтакса во наставните програми по македонски јазик и наставата во целина. Преку табеларен преглед претставени се наставните содржини од тематското подрачје морфосинтакса и синтакса за основното и за средното образование, а за важноста на наставата по синтакса за ученикот и за севкупниот наставен процес, во овој дел од трудот направен е опис на нејзините цели и задачи. Целокупниот овој проблем е претставен со исцрпна споредба и опис на наставните програми и планови, што и овозможило на кандидатката на трудов да може да направи појасна визија за овој јазичен проблем (синтакса) и неговото место во современите модели на наставата по македонски јазик. **Когнитивните структури (структурите на знаења) во наставата по синтакса** е шестата структурна целина од докторскиот труд на м-р Алексова. Во функција на идејата синтаксата во наставата да се претставува како дел од системот на јазикот, во овој сегмент од трудот кандидатката се одлучила да преземе дел од Брунеровата теорија за учењето, кој се однесува на когнитивните структури, односно,на структурите на знаења. Во таа смисла, во овој дел од трудот понудени се примери за интерактивни модели во чијашто дидактичка апаратура примената на когнитивните структури е претставена како наставен метод, при што поимот интерактивен модел во овој дел од истражувањето за овој проблем е внесен на местото на веќе востановениот поим наставна единица. Па така, заклучува м-р Алексова, според теоријата на когнитивни структури севкупните програмски содржини на еден наставен предмет претставуваат макроструктура во којашто се групирани поголеми и помали структури на знаења. Целокупните теориски и практични сознанија претставени се преку графикон кој е замислен како илустрација за синтаксичката хиерархија на когнитивните структури. Па така, согласно со програмските содржини по синтакса, хиерархијата завршува со когнитивната структура *сложена реченица*.

Интерактивни модели засновани на современите наставни системи е седмото структурно поглавје од трудот **Наставата по македонски јазик во основното и во средното образование низ модели на современите наставни системи.** Во овој дел од трудот претставени се три, главно, интерактивни модели засновани на современмите наставни системи: интерактивен модел заснован на програмирана настава, интерактивен модел заснован на проблемска настава и интерактивен модел заснован на индуктивно-дедуктивни постапки. Според истражувањето за овој труд на прво место се става интерактивниот модел заснован на програмираната настава со образложение дека тој најдобро ги илустрира идеите за учење според Скинеровата и Брунеровата теорија, т.е распоредувањето на наставните содржини во помали делови и следењето на инструкциите како предуслов за успешна работа со учениците. Преку табела е претставен изгледот на програмата. На крајот следува заклучокот со препорака за продолжување и на подигнување на нивото на активностите на учениците, па колку и да се смета дека ваквиот начин на

организирање на наставата претставува своевидно „застранување“од вообичаените наставни навики. Суштината, пак, на *интерактивниот модел заснован на проблемската настава* се состои во насочувањето на интелектуалните способности на учениците кон творечки активности што ќе придонесат за решавање на проблемите поврзани со совладувањето на наставните содржини. Овој интерактивен модел функционално ги спроведува идеите за учење на Брунеровата теорија за инструкции од разлирен тип. И најпосле, интерактивниот модел заснован на индуктивно-дедуктивна настава, според дидактичката наука претставува содржинско и логично надоврзување на наставните активности на претходните два интерактивни модели. За своето истражување кандидатката, за овој модел за илустративна содржина која во наставната практика е исклучително специфична од повеќе аспекти. Земени се две наставни единици, распоредени во два степена на воспитно-образовниот процес по македонски јазик – во основното и во средното образование. За графичката претставеност на резултетите од оваа анализа, ќе треба поголема елаборација.

На крајот од трудот е поместен структурниот дел „Заклучок“ со многу добро селектирани, образложени, практично потврдени заклучоци, ставови и предлози за поуспешна примена на современите наставни модели во современиот воспитно-образовен процес. Тие заклучоци можат да послужат како солидна основа за промени во образовниот систем кој ќе дава посолидни резултати со поквалитетна нивна примена во понапреден образовен систем.

И, сосема на крај, авторката на докторскиот труд *Наставата по македонски јазик во основното и во средното образование низ модели на современите наставни системи* дава список на добро селектирана користена и цитирана литература, дел кој е структурен сегмент од трудот, чија искористеност се чувствува низ целиот текст на трудот, што зборува за умешното користење на научната литерарура и нејзината умешна вграденост во еден труд од ваков вид покажувајќи го сопствениот став кон неа.

И,сосема на крај, како заклучок може да се каже дека овој докторски труд, работен доста долго, се разбира оправдано, истражувани се и опишани состојбите, хронолошки и периодично,во наставата по македонски јазик во нашиот образовен систем, а кои се поврзани со промените и реформите во РМ, со цел да се има увид во нивната вредност, оправданост и значење во реализирањето на предметната настава по македонски јазик во основното и во средното образование. За таа цел, кандидатката м-р Гордана Алексова ја користела, со сериозен пристап, теоријата во домашната и во странската стручна литература, истражувањата на бројни домашни и странски стручњаци од образовната област, како и нивните ставови и мислења во стручните гласила, печатот, достапните интернет-ресурси поврзани со системот за вреднување/евалвација за секоја промена, се со цел да го претстави овој сложен систем составен од меѓусебно поврзани процеси и појави и да дојде до корисни и практични решенија што ќе може да се искористат и да им бидат од помош на субјектите што се повикани да го следат и да го водат овој сегмент од образовниот процес, но и на наставниците коишто се реализатори на сите промени во образовниот систем во РМ. Цениме дека овој докторски труд под наслов

Наставата по македонски јазик во основното и во средното образование низ моделите на современите наставни системи ќе даде свој придонес во истражувачките проучувања кои постојано го прошируваат своето сознајно подрачје со истражувањата во теоријата и во практиката, бидејќи наставата е постојано актуелно прашање од образовниот систем на секое општество, па и нашето. Одговорите и дилемите на и за многу прашања ќе останат отворени и ќе ги поттикнуваат истражувачите на нови пристапи и модели во наставата и образованието во целина.

Врз основа на изнесеното од наша страна мислење и имајќи предвид дека со резултатите добиени од ова истражување, поврзано со еден доста сериозен, а нарушен модел во еден сегмент од образованието во РМ, овој труд одговорил на поставената задача и затоа, со особено задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да го прифати овој *Извештај* и да ја допушти кандидатката м-р Гордана Алексова на усна одбрана на овој докторски труд.

Рецензентска комисија

1. Д-р Стојка Бојковска, редовен професор во пензија, с.р.

2. Д-р Живко Цветковски, редовен професор во пензија, с.р.

3. Д-р Димитар Пандев, редовен професор, с.р.

4. Д-р Анета Дучевска, редовен професор, с.р.

5. Д-р Томислав Треневски, редовен професор, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПОЛЕМИКИТЕ ВО МАКЕДОНСКАТА ПИСМЕНА ТРАДИЦИЈА“ ОД М-Р МИЛЕНА РИСТОВА-МИХАЈЛОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет„ Блаже Конески“ во Скопје, на седницата одржана на 15. 3. 2017 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Милена Ристова-Михајловска со наслов „Полемиките во македонската писмена традиција“, во состав: проф. д-р Стефан Санџакоски (претседател), проф. д-р Добрила Миловска (ментор), проф. д-р Виолета Мартиновска (член), проф. д-р Виолета Пирузе-Тасевска (член) и проф. д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Милена Ристова-Михајловска, со наслов „Полемиките во македонската писмена традиција“, содржи 417 страници компјутерски обработен текст во фонт 12 , со 1,5 проред и големина на букви 12, со 459 фусноти, 520 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуиран во 7 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето.

Кандидатката укажува дека предмет на интерес во дисертацијата се полемиките на одредени македонски книжевници од средновековниот период. Меѓу нив главното внимание е насочено кон полемиките на:

- Кирил Филозоф со Арапите-Сарацени;
- Кирил Филозоф со Хазарите;
- Кирил Филозоф со тријазичната ерес;
- Кирил Филозоф со Јован Иконоборецот;
- Црноризец Храбар (преку делото „О писменех “) и
- Презвитер Козма (преку делото „Беседа против новопојавената богомилска ерес“).

По дефинирањето на жанрот *ūполемики* во средновековната книжевност- кандидатката Милена Ристова-Михајловска се насочува кон утврдување на овој фреквентен книжевен жанр во книжевното творештво на бројни книжевници од периодот на најстарата словенска книжевност во Македонија. Меѓу нив посебно се издвоени верско-политичките мисии на првопросветителот св. Кирил Филозоф и неговиот следбеник од редот на црковните писатели- Црноризец Храбар со неговото многу значајно полемичко дело „О писменех“, во коешто се третира филолошката конфронтација по повод појавата на најстарата словенска азбука. Милена Ристова-Михајловска со право се запира и врз

единственото познато дело на Презвитер Козма –неговата „Беседата против новопојавената богомилска ерес“.

Цел на истражувањето во докторската дисертација на Милена Ристова-Михајловска се давањето на одговори на прашањата што се испитуваат. Тие прашања се следниве:

- Какво е местото на полемиките во склоп на средновековните книжевни жанри ?
- Какво е местото на полемиките од нивната појава до денес?
- Кои полемики треба да се истакнат како *светски* дострели во науката за средниот век ?
- Кои полемики бележат локален карактер ?
- Кои полемики биле преводи од познати полемички дела?
- Какви специфики бележат полемиките како дел од ораторската проза?
- Каде се лоцирани полемиките кои се предмет на интерес во дисератацијата?
- На колку структурни целини можат да се поделат разгледуваниве полемики?
- Што е *теза*, *антитеза* и *синтеза* во полемичките дела на Кирил Филозоф, Црноризец Храбар и Презвитер Козма?
- Какви податоци се добиваат за полемиките од аспект на:

  а) времето на нивното пишување;

  б) местото на пишувањето и

  в) потребата според која се пишувани?
- Дали полемиките содржат автографи на пишувачите?
- Каква содржина имаат полемиките?
- Кои стилски обележја се среќават во средновековните полемики?
- Преку кои сентенци, искази, парафрази, сцени или цитати се открива релацијата или аналогијата со текстот на Светото писмо?

При истражувањето, кандидатката Милена Ристова-Михајловска се служи со повеќе методи и принципи.

Од научните методи кои ги применува докторантката, ги извојуваме: 1. анализата; 2. синтезата; 3. индукцијата; 4. дедукцијата; 5. класификацијата; 6. теоријата на рецепција и 7. семиотичкиот метод.

Од наставните методи, кандидатката се служи со :1. методот за работа со литературно-уметнички текстови или текст-метод; 2. проблемско-истражувачки метод; 3. метод на коментар; 4. метод на работа со дидактички извори; 5. метод на пишување; 6. метод на размислување; 7. синтетизирачки метод; 8. аналитичко-интерпретациски метод; 9. репродуктивен метод; 10. истражувачки метод; 11. метод на интерпретација на литературни дела; 12. метод на рецепција на литературни *пораки*, 13. метод на критичко проценување на литературни дела.

Првата глава од докторската дисертација на Милена Ристова-Михајловска е насловена како: **Жанрот *полемики* (полемичка литература). Поим и дефиниција на жанрот *полемика***.

Во неа се анализирани:

- Полемиката (расправата) како еден од видовите на научната проза;

- Полемиката и религијата.Реториката и дијалектиката;
- Жанрот *полемики* во домашната и во светската литература;
- Жанрот *полемики* во зборниците со *патристички* дела и ораторско-прозни слова.

Кандидатката Милена Ристова-Михајловска жанрот *полемика* го дефинира како научно-литературен жанр. Според мислењето на кандидатката - полемиката е текст во кој се расправа за нечии сфаќања, односно се оспорува нечија теза, односно со аргументи се побива туѓото мислење.

Во рамките на истата глава, полемиката (расправата) се разгледува како еден од видовите на научната проза. Меѓу видовите натписи, кандидатката ги разгледува:

- записот;
- статијата;
- расправата и
- студијата (монографијата).

Секој напис, според кандидатката Ристова-Михајловска, содржи: вовед, елаборирање (разработка) и заклучок.

Во врска со првата глава според кандидатката Милена Ристова-Михајловска, се поставува и прашањето за „Полемиката и религијата“ и прашањето за „Реториката и дијалектиката“.

Во средниот век, литературата и религијата вообичаено стојат во цврста корелација. Аналогно на тоа и *полемиките* имаат нераскинлива врска со христијанството. Оттаму, тие содржат бројни христијански елементи, алузии, параболи, стилски изразни средства.

Бидејќи под *реторика* се подразбира *вештина на аргументирање* - реториката тежнее кон веродостојност и има цел да убедува. Истовремено, реториката се издвојува како говорничка вештина на убедување која создава *емоцијална подготвеност* кај слушателите да го прифатат предложениот став. На крајот - реториката се служи со докази или привидни докази кои имаат *сила на убедување*-нешта кои одамна се утврдени кај Аристотел и воопшто во античката филозофија (Витомир Митевски).

Во истата глава, како подглава, кандидатката го анализира: „Жанрот полемика во домашната и светската литература“.

За таа цел кандидатката Милена Ристова-Михајловска ги регистрира создавачите на полемичката литература, нивните дела, напишани во вид на т.н. апологии (Платон, „Апологија на Сократ“) , потоа особено биле важни познатите апологети и полемичари: Атинагора, Атанасиј Александриски, Василиј Велики.Надоврзувајќи се на богатата пишана традиција-кандидатката се задржува на разработка и интерпретација на полемиките на:

- Константин Кирил Филозоф
- Презвитер Козма и
- Црноризец Храбар

Во ПЖКФ според Милена Ристова-Михајловска, постојат неколку места кои се типични за полемичката литература. Меѓу нив за најважни ги сметаме:

- полемичкиот дар и верата на теологот со кој ги побива нападите на тријазичната ерес, т. е. нападите на еретиците ги одбива со реторички прашања, проследени со аргументи. Според тоа, може да се извлече заклучок

дека св. Кириловиот богословски спор бил наведен според сите правила на античката реторика. Кандидатката Милена Ристова-Михајловска главниот акцент го става на полемиките на св. Кирил Филозоф преку:

- спорот со Јован Иконоборецот;
- спорот со тријазичниците во Венеција;
- потоа на дискусијата во Арапската/Сараценска мисија (851)
- на дискусијата во Хазарската мисија (860-861); и секако на најпознатата дискусија во врска со
- Моравската мисија (863).

Како исклучително важно и значајно подрачје го сметаме делот во кој Милена Ристова-Михајловска ја претставува структурата на жанрот полемика, во тезата насловено како: „Структурни елементи на жанрот полемика“, каде што за најважни елементи ги смета: тезата, антитезата и синтезата. Во самиот текст кандидатката дава убедливо разјаснување на трите поими и сето тоа го поткрепува со примери од разгледуванава материја.

Во истата глава, како подглава, се разгледува: **„**Жанрот полемики во зборниците на Висарион Дебарски“**.** Во овој значаен дел, кандидатката е насочена кон анализа на полемичките дела на истакнатиот црковен писател Висарион Дебарски.Познатиот книжевник не се занимавал само со *препишување* на постојните ракописни книги, туку тој и ги редактирал текстовите, вршел нивен избор во зборниците и создал ракописни зборници во кои преовладуваат главно текстови со филозофско-богословска содржина, но и такви во кои се третира полемичка содржина. За полемички дела во книжевното творештво на Висарион Дебарски/иако полемичките дела само се преведени и избрани од негова страна/ се сметаат:

- Зборникот со дела на св. Дионисиј Ареопагит од 1542;
- Зборникот со творби од св. Григориј Палама против Латините.

Последната подглава на гл. 2 од трудот е претставена под наслов**:** „Структура на зборниците со патристички дела и ораторско-прозни слова“. Во разгледуваните зборници, приредени од Висарион Дебарски –Милена Ристова-Михајловска на основа антологискиот избор на книжевникот точно утврдила дека зборниците претставуваат своевидни *антологии* во кои се вклучени и похвални и поучни и патристички текстови, но и полемички текстови-кои се главен интерес на кандидатката. Со други зборови кандидатката Милена Ристова-Михајловска е сосема верзирана по прашањето за жанрите и сосема точно врши нивно дефинирање.

Втората глава од докторската дисертација се однесува на „**Словенскатата писменост“**. Првото прашање на кое се обидува да одговори кандидатката е природно-прашањето за нејзината периодизација, насловено како: „**Обид за периодизација“**. За таа цел, кандидатката ја дели старата литература на: 1. Стара литература од посл. четвр. на IX до кр. на XII век; 2. на Епоха на примање, распространување и утврдување на делото на светите браќа Кирил и Методиј; 3. Епоха на социјален протест и остри општествени противречја и нивниот одраз во литературата; 4. Епоха на византиското владеење; 5. Старата литература од почетокот на XIII до втората четвртина на XV век.

Инаку, оваа глава за словенската писменост во Македонија, како и периодизацијата на овој период од развојот на македонската литература е едно од најтешките прашања во изучувањето на старата литература, писменост и култура. Оттаму, за секоја пофалба е кандидатката Милена Ристова-Михајловска која се одважи во овој случај да допре до една недоволно обработена тема (иако такви периодизации се правени и во бугарската и делумно во нашатата стара литература (во првиот број на сп. *Спектар*).

Третата глава во докторската дисертација е насловена како **Ораторската проза во средновековието. Поуки. Похвали и Полемики.** Во оваа многу важна глава во проучувањето на полемичката литератураМилена Ристова-Михајловска го става главниот акцент врз делата на: Василиј Велики, Јован Златоуст, Атанасиј Александриски и Григориј Богослов (Назиански) кои вообичаено се произнесувале:

- за време на богослужбите;
- за време на црковните собири;
- за време на прослави и церемонии, раководени од црквата (крштевки, венчавки, погреби).

Главно, кандидатката Милена Ристова-Михајловска се занимава со поделба на ораторското слово според Хермоген, според теоретско-објаснувачкиот текст на Григориј Богослов, истакнувајќи ја притоа целта на поучителното „советодавно" слово- да ги подучува луѓето (верниците), да ги учи да разликуваат што е добро, а што лошо и да ги учи да го разликуваат доброто од злото. Имајќи ја во предвид средновековната литература Милена Ристова-Михајловска овој вид на литература го поместува или во групата на поучителни слова или во наравоучителните беседи или во толковните беседи. Според кандидатката најоправдана поделба на христијанската ораторска проза во средновековието е на група –поучително слово, група-наравоучителна беседа и група-толковна беседа. Наравоучителната беседа во средновековието докторактката ја дели на: катехизична беседа, аскетична беседа и црковно-историска беседа.

Во средновековието, полемичката литература е претставена со:

- укорувачка беседа
- заштитната реч
- апологетско-полемичката беседа

Од сите нив, најшироко била распространета апологетско-полемичката беседа. Постојат бројни примери кои го покажуваат тоа. На пр., „Беседа против тријазичниците" од св. Кирил Филозоф, „„За буквите" од Црноризец Храбар и „Беседа против богомилите" од Презвитер Козма. За да се добие поширока претстава за времето во кое настанале или од кое се влијаеле одредени полемички творби-докторантката навела неколку примери и од областа на преводот на грчки полемички творби („Слова против Аријаните", „Творби против Латините").

Како прва подглава од третата глава, кандидатката го поставува: „Датирањето на недатираните творби". Во ова важно потпоглавје докторантката се задржува на тоа на кој начин се датирани „Беседата против богомилите" од Презвитер Козма, „За буквите" од Црноризец Храбар и др. земајќи ги притоа предвид фактите дали е датиран текстот и дали е познат евентуалниот автограф на пишувачот, дали тука можат да помогнат јазичните белези или др. палеграфски ознаки.Како втора подглава во текстот, докторантката го наведува насловот: „За писмото од црти и реси**".** Во овој дел, докторантката го елаборира прашањето за цртите и реските во делото „За буквите". Посочениве знаци не биле завршено фонетско писмо со кое можеле да се пишуваат книги. Ц.Храбар кажува дека со цртите и реските се читало и гатало. Кандидатката навлегува длабоко во етимологијата на глаголот *чита* и на глаголот *їата* со цел да ја открие суштината на нивното постоење. И, доаѓа до интересни сознанија за овие знаци-изнесувајќи притоа бројни примери на натписи, камени блокови и плочи, садови и др., како остатоци од тој период.

Четвртата глава од трудот им е посветена на „**Полемиките на Кирил Филозоф".** Кандидатката оправдано тргнува од изворите за св. Кирил и Методиј и детално говори за т.н. латински, грчки и словенски извори, потоа се задржува на потпоглавјето

„Личноста и деецот-св. Кирил Филозоф“, каде што ја опфаќа полемиката со иконоборецот Јован VII и животната мисија на св. Кирил. Следното потпоглавје, насловено како-Полемика со иконоборецот Јован VII ја изнесува структурата на полемиката меѓу Јован иконоборецот и св. Кирил Филозоф преку пласирање на тезите на Јован Иконоборецот и преку антитезите (заклучоците) на св. Кирил Филозоф. Наредното потпоглавје е насловено како „Полемика со Сарацените“. Во житието на св. Кирил се предава детално спорот со Сарацените, од каде што можат да се извлечат извори и податоци за самиот Филозоф. Меѓу најсилните места би го издвоиле прашањето на Сарацените во врска со исцртаните демонски слики на домовите на Христијаните-детал што е содржан во ЖК. Наспроти тезата на Сарацените (во врска со демонските ликови) е спротивставена антитезата на св.Кирил (во врска со демонските слики). Од одличното претставување на мисијата се добива впечаток дека во мисијата се дискутирале прашањата за:

- Светата Троица;
- даноците;
- мирот;
- односот кон големиот и силен измаилски народ.

Св.Кирил го користел Светото писмо за аргументирање, бидејќи стоел во одбрана на Светата Троица и го бранел Словото со цитати и сцени од Библијата и од Куранот.

Следното потпоглавје во тезата е насловено како „Полемика со Хазарите“. Во мисијата кај Хазарите, св. Кирил зборувал во име на: Господа, Језекил, Јеремија, Захарија, Јаков Даниил и Михеј, а во „Полемиката во Моравската мисија“ тој се спротивставил на убедувањето на Моравците дека Бог треба да се слави на три свети јазици: на еврејски, грчки и на латински. „Полемиката во Венеција“ ја содржи одбраната на словенското писмо и богослужба од германските тријазичници „епископи, попови и црнорисци“ кои налетале на Филозофот како „врани на сокол“. Нив Константин ги нарекол *привржаници* на учењето за трите „свети јазика“:

Објаснувањето за тоа е јасно: Според Евангелието, Пилат наредил под крстот на Исус на еврејски, грчки и латински да биде запишано: „Исус, царот Јудејски“. По повод овој натпис, подоцна се создала цела една догма, која владеела со векови. Константин бил свесен дека натписот бил поставен на горните три јазика, зашто овие три јазика биле на времето официјални во Палестина. Тој бил убеден во исправноста на своето дело и во неговото значење за Словените и затоа храбро им се спротивставил на непријателите на словенската писменост. Според П.Л. - св. Кирил ги *поразил* своите противници „со својот вербален оган“. Потпоглавјето: „За дипломатскиот гест-предавање на свети мошти“ се однесува на моштите на св. Климент I Римски кои му биле подарени на папата Адријан. Во книжевната и теолошката мисла, овој гест се толкува како *дипломатски гест*. Според сведоштвата сите биле восхитени од актот на подарувањето на моштите или од нивното враќање каде што им било местото. „За написание за правата вера“ и неколку спорови на Методиј е потпоглавје кое се однесува на делото „За написание за правата вера“ и на неколку регистрирани спорови околу прашањето за Светата Троица за кои германското духовништво има одредени, различни мислења наспроти византиската црква (на пр. за тоа дека Светиот дух не произлегувал само од Отецот, туку и од Синот). „Кирил-творец на азбуката“ е важно потпоглавје во кое кандидатката Милена Ристова-Михајловска укажува на тоа дека глаголицата произлегува од грчкото (курзивно писмо), дека произлегува од древните јазични знаци кои св. Кирил ги видел во Рим, но на крајот цитира дел од „Похвалното слово на Кирил и Методиј“ и посочува дека:

„Не на туѓи основи, тие го создадоа своето дело, туку одново ја измислија писмената и ги положија на нов јазик“.

Ристова-Михајловска се занимава и со прашањето на проблематиката на споровите („Св.Кирил Филозоф како полемичар“). Имено, таа точно воочува дека кај Сарацените св. Кирил дискутирал и го разјаснувал прашањето за: Светата Троица, за мирот и за даноците. Кај Хазарите полемичарот св. Кирил спорел повторно околу троичноста на Бога, околу прашањето за зачнувањето, за пророштвата на Даниил, за обрезувањето и крштевањето, за иконопочитувањето и воопшто за предностите на христијанската вера.

Според докторантката еден од основните проблеми при создавањето на полемичките творби е тој на аргументацијата, потоа неговото умешно спротивставување на духовниот свет на својот опонент. Потоа кандидатката истакнува уште една политичка умешност на св.Кирил, а тоа е дека при споровите тој изнесува цитати само од Стариот Завет (од Петокнижието и од Книгата на пророците), зашто тој е свесен за Евреите и за тоа нека Новиот Завет не влегува во еврејските канони и за Евреите нема авторитет. Во дискусиите со Сарацените –св. Кирил користел цитати од Куранот и сосема мал број на цитати од старозаветните и новозаветните книги, што се очекува да ги познаваат Сарацените. Во своите спорови, св.Кирил често се служел со примерот и алегоријата, т.е. параболата.

Петтата глава од докторската дисертација на кандидатката Милена Ристова-Михајловска се однесува на : „**Полемичкото дело *За буквите* од Црноризец Храбар“.** Во оваа глава докторантката вклучила неколку подглави, како: „Прва етапа на писменоста според Црноризец Храбар; „Втора етапа на писменоста според Црноризец Храбар“; „Трета етапа на писменоста според Црноризец Храбар“ и „Црноризец Храбар како полемичар“.

Првата етапа на писменоста според Црноризец Храбар се однесува на цртите и реските од времето на развојот на писмената култура во Македонија. Втората етапа од развојот на писменоста се однесува на времето кога Словените почнале да пишуваат со латински и грчки букви. Втората етапа од развојот на писменоста според Црноризец Храбар ја бележи т.н. нова етапа од историјата на словенската писменост и култура. Третата етапа која докторантката ја смета за највисока етапа од историјата на писменоста на словенски јазик според Храбар е делото на св. Кирил, кој е претставен како Божји избраник и пратеник.

„О писменех“ е пример за полемичко дело. Според кандидатката почетниот дел е поврзан со суштинската полемика и треба да се разгледува како вовед во полемиката. Во суштинскиот полемичен дел, Храбар спори според точно утврден план, во кој се разликуваат:

- теза
- антитеза
- синтеза-термини воведени за првпат од Аделина Ангушева, во нејзиното дело: Старобългарска литература, С. 1999.

Тезата е формулирана како прашање. Во антитезата/ во одговорот е содржана фактичката аргументација, а во третиот дел-заклучокот. Тезите на противниците на кои се запира Ц.Храбар се: 1. Зошто бројот на буквите во словенската азбука е 38, а не 24 како во грчката азбука?2. Зошто се потребни словенските книги кога нив ниту Бог ги создал, ниту архангелите, ниту се отпрвин оформени и примени од Бога како што се тоа еврејските, римските и грчките? 3. Во финалниот дел полемичарот поставува уште едно прашање кое го упатува кон противниците: Прашањето гласи: Кој Ви ги создал буквите? Аргументацијата која се дава во одговорите/антитезите/ главно е историска. Ц.Храбар покажал дека бројот на грчките и словенските букви е 38, со тоа што тие не знаат точно со колку букви пишуваат Грците. Има, навистина 24 букви, но не ги исполнуваат со нив книгите, ами додале уште 11 двогласки и 3 знака за броевите 6, 90 и 900, та се збираат 38 букви. Ц.Храбар се служи со библиска и културно-

историска фактологија. На прашањето: Зошто се словенските книги? Ц. Храбар излегува со цврста аргументација дека од трите јазици/грчкиот, латинскиот и еврејскиот/ постои и постар-сирискиот. Оттаму, наведените јазици не се единствените јазици и книгите на словенски имаат право на постоење.

Покрај деталната и мошне продлабочена анализа на делото на Ц. Храбар-Милена Ристова –Михајловска упатува на еден успешно осмислен пример за контраст во кој се кажува дека:

„Грчките книжевници *не знаат* кој им ги создал буквите, а сите словенски книжевници *знаат* за создавањето на словенската азбука“.

Освен контрастот, докторантката дава успешен пример за аналогија:

„Црноризец Храбар го споредува историјатот на писмото на Словените и Грците/И како што Грците ги направија своите букви подражавајќи ги еврејските, така и тој по образец на грчките“.

На крајот на анализата на суминиран начин докторантката изнесува и други детектирани поетско-интерпретативни елементи и нараторски интервенции, еден нов аспект на проучување на ова кратко, но многу значајно дело за развојот на словенската писменост во Македонија.

Шестата глава од докторскиот труд на Милена Ристова-Михајловска се однесува на „**Богомилските извори во македонската писмена традиција“.** Во неа се вклучени**:** „Краткиот осврт на досегашните проучувања на оригиналните богомилски извори“; „Базични принципи, симболика и први пишани документи на богомилството“; „Македонија-жариште на богомилството“; „Поделба на богомилските извори“; „Врската на богомилите со апокрифната литература“; „Оригинални богомилски извори“; „Некои антибогомилски извори“;„Беседа против богомилите-полемичка творба од средновековието“.

Во потпоглавјето „Краткиот осврт на досегашните проучувања на оригиналните богомилски извори“, докторантката Ристова-Михајловска дава преглед на имињата на проучувачите на богомилството (од повеќе аспекти) кај нас и во светот. Во второто потпоглавје „Базични принципи, симболика и први пишани документи на богомилството**“ ,** кандидатката се задржува на првите пишани документи во кои станува збор за почетокот на богомилството (листа на анатеми), потоа се задржува на полемиката на Јоан Егзарх, на житието на св. Климент и др. За секоја пофалба е тоа што Ристова-Михајловска ова подрачје го збогатила со богат библиографски материјал преку кој се проучува богомилството не само преку првите пишани извори, туку и преку неговата симболика (поврзана со гробот на поп Богомил каде бил изграден параклис кој им служел како молитвен дом на богомилите). Третата потточка од разгледуванава глава се однесува на „Македонија-жариште на богомилството“. Според сеопфатните истражувања на кандидатката најважното еретичко жариште на богомилството се наоѓало во Македонија, во областите кои ги населувало племето Драговити.

Четвртата потточка во истражувањето на темата кандидатката ја насловила како „Поделба на богомилските извори“. Според кандидатката, словенските извори во својата категорија содржат:

- полемичка книжевност
- канонски и правни списи
- записи и натписи
- житија и
- пофалби, молитви и литургиски текстови.

Во македонската писмена традиција евидентна е врската на богомилството со апокрифната литература. Во таа смисла, докторантката во петтата потточка се задржува на „Врската на богомилите со апокрифната литература**“,** презентира нужна поделба на старозаветните, новозаветните текстови, на апокрифните евангелија и на податокот дека кон апокрифите припаѓаат и некои дела од природно-научен карактер (Разумник), Гаталните книги (Громовник, Коледник, Лунник, Трепетник и др.), како и богомилската литература.

Шестата потточка во дисертацијата е наведена под наслов:**„**Оригинални богомилски извори“.Во нив главно место ѝ е посветено на т. н. „Тајна книга“, позната уште и како „Свети Јованова книга“ или „Лажното евангелие на Јован“. Користејќи најнова литература по ова прашање Милена Ристова-Михајловска прецизно и точно наведува дека „Тајната книга“ е позната според два латински преписа, и тоа: Каркасонски препис од XIV век и Виенскиот препис од XII век.

Пред да премине на анализа на најпознатата полемичка творба-„Беседа против богомилите“-кандидатката укажува на извесни т.н. антибогомилски извори, кои не се занемарливи за науката. Елементи на противбогомилска содржина се содржани и во „Беседата против новопојавената богомилска ерес“ и во историската хроника на Ана Комнина, под наслов: „Алексијада“.

„Беседа против богомилите-полемичка творба од средновековието“ е единственото полемичко дело, напишано од Презвитерот Козма. Како што е практика-докторантката ги регистрира преписите на беседата, изнесува свои размислувања околу прашањето за времето и за местото на нејзиното настанување и врши нејзина детална анализа преку обработка на нејзината структура. Во првиот дел таа зборува за „Настанувањето и учењето на богомилството“, а во вториот дел за „Поученијата од светите книги“.

Притоа, сосема е прифатлива поделбата на Беседата на два дела:

- прв дел кој може да се определи како апологетско-полемичен дел и на
- втор дел кој се смета за излагачко-поучителен.

Кон употребата на сликовитите цитати од канонските книги, Козма внел и свој личен влог како писател, особено во доменот на стилско-изразните средства коишто практично покажуваат дека делото „Беседа против новопојавената богомилска ерес“ може да се вброи меѓу најрепрезентативните полемички дела, напишани во средниот век.

Последната–**седма глава** од тезата се задржува на **Поетиката и реториката на средновековната полемика**. **Утврдување на микроструктурите на средновековната полемика**, каде што се изнесува кусо дефинирање на поимот поетика, на поимот реторика и кадешто се прави обид за утврдување на поетиката и реториката на средновековната полемика.

Во **Заклучните согледувања** резимирано се претставени резултатите од истражувањето. Истакнати се клучните моменти, коишто битно влијаеле врз реализацијата на овој исклучително важен труд, посветен на жанрот полемики во старата македонска литература.

Предмет на истражување

Предмет на интерес во докторскиот труд на Милена Ристова-Михајловска се полемиките на македонските средновековни книжевници со опис и херменевтичко-интерпретативен пристап кон полемиките на св. Кирил Филозоф, Црноризец Храбар и Презвитер Козма.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Во досегашните проучувања средновековната полемичка литература во голем дел е археографски опишана и регистрирана според бројни ракописни збирки кај нас и во светот. Во врска со тоа се објавени и голем број на научни студии на повеќе словенски јазици, вклучително и на македонски. Од идните проучувачи на оваа проблематика се очекува досегашните достигнувања да ги збогатат со нови, теоретски проучувања на делата-нешто што ќе биде нов пристап во проучувањето на оваа сѐ уште недоволно испитана материја.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Кандидатката Милена Ристова-Михајловска во нејзиниот докторски труд: „Полемиките во македонската писмена традиција“ успеа да ги регистрира познатите преписи на полемички дела од св. Кирил Фоилозоф, Црноризец Храбар и Презвер Козма, потоа успеа да ги смести истите преписи според местото на нивното наоѓање денес и на крај да даде свој интерпретативен, иновативен и културолошки пристап кон разгледуваните полемички текстови.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Милена Ристова-Михајловска, со наслов „ Полемиките во македонската писмена традиција“, претставува истражување во областа на македонистиката/средновековната книжевност. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да одговори на следниве прашања:

1.Какво е местото на полемиките во склоп на средновековните книжевни жанри?

2.Какво е местото на полемиките низ развојот на самиот жанр од средниот век, па сѐ до денес?

3.Кои полемики треба да се истакнат,а припаѓаат на светската литератута?

4.Кои полемики треба да се истакнат,а припаѓаат на домашната литература?

5.Кои полемики се значајни од редот на преведувачката дејност на нашиве простори?

6.Какво е местото и кои се спецификите на полемилката литература во редот на ораторската проза?

7.Како се датираат творбите што припаѓаат на старата литература?

8.Какви се почетоците на словенската писменост преку осврт кон можна периодизација на истата?

9.Каде се лоцирани полемиките што се наш предмет на интерес?

10.На колку структурни целини можат да се поделат полемиките?

11.Во која целина и со кои тези и контратези, афирмација и напад,развиена дебата и сл.се открива полемичкиот карактер на делото?

12.Какви податоци се даваат и добиваат преку нивните полемики, од аспект на:

а) времето на пишување;

б)местото на пишување;

в)потребата според која се пишувани?

Докторската дисертација на кандидатката м-р Милена Ристова-Михајловска, со наслов „Полемиките во македонската писмена традиција“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Милена Ристова-Михајловска „Обид за утврдување на поетиката на средновековната полемика“, објавен во Електронско меѓународно научно списание „Медиевал“, бр. 1, во рамки на Програмата на претседателот Ѓорѓе Иванов по повод 1100 години од упокојувањето на Св. Климент, декември 2016.

[2]. MA Milena Ristova- Mihajlovska, Prof. MA Angele Mihailovski THE INTERPRETATION OF THE LITERATURE AND MUSIC ACT – A STEP TOWARDS BETTER MENTAL HEALTH, KNOWLEDGE, International Journal Scientific and Applicative papers V8/2, 2015, Меѓународен уредувачки одбор со членови од над 15 земји од светот.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Авторката на докторскиот труд оствари обемна, исцрпна и аргументирана анализа на поставениот проблем во дисертациониот труд.

Можните понатамошни истражувања се поврзани со евентуалното откривање на нови полемички преписи во ракописните збирки кај нас и во светот и нивна археографска обработка и споредба меѓу познатите преписи.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Милена Ристова-Михајловска** со наслов **Полемиките во македонската писмена традиција.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Стефан Санџакоски, претседател с.р.

Проф. д-р Добрила Миловска, ментор с.р.

Проф. д-р Виолета Мартиновска, член с.р.

Проф. д-р Виолета Пирузе-Тасевска, член с.р.

Проф. д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ, членс.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ

ЕВАЛУАЦИЈА ВО НАСТАВАТА ПО ФРАНЦУСКИ И ПО ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК **ОД АВТОРКИТЕ РАДИЦА НИКОДИНОВСКА И МИРА ТРАЈКОВА**

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ 2017, бр. 2 - 547/6, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Евалуација во наставата по француски и по италијански јазик“ од авторките: Радица Никодиновска и Мира Трајкова, редовни професори на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, наменет за студентите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, за предметите: Методика на наставата по француски јазик 2, Методика на наставата по италијански јазик 2, Практична подготовка за настава по француски јазик 1 и 2 и Практична подготовка за наставата по италијански јазик 1 и 2, избрани се проф. д-р Анжела Николовска и проф. д-р Емина Авдиќ.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

III. Општ дел

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	Евалуација во наставата по француски и по италијански јазик
Назив на предметната програма:	1. Методика на наставата по француски јазик 2; 2. Методика на наставата по италијански јазик 2; 3. Практична подготовка за настава по француски јазик 1 и 2; 4. Практична подготовка за наставата по италијански јазик 1 и 2
Назив на студиската програма:	1. Француски јазик и книжевност; 2. Италијански јазик и книжевност; 3. Студиски програми на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје

Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	3. 2+2 4. 2+2 5. 2+ 3 6. 2+3

3. Предметот Методика на наставата по француски јазик 2 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје е задолжителен предмет по струка, со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити – 5 и се слуша во шестиот семестар.
4. Предметот Методика на наставата по италијански јазик 2 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје е задолжителен предмет по струка, со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити - 5 и се слуша во шестиот семестар.
5. Предметот Практична подготовка за настава по француски јазик 1 и 2 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје е задолжителен предмет по струка, со фонд на часови 2+3, број на ЕКТС-кредити - 5 и се слуша во седмиот и осмиот семестар.
6. Предметот Практична подготовка за настава по италијански јазик 1 и 2 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје е задолжителен предмет по струка, со фонд на часови 2+3, број на ЕКТС-кредити - 5 и се слуша во седмиот и осмиот семестар.

Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 200 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот - 12. Текстот е поделен на шест поглавја (вклучувајќи ја литературата).

РЕЦЕНЗЕНТИ

8. **Проф. д-р Анжела Николовска, с.р.**
9. **Проф. д-р Емина Авдиќ, с.р.**

IV. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р АНЖЕЛА НИКОЛОВСКА

Краток опис на содржината:	Во учебникот ***Евалуација во наставата по француски и по италијански јазик,*** се претставени најновите сознанија во доменот на евалуацијата и оценувањето на учениците во наставата по француски и по италијански јазик, изучувани како странски јазици во Република Македонија. Учебникот е составен од шест дела, вклучувајќи ја и библиографијата. По воведот, во првиот дел од трудот, насловен *Општи забелешки за евалуацијата*, поместени се повеќе целини. Авторките ги објаснуваат основните поими од областа на предметот на интерес во овој труд како што се: оценување, евалуација и самоевалуација, анализирајќи го притоа значењето на евалуацијата во наставниот процес, на различните видови евалуација и нејзините функции. Евалуацијата во Заедничката европска референтна рамка за јазиците и Европското јазично портфолио е предмет на интерес во вториот дел од трудот насловен *Евалуација и документи на Советот на Европа*. Во овој дел се претставени неколку стандардизирани тестови за познавање на француски јазик (DELF, DALF, TFC) и за познавање на италијанскиот јазик (PLIDA, CILS, CELI). Третиот дел, со наслов *Евалуација во наставно-образовниот процес*, ја обработува евалуацијата во наставните програми по странски јазици и во учебниците за изучување на францускиот јазик како странски и италијанскиот јазик како странски. *Инструменти за евалуација и оценување* е насловот на четвртиот дел,

	во кој станува збор за карактеристиките на тестовите и критериумите за тестирање, како што се: сигурност, валидност и објективност, како и различни техники на тестирање. Петтиот дел, насловен *Евалуација на компетенциите на учениците,* се занимава со евалуацијата на јазично-комуникативната компетенција, на продуктивните и рецептивните јазични вештини на учениците. На крајот на учебникот е приложена *Селективна библиографија* на трудови од областа на евалуацијата и *Глосар (Речник на термини)* на најважните поими/термини користени во учебникот.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Учебникот е изработен според предметните програми по посочените предмети и соодветствува на нивните цели.
Предлози за потребни корекции:	Нема
Оцена на ракописот:	Овој учебник претставува прв учебник од овој вид на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и како таков претставува значаен придонес во областа на методиката на наставата по француски и италијански јазик. Во учебникот студиозно и сеопфатно се разгледуваат најсуштествените поими од доменот на евалуацијата во наставата како од теориски така и од практичен аспект, со конкретни примери на задачи за оценување и насоки за нивно дизајнирање. Структурата на трудот е јасна и прегледна, а предложените содржини се актуелни и релевантни за профилирање на идните наставници по странски јазици. И покрај тоа што на студентите од овие две студиски групи им се достапни учебници од оваа област од странство, ваков учебник во целост ќе одговори на потребата од учебник

	напишан на македонски јазик кој е во согласност со спецификите на локалниот образовен контекст. Учебникот *Евалуација во наставата по француски и по италијански јазик* ќе биде неодминлива основна литература не само на додипломските студиски групи: Француски јазик и книжевност и Италијански јазик и книжевност, туку и за другите студиски групи на Филолошкиот факултет. Исто така, овој труд ќе биде корисна литература за веќе дипломирани професори по француски и по италијански јазик во рамките на нивниот доживотен професионален развој.
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 200 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот - 12. Текстот е поделен во шест поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи слики и табели.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство да го поддржам овој ракопис и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите: Методика на наставата по француски јазик 2, Методика на наставата по италијански јазик 2, Практична подготовка за настава по француски јазик 1 и 2 и Практична подготовка за наставата по италијански јазик 1 и 2, примарно наменет за студентите на Филолошкиот факултет.

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Анжела Николовска, с.р.

III. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЕМИНА АВДИЌ

Краток опис на содржината:	Во учебникот *Евалуација во наставата по француски и по италијански јазик,* изработен од авторките Радица Никодиновска и Мира Трајкова, редовни професори на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, се претставени основните информации, сознанија и насоки во доменот на евалуацијата и на оценувањето на учениците во наставата по француски и по италијански јазик, изучувани како странски јазици во Република Македонија. Учебникот е составен од шест дела, вклучувајќи ја и библиографијата. По воведот, во првиот дел од трудот, насловен *Општи забелешки за евалуацијата*, поместени се повеќе целини. Авторките даваат неколку терминолошки појаснувања во врска со проблематиката на предметот на интерес во овој труд, оценување, евалуација, самоевалуација, задржувајќи се притоа на значењето на евалуацијата во наставниот процес, на различните видови евалуација и на нејзините функции. Местото на евалуацијата во документите изработени во рамките на Советот на Европа, Заедничката европска референтна рамка за јазиците и Европското јазично портфолио, се разгледува во вториот дел од трудот насловен *Евалуација и документи на Советот на Европа*. Во овој дел се претставени неколку стандардизирани тестови за познавање на француски јазик (DELF, DALF, TFC) и за познавање на италијанскиот јазик (PLIDA, CILS, CELI). Во третиот дел, со наслов *Евалуација во наставно-образовниот процес*, интересот на авторките е насочен кон три теми: местото на евалуацијата во наставните програми по странски јазици, местото на евалуацијата во учебниците за изучување на француски како странски јазик и местото на евалуацијата во

	учебници за изучување на италијански како странски јазик. *Инструменти за евалуација и оценување* е насловот на четвртиот дел, во кој станува збор за тестови. Поместени се главните карактеристики и критериуми за тестирање, како што се: сигурност, валидност и објективност, како и различни техники на тестирање, почнувајќи од оние од затворен тип, како што е тест на повеќечлен избор, тест со точни и неточни одговори, клоз-тест и сл., па сè до техники од отворен тип како што се пишување есеј и синтеза. Петтиот дел, насловен *Евалуација на компетенциите на учениците*, ја третира проблематиката на евалуацијата на јазичната комуникациска компетенција, евалуација на разбирање при слушање и на усно изразување, евалуација на разбирање на пишуван текст на и писмено изразување. На крајот на учебникот се поместени *Селективна библиографија* на трудови од областа на евалуацијата и *Поимник* (Речник на термини) на најважните поими/термини користени во учебникот.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Учебникот е усогласен со следниве предметни програми: Методика на наставата по француски јазик 2, Практична подготовка за настава по француски јазик 1 и 2, Методика на наставата по италијански јазик 2 и Практична подготовка за настава по италијански јазик 1 и 2.
Предлози за потребни корекции:	Нема
Оцена на ракописот:	Учебникот претставува прв труд од ваков вид на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и затоа претставува значаен придонес за научната област на методиката на наставата по францускиот и италијанскиот јазик. Учебникот ќе им помогне на студентите од студиската група француски јазик и

	книжевност и студиската група италијански јазик и книжевност да стекнат основни знаења во доменот на евалуацијата во наставата по дадените јазици. И покрај тоа што на студентите од овие две студиски групи им стојат на располагање, како дел од препорачана литература, најсовремените учебници и трудови издадени во Франција, Италија, Белгија, Канада и Англија, сепак е јасно дека има потреба од ваков учебник напишан на македонски јазик.
Категоризација:	Учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 200 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот - 12. Текстот е поделен во шест поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи слики и табели.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство да го поддржам овој ракопис и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите: Методика на наставата по француски јазик 2, Методика на наставата по италијански јазик 2, Практична подготовка за настава по француски јазик 1 и 2, Практична подготовка за наставата по италијански јазик 1 и 2 и примарно наменет за студентите на Филолошкиот факултет.

Рецензент

Проф. д-р Емина Авдиќ, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ШУМИТЕ И ХОРТИКУЛТУРА НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 4. (четврта) седница одржана на 18.4.2017 година, донесе одлука 02-277/3 со која избра Рецензентска комисија за оцена на пријавените кандидати за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области: одгледување на шуми и хортикултура, во состав:

- д-р Коле Василевски, редовен професор на УКИМ, Шумарски факултет - Скопје

- д-р Димитар Баткоски, редовен професор на УКИМ, Шумарски факултет - Скопје, во пензија, и

- д-р Јасминка Ризовска-Атанасовска, редовен професор на УКИМ, Шумарски факултет - Скопје.

Согласно со конкурсот објавен од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Шумарски факултет во Скопје, во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 24.3.2017 година, се пријави кандидатот д-р Николчо Велковски, вонреден професор на УКИМ Шумарски факултет во Скопје.

По разгледувањето на поднесената пријава и доставените документи од кандидатот д-р Николчо Велковски, Комисијата го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. **Биографски податоци**

Д-р Николчо Велковски, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј'' во Скопје, Шумарски факултет во Скопје, е роден на 12.2.1971 година во Делчево.

Основно образование завршил во Пехчево, а средно образование во Скопје.

На Шумарскиот факултет во Скопје на насоката општо шумарство се запишал во 1991/92, а го завршил на 12.2.1996 година со среден успех 8,90. Дипломска работа изработил по предметот одгледување на шумите, со наслов „Оптимални методи за стопанисување со шумскостопанската единица Буковик-Бајаз Тепе".

Во учебната 1996/1997 се запишал на постдипломски студии на Катедрата за уредување на шумите при Шумарскиот факултет во Скопје. Постдипломските студии ги завршил на 22.12.1999 година со просечен успех 9,66.

Магистрирал на тема: „Структура и производност на чистите букови насади на Малешевските Планини".

Во 1997 година, Николчо Велковски се вработил во ПШС "Равна Река"-Пехчево, каде што работи до 10.2.2006 година.

Од 10.2.2006 година е вработен на Шумарскиот факултет во Скопје, како асистент по група предмети од областа одгледување на шумите.

Докторирал на 8.6.2007 година со одбрана на докторската дисертација под наслов „Биоеколошка карактеристика и природно обновување на буковите шуми на Малешевските Планини".

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје бр.0201-96/VII-3 од 16.10.2007 и согласно со рефератот објавен во Билтен бр. 927 од 1.10.2007 година, Николчо Велковски е избран во звањето доцент и наставник на наставната програма одгледување на шумите.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје бр.0201-127/V-2 од 24.9.2012 и согласно со рефератот објавен во Билтен бр. 1034 од 2.7.2012 година, Николчо Велковски е избран во звањето вонреден професор и наставник на група предмети од областа одгледување на шумите.

Во своето работно искуство, д-р Николчо Велковски држи настава и вежби на УКИМ, Шумарски факултет - Скопје, по повеќе предмети од областите одгледување на шумите и хорткултура, на насоките:

шумарство, пејзажно дизајнирање и екоинжинеринг и екоменаџмент. Покрај теоретската настава изведува и теренска настава и вежби по наведените предметни програми.

Д-р Николчо Велковски учествува и во наставата од постдипломски студии (студии од II циклус) од областа на одгледување на шумите и хортикултура, на насоките: шумарство и озеленување и унапредување на животната средина.

Во текот на работењето има објавено поголем број научни трудови, учества на повеќе научни конференции, работилници, стручно-апликативни дела, проекти и учество во факултетски комисии (список е даден во прилог).

Во периодот 2008-2016 година ја извршувал функцијата продекан на Шумарскиот факултет во Скопје.

2. Наставно-образовна дејност

Д-р Николчо Велковски, вонреден професор, досега успешно ја изведува наставно-образовната дејност на додипломските студии (студии од I циклус) на Шумарскиот факултет во Скопје, на студиските програми Шумарство и Озеленување и унапредување на животната средина, по предметите: Одгледување на шумите и Подигнување и нега на зелени површини, како и на ново акредитираните студиски програми: Шумарство, Пејзажно дизајнирање и Екоинжинеринг и екоменаџмент од учебната 2013/14, по предметите: Одгледување на шумите, Одгледување на шуми со посебна намена, Подигнување и нега на зелени површини, Вовед во шумарството и Агрошумарството во руралниот развој. Покрај теоретската настава изведува и теренска настава и вежби по наведените предметни програми.

Д-р Николчо Велковски учествува и во наставата од постдипломски студии (студии од II циклус) од областа на одгледување на шумите и хортикултура, по следниве предметни програми: Одгледување на шумите-II, Одгледување на шуми со посебна намена, Методи на научноистражувачка работа и Подигнување и нега на зелени површини II на старите студиски програми, како и на новоакредитираните студиски програми од 2013 г. на насоките: шумарство и озеленување и унапредување на животната средина по следниве предметни програми: Одгледување на шумите-II, Техники на одгледување на шуми со посебна намена, Подигнување и нега на зелени површини II, Тревници и Агрошумарски одгледувачки практики.

Досега кандидатот бил ментор и член во повеќе комисии за одбрана на дипломски работи, магистерски работи и докторски дисертации. Бил рецензент на два учебника за средно образование, рецензент на еден универзитетски учебник во странство, како и коавтор на позитивно рецензиран универзитетски учебник.

Во досегашната работа, а особено од изборот во звањето вонреден професор, самостојно или во соработка со други автори учествувал во подготвување и изработка на повеќе наставно-образовни, научноистражувачки и стручно-апликативни дела. Во периодот октомври-ноември 2015 година имал студиски престој на Универзитетот во Берн, Шајцарија.

Во текот на своето работење, кандидатот совесно и квалитетно ја извршувал својата наставно-образовна дејност, а меѓу другото учествувал и во повеќе факултетски комисии и една универзитетска комисија.

Теренска настава

Согласно со наставните планови и програми, кандидатот успешно изведува и теренска настава по предметите: Одгледување на шумите и Подигнување и нега на зелени површини.

Ментор на дипломска/магистерска/член на Комисија

Во периодот од изборот во звањето вонреден професор до денес, кандидатот бил ментор на 20 дипломски работи, а член на комисија за одбрана на 19 дипломски работи. Бил коментор и на 3 странски студенти од Универзитетот во Берн, Швајцарија, за изработката на нивните дипломски теми. Покрај тоа, во овој период кандидатот бил ментор на 4 одбранети магистерски труда, а е избран и за ментор уште на 3 магистерски труда кои се во фаза на изработка. Бил член и на 11 комисии за оцена и одбрана на магистерски труда и член на комисија за оцена и одбрана на 3 докторски дисертација.

3. Учество во школи, работилници и курсеви за професионална обука

Во периодот од изборот во звањето вонреден професор до денес, д-р Николчо Велковски има учествувано како предавач или учесник на следниве работилници, летни школи и курсеви за професионална обука:

1) Министерство за животна средина и просторно планирање & Секретарјат на Конвенцијата за борба против опустинувањето на ОН (UNCCD) "Неутралност во деградацијата на земјиштето (Land Degradation Neutrality-LDN)", 28.2.2017 г. Хотел „Буши'' во Скопје.
2) Министерство за животна средина и просторно планирање, УНЕП / ГЕФ проект "Постигнувањето на заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитени подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето", 14.10.2016 г. Хотел „Александар палас'' - Скопје.
3) Програма за зачувување на природата во Македонија, Работилница „Дијалог за регионална политика во шумарството: Регионален план за стопанисување со шумите како можност за одржливо управување со шумите во Брегалничкиот регион'', 13.9.-14.9.2016 г. Берово.
4) Програма за зачувување на природата во Македонија, Летна школа за одржлив развој на Делчево, 3.8.-12.8.2016 г. Делчево.
5) Програма за зачувување на природата во Македонија, Работилница за подготвување на втората фаза од Програмата, 7.7.2016 г. Воденица, Скопје.
6) Министерство на земеделието и храните, Изпълнителна агенциЯ по горите. Национално съвешание (конференциЯ) с международно участие на тема: Перспективи и насоки за стопанисване на изкуствено създадените иглолистни гори. Парк хотел КЮстендил, 28-29 Януари 2016г. Р. БългариjЯ.
7) Работилница за развојот на курикулумот на УКИМ Шумарски факултет во Скопје. Хотел „Континентал'', 18.12.2015 г. Скопје.
8) Програма за зачувување на природата во Македонија.Четврта работилница со партнерите на тема: „Преглед на третата година од имплементацијата на Програмата и планирање на активности за наредната година''. Хотел „Манастир'', Берово, 16-17.12.2015 г.
9) European Forest Week-Silva 2015, Engelberg 2-6.11.2015 Switzerland.
10) 90 Years higher Forestry education in Bulgaria International scientific conference Forestry: „Bridge to the Future''. Park Hotel Moskva, 6-10 May, Sofia, Bulgaria.
11) Програма за зачувување на природата во Македонија. Работилница за запознавање со потребите на различните чинители во шумарството (со акцент на Брегалничкиот слив) и идентификација на потенцијалниот иден придонес на ПЗП во Македонија. Кочани, 24.2.2015г.
12) Програма за зачувување на природата во Македонија. Трета работилница со партнерите на тема: „Преглед на втората година од имплементацијата на Програмата и планирање на

активности за наредната година''. Хотел „Манастир'', Берово, 11-12.12.2014 г.

13) Министерство за животна средина и просторно планирање & UNEP & GEF: Четврта работилница со засегнатите страни на тема: „Разгледување на нацрт Стратегијата за биолошка разновидност со акциски план и планови за имплементација''. Проект: „Поддршка на Република Македонија за ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност''. Хотел Stone Bridge, Скопје, 26.11. 2014 г.
14) Cross-border Workshop on The need for policy interventions and adoption of technological tools to flight illegal logging and timber trade. The Contribution of AITOLOS Project in fighting illegal logging and timber trade to protect trans-boundary Greek-FYR Macedonia ecosystems. Hotel Manastir, Berovo, 09-11 Jully, 2014.
15) Министерство за животна средина и просторно планирање & UNEP & GEF: Серија состаноци за заштита на животната средина во Македонија: Работилница за прогресот на проектот „Поддршка на Република Македонија за ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност. Охрид, 9-12 јуни 2014 г.
16) Министерство за животна средина и просторно планирање & UNEP & GEF: Серија состаноци за заштита на животната средина во Македонија: Прва работилница со засегнатите страни за проектот „Поддршка на Република Македонија во развивање на Национален акционен план за борба против опустинување усогласен со 10-годишната стратегија на UNCCD и процесот на извесување во рамки на UNCCD". Охрид, 9-12 јуни 2014 г.
17) Министерство за животна средина и просторно планирање & UNEP & HELVETAS & GEF & SDC & ИПР: Програма за одбележување на Меѓународен ден на биолошка разновидност, тема „Островски биодиверзитет". Делчево, 22 мај 2014 г.
18) Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство: Проект на УСАИД за инвестиции во чиста енергија и Winrock International Ecosistem Services, работилница на тема „Примена на техники за далечински сензори и географски информациски системи (GIS) за мониториг на шумите". Едукативен центар СИВУС, Скопје, 26-27 февруари 2014 г.
19) Министерство за животна средина и просторно планирање: Проект „Поддршка на Република Македонија за ревизија на националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност ", Трета работилница со засегнати страни на тема „Дефинирање на акцискиот план за посетигнување на националните цели за биолошка разновидност''. Хотел Сириус, Струмица, 2-6 февруари 2014 г.

20) Програма за зачувување на природата во Македонија. Втора работилница со партнерите на тема: „Преглед на првата година од имплементацијата на Програмата''. Хотел „Манастир'', Берово, 4-5.12.2013 г.
21) Министерство за животна средина и просторно планирање: Проект „Поддршка на Република Македонија за ревизија на националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност ", Втора работилница со засегнати страни. Хотел „Аурора'', Берово, 2-4 октомври 2013 г.
22) Министерство за животна средина и просторно планирање: Проект „Поддршка на Република Македонија за ревизија на националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност", Иницијален состанок. Скопски саем, Скопје, 19.02.2013г.
23) Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство: Проект „Зајакнување на подготвеноста за справување со шумски пожари", подржано од Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите нации (ФАО), Финална партиципативна работилница. Хотел „Холидеј ин'', Скопје, 18.12.2012 г.
24) Програма за зачувување на природата во Македонија. Прва фаза, Иницијална работилница, 17.12.2012 г. Хотел „Александар палас'', Скопје.
25) International Scientific Conference: Forestry science and practice for the purpose of sustainable development of Forestry, 20 years of the Faculty of Forestry in Banja Luca. 1-4.11.2012g. Hotel Bosna, Banja luka, Republic of Srpska, B&H.
26) 4· Конгрес на еколозите со меѓународно учество. 12-15.10.2012 г. Охрид.
27) Проект „Програма за закрепнување на балканскиот рис", работилница-Улогата на фармерите и шумарите во заштита на балканскиот рис во идните заштитени подрачја, 11.11.2012 г. Демир Хисар.
28) Форум на тема: Понуда и побарувачка на лековити билки и шумски плодови во пограничниот регион, во рамки на проектот „Разумно искористување на екоресурсите на планините Голак и Влаина", кофинансиран од Европската Унија преку ИПА - програмата за прекугранична соработка CCI 2007CB16IP007, 23-24 јуни, 2012 година, хотел Македонија-Делчево.
29) Работилница за обука на тема: Добри практики во собирањето на билки, првична обработка, чување и полза, во рамки на проектот „Разумно искористување на екоресурсите на планините Голак и Влаина", кофинансиран од Европската Унија преку ИПА Програмата за прекугранична соработка CCI 2007CB16IP007, 07-08 април, 2012 година, хотел Кристо-Благоевград, Р. Бугарија.
30) Работилница за обука на тема: Добри практики за собирање, примарно складирање и искористување на билки и шумски плодови, во рамки на проектот „Разумно искористување на

екоресурсите на планините Голак и Влаина", кофинансиран од Европската Унија преку ИПА - програмата за прекугранична соработка CCI 2007CB16IP007, 24-25 март 2012 година, хотел „Македонија", Делчево.

31) Работилница за обука на тема: Добри практики за собирање, примарно складирање и искористување на билки и шумски плодови, во рамки на проектот „Разумно искористување на екоресурсите на планините Голак и Влаина", кофинансиран од Европската Унија преку ИПА - програмата за прекугранична соработка CCI 2007CB16IP007, 18-19 февруари 2012 година, хотел „Езерец", Благоевград, Република Бугарија.

4. Научноистражувачка дејност

Од изборот во звањето вонреден професор до денес, кандидатот самостојно или во соработка со други автори има изработено 6 научни труда со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор, 1 научен труд со оргинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир и 4 трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор.

Кандидатот учествувал на повеќе научни конференции со презентации на трудови, како и во повеќе научноистражувачки проекти од кои на 1 бил и раководител.

5. Стручно-апликативна дејност

Во периодот од изборот во звањето вонреден професор до денес, кандидатот самостојно или во соработка со други автори има учествувано во следниве стручно-апликативни трудови/проекти:

1) Просторен план на Источниот плански регион (нацрт). Министерство за животна средина и просторно планирање & Агенција за планирање на просторот. Член на тим за изработка на експертен елаборат шуми, шумарство и ерозија во сливот на реката Брегалница, 2016 г.
2) Проект: Идентификација, инвентаризација, промоција и зачувување на дрвјата споменици на природата и на старите-вековни дрвја, значајни за биодиверзитетот на Малешевските

Планини. ПЗП, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка, БФОР, 2016.
3) Посебен план за одгледување и заштита на шумите во „Националниот парк-Пелистер"-Битола. Универзитет Св. „Кирил и Методиј"-Скопје, „Шумарски факултет"-Скопје, 2015.
Во таа смисла дадени се информации за формирањето на здружението Светскиот франшизен совет („World Franchise Council" - WFC) и Американската франшизна асоцијација - АФА („The American Franchisee Association", - AFA). Во ова поглавје се разработуваат карактеристиките на франшизата и составните делови на франшизата, и се разграничуваат предностите и слабостите на франшизата. Во ова поглавје е посветено внимание на причините за франшизинг и видови на франшизинг системи, како и односите на учесниците-партнерите во франшизата, франшизерот како сопственик, франшизантот како корисник и нивните меѓусебни обврски. Исто така се осврнува на подрачјата и показателите на примената на франшизата, односно примената на франшизата кај малите бизниси. Се третира застапеноста на франшизата низ земјите во светот и во Европа со особен акцент на нивното дисперзирање ширум светот и потребата за низа адаптации на локално ниво, правејќи го меѓународниот бизнис национален.

Во второто поглавје е разгледана франшизата како стратегија за позиционирање на пазарот во чиј концепт доминантна улога имаа стратегијата на стандардизација, но се елаборира и сè поголемата примена на стратегиите за адаптација во концептот на франшизата. Како алатка за анализа на влијателните фактори за пазарниот настап на компаниите и меѓународното опкружување е наведена PEST методата, обработувајќи ги политичките, економските, социјалните и технолошките фактори. Посебно внимание е посветено на стратегиите на адаптација на франшизата како што се: стратегијата на претежна стандардизација, стратегијата на одржување единствен имиџ, стратегијата на претежна индивидуализација и стратегија на нагласена индивидуализација. Се обработува темата за стандардизацијата наспроти приспособување на франшизата на локалните животни услови. Нагласено е дека секоја од стратегиите за адаптација има за цел да ги надмине економските, социјалните и религиозните бариери на локалното население, но и да се адаптира на барањата, потребите, вредностите и традициите на населението со цел производите, стоките или услугите да им станат подостапни и поблиски, без разлика на тоа што станува збор за интернационален бренд. Во рамките на ова поглавје се разработени адаптациите на 4П од маркетинг-миксот, видовите и степенот на приспособувања коишто се среќаваат кај основните елементи на маркетинг миксот, стратегиските варијанти и приспособувањата што настануваат кај производот, цената, каналите на дистрибуција и промоцијата.

Третото поглавје прикажува како функционираат франшизите на различни пазари, и тоа на пазари во развиени економии и на пазари во економии во развој, односно се споредува работењето на франшизните бизниси на различни географски пазари со цел да се воочи степенот на нивната адаптација кон локалните услови. Во ова поглавје се разработува и се анализира предметната тема на нашите истражувања од аспект на состојбите на франшизингот во само некои од земјите на нашето блиско окружување (Албанија, Србија и Косово) и споредување со состојбите на франшизингот во Република Македонија. Во таа смисла, во првата точка ќе се направи осврт на регионот на Југоисточна Европа (ЈИЕ) од аспект на состојбите на развојот во изминатите неколку децении, како и напорите и

иницијативата на ЕУ и OECD за креирање Стратегија за развој на ЈИЕ до 2020 година, која, пак, ќе претставува соодветна рамка на севкупното стопанско работење.

Во ова поглавје извршени се истражување и комплексна анализа на применетите стратегии за адаптација во регионот на ЈИЕ, односно во земјите од соседството (Албанија, Србија и Косово) и споредба со Република Македонија. Компаративната анализа е направена врз основа на прашалник за испитаниците на три исти франшизни бизнис системи во наведените земји. Последново, од причина за остварување еднозначност и релевантност на добиените резултати.

Четвртото поглавје го обработува работењето на франшизите на македонскиот пазар. Тука детално се анализираат повеќе постојни франшизи во Република Македонија од неколку аспекти, и тоа: постојната состојба; примена на стратегијата на стандардизација наспроти стратегијата на адаптација на франшизите во Република Македонија; идентификување на стратегиите за адаптација кај франшизите во Република Македонија. Покрај ова, особено внимание е посветено на: начинот на нивното работење; компатибилноста помеѓу франшизерот и франшизантот; почитувањето на нормите и правилата наложени од франшизерот врз франшизантот; адаптабилноста на стратегиите на локалитет; пазарна конкурентност и прилагодливост. Ова поглавје се базира врз наодите добиени од претходно спроведено истражување на франшизните компании во Република Македонија, што дава одговор колку македонските франшизери го приспособуваат работењето на франшизниот бизнис во однос на географската позиционираност на Република Македонија, локалното население, како и пазарната конкурентност. Воедно, направен е обид да се истражит користа од спроведувањето на стратегиите за стандардизација наспроти стратегиите за адаптација на еден мал, но специфичен пазар како што е македонскиот.

Во ова поглавје се третирани групи/подрачја на маркетинг миксот (производ, цена, дистрибуција и промоција) и за секое прашање од прашалникот направена е анализира и даден е соодветен коментар. Притоа, за секое прашање е користена методата на хи-квадрат тест, за која во почетокот на оваа точка се презентирани одредени теоретски и практични информации. По секоја третирана група/подрачје од маркетинг миксот прикажани се заклучоците од истражувањето, како и завршни заклучоци од истражувањата презентирани во оваа точка.

Заклучните согледувања се синтеза на најзначајните констатации, оценки и ставови изнесени во трудот, како и на сознанијата за одделни состојби во светот и во Република Македонија. Овде се дадени критички согледувања за достигнувања во светските рамки и анализирана е состојба во земјава со понатамошни насоки за одредени подобрувања или евентуални корекции на веќе постојните франшизни системи.

3. Оцена и предлог

Докторската дисертација со наслов: **Стратегии за адаптација на франшизата во Република Македонија,** од кандидатката **м-р Вера Бошковска,** претставува комплексен и содржаен труд од доменот на франшизното работење на компаниите, со посебен осврт на стратегиите за адаптација на франшизата. Трудот обработува мошне интересна и актуелна проблематика и се одликува со сериозен пристап кон третираниот проблем, солидна теоретска основа и соодветна методолошка рамка.

Предмет на научна елаборација во трудот се анализа, проучување и презентација на стратегиите кои можат да се применат при адаптацијата на франшизата, а фокусот на вниманието е насочен кон утврдување на неопходноста на примената на стратегии за адаптацијата на франшизата кои ќе придонесат франшизниот бизнис успешно да функционира и да остварува поголем профит, со посебен осврт на Република Македонија.

Во таа насока, кандидатката има е спроведено емпириско истражување на седумдесет франшизи во Република Македонија за да се утврди степенот и видот на адаптација за пазарот во Република Македонија. Притоа, кандидатката констатира дека состојбата на франшизите во Република Македонија е во корелација со глобалните трендови кои ја следат истата во нејзиното функционирање. Франшизите се дел од франшизните системи на кои припаѓаат и се корисници на стекнатите искуства и знаења на целиот франшизен систем. Секоја франшиза работи во средина и опкружување во кое е затекната на одредена територија. Но, секако потребни се адаптации на франшизното работење во Република Македонија, кои ќе придонесат да се приближи производот/услугата до нивните потрошувачи, односно ќе се оствари профитабилно работење. Стратегиите за адаптација имаат големо влијание во секој бизнис за успешно функционирање. Франшизите во Република Македонија се адаптираат согласно ресурсите кои ги има на оваа територија, а кои се неопходни за испорака на квалитетот кој е согласно стандардите на франшизата. Понатаму, зголемувањето на свесноста за можностите на франшизингот, односно добро познавања на функционирањето на франшизниот бизнис модел, можат да дадат поголем бенефит за секој учесник во франшизата. Специфичноста на секој франшизен систем не дава можност за единствена формула за успех на секој франшизант. Факторите кои влијаат на секоја франшизна единица се специфични и е потребна нивна прецизна анализа, констатира кандидатката.

Докторската дисертација, концептуално, претставува логички заокружена целина и се одликува со експлицитен и концизен стил на пишување. Елаборираната материја е коректно аргументирана и илустрирана со релевантни податоци, систематизирани во табели и графикони. Комплексниот пристап во истражувањето е надополнет со методолошка рамка која одговара на академските критериуми, а кандидатката користи релевантна научна и стручна литература, што е солидна основа за критичко размислување по клучни прашања од истражуваната проблематика.

Општа е констатацијата дека приложениот докторски труд е во согласност со академските стандарди и дека кандидатката успешно се справила со поставениот предизвик во однос на поставената хипотеза на истражувањето.

Составен дел на оваа рецензија е генерираниот извештај од системот на плагијати на Министерството за образование и наука на Република Македонија, што укажува на релативно низок степен на преземање од 6,67%.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оценка на докторската дисертација на тема: **Стратегии за адаптација на франшизата во Република Македонија**;

2. да формира комисија за одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Вера Бошковска** и да определи термин за јавна одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

1._____ с.р

/ Д-р Марија Таковска /

2._____ с.р

/Д-р Татјана Петковска Мирчевска /

3. _____ с.р

/ Д-р Биљана Ангелова /

4._____ с.р

/ Д-р Неда Петроска-Ангеловска /

5. _____ с.р

/ Д-р Искра Станчева Гигов /

ПРЕГЛЕД

на теми за изработка на магистерски труд прифатени од научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, ИЗИИС-скопје,

на седницата одржана на 26.04.2017

Ред. Бр.	**Име и презиме на кандидатот**	**Назив на темата**		**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на Одлука на НС за прифаќање на темата**
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1	Ангела Попоска, дипл.град.инж.	„Влијанијата од земјотрес и ветер како динамички оптоварување кај конструкциите”	“Analysis of the effect of earthquake and wind as dynamic loads on the structures”	Проф. д-р Зоран Ракиќевиќ	09-632/2 од 04.05.2017
2	Трајче Зафиров, дипл.град.инж.	„Примена на системи за пасивна дисипација при проектирање на конструкции отпорни на земјотрес”	“Application of passive energy dissipating systems in design of earthquake resistant structures”	Проф. д-р Зоран Ракиќевиќ	09-632/1 од 04.05.2017

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

„КОНЦЕПТИТЕ НА ПОИМОТ ИДЕНТИТЕТ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ“ ОД М-Р БИЉАНА РАЈЧИНОВА-НИКОЛОВА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 12. редовна седница одржана на 27.3.2017 година, по предлог на Советот за студиската програма докторски културолошки студии, формира Комисија за оцена и за одбрана на докторската дисертација под наслов КОНЦЕПТИТЕ НА ПОИМОТ ИДЕНТИТЕТ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ, изработена од кандидатката м-р Биљана Рајчинова-Николова. Комисијата е во состав: проф. д-р Мишел Павловски, претседател, проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева (ментор), член, проф. д-р Наташа Аврамовска, член, проф. д-р Денко Скаловски, член и проф. д-р Лилјана Силјановска, член.

Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, Комисијата во наведениот состав ја прегледа и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Анализа на докторската дисертација

Докторската дисертација под наслов „Концептите на поимот идентитет во македонските печатени медиуми“, изработена од кандидатката **м-р Биљана Рајчинова-Николова**, содржи 386 страници компјутерски обработен текст. Од нив, библиографијата е изнесена на 54 страници и содржи 271 библиографска единица (од нив најголемиот дел се книги и списанија, но наведени се и зборници, објавени научни проекти и сл.); Во користената литература содржани се и 619 текстови печатени во 4 различни медиуми: во дневните печатени медиуми *Дневник*, *Нова Македонија*, *Утрински весник* и телевизијата *Сител*. Наведена е литература од повеќе јазици (англиски, француски, германски, српски, хрватски), преведена и цитирана на македонски јазик. Текстот е систематизиран во 2 глави, придружени со вовед и заклучок. Првиот, теоретски дел, со наслов „Теоретско проследување на поимите идентитет и медиуми“, оставен е од три глави, секоја одделно посветена на поимите идентитет, медиуми и публика и една глава, четвртата, посветена на применетата методологија. Вториот, емпириски дел, со наслов „Анализа на дневните печатени медиуми *Дневник, Нова Македонија*, *Утрински весник* (квантитативна, споредбена и квалитативна)“, составен од седум глави.

1.1. Податоци за предметот на истражување

Воведот (сочинет од поднасловите: а) Идентификување и формулирање на истражувачкиот проблем; б) Предмет на истражување; в) Цел на истражувањето; г) Хипотези, д) Методологија и ѓ) Значење на истражувањето) го нагласува мотивот за истражувањето на проблематиката посочен како истражување на релацијата идентитет-медиуми, дава критички преглед на досегашните истражувања, се идентификува и формулира истражувачкиот проблем, предметот на истражување, целта на истражување, главната хипотеза, методологијата која се применува при истражувањето и се посочува на значењето на истражувањето.

Кандидатката нагласува дека основна цел на истражувањето е „да се истражи улогата и функцијата на македонските печатени медиуми во (ре)креирањето и стабилизирањето на одредени/определени елементи на идентитетот и менувањето на неговата содржина и значење во зависност од актуелните случувања и потреби“. За да се реализира целта, кандидатката ја испитува примената на двата доминантни концепта на идентитетот: есенцијалистичкиот и конструктивистичкиот во одбраните медиуми. При тоа се поаѓа од главната (општа) хипотеза која го покрива целиот предмет на истражување, формилирана на следниов начин: „Променливоста, нестабилноста, фрагментираноста и пластичноста се темелни одредници на идентитетот, а медиумите се алатки за негова конструкција и времено стабилизирање“. Од појдовната тезата дека „најголем дел од медиумите функционираат на начин соодветен на официјалната (ние би додале владеачката) политика“, произлегува и истражувачкиот проблем кој треба да даде одговор на прашањето: „Дали постои (медиумски) хомогенизирачки опис на реалноста што непосредно и нужно (идеолошки) влијае врз мислењето, однесувањето и идентитетот на оние што ги конзумираат?“ Предметот на истражување на труд е „дефинирањето на опсегот и значењето на поимот идентитет во македонските печатени медиуми *Дневник, Нова Македонија и Утрински весник“.*

1.2. Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Процесите на глобализацијата и преминот на индустриското општество во информатичко го актуализираа прашањето за одново промислување на идентитетите. Намалувањето на влијанието на националната држава во услови на глобализација го постави на дневен ред прашањето за значењето на националните идентитети, а технолошкиот развој и електронските медиуми - прашањето на нивната улога во (ре)конструирањето на колективните и индивидуалните идентитети.

Оттука може да се констатира дека предложениот докторски труд за предмет на истражување има едно актуелно прашање кое ја испитува релацијата помеѓу колективните идентитети и медиумите. За да може да се допре до суштината на таа релација, потребно е, од една страна, проследување на постојната теоретска литература во однос на самите поими: идентитет, медиум, публика, а од друга примена на тие теоретски сознанија врз конкретен материјал. При теоретското проследување на концептите на идентитетот (есенцијалистичкиот и конструктивистичкиот), кандидатката ги зема предвид ставовите на македонските (Лорета Георгиевска-Јаковлева, Ангелина Бановиќ-

Марковска; Елизабета Шелева), Златко Крамариќ и светските истражувачи: Смит, Ериксон, Гелнер, потоа Хол, Муф, Малуф, Баба и др.

Во научната литература се проследува и функцијата на медиумот во контекст на идентитетот. Појдовна основа за трудот на Рајчинова-Николова се гледиштата на македонските (Лорета Георгиевска-Јаковлева), балканските (Дарио Чепо), западноевропските (претставниците на Франкфуртската школа - Теодор Адорно и Маркс Хоркхајмер; англиските теоретичари Стјуарт Хол, Дејвид Морли и Кевин Робинс); француските теоретичари Луј Алтисер, Антонио Грамши, Жак Бодријар и американските теоретичари на масовната комуникација Маршал Меклуан), кои сметаат дека медиумите се користат како ресурси за (ре)конструирање на идентитетот. Не мал број од нив истакнуваат дека тој ресурс е во функција на идеологијата на владеачката партија, односно дека „медиумите (медиумските технологии) можат да ја обликуваат перцепцијата за општествената реалност на нивните консументи и можат да учествуваат во процесот на конструирање на идентитетот".

Докторската дисертација се потпира и на трите главни социолошки теории: теоријата на ограничен ефект, класно-доминантна теорија и културолошката теорија, како и на две теории или модели што се пробиваат последнава деценија - маркетинг моделот и моделот на јавна сфера.

И покрај обемната литература за теоретската рамка во однос на дефинирање на концептите на идентитетот и одредување на природата на медиумите, се констатира недостаток од емпириско проучување на релацијата помеѓу процесите на конструирањето идентитет и дејствувањето на медиумите. Оттука, главна цел на оваа дисертација е да даде одговор на прашањето: Каква е релацијата помеѓу процесите на конструирањето идентитет и дејствувањето на медиумите. Недостатокот од емпириско истражување се надоместува преку анализа на националните печатени медиуми *Дневник*, *Нова Македонија* и *Утрински весник*, како едни од значајните фактори во креирањето и презентирањето на јавното мислење. Критериум за одбирот на весниците во кои се спроведе истражувањето, како што се наведува, е „нивото на нивното влијание врз јавното мислење во Република Македонија".

1.3. Краток опис на применетите методи

Во трудот детално се опишува и методологијата која е применета. Овде, применетата методологија ја сублимираме на следниве етапи:

- **пребарување на текстови кадешто експлицино е содржан поимот идентитет во три македонски печатени дневни весници: *Дневник*, *Нова Македонија* и *Утрински весник*, печатени во периодот 2009 – 2013 година, односно период кој следува по Самитот на НАТО во 2008 година, кога таа не го доби посакуваното и очекуваното членство, како резултат на ветото на Грција која го оспорува легитимитетот на името на Република Македонија;**
- **селекција и класификација (тематска која ги одредува елементите на идентитетот, структурна - која ги одредува**

атрибутите на елементите на идентитетот, жанровска, по автори, по години, по застапувани концепти) на добиениот материјал;

- **статистичка обработка со бројна и процентуална застапеност;**
- **квалитативна (дискурзивната) анализа и изведување на заклучоци.**

Кандидатката наведува дека истражувањето се базира на општите научни методи: анализа (квантитативната анализа – број на текстови, во кои се споменува поимот идентитет и квалитативната анализа – анализа на медиумскиот дискурс), синтеза, во чија основа се (меѓусебните надополнувања на) индукцијата и дедукцијата како главни методни постапки. Покрај тоа, се употребуваат и методите на апстракција, конкретизација, специјализација, генерализација и статистичките методи.

1.4. Краток опис на резултатите од истражувањето

Првата глава од дисертацијата, насловена како „Теоретско проследување на поимите идентитет и медиуми“**,** содржи повеќе подглави кои се однесуваат на презентирање на двата основни концепта на идентитетот - есенцијалистичкиот и конструктивистичкиот, на поимите медиуми, јавност и публика, критиката на средствата за јавно информирање, концептите на пасивна и активна публика и публиката како консумент, како и на истражување на релациите меѓу идентитетот и медиумите.

При тоа се дефинираат опсегот, содржината и значењето на поимот идентитет и се прифаќа ставот дека идентитетот е конструкција која само привремено може да се стабилизира. Понатаму, во овој дел се проследува дистинкцијата помеѓу индивидуалниот и колективниот идентитет, за да се дојде до констатацијата дека без индивидуален идентитет нема ни колективен идентитет и обратно, колективниот идентитет не постои одвоено од поединецот. јасно се посочуваат и разликите во концептите на идентитетот, при што се нагласува постоењето на две различни парадигми: првата смета дека „идентитетот е природен и вечен квалитет, нешто дадено, фиксно и непроменливо, тоа е есенцијалистичкиот концепт на идентитет, додека пак втората парадигма смета дека идентитетот е културен конструкт, нешто што активно се гради, менува и трансформира, тоа е конструктивистичкиот концепт на идентитет“.

При опис на поимот медиум и неговиот однос со идентитетот се поаѓа од тезата дека медиумите се алатка за времено стабилизирање на идентитетот, која е под директно влијание на доминантниот дискурс. Се елаборира и поимот јавност, поимот масовна комуникација, средствата за комуникација, т.н. десна и лева критика на масовната култура, студиите за медиумите, кои се база за да се објаснат релациите: идентитет – медиуми, При тоа се заклучува дека медиумите стануваат еден од водечките ресурси за конструирање на идентитетски проекти; „функционираат на начин соодветен на официјалната политика и се идеолошки контролирани, па во пракса, најчесто наместо на јавниот интерес, ставени се во

служба на интересите на политичките и економските центри на моќ. Во спрега со официјалните ставови на државните политички авторитети стануваа клучна алатка во процесот на ре-конструирање на идентитетот, во процесот на создавање и ширење на (доминантен) дискурсот, во проектирањето и наметнувањето на одредена слика".

Во дефинирањето на релацијата медиуми –публика се поаѓа од тезата дека публиката е поврзана со текстот, произведувачите на текстот и културата, со цел да биде привлечена, да создаде и да шири значења. Потпирајќи се на авторите Луис, Ливингстон, Шредер, Хол, Де Серто, Морли, Бодријар, Кеиб, Алтисер, Лакан, Хартли, Бел, Џејмсом, Бурдије**,** Хебдиџ, Џенкинс, Фиск**,** Луов, Грамши се проследија моделите на пасивна публика и публиката како активен создавач на значења, како и концептот на публиката како консумент. Анализирајќи ги неретко спротивставените ставови, кандидатката доаѓа до заклучок дека текстовите, односно културните производи во рамки на капиталистичкото производство (а во таа смисла и производите на медиумите) се во врска со економската пракса на купување и конзумирање на производи. Или, ако ова се стави во поширок контекст, се посочува на врската помеѓу производството и потрошувачката на значења, т.е. на симболичката вредност што секој културен производ ја содржи. Така (медиумскиот) текстот станува производ за консумирање од кој се создава значење. Иако не експлицитно наведено, од ова може да се заклучи дека медиумските текстови кои се однесуваат на идентитетот влијаат на неговите консументи како тој ќе се поима и што ќе значи.

Вториот дел од трудот, „Анализа на дневните печатени медиуми *Дневник, Нова Македонија* и *Утрински весник* (квантитативна, споредбена, квалитативна)", го претставува главното емпириско истражување, сочинето од квантитативна/статистичка анализа (спроведена со цел да се изведат мерливи показатели), споредбена анализа и квалитативна/дискурзивна анализа. Квантитативна анализа покажува и кои елементи на идентитетот и кои од атрибутите на елементите на идентитетот, како и кои елементи на традицијата се најзастапени во предметните печатени медиуми.

Вкупно се идентификуваат 619 текстови кои го содржат поимот идентитет, од кои во весникот *Дневник има* 231 текст, во весникот *Нова Македонија* 112 текста и во весникот *Утрински весник* 276 текста. Оттука се заклучува дека трите печатени медиуми кои се предмет на анализа посветуваат (големо) внимание и имаат нагласен интерес за оваа тема, односно дека темата идентитет е една од важните теми за македонската држава. Понатаму, направена е тематска класификација според елементите на идентитетот и структурна класификација според атрибутите на елементите на идентитетот. При тематската класификација идентификувани се вкупно шест елементи кои го чинат идентитетот: јазик, култура, територија, традиција, историја/минато, религија), а при структурната класификација идентификувани се 7 атрибути на елементите на идентитетот: постојаност, неменливост, трајност, наследност, менливост, променливост, нетрајност. Во дисертацијата е спроведена и класификацијата на елементите на традицијата, при што се идентификувани четири елементи на традицијата: старост, континуитет, меморија и политика.

Врз основа на добиените резултати од тематската и структурната класификација се направена е споредбена класификација според елементите и атрибутите на елементите на идентитетот. Кандидатката доаѓа до заклучок дека од елементите на идентитетот, во трите весници најзастапен е елементот јазик (223 пати), а најмалку елементот религија (12 пати). Поимот идентитет во сите три весници најмногу е употребен во врска со елементот јазик и при тој најмногу се поврзува со атрибутот постојаност (83 текста), а најмалку е употребен во врска со елементот религија и при тоа најмногу се поврзува со атрибутот наследност (6 текста). Од атрибутите на елементите на идентитетот, најфреквентен е атрибутот постојаност, а најмалку фреквентен е атрибутот нетрајност. Фреквентност на атрибутите менливост, променливост, трајност, нетрајност упатува на заклучокот дека во печатените медиуми во Македонија, што се однесува до односот со ЕУ, приоритет се дава на актуелизирање на поимот идентитет во врска со спорот со името, а во однос на внатрешните констелации се истакнува неменливоста/историјата и наследноста/континуитетот. Од споредбената класификацијата на елементите на традицијата се доаѓа до заклучок дека најзастапени се елементите старост (30) и континуитет (30), потоа елементот меморија (9), а најмалку застапен е елементот политика (8). Се констастира дека во македонските печатени медиуми се застапени сите елементи на традиција.

Од квантитативната анализа, кандидатката доаѓа до следниве заклучоци:

во трите весника се застапени сите шест елементи кои го сочинуваат поимот идентитетот и сите седум нивни атрибути. Понатаму, во сите три весници се забележува дека атрибутите менливост, променливост и нетрајност се помалку застапени од атрибутите постојаност, неменливост, трајност, што на извесен начин упатува на заклучокот дека во медиумите се фаворизира есенцијалистичкиот концепт за идентитетот. Тоа е така затоа што, според кандидатката, весниците се задржуваат на прашањата кои се поврзани со македонската актуелна стварност, со актуелната општествена, политичка и културната состојба во земјата и со актуелната надворешно политичка (т.н. проблем со името и последиците од тој проблем за членството на РМ во НАТО и ЕУ, негирањето на елементите на идентитетот од страна на соседите и сл.).

Во втората и третата подглава е направена квантитативна/статистичка анализа, која опфаќа според авторите на текстовите, годината на објавување, жанрот, концептите на идентитетот со бројна и процентуална застапеност), а добиените резултати статистички се обработија. Врз база на екзактни бројки**,** изведени се следниве заклучоци**:**

Бројот на објавени текстови на темата идентитет по години укажува дека таа во континуитет е присутна во сите три весника, што говори во прилог на тоа дека по одбивањето на Република Македонија да стане рамноправна членка на НАТО и ЕУ се чувствува потреба за анализа на состојбата која настанува. Од фактот дека одбивањето е непосредно поврзано со барањето на Грција РМ да го промени името, произлегува дека тоа навлегува во идентитетските прашања ја одразува личната засегнатост на граѓаните.

Затоа, темата за националниот идентитет во посочениот период (2009-2013) е актуелна тема и е провокација за многу автори (243), кои заради притисокот од страна на Република Грција имаат потреба јавно да ги искажат своите ставови.

Весниците *Дневник* и *Утрински весник* повеќе се задржуваат на прашањата кои се поврзани со македонската стварност, со внатрешно политичката состојба и културата, за разлика од весникот *Нова Македонија* кој се задржува повеќе на прашањата кои се поврзани со надворешно политичката, општествената и економската состојба.

Весниците *Дневник* и *Утрински весник* овозможуваат поголем увид во концепциите за идентитетот.

Жанрите кои се користат (есеј/колумна) со цел да се дебатира за темата на националниот идентитет се соодветни на оние кои, пред сè, имаат за цел да го пласираат личниот став. Од друга, страна добар дел од текстовите се информативни. Тоа води кон заклучокот дека од една страна, интензивниот интерес за поимот идентитет се јавува како последица на известувањето по некој повод, а од друга страна како повод да се соопштат ставови за кои се смета дека се важни, прашања кои се од суштествено/пресудно значење за иднината на земјата, па оттука со нив постои и емоционална поврзаност.

Од вака поставените заклучоци станува јасна меѓузависноста на застапеноста на концептите за националниот идентитет и општествено-политичките констелации на меѓународен план. Непринципиелното барање од страна на Република Грција Република Македонија под притисок да го смени своето уставно име, а со тоа под притисок да интервенира во атрибитите на сопствениот идентитет, покренува процеси кои можат да се согледаат токму преку анализа на влијателните печатени медиуми. Македонската јавност, судејќи според текстовите објавени во македонските печатени медиуми, реагира со усвојување на една постара и поагресивна концепција за идентитетот, соодветно одговарајќи на причините заради кои Република Грција го поставува тн. проблем на името.

Анализираниот материјал потврдува дека:

- трите медиуми го актуализираат есенцијалистичкиот концепт за националниот идентитет во желбата да ја нагласат идејата дека за идентитетот не може да се преговара;
- идентитетот го сметаат за една од најважните теми за македонската држава.
- поимот идентитет се употребува од автори со различни политички, идеолошки и морални ставови,
- широката употреба на поимот идентитет следено по години ја покажува неговата актуелност во подолг временски период;
- актуелноста укажува на значењето што на овој поим му се припишува како цврсто врзовно ткиво на државата;
- поимот идентитет, следен според неговата употреба низ жанровите (есеј, коментар, анализа...), се употребува како интелектуален и политички аргумент што го надополнува критичкиот дискурс, и кога станува збор и за ЕУ и за македонската влада.

Во шестата глава е направена квалитативна/дискурзивна анализа. Врз основа на теоретските размислувања за константни елементи – јазик, територија, традиција, култура, историја/минато и религија - кои се важни за определување на идентитетот, особено значење се дава на квалитативна/дискурзивна анализа, со цел да се одговори на прашањата: Што се подразбира под поимот национален идентитет; Кои елементи го сочинуваат и на кои елементи се дава предност; Како во печатените медиуми се опишуваат/се претставени елементите на идентитетот (менливи/неменливи);-Кои атрибути на елементите на идентитетот му се припишуваат (постојаност, неменливост, трајност, наследност или пак променливост, менливост и непостојаност); Каков идентитет креираат медиумите и кој концепт на идентитет го форсираат? Како тоа се рефлектира врз целокупната состојба во Република Македонија? Кои се ставовите на македонската јавност?

Анализата на дискурсот за поимот идентитет се однесува на следниве текстови:

- за весникот *Дневник*: „Без името ќе бидеме постмодерни хазари“, интервју направено од Јасна Франговска со Ефтим Клетников, (2009); „Каде ви е совеста“, Сотир Костов (2009); „Идентитетот и модерноста“, Илија Ацевски (2009). „Многу бранители, килав идентитет“, Сашо Кокаланов (2011), „Загрозена демократија“ Тања Милевска (2010). Земајќи предвид дека националниот идентитет е аргумент и за уште една тема што минативе години ги полнеше македонските медиуми - Проектот „Скопје 2014“, во трудов се анализираа и текстови во весникот *Дневник* кои се однесуваат на него: Зоран Димитровски (2011) „Ќар или зијан од Александар; Бона Бајрактарова *(2011),* „Колку се толку се, токму се“; Јасмина Силјановска (2010) „Ова е духовна импотентност за сопствена негација“ и „Опозицијата се мобилизира контра „Скопје 2014“ (2010);
- за весникот *Нова Македонија:* „Името и идентитетот не може да се решаваат по закон на силеции“), Мирка Велиновска (2009); „Прекин на преговорите“, Ивица Боцевски (2013), „Поблиску ми е резонот на Исланд, отколку на Македонија“, Мирка Велиновска (2013);
- за весникот *Утрински весник* како референти земени се текстовите: „Идентитет“, на Драган Поповски (2009), „Македонците во очите на другите“, Ѓорги Спасов (2011), „Ако се гледаш како мал – ќе бидеш мал. На државата и требаат луѓе визионери“ на Тина Иванова (2012), „Со наши предлози за името во одбрана на идентитетот“, Зоран Иванов (2009), „Од битка за името до битка за идентитетот“, Соња Крамарска (2009), „Стануваме ли држава без иднина?“, Тодор Пендаров (2013), „Митовите од минатото се лош патоказ за иднината“, интервјуто на Љупчо Поповски (2011) со Улф Брунбауер, германски историчар што ја проучува историјата на балканските народи, „Аце Бејби“, Петар Арсовски (2011), „Македонскиот народ има право на свое име“ (2010), на македонскиот ПЕН центар, „Слободно и независно новинарство – што беше тоа?“, Блажо Наумчевски – Шконата (2009), „Енциклопедијата не е политички проект“, интервју на Гордана Дувњак (2012) со Академик Блаже Ристевски;
- текстови во *Утрински весник* кои се однесуваат на Проектот „Скопје 2014“: Оливера Војновска (2010) „Само Груевски и ВМРО-ДПМНЕ го бранат новиот лик на Скопје -„Скопје 2014“ го дочекаа на нож сите партии од опозицијата“, пренесениот текст од Le Temps - Женева, автори Жан

Арно Дересе и Лоран Геслин, „Менување на македонската историја“(14.08.2012).

Врз основа на класификација на материјалите – во 3 групи:

- информации, вести, извештаи, изјави за процесот на пристапување на Република Македонија во Европската Унија;
- реакции кои се однесуваат на правните акти, односно на правото за самоопределување и самоименување;
- анализи, коментари, интервјуа, фељтони во кои се изнесуваат историски факти кои се донесуваат во релација со македонскиот идентитет;

кандидатката констатира дека во анализираните печатени медиуми може да се исчита тројна слика за тоа што се подразбира под поимот идентитет:

- нешто дадено, фиксно и непроменливо (есенцијалистички концепт на идентитет);
- нешто што активно се гради, се менува и се трансформира (конструктивистички концепт на идентитет);
- се конструира нов идентитет за кој се тврди дека е оној вистинскиот, природниот, есенцијалистичкиот (преоден концепт на идентитет кој може да се смета и за манипулативен зашто постои свест за тоа дека идентитетот е менлив и може да се (ре)конструира, конструирање се затскрива со цел тој нов идентитет да се претстави како есенцијален.

При тоа, поголем број текстови пишуваат за повторно обмислување на содржината и значењето на поимот идентитет, мал број текстови ги информираат читателите за деталите на елементите на поимот идентитет, но има и текстови кои од една страна се обидуваат да го дефинираат поимот идентитет преку сите елememнти што го сочинуваат, а од друга пак да го доловат полнењето на поимот идентитет со содржини во дневно политичкиот вокабулар.

Од анализа на дискурсот, кандидатката ги извлекува и причините заради кои се фаворизира есенцијалистичкиот концепт на идентитетот. Таа смета дека улогата на медиумите е проширување и продлабочување на чувството на заедништво меѓу македонскиот народ преку нагласување на јазичниот, културниот, територијалниот, историскиот и религискиот континуитет на Македонците. Чувството на континуитет се нагласува преку историја/минато на македонскиот народ, кој се смета за одлучувачки елементи при дефинирањето на македонскиот идентитет

Според употребената терминологија, кандидатката издвојува три групи на текстови:

- текстови во кои централно место зазема ставот дека елементите на идентитетот произведуваат фрустрирачко место на македонската меморија, кое се претвора во историска и колективна стигма на Македонците, кои пак водат кон заклучокот дека медиумите го форсираат есенцијалистичкиот концепт на идентитет, а како потпорна точка го сугерираат јазикот, кој сè уште се оспорува;
- текстови во кои се забележува ситуација на давање отпор на соседната хегемонија, кои водат до заклучокот дека Македонците треба да се самоопишуваат (преку есенцијалистичкиот концепт), но да ги опишуваат и другите;

- текстови во кои е присутна дилемата по однос на прашањето: Дали Македонија е во потрага по националниот идентитет или е во борба за признавање на нејзиниот национален идентитет?, при што во весниците преовладува втората можност.

При ова се издвоија три групи на текстови:

- текстови кои се повикуваат на правото дека секоја нација која има свој културен идентитет (јазик, писмо, историја, уметност) и има право на самоопределување и самоименување;
- текстови кои се повикуваат на ставот на Хегел дека историјата, културата, науката, уметноста се тие што го прават духот на народот кој станува суверен само во своја држава;
- текстови во кои се смета дека Република Македонија е млада демократија, во нејзе сè уште се актуелни старите матрици на мислење, а традиционалните вредности, заедничкото минато и сеќавањето имаат пресудно значење.

Од спроведените анализи, кандидатката заклучува дека идентитетот во македонските печатени медиуми е тема за која сè уште се преговара и се дискутира (поим што го шири опсегот и прашање кое ги поставува границите за тоа за што може, а за што не може да се преговара), односно сè уште се утврдува содржината на поимот македонски идентитет.

Во **заклучокот** се резимираат резултатите од трудот и се даваат препораки.

2. Оцена на дисертацијата

Докторската дисертација под наслов **Концептите на поимот идентитет во македонските печатени медиуми**, изработена од кандидатката **м-р Биљана Рајчинова-Николова**, за предмет на истражување има актуелно прашање кое се однесува не едно речиси неработено прашање за процесите на (ре)конструирање на националниот идентитет и улогата на медиумите во тие процеси. Темелно истражувајќи ги основните концепти за поимите колективен идентитет и медиуми, како и поимите кои се во тесна корелација со основните, како идентификација, индивидуален идентитет, јавност, публика/консументи, кандидатката покренува низа прашања кои во дадениов општествено-политички миг се чинат пресудни не само за насоките по кои треба да се движи Република Македонија, туку, на одреден начин, го тангираат и регионот, па и поширокото подрачје на Европа.

Поаѓајќи од досегашните теорески концепти за националниот идентитет, есенцијалистичкиот и конструктивистичкиот, кандидатката се поставува за задача да испита кој од овие два концепти е доминантен во македонските пеатени медиуми *Дневник, Утрински весник* и *Нова Македонија,* со цел да го испита нивното влијание на јавното мислење по однос на ова прашање и да посочи на можните проблеми при доминацијата на едната или другата опција.

Важно е да се нагласи дека квалитетот на овој труд не произлегува само од солидната теоретска подготвеност на кандидатката во однос на проблемот кој ја интересира, туку и од спроведеното емпириско истражување преку кое се овозможува на мерлив начин да се испитаат (потврдат или отфрлат) хипотезите

од кои се поаѓа. Материјалот кој е добиен се класифицира по повеќе основи и подвргнат на квантитативна/статистичка и квалитативна/дискурзивна анализа за да се потврди релевантноста на заклучоците кои се изведуваат.

Особениот придонес на кандидатката Рајчинова-Николова е во тоа што таа ги издвојува елементите и атрибутите на елементите на идентитетот и преку мерливи и проверливи податоци востановува кој од тие елементи и атрибути има доминантно значење за македонскиот идентитет во денешен контекст. Анализирајќи ги причините, но и последиците од усвојувањето на дадените доминанти, Рајчинува дава и препораки за медиумските политики, што на овој труд му даваат дополнителен квалитет. Генералниот заклучок на докторската дисертација дека од начинот на кој се третира поимот идентитет во медиумите, во голема мера зависи и дали тие ќе придонесуваат за развој на отворено, слободно, демократско самоодговорно граѓанско општество и за благосостојбата на граѓаните, само ја нагласува ваѓноста на темата која се третира во услови на глобален развој и информациско општество.

3. Исполнетост на законските услови за одбрана на дисертацијата

Кандидатката, пред одбраната на докторската дисертација, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Биљана Рајчинова: „ ПОИМОТ ИДЕНТИТЕТ ВИДЕН НИЗ МАКЕДОНСКИТЕ ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ“, *КУЛТУРА/CULTURE* - меѓународно списание за културолошки истражувања, бр.11/2015, МИ-АН, Центар за култура и културолошки студии – Скопје.
2. Биљана Рајчинова: „ИДЕНТИТЕТОТ И МЕДИУМИТЕ: ТЕОРЕТСКИ АСПЕКТ“,КОНТЕКСТ- списание за компаративна книжевност и културолошко истражување, бр. 12/2015, ИМЛ, Скопје.
3. Биљана Рајчинова: „АКАДЕМСКИТЕ И ПОПУЛАРНИТЕ ЗНАЕЊА - ЧИН НА ОПШТЕСТВЕНИ ПОСЛЕДИЦИ (КОН ПРАШАЊЕТО ЗА САМОИНИЦИЈАТИВНОТО ПРЕКИНУВАЊЕ НА БРЕМЕНОСТА – АБОРТУС)“, *KNOWLEDGE*, International Journal Scientific and Applicative Papers, V 10.2/2015, INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT, SKOPJE
4. Биљана Рајчинова: „ЗНАЕЊЕТО - МЕЃУ АКАДЕМСКИОТ ФАКТ И ГОРЕШНАТА РЕАЛНОСТ (ПОСТКОЛОНИЈАЛНО ЧИТАЊЕ НА *ММЕ КОЈ ПРВ ПОЧНА* ОД ДЕЈАН ДУКОВСКИ)“, *KNOWLEDGE*, International Journal Scientific and Applicative Papers, V 11.2/2015, INSTITUTE OF KNOWLEGE MANAGEMENT, SKOPJE
5. Биљана Рајчинова: ДИЈАЛОГИЧНО ПРЕИСПИШУВАЊЕ НА МИНАТОТО И НЕГОВО СМЕСТУВАЊЕ ВО СОВРЕМЕН КОНТЕКСТ (НИЗ ПОСТМОДЕРНОТО ОКО НА РОМАНОТ *ПРОРОКОТ ОД ДИСКАНТРИЈА* ОД ДРАГИ МИХАЈЛОВСКИ), *KNOWLEDGE,* International Journal Scientific and Applicative Papers V 12.2/2016, INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT, SKOPJE
6. Биљана Рајчинова: „КОНСТРУИРАЊЕТО/ДЕКОНСТРУИРАЊЕТО НА ПОЛОВИОТ, РОДОВИОТ И ПСИХО-СОЦИЈАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ НА СУБЈЕКТОТ (ВИДЕНО НИЗ КОПИЈАТА НА ОРИГИНАЛОТ - ФЕНОМЕНОТ ВИРЏИНА)“, *САРАЕВСКЕ СВЕСКЕ,* меѓународно списание за културолошки истражувања, No 45-46/2016, Mediacentar Sarajevo, Bosna i Hercegovina
7. Биљана Рајчинова: „ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ: МЕТАФОРА ЗА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ, ЗА НОВАТА МЕРИТОКРАТИЈА И ЗА

ИЗМЕНЕТИТЕ ЕНТИТЕТСКИ ВРЕДНОСТИ (ПРЕД НА АКТУЕЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ)“, *KNOWLEDGE,* International Journal Scientific and Applicative Papers V. 13.2/2-16, INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT, Skopje

8. Биљана Рајчинова: „СОВРЕМЕНИТЕ НОМАДИ/ИНТЕЛЕКТУАЛЕН НОМАДИЗАМ – КОСМОПОЛИТИ/КОСМОПОЛИТИЗАМ БЕЗ КОРЕНИ ИНТЕРКУЛТУРНАТА ЕСТЕТИКА ВО РОМАНИТЕ *СНЕГОТ ВО КАЗАБЛАНКА ОД КИЦА БАРЏИЕВА – КОЛБЕ И СКРИЕНА КАМЕРА од ЛИДИЈА ДИМКОВСКА“, Conference Proceedings,* Институт за социо-културна атропологија, Скопје, 2017
9. Биљана Рајчинова: „КОНЦЕПТИТЕ ЗА НАЦИОНАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ НА ФОРУМОТ КАЈГАНА“, *KNOWLEDGE*, International Journal Scientific and Applicative Papers V. 14.2/2016, INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT, Skopje
10. Биљана Рајчинова: „РАЗБИВАЊЕ НА МОНОТЕИСТИЧКИОТ МОДЕЛ НА ПАТРИЈАРХАТОТ (ПРЕКУ ПРИЗМА НА МОТИВОТ МОМА-ВОЈНИК“, *МАКЕДОНСКИ ФОЛКЛОР*, бр.71/2016, Институтот за фолклор „Марко Цепенков“.,Скопје)
11. Биљана Рајчинова: „ТЕЛЕВИЗИСКИТЕ САПУНИЦИ И НИВНАТА ПУБЛИКА (НИЗ ХУМОРИСТИЧНИОТ СЕРИЈАЛ САЛОН ХАРМОНИ), *КУЛТУРА/CULTURE* - меѓународно списание за културолошки истражувања, МИ-АН, Центар за култура и културолошки студии - Скопје (прифатено за печат)
12. Биљана Рајчинова: „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ И ПРАШАЊЕТО ЗА НАЦИОНАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ(ФОРУМОТ КАЈГАНА)“, *КУЛТУРА/CULTURE* - меѓународно списание за културолошки истражувања, МИ-АН, Центар за култура и културолошки студии - Скопје (прифатено за печат)
13. Биљана Рајчинова: „ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА ПОМЕЃУ ДОБРОВОЛНИОТ И ПРИНУДНИОТ ЕГЗИЛ И АРТИКУЛАЦИИТЕ НА НЕВДОМЕНОСТА (КИЦА БАРЏИЕВА-КОЛБЕ И ТАШКО ГЕОРГИЕВСКИ), *КУЛТУРА/CULTURE* - меѓународно списание за културолошки истражувања, МИ-АН, Центар за култура и културолошки студии - Скопје (прифатено за печат)
14. Биљана Рајчинова: МЕДИУМСКА ПЕДАГОГИЈА, МЕДИУМСКА КОМУНИКАЦИЈА И МЕДИУМСКА КОМПЕТЕНЦИЈА (ПОМЕЃУ ВОСПИТУВАЊЕТО; СОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА И КОНЦЕПТИТЕ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ), *KNOWLEDGE*, International Journal Scientific and Applicative Papers, V 17.2/2017 (прифатено за печат)

Кандидатката објавила и еден труд во монографско издание:

1. Биљана Рајчинова: „МОДЕЛИ НА ПРОЕКТИ ВО КУЛТУРАТА: МАНИФЕСТАЦИЈАТА *САЕМ НА КНИГАТА* ВО СКОПЈЕ“, во: *Креативни економии: ново знаење за нови иницијативи,* (приредиле: Лорета Георгиевска- Јаковлева, Мишел Павловски), МИ-АН, Скопје, 2014)

Трудови на кандидатката објавени во меѓународни зборници:

1. Биљана Рајчинова: „ПРЕСВРТ КОН ИСТОРИСКИ ПРЕМОЛЧЕНОТО - (де)конструирање/реимагинирање на биолошката женскост, видена низ призмата на филмот *Вирџина,* во режија на Срѓан Карановиќ“, *ПОПУЛАРНА КУЛТУРА: ПОГЛЕД ОДОЗДОЛА, Меѓународен* зборник на трудови, Институт за македонска литература, Скопје**,** 2016
2. Биљана Рајчинова: „ДИНАМИЧНОСТА НА РЕЛИГИОЗНИТЕ РЕФЛЕКСИИ (ВРЗ ПРИМЕРОТ НА ДРАМИТЕ *МАКЕДОНСКА КРВАВА СВАДБА* ОД ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ И *БАЛКАНОТ НЕ Е МРТОВ* ОД ДЕЈАН ДУКОВСКИ“, во: *УМЕТНОСТ И КОНТЕКСТ: РЕЛИГИЈА У УМЕТНИЧКИМ ДЕЛИМА,* Зборник на трудови, Центар за научноистражувачка работа САНУ, Универзитет во Ниш, Р Србија и Удружење литера, Ниш, Р Србија
3. Биљана Рајчинова: „ГЕОПОЛИТИКАТА НА МЕДИУМИТЕ - ФИЛОЗОФИЈА НА СЕЌАВАЊЕТО, НА РЕАЛНОТО, НА СТВАРНОТО

РЕЉЕФОТ ПО ТРАНСФОРМАЦИЈАТА/CONSPECTUS PERMUTATIONUM“, Зборник на трудови на Меѓународниот славистички комитет, Познањ, Р Полска (во печат)

4. Заклучок и предлог

Главни научни придонеси на кандидатката. Истражувањето се фокусира на улогата и функцијата на македонските печатени медиуми во креирањето на националниот идентитет и дефинирањето на неговата содржината и значење. Тоа овозможи да се проследат повеќе релации кои се однесуваат на:

- процесите на (ре)конструирање на националниот идентитет и функцијата на медиумите, при што се проследуваат начините на кои медиумот се користи како ресурс (алатка);
- односите помеѓу идеологијата на одредена политичка опција, центрите на моќ и медиумите во однос на (ре)конструирање на националниот идентитет;
- односите помеѓу доминантните и маргинализираните дискурси во процесите на (ре)конструирање на националниот идентитет.

Оттука, истражувањето одговора на деликатни прашања за тоа како одредени дискурси поврзани со националниот идентитет стануваат доминантни, а со тоа и како се менува идејата за тоа кои елементи од минатото играат пресудна улога во актуелното конструирање на идентитетот.

При тоа, во трудот се доаѓа до сознание дека:

- медиумите не можат да го креираат идентитетот, туку тие се алатка во масовно прифаќање на доминантните дискурси, со што имаат директно влијание јавното мислење;
- процесите на (ре)конструирањето на националниот идентитет се поттикнати од некоја криза кој може да доведе и до криза на идентитетот, а медиумите, најчесто највлијателните, ја поддржуваат опцијата на владеачката политичка опција;
- реконструирањето на македонскиот национален идентитете е предизвикан од кризата произлезена од негирањето на македонскиот национален идентитет од страна на соседите, особено од проблемот со името што го има Република Грција и непринципиелната политика на ЕУ во однос на тоа прашање. При тоа се заклучува дека неопходно е доследно придржување или спроведување на декларираните и дефинираните европски вредности (пропишаните принципи и стандарди со Лисабонската декларација), и од страна на Европската Унија и од страна на Република Македонија.

Подрачје на примена и ограничувања. Со оглед на актуелноста на поставените прашања во докторската диертација, резултатите од истражувањето можат да се користат при дефинирање на внатрешната и надворешната политика на РМ, при примена на нови медиумски политики и стратегии, при едукација на јавноста во однос на идентитетските прашања. Во тој контекст, резултатите се добредојдени и ќе дадат свој придонес во решавањето на основните општествени, егзистенцијални, социјални, етички и политички дилеми со кои се соочува РМ.

Докторската дисератација ќе биде корисна литература за сите оние истражувачи кои се интересираат за прашањата поврзани со идентитетот, медиумите, културната меморија, начините на кои некој се идентификува себеси и ги идентификува другите, мотивите за колективно дејствување и сл.

Можни понатамошни истражувања. Овој труд поставува низа прашања кои во натамошните истражувања можат да бидат продлабочени, а се однесуваат на прашањата посветени на културната традиција и меморија, културната политика, идентитетот и идентификацијата и сл.

***

Со оглед на сето досега речено, може да се заклучи дека докторската дисертација под наслов **Концептите на поимот идентитет во македонските печатени медиуми**, изработена од кандидатката **м-р Биљана Рајчинова-Николова**, е сериозен научноистражувачки труд со мултидисциплинарен пристап, со применет сериозен научен апарат и доследна методологијата. Имајќи го тоа предвид, на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје со задоволство му предлагаме да го прифати овој извештај и да закаже одбрана на докторската дисертација под наслов „Концептите на поимот идентитет во македонските печатени медиуми“, изработена од кандидатката м-р Биљана Рајчинова-Николова.

КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Мишел Павловски, претседател, с.р.**
2. **Проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева (ментор), член, с.р.**
3. **Проф. д-р Наташа Аврамовска, член, с.р.**
4. **Проф. д-р Денко Скаловски, член, с.р.**
5. **Проф. д-р Лилјана Силјановска, член, с.р.**

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за национална историја во Скопје, на седницата одржана на 8. 3. 2017 година (со Одлука бр. 02 – 66/2 од 13. 3. 2017 година), нè именува за членови на Рецензентската комисија по пријавата на д-р Владимир Јанев, научен соработник во ИНИ, за избор во научно звање - виш научен соработник–вонреден професор. Комисијата во состав: проф. д-р Амет Шериф, проф. д-р Драги Ѓорѓиев и проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска, по разгледувањето на доставените материјали кон пријавата, има чест до Советот на Институтот за национална историја да го достави следниов

ИЗВЕШТАЈ

Д-р Владимир Јанев е роден на 26. 6. 1975 година во Скопје, каде што го завршил основното и средното образование. Во 2000 година дипломирал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Институт за историја. Во 2005 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Институт за национална историја во Скопје, магистрирал на темата „Евреите во Македонија (XV–XVII век)“. Во 2011 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Институт за национална историја во Скопје, докторирал на темата „Евреите во Македонија (1700–1912 година)“. Од февруари 2009 година, Владимир Јанев е вработен како асистент–истражувач во Одделението за историјата на Македонија во време на османско–турското владеење во Институтот за национална историја во Скопје.

Од август 2011 до април 2012 година, д-р Владимир Јанев престојуваше во Стокхолм, Шведска, во Европскиот институт за еврејски студии – Paideia.

Во јули 2013 година, со Одлука на Советот на ИНИ, Владимир Јанев е избран во научното звање доцент.

Во периодот од последниот избор до денес, д-р Владимир Јанев, во рамките на програмските активности на Институтот за национална историја, како и во неговата индивидуална научна преокупација, продолжил активно да ги истражува и научно да ги проучува настаните и процесите поврзани со историјата на Македонија во периодот на османлиското владеење.

Д-р Владимир Јанев со своите реферати има настапено на: Меѓународната научна конференција: „Балканот: луѓе, војни и мир“ (4 и 5 ноември 2013 година во Скопје), со рефератот: „Мидраш–креативно толкување на Библијата“; на XXIII меѓународна тркалезна маса на Балканистичкиот форум на тема „Silence on the Balkan“ (24–26. 4. 2014 година), која се одржа во организација на Југозападниот Универзитет „Неофит Рилски“ од Благоевград, Република Бугарија, со рефератот: „Praying and praising the Messiah in silence (the movement of Shabbatai Zvi and its influence to the Jews in Ottoman Empire)“; Меѓународната научна конференција „Евреите во Македонија: историја, традиција, култура, јазик и религија“ (18–19. 12. 2014 година), со рефератот: „Прилог кон демографските промени на Евреите во Македонија (почеток на XIX век – 1912 година)“; Меѓународниот научен симпозиум „Балканската култура низ призмата на фолклористичко – етнолошките истражувања“ (19–20.12.2014 година), во организација на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ од Скопје, со рефератот: „Митот за Лилит во еврејскиот фолклор и мистицизам“; Осмата македонско–полска меѓународна конференција „Македонија и Полска во модернизциските процеси во XIX–XXI век: историја-политика-јазик-култура-литература“ (26-27. 5. 2015 година), со рефератот: „Прилог кон трговската дејност на Евреите во Македонија во XVIII–XIX век“; XVIII Меѓународен симпозиум за

балкански фолклор: „Теорија и емпирија: Институционализирана фолклористика и етнологија во Македонија и на Балканот“ (20–21. 11.2015 година), со рефератот: „Библискиот лик на Јаков и неговото значење за јудаизмот“; XXV меѓународна тркалезна маса на Балканистичкиот форум на тема „Stars on the Balkan“, која се одржи во организација на Југозападниот универзитет „Неофит Рилски“ од Благоевград, Република Бугарија и на Институтот за национална историја во Скопје (21–23. 4. 2016 година), со рефератот: „The Cult of Personality (Yugoslavian Edition)“.

Истражувачката активност на д-р Владимир Јанев, проследена со комплексна научна анализа на бројните историски податоци содржани во истражената архивска документација и во консултираната литература, резултирала со објавување на повеќе научни трудови во научни списанија, како и во зборници од научни симпозиуми и конференции. меѓу кои се следниве: „Движењето на Шабатај Цви и неговото влијание врз Евреите во Европа“, Гласник на ИНИ, год. 57, бр. 1–2, Скопје, 2013, 61–72; „Ционистичкото движење во Македонија (1899–1912)“, „Македоника“, год. V, бр. 13, Скопје, 2015, 76– 83; „Praying and praising the Messiah in silence (the movement of Shabbatai Zvi and its influence to the Jews in Ottoman Empire)“, „Balkanistic Forum“, XXIV, 2, Blagoevgrad, 2015, 107–111; „Даночните обврски и задолженија на Евреите во Македонија (1700 – 1912)“, Гласник на ИНИ, год.60, бр.1, Скопје, 2016, 123–136; „Прилог кон трговската дејност на Евреите во Македонија во XVIII–XIX век“, Гласник на ИНИ, год.60, бр. 2, Скопје, 2016, 191–201; „Прилог кон социјално–економската положба на Евреите во Македонија во текот на XVIII–XIX век“, „Македоника“, год. VI, бр. 14–15, Скопје, 2016, 42–52; „Проучувањето на Холокаустот во Македонија“, „Македоника“, год. VI, бр. 16, Скопје, 2016, 62–66; „Библискиот лик на Јаков и неговото значење за јудаизмот“, „Македонски фолклор“, год. XXXVII, бр. 71, Скопје, 2016, 173–180; „The Cult of Personality (Yugoslavian edition)“, „Balkanistic Forum“, XXVI, 2, Blagoevgrad, 2017, 103–111; „Занаетчиската дејност на Евреите во Македонија (1700–1912)“, „Македоника“, год. VII, бр. 17, Скопје, 2017, 67–73; „Мидраш–креативно толкување на Библијата“, Балканот: луѓе,војни и мир: Материјали од меѓународната научна конференција по повод 65

години од основањето на Институтот за национална историја (Скопје, 4–5 ноември 2013), Институт за национална историја, Скопје, 2015, 475–480; „Митот за Лилит во еврејскиот фолклор и мистицизам“, Балканската култура низ призмата на фолклористичко–етнолошките истражувања (Прилози од Меѓународниот симпозиум одржан на 19–20 декември 2014 година во Скопје), Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје, 2015, 135– 141; „Прилог кон демографските промени на Евреите во Македонија (почеток на XIX век–1912 година)“, Прилози од Меѓународната научна конференција „Евреите во Македонија: историја, традиција, култура, јазик и религија“, по повод 70 години од обновувањето на работата на Еврејската заедница во Република Македонија по Втората светска војна (1944–2014), Еврејска заедница во Република Македонија, Скопје, 2015, 117–130; „Евреите на Балканот од 1800 до 1912 година (Помеѓу традицијата и секуларизмот)“, „Процеси на модернизација на Балканот под османлиска власт во 19. и почетокот на 20. век“, Македонска академија на науките и уметностите, Институт за историски изследвания, Скопје–София, 2017, 47–74; „The movement of Shabbatai Zvi and its influence to the Jews in Europe“, Македонија –Полска: историја, култура, јазик, литература, медиуми, Институт за национална историја, Скопје, 2015, 213–223; „Contribution towards the Demographic Shifts of the Jews in Macedonia (Beginning of 19th Century – 1912)“, Materials from the International Scientific Conference: „Jews in Macedonia–History, Tradition, Culture, Language and Religion“, on the occasion of the 70th anniversary of the reactivation of the Jewish Community in Macedonia after the Second World War (1944–2014), 18–19 December, 2014, Jewish Community in the Republic of Macedonia, Skopje, 2015, 115–128.

Д-р Владимир Јанев учествувал и како учесник во реализацијата на меѓународните проекти: „Politics of Memory and Memory Cultures of the Russian-Ottoman War 1877/1878: From Divergence to Dialogue“, „Knowledge Exchange and Academic Cultures in the Humanities: Europe and the Black Sea Region, Late 18th – 21st Centuries“ и како автор во зборникот „Процеси на модернизација на Балканот под османлиска власт во 19 и почетокот на 20

век“, реализиран во рамките на истоимениот проект од меѓуакадемската соработка помеѓу МАНУ и БАН.

Покрај научноистражувачка дејност, д-р Владимир Јанев учествува во реализација на докторските студии при ИНИ на студиската група Историја на Македонија (со предметите Социјално–економските односи во Османлиската Империја и Милет системот и колективните идентитети во Османлиска Македонија) и на студиската група Културна историја на Македонија (во предметот Културно–образовни центри и институции во Македонија). Тој е активно вклучен со учество во комисии за оцена и подобност, како и во комисии за одбрани на магистерски теми и на докторски дисертации, и тоа: член на Комисијата за одбрана на докторската дисертација на кандидатот Јонуз Ибраими: „Битола во османлискиот период (од освојувањето до 1873 година)“, член на Комисијата за одбрана на магистерската теза на кандидатката Емел Шериф–Мифтар: „Производството на сулфурот и шалитрата во Македонија во османлискиот период“, член на Комисијата за одбрана на магистерската теза на кандидатот Елјеса Исмаиловски: „Особеностите на османлискиот управен систем со посебен осврт на територијата на Македонија (XV-XVI век)“, член на Комисијата за одбрана на магистерската теза на кандидатот Фехми Ебиби: „Исламот на Балканот со посебен осврт во Македонија од XV–XVII век“, член на Комисијата за подобност на тема и кандидат за магистерска работа на кандидатите Елјеса Исмаиловски, Фехми Ебиби и Наталија Цонева.

Наставно–научната дејност на д-р Владимир Јанев се надополнува и преку неговото учество на меѓународни конференции и семинари. Од овие активности ги издвојуваме: учество на семинарот кој се одржи во Истанбул, Република Турција, на 25. 1. 2014 година, во рамките на меѓународниот научноистражувачки проект: „Politics of Memory and Memory Cultures of the Russian-Ottoman War 1877/1878: From Divergence to Dialogue“; учество на Alumni - конференцијата во Венеција, Република Италија, која се одржа во организација на Европскиот институт за еврејски студии–Paideia од Стокхолм, Шведска и на Еврејската заедница од Венеција, Република Италија (15–18 мај 2014 година); учество на

Alumni - конференцијата во Прага, Република Чешка, која се одржа во организација на Европскиот институт за еврејски студии–Paideia од Стокхолм, Шведска и на Еврејската заедница во Прага, Република Чешка (8–12. 5. 2015 година); учество на работилницата „Fostering pedagogies of intercultural understanding through common heritage“, во организација на The Georg Eckert Institute for international textbook research, од Брауншвајг, Република Германија, University of New York, од Тирана, Република Албанија и Институтот за национална историја во Скопје, од Република Македонија (Тирана, 9–12. 12. 2015 година); учество на Alumni конференцијата во Варшава, Република Полска, која се одржа во организација на Европскиот институт за еврејски студии–Paideia од Стокхолм, Шведска и на POLIN–Museum of the History of Polish Jews од Варшава, Република Полска (16–19. 6. 2016 година); учество на „Seminar in Holocaust studies at Yad Vashem“, во организација на The International School for Holocaust Studies in Jerusalem, Israel (23–30.6. 2016); учество на „International Salzburg Summer School on the Political and Cultural Presence of Religions in Europe“, во организација на Paris Lodron University of Salzburg, Република Австрија (31. 7.– 7. 8. 2016 година); учество на конференцијата „Bajit–Home: A Simple Notion Contested“, во Стокхолм, во организација на Европскиот институт за еврејски студии–Paideia од Стокхолм, Шведска (25– 26. 9. 2016 година); учество на семинарот: Обука за обучувачи „Меморија во движење“–Педагошки Инструмент за културата на сеќавањето, кој се одржа во Скопје, во организација на forumZFD Macedonia, forumZFD Bosnia and Herzegovina и EUROCLIO HIP BiH (19– 20. 11. 2016 година).

На 26 и 27 мај 2015 година, Владимир Јанев беше секретар на Осмата македонско–полска меѓународна конференција „Македонија и Полска во модернизциските процеси во XIX–XXI век: историја–политика–јазик–култура–литература“, која се одржа во Скопје, Република Македонија.

На 10 март 2016 година, Владимир Јанев учествуваше на трибината: „Ден на сеќавање: 73 години од депортацијата на Евреите од Штип”, со

рефератот: „Евреите во Македонија во периодот на османлиското владеење“.

Земајќи го предвид наведеното, како и податоците дадени во прилогот на овој извештај, Рецензентската комисија констатира дека д-р Владимир Јанев во целост ги исполнува условите за предвремен избор во научното звање виш научен соработник–вонреден професор, пропишани со Правилникот за начинот и постапката за избор во повисоко научно звање, Правилникот за постапката и поблиските критериуми за предвремен избор во научни звања (Сл. весник на РМ бр.82/09) и Правилникот за утврдување на дополнителни критериуми за избор во повисоко научно звање и за предвремен извор во научно звање на ЈНУ Институт за национална историја. Преку споредба на доставените документации меѓу двата избора, како Комисија утврдивме дека не постои преклопување на приложените референци.

Комисијата констатира дека кандидатот д-р Владимир Јанев кон своите досегашни истражувања пристапува со сериозност. Се забележува дека кандидатот применува современа методологија при пишувањето на неговите трудови. Стилот во текстовите на д-р Владимир Јанев е јасен и концизен.

Врз основа на горенаведеното имаме чест да му предложиме на Советот на Институтот за национална историја, кандидатот д-р Владимир Јанев да биде предвремено избран во научното звање *виш научен соработник – вонреден професор*.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Амет Шериф с.р.

2. Проф. д-р Драги Ѓорѓиев с.р.

3. Проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска с,р,

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО

И НАСТАВНО – СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Владимир Јанев

Институција: Институт за национална историја

Научна област: историја

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА (НИ)

НАСТАВНО – НАУЧНА ДЕЈНОСТ (НН)

СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ (СА)

Реден број	Назив на активноста	Поени
1.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор	60
2.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од меѓународен научен/стручен собир	8
3.	Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат	11,5
4.	Учесник во научен проект	6
5.	Член на организациски одбор на меѓународен научен собир	1

6.	Член на комисија за оцена или одбрана на докторат	1
7.	Член на комисија за оцена или одбрана на магистерска работа	0,5
8.	Член на комисија за подобност на тема и кандидат за магистерска работа	1,5
9.	Секретар на научна конференција	2
10.	Преведена статија што претходно била објавена на еден странски јазик	1
11.	Учество на летни школи/семинари	17
12.	Менторска настава на трет циклус	6
13.	Учество на научна трибина	0,5
Вкупно:		116

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Амет Шериф с.р.

2. Проф. д-р Драги Ѓорѓиев с.р.

3. Проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК-ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Со Одлука бр.02-28/4, а врз основа на член 39 од Законот за научноистражувачката дејност, член 132 од Законот за високото образование, член 40 од Статутот на Институтот за национална историја и членовите 62 и 87, став 1 од Деловникот за работа на Советот на ЈНУ Институт за национална историја (ИНИ), како и врз основа на конкурсот за предвремен избор во звање објавен на 2.2.2017 година во дневниот весник „Утрински весник“, Советот на ЈНУ ИНИ именуваше Рецензентска комисија за предвремен избор во звањето виш научен соработник/вонреден професор на д-р Петар Тодоров, во состав: проф. д-р Драги Ѓоргиев, проф. д-р Амет Шериф и проф. д-р Македонка Митрова.

По прегледувањето на доставената документација, имаме чест на Советот на ЈНУ ИНИ да му го поднесеме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Д-р Петар Тодоров е роден на 22.3.1980 г. во Скопје. Во 2003 година дипломирал на Институтот за историја на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (УКИМ). Од 2004 до 2007 година престојувал во Република Франција каде што студирал на Универзитетот Париз 10 – Нантер и на Високата школа за општествени науки (*Ecole des Hautes Etudes en Sciences Sociales* - EHESS), каде што ги завршил постдипломските студии со што се стекнал со степенот магистер по историски науки, а во ноември 2013 година на Институтот за историја на Филозофскиот факултет при УКИМ успешно ја одбранил докторската дисертација „Скопје од почетокот на 19 век до крајот на османлиското владеење“, со што се стекнал со степенот доктор на историски науки. Д-р Петар Тодоров е вработен во ЈНУ ИНИ од 15 февруари 2009 година, а со Одлука на Советот на ЈНУ ИНИ од 12.3.2014 е избран во звањето научен соработник/доцент. Од февруари 2014 до септември 2016 година престојувал на повеќе научноистражувачки центри и универзитети како истражувач и/или предавач, како што се Американскиот научен центар во

Софија, Институтот за истражување на меѓународни учебници „Георг Екерт" од Брауншвајг во Сојузна Република Германија, Шехир универзитетот во Истанбул, Република Турција, каде што исто така бил професор по предметите: Историја на Балканот и Урбана историја на Османлиската Империја на прв циклус студии и Универзитетот Њу јорк во Тирана каде бил професор на втор циклус на студии.

Досегашниот научен интерес на д-р Петар Тодоров се однесува на повеќе области од историјата на Балканот, поточно последниот век од постоењето на Османлиската Империја, периодот на Балканските војни и Првата светска војна, османлиското наследство на балканските територии по пропаѓањето на Османлиската Империја, како и прашањето на историското образование и историографија во современите општества. Имено, во изминатиот период од неговиот избор во звањето научен соработник/доцент, д-р Петар Тодоров има реализирано бројни активности од научноистражувачките, научно-наставните дејности, стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес.

Во 2016 година д-р Петар Тодоров ја публикува својата прва монографија „Патот кон непознатото“. Монографијата се однесува на една епизода од историјата на Првата светска војна на територијата на Република Македонија, односно на воената експедиција на генералот Морис Сарај есента 1915 година. Во 2016 година, тој ја објавува научната статија „Teaching History in Macedonia after 2001: Representations of Armed Conflict between Ethnic Macedonians and Ethnic Albanians“ под уредништво на Денис Бентровато, Карина В. Коростелина и Мартина Шулце и во издание на престижниот научен центар „Георг Екерт". Во изминатиот период, тој, исто така, објавил и неколку прикази во Гласникот на ИНИ и во други меѓународни списанија. Во рамките на научноистражувачката и наставно-научната дејност, д-р Петар Тодоров во изминатиот период од изборот во звањето доцент има учествувано на 7 меѓународни конференции, бил член на организациски одбор на меѓународна конференција и одржал 7 предавања по покана на меѓународни универзитети. Исто така, почнувајќи од 2016 година, тој е раководител на научниот проект „Цивили и војници: заеднички искуства и улоги на

Македонскиот фронт (1915-1918)“ поддржан од Европската асоцијација за локална демократија (ALDA –Скопје) и кој ја истражува социјалната историја на Првата светска војна. Покрај овие активности тој реализирал и 5 научноистражувачки и студиски престои во повеќе земји од регионот и Европа (Република Бугарија, Сојузна Република Германија, Република Турција и Република Франција).

Што се однесува до стручно-апликативната дејност, д-р Петар Тодоров има преведено две монографии од француски на македонски јазик, учествувал како обучувач на четири работилници/летни школи, а на една од нив бил и раководител и организатор. Исто така, во рамките на неговата соработка со универзитети од регионот тој бил предавач на прв и втор циклус од студии на Шехир универзитетот во Истанбул, Република Турција и на Универзитетот Њу јорк во Тирана. Во рамките на овој вид активности, д-р Петар Тодоров бил и промотор на превод на монографијата „Кон потеклото на албанскиот национализам“ од Натали Клејер.

Земајќи го предвид неговото искуство и работен ангажман, д-р Петар Тодоров претставува млад и сериозен истражувач, кој своето искуство го стекнал на бројни меѓународни студиски и истражувачки престои, конференции и проекти. Тој говори англиски, француски и турски јазик, а во своите истражувања го користи и османлискиот јазик. Објавувал на странски јазици, а познавањето на повеќе јазици му овозможува пристап до различни видови на документи и архиви. Оттука, неговиот избор во звањето виш научен соработник/вонреден професор претставува резултат на неговата извонредно богата и динамична активност на млад и перспективен современ историчар.

Врз основа на сето ова ни претставува чест да му предложиме на Советот на ЈНУИНИ д-р Петар Тодоров да биде избран во звањето виш научен соработник/вонреден професор.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Драги Ѓоргиев, с.р.

Проф. д-р Амет Шериф, с.р.

Проф. д-р Македонка Митрова с.р.

ОБРАЗЕЦ

ПРИЛОГ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК/ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

Кандидат: Петар Ристо Тодоров

Институција: Институт за национална историја

Реден број	Научноистражувачка (НИ), наставно-научна (НН)	Поени	
		во земјата	во странство
1.	Монографија	8	
2.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник од трудови на научен собир со меѓународна редакција		3
3.	Приказ на книга во научно списание	2	2
4.	Учество на меѓународен научен собир со реферат	1,5	12
5.	Предавање одржано на официјална покана на научна и образовна институција		21
6.	Раководител на научен проект	4	
7.	Научноистражувачки престој, архивско/теренско истражување		20
8.	Член на организациски одбор на меѓународна конференција		2
	Меѓузбир:	**15,5**	**60**
Реден број	Стручно-апликативна дејност (СА)		
1.	Преведена монографија што претходно била објавена на еден странски јазик	3,6	
2.	Преведен дел од монографија што претходно била објавена на еден странски јазик	1,8	
3.	Раководител на научен семинар/летна школа	5	
4.	Учество на научен семинар/летна школа	2	4
5.	Настава / предавања на високобразовни институции од прв и втор циклус	4,2	
6.	Промоција на монографија	0,5	
	Меѓузбир:	**17,1**	**4**
	Вкупно:	**96,6**	

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Драги Ѓоргиев, с.р.
Проф. д-р Амет Шериф, с.р.
Проф. д-р Македонка Митрова с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН РАБОТНИК ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) АГРОПРЕТПРИЕМАШТВО НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТОЧАРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот од страна на директорот на Институтот за сточарство, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 31.3.2017 година, за избор на научен работник во сите научни звања во научната област (дисциплина) агропретприемаштво, и врз основа на Одлуката на научниот совет, бр. 0201-214 од 18.4.2017 година, донесена на 9.редовна седница на научниот совет на Институтот за сточарство, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Дејан Пендев, редовен професор на УКИМ-Економски институт во Скопје (во пензија), д-р Васил Поповски, редовен професор на УКИМ-Економски институт во Скопје и д-р Родне Настова, редовен професор на УКИМ-Институт за сточарство во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите научни звања во научната област (дисциплина) агропретприемаштво, во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Тошо Костадинов, научен соработник во УКИМ-Институт за сточарство во Скопје.

11. Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Тошо Костадинов е роден на 7.10.1964 година, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје во гимназијата „Орце Николов“. Со високо образование се стекнал на Земјоделскиот факултет во Скопје, во 1991 година.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2004/2005 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на УКИМ Економски институт во Скопје, на групата агробизнис. Студиите ги завршил во 2006 година. На 25.6.2007 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Претприемништвото како фактор на интернационализацијата на МСП од агрокомплексот“.

Докторска дисертација пријавил на 27.4.2009 година на УКИМ-Економски институт во Скопје. Дисертацијата на тема: „Влијанието на претприемништвото врз руралниот развој на Република Македонија“ ја одбранил на 21.10.2011 година, пред Комисија во состав: д-р Дејан Пендев, редовен професор, д-р Васил Поповски, редовен професор, д-р Јорде Јакимовски, редовен професор, д-р Татјана Петковска-Мирчевска, редовен професор и д-р Биљана Ангелова, редовен професор. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на економски науки.

На 31.7.2012 година е избран во звањето научен соработник на УКИМ-Институт за сточарство во Скопје во областа агропретприемништво.

Во моментот е вработен во УКИМ-Институт за сточарство во Скопје, со научно звање научен соработник (доцент). Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1035 од 16.7.2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 927 од 1.10.2007 година и бр.1035 од 16.7.2012 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

12. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ-Институт за сточарство, кандидатот д-р Тошо Костадинов изведува настава со студентите на постдипломски студии (II циклус) на студиската програма Сточарство, по наставните предмети:

- Менаџмент на интегрална фарма
- Планирање и проектирање во земјоделството
- Маркетинг во сточарството.

Научноистражувачка дејност

Д-р Тошо Костадинов во изборниот период има објавено вкупно дванаесет научни труда, од кои шест трудови во меѓународни научни списанија и шест трудови во меѓународни научни публикации.

Д-р Тошо Костадинов бил раководител на четири национални научни проекти, а учествувал и како член во шест национални научни проекти.

Исто така, во изборниот период кандидатот учествувал на три меѓународни конференции во земјава и во странство.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Тошо Костадинов активно е вклучен во стручно-апликативната работа на УКИМ-Институт за сточарство. Врши стручна апликативна работа во областа агропретприемаштво.

Кандидатот д-р Тошо Костадинов остварил експертски активности во областа агропретприемаштво и има изработени повеќе бизнис планови за претпријатија од агросекторот во Република Македонија.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на повеќе стручни комисии и работни групи при Институтот за сточарство.

Кандидатот учествува во Научниот одбор на списанието Macedonian Journal of Animal Science и е член во Уредувачкиот одбор за издавање на Монографијата по повод 65- годишниот јубилеј на Институтот за сточарство. Исто така, кандидатот е член на Организациониот одбор на V меѓународен симпозиум по сточарство, во организација на Институтот за сточарство.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Тошо Костадинов.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Тошо Костадинов поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето виш научен соработник во научната област агропретприемаштво.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на Институтот за сточарство во Скопје, **д-р Тошо Костадинов да биде избран во звањето виш научен соработник** во научната област агропретприемаштво.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Дејан Пендев, УКИМ-Економски институт во Скопје (во пензија)
с.р.

Проф. д-р Васил Поповски, УКИМ-Економски институт во Скопје
с.р.

Проф. д-р Родне Настова, УКИМ-Институт за сточарство
с.р.

Анекс 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
Тошо Благој Костадинов

Институција:
УКИМ-Институт за сточарство Скопје

Научна област:

агропретприемаштво

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка)	Поени
1.	**Tosho KOSTADINOV**, Nedeljka NIKOLOVA, Eljmi JUSUFI, Vesna LEVKOV, Natasha GJORGOVSKA (2013): CONNECTING AS A FACTOR OF SUCCESS FOR SME's FROM THE AGRICOMPLEX IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA, IV International Scientific Symposium „Agrosym 2013“	1.80
2.	**Tosho KOSTADINOV**, Natasha GJORGOVSKA, Nedeljka NIKOLOVA, Eljmi JUSUFI,Vesna LEVKOV (2013): STATE OF INTERNATIONALIZATION OF SME's FROM THE AGRI-COMPLEX IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA IV International Scientific Symposium „Agrosym 2013“	1.80
3.	**Tosho KOSTADINOV***, Nedeljka NIKOLOVA, Vesna LEVKOV, Eljmi JUSUFI, Konstantin MINOSKI (2014): RURAL DEVELOPMENT IN THE SOUTHEAST PLANNING REGION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA THROUGH ENTREPRENEURSHIP,Fifth International Scientific Symposium „Agrosym 2014“	1.80
4.	**Tosho KOSTADINOV**, Vesna LEVKOV, Elmi JUSUFI, Nedeljka NIKOLOVA, Konstantin MINOSKI (2014):RURAL DEVELOPMENT IN THE VARDAR PLANNING REGION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA THROUGH ENTREPRENEURSHIP, Fifth International Scientific Symposium „Agrosym 2014“	1.80
5.	**Tosho KOSTADINOV**, Elmi JUSUFI, Vesma LEVKOV, Nedeljka NIKOLOVA, Konstantin MINOSKI (2014):FAMILY	1.80

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка)	Поени
	ENTREPRISES IN RURAL AREAS OF THE VARDAR REGION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA, Fifth International Scientific Symposium „Agrosym 2014“	
6.	**Tosho KOSTADINOV** (2016): ENTREPRENEURSHIP AS TOOL FOR RURAL DEVELOPMENT IN THE PELAGONIA PLANNING REGION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA, Macedonian Journal of Animal Science, Vol. 6, No 2, pp.101-105	6.00
7.	**Tosho KOSTADINOV** (2016): ENTREPRENEURSHIP IN RURAL COMMUNITIES OF THE SOUTHWEST PLANNING REGION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA, Macedonian Journal of Animal Science, Vol 6, No 2, pp. 107-112	6.00
8.	**Tosho KOSTADINOV** (2016): ENTREPRENEURSHIP IN THE RURAL AREAS OF THE POLOG PLANNING REGION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA, Macedonian Journal of Animal Science, Vol 6, No 2, pp. 113-118	6.00
9.	**Tosho KOSTADINOV** (2016): THE STATE OF THE RURAL ENTREPRENEURSHIP IN THE EAST PLANNING REGION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA, Macedonian Journal of Animal Science, Vol 6, No 2, pp.119-124	6.00
10.	**Tosho KOSTADINOV** (2016): THE RURAL DEVELOPMENT IN THE NORTHEAST PLANNING REGION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA THROUGH ENTREPRENEURSHIP, Macedonian Journal of Animal Science, Vol 6, No 2, pp.125-130	6.00
11.	Elmi JUSUFI, Mentor ZEKIRI, Hazir POLLOZHANI, Xhabir ABDULLAHI, **Tosho KOSTADINOV** (2013): INFLUENCE OF PHENOPHASES AND SOIL SUPPLEMENTS WITH P AND Mg ON THE APSORPTION OF PHOSPHORUS AT ALFALFA (BANAT II) , IX International Symposium of Biodiversity, Conservation and Sustainable Use for Rural Development, Tirana, Novembar 2013	1.80
12.	V. LEVKOV, T. STAFILOV N. PACINOVSKI, K. BACEVA, N. MATEVA, N. GJORGOVSKA, E. EFTIMOVA, **T. KOSTADINOV** (2017): CONTENT OF MAJOR AND TRACE ELEMENTS IN RAW EWES MILK USED FOR PRODUCTION OF TRADITIONAL WHITE BRINED CHEESE, Slovak Journal of Animal Science (in print)	3.60

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка)	Поени
13.	Научноистражувачки проект: „**Пазарот на производи од животинско потекло во Република Македонија“**, УКИМ-Институт за сточарство Скопје (главен истражувач), Одлука за прифаќање бр. 0201/1052 од 26.12.2013	6.00
14.	Научноистражувачки проект: „**Агропретприемништвото во општина Струмица- состојба и перспектива“**, УКИМ-Институт за сточарство (главен истражувач), Одлука за прифаќање бр. 0201/513 од 21.8.2014	6.00
15.	Научноистражувачки проект: „**Претприемништвото како фактор за рурален развој во Република Македонија“**, УКИМ-Институт за сточарство (главен истражувач), Одлука за прифаќање бр. 0201/760 од 19.12.2016	6.00
16.	Научноистражувачки проект: „**Влијанието на претприемништвото врз извозната способност на МСП од агрокомплексот во општина Струмица“**, УКИМ-Институт за сточарство (главен истражувач), Одлука за прифаќање бр. 0201/145 од 14.3.2017	6.00
17.	Научноистражувачки проект: „**Еко-претприемништвото како нова профитабилна деловна можност на македонските претпријатија“**, УКИМ-Институт за сточарство (истражувач), Одлука за прифаќање бр. 0201/643 од 25.10.2016	3.00
18.	Научноистражувачки проект: „**Потрошувачката на органска храна и односот на потрошувачите кон органската храна во Република Македонија“**, УКИМ-Институт за сточарство (истражувач), Одлука за прифаќање бр. 0201/1052 од 26.12.2013	3.00
19.	Научноистражувачки проект: „**Потрошувачката на живинско месо и односот на потрошувачите кон живинското месо во Република Македонија“**, УКИМ-Институт за сточарство (истражувач), Одлука за прифаќање бр. 0201/1052 од 26.12.2013	3.00
20.	Научноистражувачки проект: „**Споредбени испитувања на олигоелементи во овчо млеко и сирење произведени во различни региони во Република Македонија“**, УКИМ-Институт за сточарство (истражувач), Одлука за прифаќање бр. 0201/320 од 5.5.2014	3.00
21.	Научноистражувачки проект: „**Содржина на протеини, нитрати и некои минерални материи во конзумирачки**	3.00

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка)	Поени
	спанаќ“, УКИМ- Институт за сточарство (истражувач), Одлука за прифаќање бр. 0201/211 од 18.3.2014	
22.	Научноистражувачки проект: „**Следење на производни и економски показатели при одгледувањето на овци од расата Асаф во услови на Република Македонија“**, УКИМ-Институт за сточарство (истражувач), Одлука за прифаќање бр. 0201-50/3 од 6.2.2017	3.00
23.	Учество на научен/стручен собир со реферат - постер-презентација (5x0.5)	2.50
	ВКУПНО	88.90

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
1.	Раководител на внатрешна организациона единица-Одлука бр.0402-343 од 10.4.2012	3.00
2.	Член на уредувачки одбор на меѓународнонаучно-стручно списание	1.00
3.	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир	1.00
4.	Член на факултетска (институтска) комисија -Одлука бр. 0202/770 од 26.11.2015 -Решение бр. 0204-655 од 4.7. 2013 -Решение бр. 0204-263 од 27.2.2013 -Решение бр. 0407-244 од 20.2.2013 -Решение бр. 0202-1191 од 17.12.2012 -Решение бр. 0204-1136 од 12.12.2012 -Решение бр. 0203-1041 од 16.11.2012 -Решение бр. 0204-1135 од 12.12.2012 -Решение бр.0204-1201 од 20.12.2012	6.50

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
	-Одлука бр. 0202-223 од 20.02.2013 -Одлука бр. 0202-723 од 6.12.2016 -Решение бр. 0206-320 од 19.05.2015 -Одлука бр. 0202/891 од 12.12.2014 (13x0.50)	
	Вкупно	11.50

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	-
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	88,90
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	-
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	11,50
Вкупно	100,40

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. Проф. д-р Дејан Пендев, УКИМ-Економски институт во Скопје (во пензија)
с.р.

2. Проф. д-р Васил Поповски, УКИМ- Економски институт во Скопје с.р.

3. Проф. д-р Родне Настова, УКИМ-Институт за сточарство
с.р.